# Прв дел
# ПРЕКРАСЕН ДОМ

Прво поглавје

## АТМОСФЕРАТА ВО ДОМОТ

**Домот е центар на сите активности.** – Општеството е составено од семејства и тоа е такво какво што го прави главата на семејството. Бидејќи од срцето „излегува животот“ домот е срцето на општеството, на црквата и народот. Од влијанието на домот зависи и доброто на општеството, напредокот на црквата и благосостојбата на народот. {АД 15.1}

Посветлата или потемна иднина на општеството ќе зависи од држењето и моралот на младите кои се развиваат околу нас. Од воспитанието кое го добиваат во младоста, од развојот на нивниот карактер во детството - добрите навики, самоконтролата, воздржувањето, ќе зависи и нивното влијание во општеството. Ако младите останат непросветени и препуштени самите на себе, тие стануваат своеволни, неумерени во апетитот и во страстите и нивното влијание во општеството ќе биде од истата природа. Нивните сегашни пријателства, навики кои ги изградуваат и начелата кои ги прифаќаат, ќе бидат показатели за состојбата во општеството во годините кои се приближуваат. {АД 15.2}

**Најубава претслика за небото.** – Домот мора да биде сето она што овие зборови го прикажуваат. Тој треба да биде малечко небо на Земјата, место во кое се негува љубовта, наместо намерно да се гуши. Нашата среќа зависи од негувањето на таа љубов, разбирањето и вистинската љубезност еден кон друг. {АД 15.3}

Најубава претслика на небото е домот во кој владее Господовиот Дух. Кога е исполнета Божјата волја, сопружниците меѓусебно ќе се почитуваат и ќе ги негуваат љубовта и довербата. {АД 15.4}

**Значењето на семејната атмосфера.** – Атмосферата која владее со душите на татковците и мајките ја исполнува целата куќа и се чувствува насекаде во домот. {АД 16.1}

Родителите во голема мера ја изградуваат атмосферата во семејниот круг, и ако дојде до несогласување помеѓу таткото и мајката и децата ќе го примат истиот дух. Настојувајте атмосферата во вашиот дом да се исполни со нежна внимателност. Ако сте се отуѓиле еден од друг и не сте христијани кои живеат според Библијата, вратете се кај Бога. Вашиот карактер кој се обликува во времето на проба, ќе биде карактер кој ќе остане за Христовото доаѓање. Ако сакате да бидете свети на небото, морате прво да бидете свети на Земјата. Особините на карактерот кои ги развивате во животот нема да се променат ниту со смртта ниту со воскресението. Исус нема да го промени вашиот карактер. Делото на преобразба мораме денес да го доживееме. Нашиот секојдневен живот ја одредува нашата вечна судбина. {АД 16.2}

**Изградувајте чиста атмосфера.** - Секој христијански дом треба да има правила и родителите со свои зборови и меѓусебен однос треба да им дадат на своите деца

скапоцен, жив пример од она, што сакаат тие да станат. Постојано употребувајте пристојни зборови и применувајте ја вистинската христијанска учтивост. Учете ги децата и младите да се почитуваат себе си, да бидат верни на Бога, верни на начелата. Учете ги да го слушаат и почитуваат Божјиот закон. Овие начела ќе управуваат со нивниот живот, а со дружењето ќе се пренесат и на другите. Така тие ќе изградат чиста атмосфера, чие влијание ќе ги охрабри послабите души на патот кон светоста и небото. Секоја поука нека го подига и облагородува карактерот, а затоа пак извештаите во небесните книги ќе бидат такви што нема да се засрамите на судот. {АД 16.3}

Децата кои ги примаат овие упатства ќе бидат подготвени да ги прифатат одговорните места, и затоа со зборови и со пример постојано ќе им помагаат на другите да го прават она што е добро. Оние на кои не им е затапена моралната чувствителност ќе ги ценат вистинските начела. Тие правилно ќе ги ценат своите природни дарови и најдобро ќе ги искористат своите телесни, умствени и морални моќи. Таквите души цврсто се утврдени против искушението; нив ги опкружува ѕид кој не може лесно да се сруши. {АД 17.1}

Бог сака нашето семејство да биде претстава за небесното семејство. Родителите и децата треба ова постојано да го имаат на ум, однесувајќи се како членови на Божјото семејство. Тогаш со својот живот ќе му покажат на светот што можат да станат семејствата кои го сакаат Бога и кои ги држат Неговите заповеди. Со тоа Христос ќе се прослави; Неговиот мир, милост и љубов ќе се разлеваат низ семејната средина како скапоцен мирис. {АД 17.2}

Многу зависи од таткото и од мајката. Тие мораат да бидат цврсти и љубезни во примената на своите поуки, сериозно работејќи за да создадат уреден и беспрекорен дом, кој ќе ги привлече небесните ангели подготвени да донесат мир и свето влијание. {АД 17.3}

**Домот нека биде весел и среќен.** – Весел и среќен дом, за себе и за своите деца, ќе изградите со тоа што ќе ги негувате доблестите на Спасителот. Ако го воведете Христос во својот дом, ќе можете да го разликувате доброто од злото. Тогаш ќе бидете во состојба да им помогнете на своите деца да станат дрво на правдата кое дава плодови од Светиот Дух. {АД 17.4}

Неволјите може да надојдат, но тие се судбина на човештвото. Трпеливоста, благодарноста и љубовта нека ја сочуваат сончевата светлина во срцето, иако денот може да биде и облачен. {АД 18.1}

Домот може да биде едноставен, но тој секогаш може да биде место на кое се слушаат радосни зборови и се исполнуваат делата на љубовта, каде што учтивоста и љубовта се постојани гости. {АД 18.2}

Спроведете правила во домот мудро и со љубов, а не со железна палка. Децата со доброволна послушност ќе одговорат на законот на љубовта. Пофалете ги своите деца секогаш кога можете. Настојувајте да им го направите животот што посреќен... Облагородете им ги основите на срцето, изразувајќи им љубов и сочувство, подготвувајќи ги за семето на вистината. Имајте на ум дека Господ не ѝ дава на Земјата само облаци и дожд, туку и прекрасни сончеви зраци, кои прават семето да расте и цвета. Имајте на ум дека на децата им се потребни не само опомени и укори, туку и охрабрувања и пофалби, пријатна топлина на вашите љубезни зборови. {АД 18.3}

Не дозволувајте во вашиот дом да дојде до расправија. „А премудроста која доаѓа од горе, таа најнапред е чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри

плодови, без хирови и нелицемерна. А плодот на правдата во мир им сее на оние кои го прават мирот“. Нежноста и мирот се потребни во нашите домови. {АД 18.4}

**Негувајте ги врските со нежност.** - Од сите врски на Земјата семејната врска е најтесна, најнежна и најсвета. Таа е одредена да биде благослов на човештвото. Таа е благослов секаде каде што во брак се влегува разумно, во Божји страв и со трезвено прифаќање на одговорностите. {АД 18.5}

Секој дом треба да биде место на љубовта, место на кое престојуваат Божјите ангели, кои со нежното влијание дејствуваат на срцата на родителите и децата. {АД 18.6}

Нашите домови мораат да станат Ветил, а нашите срца светилишта. Секогаш кога во душата се негува Божјата љубов, ќе владее мир, светлина и радост. Со љубов изнесете го пред своето семејство Божјата реч и прашајте: „Што рекол Бог?“ {АД 19.1}

**Христовата присутност во домот.** - Домот кој е украсен со љубов, сочувство и нежност е место кое ангелите со радост го посетуваат и на кое се слави Бог. Влијанието на грижливо сочуван христијански дом во годините на детството и на младоста, е најсигурна заштита од световната расипаност. Во атмосферата на таквиот дом децата ќе научат да ги сакаат своите родители и својот небесен Татко. {АД 19.2}

Потребно е да се подигне цврста ограда помеѓу младите и влијанието на световноста, уште во времето на нивното детство. {АД 19.3}

Секое христијанско семејство треба да ја претставува светата сила и убавина на христијанското влијание... Родителите треба да бидат свесни за своите обврски да го сочуваат својот дом од секоја дамка на моралното зло. {АД 19.4}

Божјата светост треба да проникне во домот... Родителите и децата треба да научат да соработуваат со Бога. Своите навики и постапки треба да ги усогласат со Божјите планови. {АД 19.5}

Семејните односи со своето влијание треба да осветуваат. Христијанските домови кои се основани и водени во согласност со Божјиот план, се силна помош во обликувањето на христијанскиот карактер... Родителите и децата треба да се соединат во слога и љубов со Оној кој единствено може да ја сочува човечката љубов чиста и благородна. {АД 19.6}

Најважна работа која треба да се изврши во христијанскиот дом е настојувањето Христовиот Дух да се всели во него, за секој негов член да може да биде подготвен да го земе својот крст и да појде по Исус. {АД 20.1}

## Второ поглавје

## ОСНОВИ НА СОЗДАВАЊЕТО НА ДОМОТ

**Најпривлечно место на светот.** - Додека од една страна родителите имаат голема обврска грижливо да ја чуваат идната среќа и доброто на своите деца, нивна должност е и да го направат домот што попривлечен. Тоа е многу поважно од стекнување на имот и пари. Во домот не смее да недостасува топлина. Во срцето на своите деца сочувајте ја љубовта кон домот, за подоцна на домот од своето детство да гледаат како на место на мирот и среќата, кое е претходница на небото. Кога ќе пораснат, за возврат, тие треба да се трудат да бидат утеха и благослов на своите родители. {АД 21.1}

За децата домот треба да биде најпривлечно место на светот, а присуството на мајката е неговата најголема привлечност. Децата имаат чувствителна природа која се заснова на љубовта. Лесно е нив да ги задоволиш и лесно можеш да ги направиш несреќни. Со нежните барања, со зборови и постапки со љубов, мајката може да ги врзе за своето срце. {АД 21.2}

**Чист, пријатен и уреден дом.** - За правилно управување со домот, неопходни се чистотата, пријатноста и уредноста. Меѓутоа, кога мајката сето ова ќе го сфати како најважна должност во својот живот и целосно и се посвети, занемарувајќи го телесниот развој на своите деца, нивното морално и умствено напредување, таа прави жалосна грешка. {АД 21.3}

Иако можеби сиромашни, на верниците треба да им се укаже дека не мораат да бидат неуредни, лично или во својот дом. Во ова треба да им се помогне на оние кои не се доволно свесни за значењето и важноста на чистотата. Тие треба да се поучат дека оние кои го претставуваат возвишениот и свет Бог, мораат да ги чуваат своите души чисти и оваа чистота да ги опфати нивните облеки и сè во домот, за да им докажат на небесните ангели дека вистината ја извршила својата промена во животот, чистејќи ја душата и облагородувајќи го вкусот. Оние кои ја примиле вистината, а со своите зборови или однесување, со своето облекување, или пак во средината во која живеат не покажуваат дека доживеале промени, сè уште живеат за себе, а не за Христа. Тие не се наново родени во Исуса Христа, во светост и правда... {АД 21.4}

Чувајќи се од непотребно украсување и расфрлање, во ниту еден случај не смееме да бидеме невнимателни и рамнодушни кон сопствениот надворешен изглед. Сето она што е во нас и во нашите домови треба да биде и привлечно и уредно. Младите треба да се учат дека е важно со својата појава да не предизвикаат критика туку да служат на чест на Бога и вистината. {АД 22.1}

Невнимателноста кон чистотата ќе предизвика болест. Болеста не доаѓа без причина. Силните епидемии на грозница ги погодиле селата и градовите, за кои се мислело дека се потполно здрави и предизвикале смрт или изнемоштеност на организмот. Во многу случаи животната средина на овие жртви била загадена со бактерии кои семејството и соседите ги вдишувале. Зачудувачко е незнаењето од кое произлегуваат невниманието и лесномисленоста за човечкото здравје. {АД 22.2}

**Во среќниот дом потребен е ред.** – Нередот, невнимателноста и недостатокот од чистота и уредност го навредуваат Бога. Овие недостатоци се сериозно зло, кое се заканува да ја помати љубовта на сопругот кон сопругата, во случај кога тој сака ред, добро воспитани деца и уредна куќа. Сопругата и мајка не може да го на прави домот пријатен и среќен, ако нема смисла за ред, не го чува своето достоинство и не е добар управувач со домот. Затоа сите кои го немаат ова, мораат веднаш да почнат да го учат за да го изградат она што е најпотребно. {АД 22.3}

**Будност и внимателност.** – Кога целосно ќе се посветиме на Господа, тогаш ќе ја увидиме важноста за извршување на едноставни, секојдневни должности во домот, со што ќе се усогласиме со Божјата волја. Ние мораме да бидеме будни, секогаш подготвени за доаѓањето на Синот човечки; но мораме да бидеме и внимателни, вредни во работата; овие две мораат да станат целина. Тоа ќе му даде рамнотежа на христијанскиот карактер кој само така складно ќе се развие. Да го отфрлиме сфаќањето

дека сè останато мораме да запоставиме и да се предадеме на размислување, проучување или молитва, тоа пак не значи дека треба да се препуштиш на работа и постојано брзање, а да ја запоставиш личната побожност. Чекањето, стражарењето и работата треба да се поврзат во едно. „Не бидете мрзеливи во работата; бидете огнени во духот, служете Му на Господа". {АД 23.1}

**Средства кои ќе ја олеснат работата.** - Во многу домови со пругата и мајка нема време за читање, за да биде добро информирана, нема време да биде другар на својот сопруг, нема време да го следи умствениот развој на децата. Таа нема време во својот драг Спасител, да го сретне добриот и близок Пријател. Малку по малку, таа тоне во домашната работа, затоа што нејзината сила, време и интерес се окупирани со она што е минливо. Кога веќе ќе биде предоцна, таа согледува дека станала речиси странец во сопствениот дом. Скапоцените предности со кои некогаш можела да ги поттикнува своите најблиски на подобар живот, не ги искористила, па засекогаш исчезнале. {АД 23.2}

Втемелувачите на домот нека одлучат да живеат помудро. Ваша најголема цел нека биде изградба на пријатен дом. Потрудете се да обезбедите средства кои ќе ја олеснат работата и ќе го сочуваат здравјето. {АД 24.1}

**Мали должности – Божји дела.** – Сите работи коишто мораме да ги извршуваме, без разлика дали тоа е миење садови, поставување на масата, негување на болен, готвење или перење имаат морална вредност... Некој мора да ги извршува секојдневните мали должности, а оние кои ги извршуваат треба да почувствуваат дека извршуваат потребна и чесна работа која, колку и да изгледа скромно, го претставува Божјото дело, слично на работата на ангелот Гаврил кога бил пратен кај пророците. Секој човек во својата средина извршува одредена работа. Жената во својот дом, кога ги извршува едноставните животни должности, може и треба да по каже верност, послушност и љубов која ангелите ја покажуваат во својата средина. Покорноста кон Божјата волја ја прави чесна секоја работа којашто треба да се изврши. {АД 24.2}

## Трето поглавје

# ЕДЕМСКИОТ ДОМ КАКО ПРИМЕР

**Бог го создал првиот дом.** – Сам Бог го создал Едемскиот дом на нашите прародители. Кога го уредил со сè што човекот може да посака рекол: „Да направиме човек сличен на нас, како што сме ние..". {АД 25.1}

Господ бил задоволен со ова последно и најоблагородено од сите Свои созданија, одредувајќи го да биде совршен жител во совршен свет. Божја намера не била човекот да живее во самотија. Тој рекол: „Не е добро за човекот да биде сам; да му направам пријател за него". {АД 25.2}

Сам Бог му дал пријател на Адам. Тој му дал пријател според него - кој ќе му биде другар, кој ќе биде едно со него во љубовта и сочувството. Ева е создадена од Адамовото ребро, што значи дека таа нема да го надгледува како главна, ниту ќе биде газена како подредено суштество. Таа е битие кое е рамно на мажот, кое мажот ќе го

сака и штити. Дел од него самиот, коска од неговите коски, тело од неговото тело, таа е неговото второ „јас“. Со тоа се исполнува тесната заедница и емоционална припадност која треба да постои во овој однос, „затоа што никој не го замразува своето тело, туку го храни и грее”. „Затоа човекот ќе ги остави своите татко и мајка, и ќе се прилепи кон својата жена, и двајцата ќе станат едно тело“. {АД 25.3}

**Бог го извршил првото венчавање.** – Бог учествувал во свеченоста на првото венчавање. Затоа оваа установа има свој почеток во светилиштето на Создателот. „Сите да го одржуваат бракот свет“ (Евреите 13:4). Бракот е еден од првите Божји дарови за човекот и претставува една од двете установи кои Адам, по својот пад во грев, ги понел од Рајот. Бракот е благослов кој е заснован на признание и послушност на божествените начела. Тој ја чува чистотата и среќата на човештвото, ги задоволува човековите општествени потреби и ја крева телесната, умствена и морална природа. {АД 25.4}

Оној кој на Адам му ја дал Ева да му биде сопруга, го направил своето прво чудо на една свадбена свеченост. Во свадбената просторија во која родниниите и пријателите заедно се радувале, Христос ја започнал својата јавна служба. Со тоа Тој ја потврдил брачната заедница, признавајќи ја како установа која лично ја засновал... {АД 26.1}

Христос го подигнал бракот со тоа што го направил и симбол за заедница помеѓу Себе и Своите откупени деца. Тој е Младоженец а Црквата е Негова невеста, за која како Своја избраница вели: „Целата си убава, мила моја и нема недостаток на тебе“. {АД 26.2}

**Секоја потреба била задоволена.** – Адам го опкружувало сето она што срцето можело да посака. Секоја негова потреба била задоволена. Во славниот Едем немало гревови ниту пак знаци на распаѓање. Божјите ангели слободно и љубезно разговарале со светиот пар. Птиците радосно пееле на слава на својот Создател. Мирољубивите животни слободно се движеле во близина на Адам и Ева, подготвени да го послушаат нивниот глас. Адам бил благословен со совршена убавина и сила – тој бил најблагородното Божјо создание. {АД 26.3}

Човекот и неговиот Создател не ги раздвојувала никаква сенка. Бог за луѓето бил добар небесен Татко затоа што нивното однесување во сè било усогласено со Божјата волја. Во Адамовиот карактер се одржувал Божјиот карактер. Божјата слава се покажувала на сè во природата. {АД 26.4}

**Работата и човековата среќа.** – Бог го сака сето она што е убаво. Тој ни дал очевидни докази за тоа во делата на Своите раце. За нашите прародители насадил прекрасна градина во Едем. Разновидни корисни и убави дрвја гордо се издигнувале. Прекрасното цвеќе со прекрасна убавина и боја го исполнило воздухот со мирис... Бог одредил човекот да најде среќа во негувањето на Божјите созданија, задоволувајќи ги своите потреби со плодовите од дрвјата во градината. {АД 27.1}

Адам ја добил Едемската градина за да ја чува и негува. Создателот знаел дека без работа Адам не би можел да биде среќен. Убавината на градината го воодушевила, но тоа не било доволно. Нему му била потребна работа, затоа што само така сите органи од своето тело може да ги стави во движење. Да се наоѓала среќата во неактивноста, човекот во состојба на света невиност би бил оставен без работа. Меѓутоа, Оној кој го создал човекот знаел што е потребно за неговата среќа. Штом го создал, Бог му одредил работа. Ветувањето за идната слава, и барањето човекот единствено со работа да може да си стекне храна за себе, дошле од истиот престол. {АД 27.2}

**Христијанскиот дом го претставува Бога.** – Татковците и мајките кои го стават Бога на прво место во својот дом, кои ги учат децата дека стравот Господов е почеток на мудроста, Го прославуваат Бога пред ангелите и пред луѓето со тоа што на светот му го претставуваат своето урамнотежено и единствено семејство, кое го сака и слуша Бога, кое не се буни против Него. Христос не е странец во таков дом. Во тој дом Неговото име е познато, почитувано и славено. Ангелите се радуваат на домот во кој Бог владее, во кој децата се учат да ја почитуваат верата, Библијата и својот Создател. Такво семејство може да се потпре на ветувањето: „Ќе ги почитувам оние кои Ме почитуваат Мене“. Во разговор со Бога, Таткото од таквиот дом оди на работа со понизен и кроток дух. {АД 27.3}

Само постојаната Христова присутност може да ги направи мажите и жените среќни. Секоја вода во животот Христос може да ја претвори во небесно вино. Тогаш домот станува Едем на блаженството, а семејството впечатлива претслика за семејството на небото. {АД 28.1}

# Втор дел
# СВЕТЛИНА ЗА БЛИЖНИТЕ

Четврто поглавје

## ДОЛГОТРАЈНО ВЛИЈАНИЕ НА ДОМОТ

**Христијанскиот дом како пример.** – Службата во домот ги преминува нејзините граници. Христијанскиот дом треба да биде пример, кој ја покажува вредноста на вистинските животни начела. Та ков пример силно ќе дејствува во прилог за доброто во светот... Кога младите ќе излезат од ваков дом, тие ги пренесуваат поуките кои ги стекнале во него. Поблагородните животни начела се пренесуваат во други домови и така позитивното влијание се шири во целото општество. {АД 31.1}

Домот во кој членовите се учтиви и љубезни христијани, исполнува долготрајно позитивно влијание. Другите семејства ќе ги за бележат резултатите кои ги исполнува таквиот дом и со радост ќе појдат по неговиот пример и така своите домови ќе ги заштитат од сатанските влијанија. Божјите ангели често ќе го посетуваат домот во кој се почитува Божјата волја. Со дејството на Божјата милост, ваквиот дом станува место каде што уморните и изнемоштени патници ќе најдат освежување. Со будно стражарење, човечкото јас ќе биде оневозможено. Покрај тоа, ќе се изградат добри навики и ќе се признае правото на другите. Верата преку љубовта ја прави душата чиста, го држи животното сидро и управува со целиот дом. Под благотворното влијание на таквиот дом се шират, признаваат и слушаат начелата на заедништвото воспоставено со Божјите зборови. {АД 31.2}

**Влијанието на усогласениот дом.** – За едно семејство не е лесно да го претставува Исуса и да го држи Божјиот закон во средина во која се нема доверба во Бога. Ние сме повикани да бидеме живи пратеници, кои ги познаваат и читаат сите луѓе. Оваа положба се одликува со голема одговорност. {АД 31.3}

Единствено, дисциплинирано семејство сведочи посилно за христијанството отколку сите изговорени проповеди. Таквото семејство сведочи дека родителите успешно ги следеле Божјите упатства и дека нивните деца ќе служат на Бога во црквата. Нивното влијание расте, затоа што додека даваат, тие истовремено и примаат за да можат и понатаму да даваат. Таткото и мајката имаат добри помошници во своите деца, кои понатаму ги пренесуваат поуките кои ги примиле во својот дом. И соседите помеѓу кои живеат имаат корист, затоа што овој дом ги збогатил за овој живот и за оној кој ќе дојде. Така целото семејство Му служи на Господа, со својот побожен пример ги вдахновува другите да му бидат верни на Бога во својот однос кон Неговото стадо, Неговото прекрасно стадо. {АД 32.1}

Единственото семејство е најсилниот доказ којшто може да се даде на светот за силата на христијанството. Ништо како тоа не може да ја препорача вистината, затоа што таа е живо сведоштво за дејствувањето на нејзините практични сили во срцето на луѓето. {АД 32.2}

Најдобро мерило за вредностите на христијанството во животот на еден дом е природата на карактерот кој настанал под негово влијание. Делата зборуваат погласно и од најсилната објава на побожноста. {АД 32.3}

Нашата работа во овој свет... е да ги развиеме добрите страни во животот на нашите деца и членови на семејството, за да можеме да влијаеме на другите семејства. Така можеме да станеме воспитна сила, иако не располагаме со училишните клупи. Во Божјите очи единственото семејство е поскапоцено од чистото злато. {АД 32.4}

**Нашите извонредни можности.** – Нашето време е многу кратко. Само еднаш можеме да поминеме низ овој свет. Затоа животот треба да се искористи што подобро. Задачата што сме ја примиле не бара од нас богатство, престиж или големи способности. Тој од нас бара да покажеме дух на љубезност и самопожртвуваност како и истрајност во спроведувањето на одлуките. Светилката, иако мала, ако гори постојано може да запали многу други светилки. Нашето влијание може да биде ограничено, нашите способности мали, нашите предности малуброjни, а стекнатото знаење недоволно, но сепак прекрасни се можностите кои можеме да ги исполниме со верно користење на своите можности во својот дом. Ако ги отвориме своите срца и домовите за божествените начела на животот, ќе станеме носители на животната сила. Од нашиот дом ќе потечат реки на исцелување кои ќе донесат живот, убавина и изобилство таму каде што сега владее сиромаштијата и оскудноста. {АД 32.5}

Побожните родители ќе зрачат од својот дом со спасоносно влијание кое на домовите на другите ќе дејствува како квасец во три мери брашно. {АД 33.1}

Верно извршената работа во домот ги поттикнува другите да го извршат истиот вид на работа. Духот на верноста кон Бога е сличен на квасецот и кога ќе се покаже во црквата, ќе влијае на другите и така ќе стане најдобра препорака во прилог на христијанството. Работата на верните Христовите следбеници ќе допре до са мата вечност. Зошто тогаш се забележува недостаток на евангелски дух во нашите цркви? Тоа е поради тоа што се запоставува духот на побожноста во домот. {АД 33.2}

**Влијанието на нехармоничното семејство.** – Влијанието на нехармоничното семејство е долготрајно и кобно за целото човечко општество. Тоа се престорува во плима на злото којашто штетно дејствува на семејството и општеството во целост. {АД 33.3}

Никој од нас не може да живее така, а да не влијае на светот околу себе. Ниту еден член од семејството, не може да се повлече во себе, а сепак останатите членови на тоа семејство да не го по чувствуваат неговиот дух и влијание. Дури и изразот на лицето влијае на доброто или на злото. Неговиот дух, неговите зборови, неговите постапки, неговиот однос кон останатите не можат да се избришат. Неговата себичност, со маларична атмосфера ја опкружува неговата душа. Ако е исполнет со Христовата љубов, ќе биде учтив, љубезен, нежен и внимателен кон чувствата на другите. Со делата на својата љубов кон своите ближни ќе им го пренесе чувството на нежност, благодарност и среќа. Сите тогаш ќе сфатат дека таквиот човек ќе живее за Исус и секојдневно крај Неговите нозе ќе прима поуки, ќе ги прима Неговата светлина и Неговиот мир. Таквиот ќе може да му каже на Господа: „И милоста твоја ме направи голем“. {АД 33.4}

## Петто поглавје

## СИЛНО ХРИСТИЈАНСКО СВЕДОШТВО

**Најдобрите проповедници потекнуваат од христијански домови.** – Проповедниците за работа најдобро се подготвуваат во христијанскиот дом во кој се почитува Бог, во кој се сака Бог, во кој Бог се слави, во кој верноста станува втора човекова природа, во кој не се дозволени невнимателноста и несмасноста кон домашните должности и во кој тивката заедница со Бога се смета значајна за верно извршување на секојдневните должности. {АД 35.1}

Домашните должности треба да се извршат со сознанието дека ако ги извршиме во вистинското време ќе нè оспособат да работиме истрајно и темелно за Христа. Што сè може да направи еден вистински христијанин во евангелската работа, со верно извршување на секојдневните должности, со радосно носење на крстот и совесно извршување на секоја работа не обрнувајќи внимание на своите чувства. {АД 35.2}

Уште во домот и семејството мора да започне нашата работа за Христа... Нема поважно мисионерско поле од ова место... {АД 35.3}

Мнозина безобзирно го запоставиле ова место и време е да ги употребиме божествените средства кои ќе ја изменат таа лоша состојба. {АД 35.4}

Највисоката должност која ѝ припаѓа на младината се состои во тоа во својот дом со љубов и вистинска грижа да бидат на благослов на таткото и на мајката, браќата и сестрите. Тука тие можат да покажат самоодрекување и самопрекор во работата и во грижата за другите... Какво влијание може да има сестрата на своите браќа! Ако живее правилен живот таа може да го обликува карактерот на своите браќа. Нејзините молитви, нејзината нежност и нејзината љубов можат многу да направат за домот. {АД 35.5}

Оние кои го примиле Христа, треба да покажат во својот дом што Неговата милост направила за нив. „А на оние кои го примија им даде власт, да бидат синови Божји, оние

кои веруваат во Неговото име“. (Јован 1:12) Христовиот авторитет кој го пронижува искрениот верник, се чувствува во целиот дом. Тоа ќе придонесе за усовршување на карактерот на сите членови во домот. {АД 36.1}

**Доказ кој не може да се сруши.** – Единствениот христијански дом е силен доказ за реалноста на христијанската религија - доказ кој никој не може да го сруши. Сите можат да видат дека на децата во тоа семејство дејствува влијанието на Авраамовиот Бог и дека Тој е со нив. Кога домовите на оние коишто велат дека се христијани би имале вистински верски карактер, тие би вршеле силно и благотворно влијание на добро. Тие навистина би биле „светлина за светот“. {АД 36.2}

**Децата треба да ги пренесуваат библиските начела.** – Правилно воспитаните деца кои сакаат да бидат полезни, да помагаат на таткото и мајката, ќе го пренесат своето познавање од вистинските библиски начела на сите оние со кои се дружат. {АД 36.3}

Кога нашите домови би биле она што треба да бидат, на нашите деца не би им било дозволено да пораснат во мрзеливост и рамнодушност кон Божјите барања во однос на сите оние на кои им била потребна помош. Тие како Господово наследство ќе бидат оспособени да преземат работа таму каде што се наоѓаат. Од таквите домови ќе сјае светлина која ќе ги осветли неупатените, водејќи ги кон изворот на секое знаење. Од нив ќе зрачи сила која ќе ги привлекува луѓето кон Бога и Неговата вистина. {АД 36.4}

На оние родители на кои не можеме да им се приближиме на било кој друг начин, често можеме да им се приближиме преку нивните деца. {АД 36.5}

**Радосното семејство – светлина за ближните.** – Нам ни се потребни повеќе радосни родители и повеќе радосни христијани. Ние сме премногу затворени во себе. Често и на своите деца им го ускратуваме љубезниот и охрабрувачки збор, топлата насмевка, а така се однесуваме и кон нерасположените и обесхрабрените. {АД 37.1}

Родители, вие сте задолжени да светлите и да бидете извор на светлина! Светете како светлината. Во својот дом бидете светлина која ќе го осветлува патот по кој вашите деца треба да чекорат. Ако правите така, вашата светлина ќе ги осветли и оние коишто не се во вашиот дом. {АД 37.2}

Од секој христијански дом треба да зрачи света светлина. Љубовта треба да се покаже со дела. Таа треба да живее во сите семејни односи, откривајќи се во грижливата љубезност и нежната, несебична учтивост. Има домови во кои овие начела се спроведуваат - домови во кои Бог се почитува и во кој владее вистинска љубов. Од тие домови наутро и навечер се подигаат молитви кон Бога како мил мирис. Неговата милост и благослови се спуштаат на молителите како утринска роса. {АД 37.3}

**Одраз на семејното единство.** – Исполнувањето на единството е најважната задача на христијаните во еден дом. Таа работа треба да се прошири и на соседите кои живеат околу нив. Оние коишто ја примиле светлината треба да ѝ дозволат да свети со јасни зраци. Нивните зборови, пронижани со Христовата љубов, треба да бидат животен мирис за живот. {АД 37.4}

Колку членовите на семејството се поцврсти и посоединети во својата работа и во својот дом, толку повозвишено и покорисно ќе биде влијанието кое таткото и мајката, синовите и ќерките ќе ги вршат на ближните околу себе. {АД 37.5}

**Потребни се добри луѓе.** – Среќата на семејството и на Црквата зависи од влијанието во домот. Вечното добро зависи од совесното извршување на должностите во овој живот. На светот не му се толку потребни големите умови колку што му се потребни добри луѓе, кои ќе бидат благослов во својот дом. {АД 37.6}

**Грешки коишто можат да ја затворат вратата.** – Кога религијата се остварува во домот, нејзиното влијание ќе се почувствува во црквата и во соседството. Меѓутоа, некои кои велат дека се христијани, разговараат со своите соседи за тешкотиите во својот дом. Тие зборуваат за своите тешкотии со цел да предизвикаат сожалување. Голема грешка е кога своите неволји им ги изнесуваме на другите, особено кога се произлезени како последица на неверување и недостаток во карактерот. Тие кои така невнимателно продолжуваат да ги изнесуваат своите лични неволји на другите, би требало да останат дома и да се молат, да ја предадат својата грешна природа на Бога, да паднат на Каменот и на него да се искршат, да умрат за своето јас, за да може Исус од нив да направи посветени садови. {АД 38.1}

Недостатокот од учтивост, моментите на раздразливост, грубите и невнимателни зборови, ќе го оштетат нашиот углед и ќе ја затворат вратата на човечкото срце, така што повеќе никогаш нема да можете да допрете до него. {АД 38.2}

**Силната светлина на христијанскиот дом.** – Напорите да го направиме домот она што би требало да биде - предзнак за небесниот дом - нѐ подготвува за работата на пошироко подрачје. Воспитанието кое сме го добиле за да покажеме нежно внимание во меѓусебните односи, ќе нѐ оспособи да допреме до срцата коишто треба да ги поучиме за начелата на вистинската религија. На Црквата ѝ е потребна духовна сила, со која ќе ги сочува сите, а особено помладите членови од Господовото семејство. Вистината која практично се спроведува во домот, ќе се одрази во несебичната работа надвор од него. Оној кој живее христијански живот во својот дом, ќе биде дневна светлина на секое место. {АД 38.3}

# Трет дел
# ИЗБОР НА ЖИВОТЕН СОПАТНИК

## Шесто поглавје

### ЗНАЧАЈНА ОДЛУКА

**Среќен или несреќен брак.** – Ако оние кои размислуваат за бракот, не сакаат да се покајат по склопувањето на бракот, уште сега мораат сериозно и трезвено да размислуваат за него. Кога ќе се склопи неразумно, овој чекор најсигурно го оневозможува идното корисно дејствување на младите луѓе. Животот во таков брак

станува товар и проклетство. Никој не може така да ја упропасти среќата на жената и добивката и да го направи нејзиниот живот страшен товар, како нејзиниот сопруг; и никој не може да направи ни стоти дел во рушењето на надежта и желбите на еден човек, да ја парализира неговата сила и да го упропасти неговото влијание и иднина, како неговата сопруга. Многу мажи и жени можат од моментот на својата венчавка да одредат време за својот успех или неуспех во овој живот, како надеж за идниот живот. {АД 43.1}

Би сакала младите да ја видат и почувствуваат опасноста, особено опасноста која им се заканува при создавањето на несреќните бракови. {АД 43.2}

Бракот неминовно ќе влијае на вашиот сегашен и иден живот. Искрените христијани нема да ги исполнуваат своите планови во овој правец, ако не се сигурни дека Бог одобрува таков чекор. Тие сами нема да сакаат да направат избор, туку ќе сакаат тоа Бог да го направи. Ние не можеме себеси да си угодуваме затоа што ни Христос не си угодувал себеси. Според тоа не мислам да кажам дека треба да се венчате со личност која не ја сакате. Тоа би било грев. Меѓутоа не смееме да и дозволиме на фантазијата и на чувствата да нѐ одведат во пропаст. Бог го бара целото срце, нашите најчисти чувства. {АД 43.3}

**Не брзајте.** – Малкумина се оние кои правилно гледаат на бракот. Изгледа дека мнозина мислат дека бракот е врв на блаженството; кога тие би познавале само четвртина од неволјите на мажите и жените кои со брачен завет се врзани како со синџири кои не можат ниту се осмелуваат да ги раскинат, не би се чуделе на ова што го зборувам. Во најголем број случаи, бракот е болен јарем. Постојат илјадници од оние кои се врзале, но не се еден за друг. Небесните книги се преполни со маки, зло и злоупотреба кои вешто се кријат под плаштот на бракот. Поради тоа сакам да ги предупредам младите кои стасале за брак да не брзаат со изборот на својот брачен партнер. Патот до брачната заедница може да изгледа убав и полн со среќа; но зошто и вие да се разочарате, како илјадници други пред вас? {АД 44.1}

Оние кои имаат намера да стапат во брак, треба да размислуваат за карактерот и влијанието на домот кој го основаат. Кога таквите ќе станат родители, тие ги прифаќаат светите обврски. Од нив во голема мера ќе зависи доброто на нивните деца во овој свет и среќата во светот којшто доаѓа. Тие во голема мера им даваат морален и телесен печат на своите деца. Од карактерот на домот за виси и состојбата на општеството. Влијанието на секое семејство ќе се покаже позитивно или негативно. {АД 44.2}

**Судбоносен избор.** – Младите христијани треба да обратат големо внимание при склопувањето на пријателствата и изборот на пријатели. Внимавајте она што сега ви изгледа како чисто злато да не се претвори во обичен метал. Световните пријатели се склони да ја попречуваат вашата служба на Бога, а многу души пропаднале поради несреќните врски, работни или брачни, со оние кои никогаш не можат да се подигнат или облагородат. {АД 44.3}

Испитајте го секое чувство и следете го развојот на карактерот на личноста со која мислите да ја поделите својата животна суд бина. Чекорот којшто сакате да го направите е многу важен во Вашиот живот, и затоа не треба да брзате. Ако сакате, не сакајте слепо. {АД 45.1}

Внимателно испитајте дали вашиот брачен живот ќе биде среќен или нескладен и несреќен. Запрашајте се: Дали оваа врска ќе ми помогне да се приближам до небото?

Дали ќе ја зголеми мојата љубов кон Бога? Дали ќе ме направи покорисен во овој живот? Ако на овие прашања можеш потврдно да одговориш, тогаш во Божји страв тргни напред. {АД 45.2}

Повеќето мажи и жени склопувале брак така што било важно да се одговори само на едно прашање: дали се сакаме? Меѓутоа тие треба да сфатат дека во брачната заедница има поголеми одговорности од овие. Тие мораат да размислат дали нивното потомство ќе располага со здравје и умствена и морална сила. За жал, малкумина се оние коишто дозволиле да ги поведат благородните по буди и возвишените цели, коишто не можеле лесно да ги отфрлат - одговорноста кон општеството и позитивното и негативното влијание на своите семејства. {АД 45.3}

Со изборот на животниот партнер треба да се осигуриш за телесното, умственото и духовното здравје, како на родителите така и на нивните деца, затоа што така и едните и другите ќе станат благослов на своите ближни и чест за својот Создател. {АД 45.4}

**Особини на идната сопруга.** – Момчето за животен сопатник треба да бира девојка, која е подготвена да го понесе својот дел од животниот товар, девојка чиешто влијание ќе го облагороди и подигне, и која со својата љубов ќе го направи среќен. {АД 45.5}

„Од Господа е разумната жена". „На неа се потпира срцето на нејзиниот маж... му прави добро, а не зло, во целиот свој живот". „Својата уста ја отвора мудро и на јазикот и е науката блажена. Внимава на однесувањето на своите чеда, и лебот во мрзеливост не го јаде. Синовите нејзини се подигнуваат и ја благословуваат; мажот нејзин исто така ја фали", зборувајќи: „Многу жени биле вредни; но ти ги надминуваш сите. Оној кој добил таква жена, на шол добро и добил љубов од Господа". {АД 46.1}

Пред нас е она за што треба да размислуваме: Дали онаа којашто ја земаш ќе ти донесе среќа во твојот дом? Дали разумно располага со парите или штом ќе се венчате, ќе го потроши не само она што ќе го заработи туку и целиот твој приход ќе го даде за да ги задоволи своите хирови, со желба убаво да изгледа? Дали нејзините мислења за ова се беспрекорни? Дали располага сега со нешто на што можеш да се потпреш? Знам дека слепо заљубеното момче ваквите прашања ќе ги отфрли како неважни. Меѓутоа, нив треба сериозно да ги разгледаш, затоа што тие сигурно ќе влијаат на твојот иден живот... {АД 46.2}

При изборот на сопруга проучувај го нејзиниот карактер. Дали таа ќе биде таа која ќе се одликува со трпение и совесност? Или ќе престане да се грижи за твоите мајка и татко токму тогаш кога им е потребен силен син како поткрепа? Или во спротивно ќе настојува да те одвои од нивното друштво за да ги исполни своите планови и да си ги задоволи своите желби, напуштајќи ги таткото и мајката кои наместо да добијат посветена ќерка, го губат и синот. {АД 46.3}

**Особини на идниот сопруг.** – Пред да се согласи да се омажи, секоја девојка би требало да се распраша дали е чесен оној со кој таа сака да го поврзе својот живот. Какво е неговото минато? Дали неговиот живот е беспрекорен? Дали љубовта е таа која го изразува благородниот и возвишен карактер, или тоа е склоност, заснована само на чувства? Има ли тој карактерни особини кои ќе ја усреќат? Може ли таа да најде вистински мир и радост во неговата наклонетост? Дали ќе може да ја сочува својата личност или ќе мора своето расудување и совест да ги потчини на контролата на својот сопруг? Како Христов ученик таа не припаѓа на себе; таа е купена скапо. Дали барањата на Спасителот за неа ќе бидат најважни? Дали телото и душата, мислите и намерите, и

понатаму ќе останат чисти и свети? Овие прашања имаат животно значење за доброто на секоја жена која стапува во брак. {АД 47.1}

Жената која сака мирна и среќна заедница, поштедена од идните понижувања и таги, нека се распраша, пред да се препушти на своите чувства: дали мојот сакан има мајка? Каков е нејзиниот карактер? Дали тој ги признава своите обврски кон неа? Дали обрнува внимание на нејзините желби и мисли за нејзината среќа? Ако не ја цени и почитува својата мајка, дали ќе ја почитува, сака, ќе биде внимателен и љубезен кон својата сопруга? Кога ќе застари бракот, дали и тогаш ќе ме сака? Дали ќе биде трпелив кон моите слабости, или заради нив ќе ми замери, ќе биде груб и непопустлив? Вистинската љубов ќе покрие многу слабости; љубовта нема да ги забележува. {АД 47.2}

**Прифати ги само чистите особини.** – Младата жена нека го прифати како животен пријател само оној кој се одликува со чист, мажествен, карактер, оној кој е грижлив, амбициозен и чесен, оној кој Го љуби Бога и се плаши од Него. {АД 47.3}

Избегнувај ги оние коишто не се побожни. Избегнувај го оној кој ја сака мрзеливоста; избегнувај го оној кој го исмејува сето она што е свето. Избегнувај го друштвото на оној кој се служи со нечистоен јазик, или оној кој навикнал да се напие макар и една единствена чашка алкохол. Не прифаќај понуди од човек кој не е свесен за своите одговорности кон Бога. Чистата вистина која ја просветува душата, ќе ти помогне да се ослободиш и од најсаканиот пријател кој не го сака Бога ниту пак се плаши од Него, кој не ги познава начелата на Божјата правда. Ние секогаш можеме да ги поднесуваме слабостите и незнаењата на пријателите, но никогаш неговите пороци. {АД 47.4}

**Грешката може полесно да се направи отколку да се поправи.** – Набрзина и себично склопените бракови обично имаат лош крај и често се претвораат во трагично промашување. Двете страни се сметаат за измамени, и сега сè што претходно го направиле во заслепеност, би сакале да го поништат. Полесно е, многу е полесно да се направи грешка отколку да се поправи откако веќе ќе се направи. {АД 48.1}

**Подобро е да се раскине неразумната веридба.** – Дури и ако сте се вериле недоволно познавајќи го карактерот на личноста со која сте сакале да се соедините, немојте да мислите дека веридбата претставува обврска да го прифатите брачниот завет и да се врзете за цел живот со оној којшто не можете да го сакате и почитувате. Бидете внимателни и на самата веридба, затоа што е по добро, многу подобро, да се раскине веридбата пред венчавката, отколку подоцна да се разделат, како што тоа го прават мнозина. {АД 48.2}

Ти можеш да кажеш: „Но јас сум го дала својот збор и како сега да го повлечам?“ Јас одговарам: Ако си дала ветување кое е спротивно на Библијата, тогаш на секој начин без одложување повлечи го, во понизност пред Бога покај се заради заслепеноста која те на вела така непромислено да се обврзуваш. Многу е подобро да го повлечеш таквото ветување, во Божји страв, отколку да го исполниш и со тоа да го осрамотиш својот Создател. {АД 48.3}

Секој чекор, кон брачната заедница треба да биде одбележан со скромност, едноставност, искреност, сериозна намера да се задоволи и прослави Бог. Бракот влијае на животот во овој свет и во оној кој ќе дојде. Искреniот христијанин нема да прави никакви планови коишто Бог не може да ги одобри. {АД 49.1}

# ВИСТИНСКА ЉУБОВ ИЛИ ЗАСЛЕПЕНОСТ

**Љубовта е скапоцен Исусов дар.** – Љубовта е скапоцен дар, кој го примаме од Исус. Чистата и света наклонетост не е чувство туку начело. Оние кои ги придвижува вистинската љубов не се ниту неразумни ниту слепи. {АД 50.1}

Денес има малку права, искрена, посветена и чиста љубов. Овој скапоцен дар е многу редок. Денеска страста ја нарекуваат љубов. {АД 50.2}

Вистинската љубов е возвишена и света вредност, која целосно се разликува од таа љубов, која се заснова на нагоните и која од ненадеж умира кога ќе се најде пред сериозен тест. {АД 50.3}

Љубовта е билка со небесно потекло која мора да се негува и храни. Предадените срца, искрените љубезни зборови ќе ги направат семејствата среќни и позитивно ќе влијаат на сите оние со кои доаѓаат во допир. {АД 50.4}

**Вистинската љубов не е страст.** – Љубовта... не е неразумна, ниту слепа. Таа е чиста и света. Меѓутоа, страста на телесното срце е нешто сосема друго. Додека чистата љубов секогаш го прашува Бога за своите планови и секогаш избувлива, неразумна, ги отфрла сите ограничувања и својот избраник или избраничка го прави идол. Божјата милост ќе се покаже во целокупното однесување на оној кој ја негува вистинската љубов. Верноста, едноставноста, искреноста, почитувањето и верата во Бога ќе го одбележат секој чекор кој води кон основање на бракот. Оние кои се одликуваат со овие вредности нема да бидат толку окупирани со својата взаемна врска, така што тоа би довело до губиток на желбата да присуствуваат на молитвените и други богослуженија. Нивната ревност за вистината нема да изгасне поради невнимателноста кон можностите и предностите кои Бог милостиво им ги дал. {АД 50.5}

Љубовта која нема подобар темел од телесните задоволства ќе биде тврдоглава, слепа и неприбрана. Честа, вистината и секоја благородна и возвишена сила на разумот, ќе биде потчинета на страстите. Човекот кој е окован со синџирите на оваа заслепеност не го слуша гласот на разумот и совеста; никаков доказ ниту молба не можат да го наведат да ја види лудоста на својот пат. {АД 51.1}

Вистинската љубов не е силна и неконтролирана страст. Напротив, таа е по природа мирна и длабока. Таа не застанува на надворешноста, туку ја привлекуваат внатрешни особини. Таа е полна со мудрост и расудување, и нејзината верност е вистинска и трајна. {АД 51.2}

Љубовта со која не господарат страстите и нагоните, добива духовно обележје и се открива во зборовите и делата. Христијанинот се одликува со посветена нежност и љубов во која нема нетрпение и нерасположение; грубите и нагли постапки мораат да исчезнат под влијание на Христовата милост. {АД 51.3}

**Чувајте се од болната чувствителност како од лепра.** – Чувајте се од фантазирањето со болна чувствителност како од лепра. Во современиот свет на многу момчиња и девојчиња им не достигаат вредности; затоа е потребна голема внимателност... Оние кои го сочувале таквиот карактер, иако можеби им недостасуваат други потребни особини, се одликуваат со морална вредност. {АД 51.4}

Има и такви кои извесно време се претставувале како побожни, но во сите свои намери покажале дека се без Бога и без просветената совест. Тие се зли и површни. Нивните разговори не се угодни. Нивните мисли се оптоварени со додворување и женење, а во сето тоа се запоставува сè што е благородно и возвишено. {АД 51.5}

Младите се опседнати со манијата на додворување и женење. Во нивниот живот преовладува болната чувствителност. Од овие лоши влијанија младите можеме да ги сочуваме со голема будност и тактичност. {АД 52.1}

Ќерките не се упатувани на вредноста на самоодрекувањето и самоконтролата. Нив им се попуштало и така е поттикнувана нивната злоба. Дозволувано им е да го прават она што го сакаат, сè додека не станале тврдоглави и своеволни, а вие станувате беспомошни во желбата да им помогнете и така да ги сочувате од пропаст. Сатаната ја искористил нивната самостојна слобода, недостатокот од воздржување и личната скромност, и затоа станале приказна во устите на непрепородени луѓе. Исто така и на момчињата им се дозволува да го прават она што го сакаат. Сè уште не достигнале до годините на зрелост, а веќе пред себе имаат девојки на свои години, кои ги испраќаат до нивните домови и на кои им се додворуваат. Родителите толку се врзани за својата попустливост и неразумна љубов кон своите деца, што немаат ниту сила ниту храброст да направат промени и да го да го при берат неконтролираното однесување на своите деца во овој расипан свет. {АД 52.2}

**Совет до една заљубена девојка.** – Ти си направила жална грешка, која преовладува во ова искривено време, особено помеѓу жените. Ти си премногу наклонета кон другиот пол. Ти го сакаш нивното друштво; твоето внимание им ласка, ти ги охрабруваш, или дозволуваш семејство кое не е секогаш во согласност со советот на апостолот кој вели: „Отстранувајте се од секое зло”.... {АД 52.3}

Престани да се занимаваш со романтични планови. Со својата побожност ја мешаш романтичната, болна чувствителност, која не воздигнува туку понижува. Тоа не те погодува само тебе, затоа што твојот пример и влијание им нанесува штета на другите... Твоето фантазирање и sидање на кули во воздухот те онеспособиле за полезен живот. Живееш во светот на фантазијата. Така си станала вообразен маченик и христијанин. {АД 52.4}

Верското искуство на младите од нашето време често е измешано со оваа болна чувствителност. Сестро моја, Бог очекува од тебе повторно да се родиш. Те молам облагороди ги своите чувства. Посвети ги своите умствени и телесни сили на служба за својот Спасител, кој скапо те откупил. Посвети ги своите мисли и своите чувства, за да можат твоите дела да бидат исполнети во Бога. {АД 53.1}

**Предупредување до еден млад студент.** – Ти си станал студент; настојувај твоите мисли да се занимаваат со духовни предмети. Отстрани ја од својот живот секоја болна чувствителност. Биди сериозен во личното превоспитување и труди се секогаш да владееш со себе. Си стигнал во времето кога треба да го обликуваш својот карактер. Не го сметај за неважно и безначајно она што би го намалило твојот највозвишен и најсвет интерес, твоето влијание да го направиш делото кое Бог ти го одредил. {АД 53.2}

**Последици од неразумно додворување во брачот.** – Можеме да забележиме како на секој чекор се соочуваме со безбројни тешкотии. Беззаконието кое се појавува во животот на младите и на постарите, непромисленото, непосветеното додворување и

бракот сигурно ги оставаат своите последици - несогласувања, расправија, отуѓување, попуштање на страстите, обострано неверство на брачните партнери, неподготвеност да се отстрани себичната желба и рамнодушноста кон вечните вредности... {АД 53.3}

Светите Божји зборови малку се ценат дури и помеѓу мнозина кои велат дека се христијани. Со своето нејасно и непостојано однесување покажуваат дека тежнеат кон други цели. Таквите не сакаат да ги ограничат своите себични тежнеења на своите чувства. {АД 54.1}

**Чувајте ги склоностите.** – Контролирајте го својот ум, вели апостолот; контролирајте ги своите мисли и не дозволувајте им да завладеат над вас,. Мислите треба да се чуваат и внимателно да се надгледуваат. Мисли на она што е правилно, па и постапките ќе ти бидат добри. Внимавајте на своите чувства и не им дозволувајте да се насочуваат и задржуваат на она што не е соодветно. Исус ве откупил со Својот живот и за тоа Нему му припаѓате; во сè прашајте Го за совет, особено како да ги активирате силите на вашиот ум и чувствата на вашето срце. {АД 54.2}

## Осмо поглавје

## ЧЕСТИ ПОСТАПКИ ВО ДОДВОРУВАЊЕТО

**Погрешни сфаќања за додворувањето и бракот.** – Сфаќањата за додворувањето имаат свој темел во погрешниот пристап кон бракот. Тие дозволуваат да се следат нагоните и слепата страст. Додворувањето се заснова на флертот. Двете страни често ги кршат правилата за скромност и воздржаност, и ако не го престапуваат Божјиот закон, виновни се за невнимателно однесување. Тие не знаат за возвишената, света и благородна смисла на брачната уста нова; и затоа не ги развиваат чистите чувства на своето срце и благородните црти на карактерот. {АД 55.1}

Не смеете да изговорите ниту еден збор и да направите ниту едно дело, кое не би сакале да го видат и забележат светите ангели во небесните книги. Секогаш мислете на тоа да го прославите Бога. Во срцето треба да живеат само чисти посветени чувства, достојни за Христовите следбеници, возвишени во својата природа, повеќе небесни отколку земни. Сè што е поинаку од ова го понижува и обезвреднува додворувањето. Така ни бракот, ако не е основан на возвишените начела на Библијата не може да биде свет и чесен во очите на чистиот и свет Бог. {АД 55.2}

Младите премногу си попуштаат на своите желби. Тие не би требало лесно да се препуштат на влијанието на својот избраник. Додворувањето во ова време е основано на измама и лицемерство, во што непријателот на душите повеќе учествува отколку Господ. И тука е потребен здрав разум, но факт е дека тој е многу малку присутен во овие постапки. {АД 55.3}

**Доцна во ноќта.** – Навиката да се седи до доцна во ноќта станала обичај; но со тоа не се угодува на Бога, дури и кога и двајцата се христијани. Доцните часови му нанесуваат штета на здравјето, го онеспособуваат умот за должностите во наредниот ден, а сето тоа е лошо. Драг брате, се надевам дека ќе имаш доволно самопочитување за да се чуваш од ваков облик на додворување. Ако сакаш да го прославиш Бога ќе постапуваш внимателно и разумно. Тогаш нема да дозволиш болната чувствителност да

те заслепи за да не можеш да ги видиш возвишените барања кои Бог ги става пред тебе како христијанин. {АД 56.1}

Сатанските ангели бдеат заедно со оние кои голем дел од ноќта го посветуваат на додворувањето. Кога очите би им биле отворени, би го виделе ангелот кој ги забележува нивните зборови и постапки. На тој начин се кршат законите на здравјето и пристојноста. Би било многу поправилно таквите часови на додворување да се сочуваат за подоцнежниот брачен живот. Поради тоа венчавката и бракот често претставуваат крај на вниманието кое се покажувало за време на додворувањето. {АД 56.2}

Ова расипување на времето во долгите ноќни часови во ова време на пороци, многу често води до пропаст за двете страни. Кога момчето и девојката се понижуваат самите себе си, сатаната се воздигнува, а Бог се срамоти. Во својата заслепеност тие го жртвуваат доброто име, а бракот на таквите личности Бог не може да им го одобри. Таквите стапуваат во брак водени од своите страсти, и кога новиот заеднички живот ќе застари, тие почнуваат да сфаќаат што направиле. {АД 56.3}

Сатаната добро знае со какви луѓе има работа, и затоа со сета своја пеколна мудрост и моќ создава различни стапици, за да ги одведе во пропаст. Тој внимава на секој нивен чекор и им ги дава своите совети, кои често повеќе ги прифаќаат отколку советите од Божјата реч. Оваа вешто исткаена и опасна мрежа е толку добро по ставена за да може да ги фати младите и неискусни луѓе. Таа често се крие под превезот на светлината; но оние кои така станале нејзина жртва, по своја вина, доживуваат многу трагични тешкотии. Последицата од таквиот живот е тоа што насекаде околу себе гледаме пропаднати човечки суштества. {АД 56.4}

**Поигрување со чувствата.** – Пред светиот Бог поигрувањето со чувствата не е мал грев. Но сепак, има момчиња кои несериозно постапуваат со младите девојки и ги предизвикуваат нивните чувства, а потоа ќе отидат и ќе забораваат на сè што кажале, не размислувајќи за последиците. Нив сега ги привлекува ново лице, и тие ги повторуваат истите зборови и на втората ѝ посветуваат исто внимание. {АД 57.1}

Ваквото расположение ќе се открие дури во бракот. Брачниот живот не може секогаш да го зацврсти колебливиот ум, а непостојаниот човек да го направи постојан и верен на начелата. На таквите им здосадува семејното секојдневие, а несветите мисли ќе се покажат во несветите постапки. Колку е тогаш важно младите да го приберат својот ум и да внимаваат на своето однесување, за сатаната да не ги заведе од патот на праведноста. {АД 57.2}

**Нечесни постапки.** – Момчето кое се дружи со млада девојка и го придобива нејзиното пријателство, а за тоа ништо не знаат нејзините родители, не постапува христијански ниту кон неа, ниту кон нејзините родители. Со тајните состаноци тој може да влијае на нејзиниот ум, но во тоа нема да покаже ниту благородност ни почит кон душата, што секое Божје дете треба да ги поседува. За да ги исполнат своите цели, многу момчиња го прават она што не е чесно и искрено и што не е во согласност со библиските начела, и така докажуваат дека не се верни на оние кои ги сакаат и кои се трудат да бидат нивни верни заштитници. Вака склопените бракови не се во согласност со Божјата реч. Момчето кое е подготвено да ја одвои девојката од нејзините обврски, кој ќе ѝ ги помати нејзините сознанија за јасните и позитивни Божји заповеди - да ги слуша и почитува своите родители - не е човек којшто може да биде верен на брачните обврски... {АД 57.3}

„Не кради“ - така гласи заповедта, која самиот Бог ја напишал со Својот прст на камена плоча; но сепак, колку пати се краде и оправдува кражбата на туѓите чувства! Неискреното додворување продолжува, се одржуваат тајни состаноци, сè додека чувствата на неискусната девојка која не знае каде води тоа, не се одвојат од нејзините родители и се предадат на оној, кој со своите постапки покажува дека не е достоен за нејзината љубов. Библијата го осудува секој облик на непочитување... {АД 58.1}

Таквиот скриен начин на додворување и склопување на брак е причина за големи неволји, чијашто тежина е позната само на Бога. На оваа карпа илјадници го доживеале својот душевен бродолом. Оние кои тврдат дека се христијани, чиј живот е одбележан со почитување, за кои може да се рече дека се свесни за сè останато, тие прават страшни грешки. Таквите покажуваат упорност на која разумот не може да влијае. Тие се толку преокупирани со човечките чувства и побуди, што немаат желба да ја истражуваат Библијата и да живеат во блиска заедница со Бога. {АД 58.2}

**Избегнете го првиот чекор кој води во пропаст.** – Кога ќе се прекрши една заповед од Декалогот, веќе е направен првиот чекор кон пропаста. Кога еднаш ќе исчезнат вредностите на женската скромност, ни најголемата разузданост не личи на грев. За жал, денес во светот може да се видат страшните последици од грешното влијание на жените! Привлечноста кон „туѓите жени” одвеле илјадници во затворски ќелии, мнозина завршуваат со самоубиство, а на многу други им го одземаат животот. Колку се вистинити пророчките зборови: „Затоа што во смрт води нејзиниот дом и патиштата нејзини кон мртвите“. {АД 58.3}

Факелите на опомените се ставени и од едната и од другата страна на животниот пат за да ги спречат луѓето да зачекорат на опасно, забрането место; но, и покрај тоа, мнозина го бираат патот кон пропаста, спротивставувајќи се на здравиот разум, не грижејќи се за Божјиот закон, пркосејќи на Неговата осуда. {АД 59.1}

Оние кои сакаат да го сочуваат своето здравје, бистриот ум и здравиот морал, мораат да бегаат „од желбите на младоста”. Тие кои ќе вложат сериозни и одлучни напори да го спречат злото, кое смело ја крева својата злобна глава во нашата средина, ќе бидат изложени на омраза и клевети од сите оние коишто прават зло, меѓутоа, Бог ќе ги награди. {АД 59.2}

**Она што го сееш, тоа и ќе го пожнееш.** – Не доведувајте ги во опасност своите души со сеење на какол. Не бидете невнимателни во изборот на своите другари. {АД 59.3}

Драги млади пријатели, малку време поминато во сеење на ка кол, ќе даде жетва која ќе го загорчи целиот ваш живот; Еден час на невнителност, попуштање на искушението, може целиот ваш живот да го насочи во погрешен правец. Само еднаш сте млади; искористете го тоа. Кога веќе еднаш нешто си направил, не можеш да се вратиш и да ја поправиш направената грешка. Оној кој не сака да има заедница со Бога, кој свесно стои на патот на искушението, сигурно ќе падне. Бог го испитува секој млад живот. Мнозина се обиделе да го оправдаат своето невнимание и непочитување, повикувајќи се на лошиот пример кој му го дале неговите искусни претходници. Но тоа не смее никого да спречи да го прави она што е добро. На денот на конечната пресметка нема да можете да ги искористите изговорите кои денес ги употребувате. {АД 59.4}

## ЗАБРАНЕТА ВЕНЧАВКА

**Венчавка на христијани со неверници.** – Во христијанскиот свет постои запрепастувачка, вознемирувачка рамнодушност кон учењето на Божјите зборови за стапувањето во брак на христијаните со неверниците. Мнозина кои велат дека го сакаат Бога и дека се плашат од Него, повеќе сакаат да се управуваат според сопственото мислење отколку да бараат совет од бескрајната Мудрост. Во прашањата кои се од животно значење за среќата и благосостојбата на двете страни, како во овој така и во идниот свет, се отфрла разумот, расудувањето и Божјиот страв и се дозволува да завладеат слепите нагони и тврдоглавата решеност. {АД 61.1}

Мажите и жените кои обично се разумни и совесни, ги затвораат ушите на советите; тие се глуви на повиците и преколнувањето на пријателите, роднините и Божјите слуги. Изразувањето на загриженост или предупредувањето се смета за невкусно мешање, а верниот пријател кој се осмелува да го изрази својот приговор се смета за непријател. Сето тоа е всушност она што сатаната го посакува. Тој плете мрежа со своите магии околу душата сè додека не ја маѓепса и заслепи. Разумот дозволува уздите на самоконтрола да паднат на вратот на страста, непросветените склоности земаат замав додека најпосле, премногу доцна, жртвата не ја отрезни бедниот живот и ропството. Ова не е слика која ја нацртала фантазијата, туку приказ на реалноста. Божјиот благослов не се дава на браковите кои Тој особено ги забранил. {АД 61.2}

**Божјите заповеди се јасни.** – Господ заповедал на стариот Израел да не склопува бракови со околните идолопоклонички народи. „Ниту ќе склопуваш бракови со нив; нема да ги даваш своите ќерки за нивните синови, ниту пак ќерките нивни ќе ги земаш за своите синови“. Дадено е и образложение. Бесконечната мудрост, пред- видувајќи ги последиците од таквите бракови вели: „Затоа што би го одвоила синот твој од Мене, и би им служел на други богови, па Господ би се разгневил на вас и би ве сотрел брзо... Затоа што ти си народ свет на Господа, Богот свој, тебе те избрал Господ Бог да му бидеш народ посебен од сите останати народи на Земјата“. {АД 61.3}

Во Новиот завет постојат слични забрани во поглед на бракот на христијани со неверници. Апостол Павле во своето прво посла ние до Коринтјаните вели: „Жената е врзана со законот сè додека ѝ е жив мажот; а кога ќе ѝ умре мажот, слободна е да се омажи за кого сака, „само во Господа“. Во своето второ послание пишува: „Не влечете јарем со неверниците: зошто што има праведноста со беззаконието или каква заедница има светлината со темнината? Како ли се согласува Христос со Велиар, или каков дел има верникот со неверникот? Како ли се согласува храмот Божји со идолите? Затоа што ние сме храм на живиот Бог“, како што кажа и самиот Бог: „Ќе престојувам и ќе живеам помеѓу нив, и ќе им бидам Бог, и тие ќе бидат Мој народ. Затоа одете од нив и одвојте се, зборува Господ, и до нечистиот не се допирајте; и тогаш ќе ве примам, и ќе ви бидам Татко, и вие ќе бидете Мои синови и ќерки, зборува Бог Семоќниот“. {АД 62.1}

Божјото проклетство почива на многу предвремени и несоодветни брачни заедници, кои денес се склопуваат во светот. Библијата не го оставила неразрешено или нејасно ова прашање, и за тоа многу момчиња и девојки не можат да ја оправдаат својата меѓусебна врска. Библиските барања не се половични закони; тие бараат совршено чисти мисли, зборови и дела. Можеме да му за благодариме на Бога што

Неговиот збор е светлина за нашите нозе и никој не мора да згреши на патеката на своите должности. Младите треба да се навикнат да ги погледнат нејзините страници и да ги прифатат нејзините совети, затоа што секогаш се прават жални грешки кога се отстапува од нејзините правила. {АД 62.2}

**Бог не ги одобрува браковите помеѓу верниците и неверниците.** – Божјиот народ никогаш не треба да оди на забрането подрачје. Бог забранува бракови помеѓу верните и неверните. Меѓутоа, необратеното срце често ги следи своите желби и така се склучуваат бракови кои Бог не може да ги одобри. Затоа во овој свет многу мажи и жени се без надеж и без Бога. Нивните облагородени тежнеења се мртви. Поради сплет на околности, тие се наоѓаат во сатанската мрежа. Оние со кои управуваат страстите и нагоните ќе пожнеат горчлива жетва во овој живот, а на својот пат може да ја изгубат и самата душа. {АД 63.1}

Оние кои ја признаваат вистината, ја погазуваат Божјата волја кога во брачот се врзуваат со неверници; тие ја губат Неговата наклонетост и еден ден горко ќе се каат. Неверната страна може да има извонреден морален карактер; но фактот дека не ги слуша Божјите барања и го одбива големото спасение е доволна причина да не се стапи во таков брак. Карактерот на неверниот може да биде сличен на карактерот на она момче на кое Исус му ги упатил зборовите: „Уште едно нешто ти недостасува“. А тоа едно било многу потребно. {АД 63.2}

**Соломоновиот пример.** – Има луѓе коишто живеат во сиромаштија и одвоеност од луѓето, чиј живот Бог би можел да го прифати и целосно искористи на Земјата и во небесната слава, но сатаната упорно работи за да ги осуети Неговите намери и да ги повлече во пропаст со склопување на бракови со оние чиј карактер не може да се одржи на патот на животот. Малкумина се такви кои од ова можат да излезат како победници. {АД 63.3}

Сатаната добро ги познава резултатите од послушноста. Во првите години на Соломоновото владеење - славните години на мудроста, великодушноста и чесниот живот - сатаната настојувал со своето влијание подмолно да ја поткопа неговата верност кон начелата за да го одвои од Бог. Од извештајот ни е познато дека непријателот успеал во своите напори: „Соломон се спријателил со фараонот - царот египетски, и се оженил со ќерката на фараонот, и ја довел во Давидовиот град“. {АД 64.1}

Склучувајќи сојуз со незнабожечкиот народ и потврдувајќи го со венчавката со идолопоклоничката принцеза, Соломон непромислено ги отфрлил мудрите закони кои Бог ги дал за да ја сочува чистотата на Својот народ. Надежта дека оваа Египќанка ќе се обрати, претставувала блед изговор за грев. Со престапот на јасните Божји заповеди, за поврзувањето со другите народи, царот ја соединил својата сила со телесноста на овој свет. {АД 64.2}

Во Својата бескрајна милост, Бог извесен период преминувал преку овие страшни грешки. Соломоновата жена се обратила; а царот, со мудри постапки, можел да ги спречи злите сили кои се поттикнати од неговата непромисленост. Меѓутоа, Соломон почнал да го губи од вид Изворот на својата сила и слава. Склоноста ја зела власта над разумот. Колку повеќе растела неговата самодоверба, тој сè повеќе настојувал Господовите намери да ги спроведе на свој начин... {АД 64.3}

Многу христијани мислат како и Соломон дека можат да склучат заедница со неверниците, затоа што веруваат дека нивното влијание на нив ќе биде полезно. Но

многу често, надитрени и победени ја оставаат својата света вера, жртвувајќи ги начелата и одвојувајќи се од Бога. Еден погрешен чекор го условува следниот, сè до еден ден кога ќе се најдат во ситуација во која не можат да се надеваат на ослободување од оковите со кои се врзани. {АД 64.4}

**„Тој е побожен“.** – Понекогаш се вели дека неверната страна е наклонета кон религијата и тоа е сè што треба да се очекува од неа, освен едно - тој не е христијанин. Иако здравиот разум на верната страна може да укаже на непогодност за брачна врска со не верните, во девет од десет случаи победуваат склоностите. Духовното опаѓање почнува од оној час кога пред олтарот ќе се склучи заветот. Од тој момент почнува сè повеќе и повеќе да слабее ревноста за верата и исчезнува еден поттик по друг, сè додека и двајцата не застанат под црното сатанско знаме. Уште со свадбената свеченост духот на светот ликува над совеста, верата и вистината. Во новиот дом не се почитува часот на молитва. Младоженецот и невестата се избрале еден со друг, а го напуштиле Исуса. {АД 65.1}

**Се менува верната страна.** – Во прво време неверната страна често не покажува никаков знак на спротивставување. Но штом стане збор за библиските вистини, неверникот вели: „Ти ме зема знаејќи кој сум јас. Затоа не сакам да ме вознемируваш. Од денес сакам да знаеш дека не смее да има никакви разговори за твојата вера!“ Кога верната страна би се обидела да ја брани вистината, другата страна тоа би го сметала за неучтивост, бидејќи не се грижи за христијанското искуство. {АД 65.2}

Верната страна смета дека во првите денови од бракот мора донекаде да попушти на партнерот кој го избрала. Тие заедно ги посетуваат световните пријатели и забави. Внатрешните чувства на верниот се бунтуваат против таквите постапки, но љубовта кон вистината сè повеќе и повеќе слабее, за на крајот верата да се смени во сомнеж и неверство. Никој не се надевал дека толку цврста христијанка, совесна и посветена на Христа сега одеднаш почнува да се сомнева и да се колеба. О, каква промена настанала поради ваквиот неразумен брак! {АД 66.1}

Значи, опасно е да се стапи во брачна врска со неверни. Сатаната многу добро знае дека таквиот брак на многу момчиња и девојки претставува крај за нивното верско искуство и даровите. Тие се изгубени за Христа. Тие можат да се обидат извесно време да живеат христијански живот, но сите нивни напори ги уништува силното влијание на спротивната страна. Некогаш тие се радувале на можноста да зборуваат за својата вера и надеж, но сега немаат желба да зборуваат за тоа, бидејќи се свесни дека оној со кој си ја поврзале својата судбина не се грижи за тоа. На крајот верата во скапоцената вистина умира во нивните срца, а сатаната лукаво ја плете својата мрежа на неверство околу нив. {АД 66.2}

**Жртвување на небесните радости.** – „Дали двајцата ќе одат заедно ако не се сретнат?“ „Ако двајца од вас на земјата се сложат во она што им е мило, што и да молат, ќе им го даде Таткото Мој кој е на небесата“. Каква е таа чудна ситуација! Додека едниот од оние кои се толку тесно врзани, се моли на Бога, другиот е толку рамнодушен и незаинтересиран; додека едниот го бара патот до вечниот живот, другиот е на широкиот пат кој води во смрт. {АД 66.3}

Стотици Го жртвувале Христа и небото затоа што склучиле брак со необратени личности. Зар за нив љубовта и заедницата со Христа е од толку мала важност, што

повеќе би сакале да ѝ дадат предност на заедницата со сиротите смртници? Зар тие толку малку го ценат небото, што доброволно ги стават на коцка неговите вечни радости заради оној кој не го сака добриот Спасител? {АД 66.4}

Да се здружиш со неверник значи да застанеш на територија на сатаната. Ти го разжалостуваш Божјиот Дух и ја одбиваш Него вата заштита. Зар можеш да си дозволиш да се ставиш во таква застрашувачка подредена положба додека ја водиш битката за вечниот живот? {АД 67.1}

Запрашај се: „Дали неверниот сопруг може да ги одврати моите мисли од Исуса? Тој повеќе сака да ужива отколку да го сака Бога; нема ли тој да ме наведе да уживам во она во што тој ужива?“ Патеката до вечниот живот е стрмна и нерамна. Немој да се оптоваруваш себеси со нов товар којшто ќе го успори твојот напредок. {АД 67.2}

**Дом од кој сенките не се креваат никогаш.** – Срцето копнее за човечката љубов, но таа љубов не е ниту доволно силна ниту доволно чиста, ниту доволно вредна за да може да го заземе местото на Исусовата љубов. Единствено во својот Спасител жената може да најде мудрост, сила и способност да ги понесе животните грижи, одговорности и обврски. Тој треба да биде нејзина Сила и нејзин Водач. Жената треба да му се довери на Христа пред да се довери на било кој земен пријател, и нека не склопува никаква врска која би ја попречувала врската со Бога. Оние коишто сакаат да најдат вистинска среќа мораат да добијат благослов од небото за сè што имаат и што прават. Непослушноста кон Бога унесреќува многу срца и домови. Сестро моја, ако не сакаш да имаш дом од кој сенките никогаш не се креваат, не се соединувај со оној кој е Божји непријател. {АД 67.3}

**Христијанско гледиште.** – Што треба да прави секој христијанин кога ќе дојде во ситуација да се испроба цврстината на неговите верски начела? Тој би требало цврсто и одлучно да каже: „Јас сум совесен христијанин. Верувам дека саботата е библиски ден за од мор. Мојата и твојата вера, моите и твоите начела, не можат да се согласат. Ние заедно не можеме да бидеме среќни, затоа што ако тежнеам подобро да ја запознаам Божјата волја, тогаш сè повеќе и повеќе ќе бидам сличен на Христа, а сè помалку на светот. Ако не видиш ништо убаво во Христа, ако тие вистини не те привлекуваат, ти ќе го сакаш светот којшто јас не можам да го сакам, додека јас ќе го сакам она што е Божјо, што ти не можеш да го сакаш. За духовното се расудува духовно. Лишен од духовното расудување не ќе можеш да сфатиш што сака Бог од мене, ниту да ги согледаш моите обврски кон Учителот на кој му служам. Најпосле ќе заклучиш дека те запоставувам поради своите верски должности. Нема да бидеш среќен; ќе станеш љубоморен затоа што своите чувства ги подарувам на Бога и на тој начин ќе останам осамена во својата вера. Ако пак ги смениш своите погледи и ако твоето срце ти одговори на Божјите барања и ако научиш да го сакаш мојот Спасител, тогаш нашата заедница може да се обнови!“ {АД 67.4}

Така верната страна му ја принесува жртвата на Христа која е одобрена од нејзината совест и која покажува дека таа пред сè го цени вечниот живот и не се изложува на опасноста да го изгуби. Верната страна смета дека подобро е да остане сама во животот, отколку своите интереси да ги поврзе со интересите на онаа страна која повеќе го сака светот отколку Исус и која би ја одвоила од Исусовиот крст. {АД 68.1}

**Сигурна брачна заедница.** – Само во Христа може со сигурност да се основа брачна заедница. Човечката љубов мора да произлегува од Божјата љубов. Само таму каде што Христос владее може да постои длабока, вистинска и несебична љубов. {АД 68.2}

**Случај кога неверната страна се обраќа на Бога по венчавката.** – Личноста која влегла во брачната заедница додека сè уште не била обратена, со своето обраќање презема голема обврска кон својот брачен партнер, без оглед на степенот на разлика во нивниот верски живот. Но барањата коишто Бог ги поставува мораат да стојат над сите земни односи, дури и тогаш кога тоа предизвикува неволји и прогонства. Со духот на љубов и кротост, верната страна може да го придобие својот неверен пријател. {АД 69.1}

## Десетто поглавје

## КОГА СОВЕТОТ Е ПОТРЕБЕН

**Барајте совет од Библијата.** – Заснован од Бога, бракот е света заедница во која човекот никогаш не смее да стапи со себичен дух. Оние коишто мислат да го направат тој чекор, мораат најсвечено и со молитва да го разгледаат неговото значење и да побараат божествен совет, за да дознаат дали нивниот чекор е во склад со Божјата волја. Упатството кое во овој поглед го дава Божјата реч, мора внимателно да се разгледа. Небото со одобрување гледа на бракот кој е склопен со искрена желба да се усогласи со упатствата од Светото писмо. {АД 70.1}

Ако постои некоја постапка којашто треба мирно и непристрасно да ја разгледаш, тогаш тоа е сигурно бракот. Ако некогаш Библијата била потребна како советник, тогаш тоа е пред сè пред чекорот кој ќе поврзе двајца луѓе за цел живот. Меѓутоа, општо е мислењето дека во сето ова чувствата мораат да управуваат, а во најголем број случаи болната чувствителност го презема кормилото и води во сигурна пропаст. Во ова младите покажуваат помалку разумност отколку за било кое друго прашање. Токму тука ги одбиваат сите докази. Прашањето за бракот како целосно да ги маѓепсува. Тие не се покоруваат на Бога. Нивните сетила се преокупирани и тие тајно пристапуваат кон исполнување на своите планови плашејќи се некој да не им ги наруши. {АД 70.2}

Мнозина пловат во опасна насока. Нив им е потребен пилот. Меѓутоа, тие не сакаат да ја прифатат толку потребната помош, сметајќи дека сами можат да управуваат со својот брод, несвесни дека во секој момент можат да удрат во подводна карпа и да до живеат бродолом за својата вера и среќа... Ако внимателно не почнат да ја проучуваат Речта (Библијата) , ќе направат големи грешки, со кои ќе ја затемнат сопствената среќа и среќата на другите, како во овој така и во идниот живот. {АД 70.3}

**Со молитва до правилна одлука.** – Ако мажите и жените се молеле два пати на ден пред да почнат да размислуваат за бракот, сега треба да се молат четири пати на ден ако планираат та ков чекор. Бракот влијае на вашиот живот како во овој така и во идниот свет... {АД 71.1}

Начинот на кој се склопуваат браковите во ова време, претставува еден од знаците на последните денови. Момчето и девојката толку се упорни, толку се тврдоглави, што тоа прашање го решаваат целосно без Бога. Религијата се остава на страна, како таа да нема ништо што да каже за тоа важно и возвишено прашање. {АД 71.2}

**Заљубеноста не слуша совет.** – Двајца се запознаваат; двајцата се заљубени еден во друг и не мислат повеќе на ништо друго. Умот е заслепен, за расудувањето нема повеќе место. Тие не се покоруваат на никакви совети, на никаква контрола, туку настојуваат да го прават она што им се допаѓа, без оглед на последиците. Заљубеноста е слична на епидемија, на заразна болест, која ништо не може да ја сопре. {АД 71.3}

Можеби околу нив има и такви кои сфаќаат дека бракот склопен под такви околности ќе им донесе доживотна несреќа. Но со ветите и опомените не се прифаќаат. Таквата врска можеби би ја ослабела или уништила полезноста од некој кој Бог би можел да го благослови во својата служба; но сите докажувања и уверувања се безуспешни. Сè што можат да кажат оние кои имаат животно искуство не може да помогне; невозможно е да се промени одлуката, која е плод на нивните желби. Тие ја губат желбата за молитвени состаноци и за сè што е поврзано со верата. Толку се заљубени еден во друг, што ги запоставуваат животните должности, како да се нешто безначајно. {АД 71.4}

**На младите им потребна мудроста на староста и искуството.** – Кога толку несреќи произлегуваат од бракот, зошто младите не би биле помудри? Зошто тие и понатаму мислат дека не им е потребен совет од постарите и поискусните? Мажите и жените покажуваат голема внимателност кога станува збор за деловните односи. Пред да прифатат некоја важна работа, тие за неа добро се подготвуваат. За неа посветуваат време, пари и грижливо размислување за да не бидат оштетени со таа работа. {АД 72.1}

Колку повеќе внимателност е потребна кога станува збор за склопување на браковите кои ќе влијаат на идното растење во вера и на идниот живот? Наместо тоа, во бракот често се влегува како на шега или лесноумно, според нагонот и страста, слепо без доволно размислување. Единствено објаснување за ваквата по стапка е дека сатаната ужива во бедата и пропаста на луѓето околу кои се плете оваа мрежа. Тој се радува кога ќе види како овие не разумни личности ја губат радоста за овој свет и за својот дом во светот кој ќе дојде. {АД 72.2}

**Ценете го зрелото родителско расудување.** – Зар децата ќе ги слушаат само своите желби и склоности, а нема да водат сметка за судот и мислењето на своите родители? Некои ниту малку не сакаат да водат сметка за желбите и барањата на своите родители и не го земаат во обзир нивното зрело расудување. Себичноста ја затворила вратата на нивното срце за љубовта кон родителите. Младите треба да обрнат внимание на ова прашање. Петата заповед е единствена заповед за која е врзано ветувањето; но таа многу често се гази и целосно се запоставува пред желбата за избрани кот. Многу момчиња и девојки грешат презирајќи ја мајчината љубов и татковата грижа. {АД 72.3}

Една од најголемите грешки на младите и неискусните е, што не сакаат некој друг да да ги допира нивните чувства, да се меша во нивната љубов. Овој проблем повеќе отколку било кој друг треба сестрано да се проучува. Неопходно е да се употребува искуството на другите и грижливо и мирно да го испитаме овој проблем од двете страни. Повеќето луѓе не водат сметка за овој проблем. Млади пријатели, барајте совет од Бога и од своите родители, кои имаат страв Господов. За ова молете се на Бога. {АД 73.1}

**Доверете се на побожните родители.** – Ако навистина сте благословени со тоа што имате побожни родители, барајте совет од нив. Откријте им ги своите надежи и планови, прифатете ги поуките кои ги добиле со животното искуство. {АД 73.2}

Кога децата би имале повеќе доверба во нив и кога би им ги откривале своите радости и таги, би избегнале многу неволји во иднина. Кога не знаат што да направат, нека го кажат проблемот на своите родители и нека бараат совет од нив. Кој, ако не побожните родители, може подобро да ги предупреди на опасноста? Кој може подобро од родителите да ја сфати нивната лична природа? Децата кои се христијани, пред сè ќе го ценат секој земен благослов на љубовта и одобрувањето од своите побожни родители. Родителите можат да ги разберат своите деца, да се молат за нив и со нив Бог да ги води и штити. Особено нивна должност е да ги упатат кон Пријателот и Советникот, кој никогаш нема да ги изневери. {АД 73.3}

**Родителите треба да ги насочуваат чувствата на младите.** – Татковците и мајките треба да знаат дека се должни да ги насочуваат чувствата на младите така што ќе ги засакаат само оние кои можат да бидат достојни другари. Треба да знаат дека нивна должност е со поуки и примери, и со помош на Божјата милост, така да го изградат карактерот на децата уште од нивните најмали години, што ќе бидат чисти и благородни и ќе ги привлекува само она што е добро и вистинито. Љубовта кон вистината, чистотата и добрината нека биде рано всадена во срцата на младите и тогаш тие ќе сакаат друштво од оние кои имаат исти доблести. {АД 74.1}

**Примерот на младиот Исак.** – Родителите никогаш не би требало да ја изгубат од вид сопствената одговорност за идната среќа на своите деца. Исаковото прифаќање на татковата одлука било последица од воспитувањето кое го научило да го сака животот на послушност. {АД 74.2}

Исак добил голема чест од Господа со тоа што бил поставен за наследник на ветувањето, со кое светот требало да биде благословен; иако ја навршил четириесеттата година, прифатил неговиот татко да му одреди еден искусен, побожен слуга да избере жена за него. Овој брак и неговите резултати, Светото писмо го прикажува во убава слика на среќно домашно огниште: „И ја однесе Исак во шаторот на Сара својата мајка; и ја зеде Ревека, и таа му стана жена, и ја засака. И Исак се утеши за својата мајка“. {АД 74.3}

**Мудрите родители ќе бидат внимателни.** – „Зар родителите, прашувате вие, ќе избираат брачен партнер, не земајќи ги во пред вид мислењето и чувствата на синот или ќерката?“ Ви поставувам прашање: треба ли синот или ќерката да го изберат животниот партнер, а претходно да не се советуваат со родителите, ако нешто чувствуваат кон своите деца? Треба ли тогаш детето, не обрнувајќи внимание на советот и молбите од своите родители, да настојува да работи онака како што сака? Одлучно одговарам: Не, па дури и да не склучи брак. Петата заповед ја забранува таквата постапка. Таа гласи: „Почитувај ги таткото и мајката своја за да ти се продолжат деновите на земјата која ти ја дава Господ Богот твој“. Овде заповедта е со објаснување, кое Господ сигурно ќе им го исполни на оние коишто слушаат. Мудрите родители никогаш нема да го изберат партнерот за своите деца без почитување на нивните желби. {АД 75.1}

# Четврт дел
# ШТО ГО УСЛОВУВА УСПЕХОТ ИЛИ НЕУСПЕХОТ

Единаесетто поглавје

## БРЗИ, НЕЗРЕЛИ БРАКОВИ

**Опасност од прерано стапување во брак.** – Не треба да се охрабрува прераното склопување на браковите. Во заедница како што е бракот, не треба нагло да се влезе, без доволна подготовка и доволно развиени телесни и умствени способности. {АД 79.1}

Момчињата и девојките стапуваат во брак, иако нивната љубов и расудување не се зрели, иако им недостигаат благородни и возвишени чувства, тие стапуваат во брак целосно водени од своите младешки страсти... {АД 79.2}

Често последици од прерано склопените бракови биле несреќен живот или нечесни разделби. Пребрзите бракови, склопени без со гласност од родителите, ретко биле среќни. Младешките чувства треба да се контролираат до времето на зрелост и искуство што ќе им овозможи чесно и сигурно да се развијат. Оние коишто не се воздржуваат се во опасност подоцна да бидат несреќни. {АД 79.3}

Кој не наполнил дваесет години, не може да процени дали некоја личност која е исто така млада, може да биде неговиот животен партнер. Кога таквите ќе станат позрели, тогаш ќе воочат дека еден со друг се врзани за цел живот, но можеби неспособни еден со друг да се усреќат. И тогаш наместо да го направат она што е најдобро во нивниот случај, почнуваат меѓусебно да се обвинуваат; темнината се проширува се додека еден кон друг не станат рамнодушни и невнимателни. Зборот „дом“ за нив не содржи ништо свето. Целата атмосфера е затруена со нељубезни зборови и горки префрлања. {АД 79.4}

Пребрзите бракови се причина за многу зла коишто денес постојат. Пребрзите бракови не придонесуваат ниту за телесното здравје ниту за умствената сила. За тоа доволно не се размислува. Многу млади постапуваат според нагоните. Овој чекор којшто може сериозно да влијае на доброто или злото, којшто може да биде доживотен благослов или проклетство, често се прави нагло и под влијание на чувствата. Мнозина одбиваат да ги послушаат христијанските совети и упатства. {АД 80.1}

Сатаната постојано се труди неискусната младина брзо да ја воведе во брачна врска. Не можеме да се гордееме со браковите кои денес се склопуваат. {АД 80.2}

Последиците од нагло склопените бракови, дури и помеѓу Божјиот народ, водат до поделби, разводи и големи неволји во црквата. {АД 80.3}

Какви разлики помеѓу Исаковото однесување и однесувањето на младите од нашето време, дури и помеѓу христијаните! Младите често мислат дека со исполнување на нивните чувства, она што се однесува само за нив, во што ни Бог, ниту нивните родители не може да имаат учество. Мнозина пред да достигнат до цела зрелост, сметаат дека се во состојба да го извршат својот избор без помош од родителите. Неколку години од брачниот живот обично се доволни за да им се откријат нивните грешки, но тогаш е предоцна да се спречат сите нивни кобни последици. Истиот недостаток на мудрост и самосовладување кои ги довел до брз избор, го прави злото сè поголемо, додека

најпосле бракот не стане болен јарем. Мнозина така ја уништиле својата среќа во овој живот и својата надеж во идниот живот. {АД 80.4}

**Оневозможена работата за Бога.** – Има момчиња кои радосно ја прифатиле вистината и некое време исправно служеле на Господа, но сатаната околу нив исткајал мрежа од неразумни врски и несреќни бракови. Тој видел дека тоа би можело да биде најуспешен начин да ги заведе од светиот пат. {АД 80.5}

Покажано ми е дека денешната младина нема вистинско сознание за големата опасност која им се заканува. Има многу млади коишто Бог би можел да ги прими како соработници во разните предели на своето дело, но кај нив се појавил сатаната и ги вовлекол во неговата мрежа, така што тие се отуѓиле од Бога и останале без сила за Неговото дело. Сатаната е лукав и истраен работник. Тој добро знае како ќе ги улови невнимателните, и малкумина се такви кои можат да се извлечат од неговата мрежа. Тие не ја гледаат опасноста и не се пазат од неговото лукавство. Тој ги поттикнува своите чувства да ги подарат на друга личност, а пред тоа да не бараат мудрост од Бога или од оние кои Тој им ги праќал да ги предупреди, да ги укори и посоветува. Тие сметаат дека си се доволни самите на себе и не ги трпат советите од никого. {АД 81.1}

**Совет до едно момче.** – Твоите момчешки мисли за љубовта кон девојките не му дозволуваат никому да има убаво мислење за тебе. Ти си се направил себе си неспособен затоа што си им дозволил на своите мисли да лутаат по такви патеки. Со таквите постапки ќе стекнеш лошо друштво, со тоа ќе го расипеш својот пат и патот на другите. Вака го видов твојот случај, и ако и понатаму упорно продолжиш да одиш по својот пат, сите оние кои ќе се обидат да те посоветуваат, насочат или спречат, ќе наидат на твојот најодлучен отпор, затоа што твоето срце не е во согласност со вистината и правдата. {АД 81.2}

**Нееднаквост во годините.** – Момчето и девојката можат да бидат сиромашни, но ако се здрави располагаат со големо богатство. Но во повеќето случаи не би требало да бидат големи разлики во годините. Непочитувањето на ова начело може сериозно да го загрози здравјето на помладиот. Од таквиот брак децата често се лишени од телесната и умствена сила. Постариот родител не е во состојба да им пружи нега и пријателство кое го посакува нивниот млад живот, а со смртта на таткото или мајката можат да бидат лишени од љубовта и негата токму тогаш кога тоа им е најпотребно. {АД 81.3}

## Дванаесетто поглавје

# ПРИЛАГОДЛИВОСТ

**Прилагодени еден кон друг.** – Во многу семејства ја нема онаа христијанска учтивост, онаа вистинска услужливост и меѓусебно почитување, што би ги подготвило членовите на семејството за брак и образование, за среќно сопствено семејство. Наместо трпение, љубезност, нежна учтивост и христијанска симпатија и љубов, се слушаат остри зборови, доаѓа до судир на мислењата, а се негува духот на критиката и диктаторството. {АД 83.1}

Често се случува личностите пред венчавката да немаат доволно прилики да ги запознаат навиките и склоностите на другиот, а што се однесува до нивниот секојдневен живот, тие се странци уште пред самиот олтар. Мнозина многу доцна воочуваат дека не се еден за друг, а несреќата која трае цел живот е последица на нивната врска. Вообичаено страдаат сопругата и децата поради невнимание и неспособност или поради пороците на сопругот и татко. {АД 83.2}

Светот денес е полн со беда и грев, поради тоа што многу бракови се лошо склопени. Во многу случаи се доволни само неколку месеци за мажот и жената да воочат дека нивните природи никогаш нема да се сложат. Резултат на тоа е во домот да преовладува несогласување таму каде што треба да постојат само небесната љубов и складност. {АД 83.3}

Дискусијата за нешто безначајно создава дух на огорченост. Отвореното несогласување и глодање внесува во домот неискажана несреќа и ги раздвојува оние кои би требало да бидат соединети во врската на љубовта. Така со неразумните бракови илјадници се жртвувале себеси, душата и телото и тргнале надолу по патот којшто води во пропаст. {АД 83.4}

**Разлики во поделениот дом.** – Среќата и напредокот во брачниот живот зависат од единството на двете страни. Како може те лесниот ум да се усогласи со умот кој станал Христов? Еден сее во тело, размислувајќи и постапувајќи според побудите на своето срце; друг сее во Духот, трудејќи се да ја совлада себичноста, да ги победи склоностите и да живее во послушност на Учителот, чиј слуга сака да биде. На тој начин постојано ќе се појавуваат постојаните разлики во вкусовите, склоностите и целите. Ако верни кот не може со цврсто држење на своите начела да го придобие својот неверен пријател, тој како што најчесто е случај, ќе се отстрани и ќе ги жртвува своите верски начела за љубовта на другиот кој нема врска со небото. {АД 84.1}

**Неразбирањето ги разорува браковите.** – Многу семејства знаат само за несреќа; но сепак многу момчиња и девојки одат само по тој пат, затоа што сатаната ги води таму и ги уверува дека мораат да се земат за да бидат среќни, иако не се способни да владеат со себе и да се грижат за семејството. Оние кои немаат желба да се прилагодат еден кон друг, за да ги избегнат непријатните несогласувања и расправија не треба да го прават тој чекор. Меѓутоа, ова е една од привлечните замки во последните денови, во кои илјадници доживеале пропаст во овој и во идниот живот. {АД 84.2}

**Последици од слепата љубов.** – Оние кои ги зафатила оваа заразна болест - слепа љубов - ја жртвуваат секоја своја способност. Изгледа како да им недостасува здраво расудување, а нивните постапки предизвикуваат неодобрување за сите оние кои се во нивна близина... Кај мнозина, кризата од оваа болест го достигнува својот врв во незрелиот брак и кога ќе застари бракот и маѓепсничката сила на заедништвото, една или двете страни ја гледаат својата вистинска состојба. Тогаш согледуваат дека не биле еден за друг, иако се врзани за цел живот. Поврзани меѓусебно со најсвечени ветувања, изнемоштените срца го гледаат несреќниот живот што мора да го водат. Тие треба да направат најдобро што можат во ситуациите во кои се наоѓаат, но мнозина не го сакаат тоа. Тие или ќе го презрат своето брачно ветување или јаремот кој упорно го ставале себе си на врат, ќе го направат толку тежок, што поединци кукавички ќе му стават крај на својот живот. {АД 84.3}

Поради тоа, животна задача на мажот и жената е да пронајдат начин како можат да го избегнат сето она што создава раздор и да го сочуваат недопрен венчаниот завет. {АД 85.1}

**Искуството на другите е една опомена.** – Братот А. има природа со која сатаната успешно си поигрува. Неговиот брак би требало да им послужи на младите за пример. Неговата сопруга во из борот на брачниот партнер ги следела чувствата и нагоните, а не разумот и здравото расудување. Дали нивниот брак бил плод на вистинска љубов? Не, никако. Нивниот брак бил плод на нагони - слепи и несвети страсти. Ниту еден од нив не бил подготвен да преземе одговорност во заедничкиот живот. Кога новото заедништво избледело, кога се запознале меѓусебно, дали нивната љубов станала по силна, нивните чувства подлабоки, а нивниот живот се претопил во прекрасна складност? Напротив, сè било обратно. Најлошите црти од нивниот карактер почнале да се истакнуваат; и наместо нивниот заеднички живот да стане живот на среќа, тој станувал сè потежок. {АД 85.2}

Во минатото примив многу писма од различни личности кои склучиле несреќни бракови, а тие страшни истории коишто ми се доверени се такви што предизвикуваат болка во срцето. Не е лесно да се одлучи што да се советуваат тие несреќници или како да им се олесни нивното тешко бреме; нивното жално искуство би требало да биде опомена за другите. {АД 85.3}

## Тринаесетто поглавје

## ВОСПИТУВАЊЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

**Подготовка за брак е значаен дел од воспитувањето.** – По ниедна цена не треба да се склопува брак, ако двете страни не ги познаваат практичните домашни должности. Сопругата треба да биде толку просветлена, што нејзиниот ум и однесување се такви што секогаш е подготвена правилно да ги воспитува децата кои можеби ќе ги има. {АД 87.1}

Многу млади жени, кои се сметаат за добро воспитани, кои многу успешно го стекнале своето образование во некое училиште, за жал не се упатени во практичните животни должности. Ним им не достасува неопходното знаење за правилно водење на семејство- то, што е одлучувачко за нејзината среќа. Тие се во состојба да зборуваат за возвишената женска работа и за нејзините права, а и самите се далеку од овој идеал. {АД 87.2}

Правото на секоја Евина ќерка се состои во тоа таа да стекне темелно познавање на домашните должности, да биде упатена во секоја домашна работа. Секоја млада жена треба да биде воспитана така што, доколку биде повикана да ја заземе позицијата на сопруга и мајка, на тоа подрачје да може да ја има улогата на кралица. Таа треба да биде целосно оспособена да работи и да ги поучува своите деца и да управува со своите домашни, или ако е потребно, и самата да произведе работи потребни за домаќинството. Нејзина должност е да го знае составот на човечкото тело и начелата на хигиената, прашањата за исхраната и облекувањето, работата и рекреацијата, како и сето останато што е тесно поврзано со напредокот во нејзиниот дом. Нејзино право е да ги запознае најдобрите методи на лекување за да може да им помогне на своите деца

во болест, а не своето скапоцено богатство да го препушти на непознати медицински сестри и доктори. {АД 87.3}

Сфаќањето дека непознавањето на корисната работа е одлика на отмен маж или жена е спротивно на Божјата замисла при создавањето на човекот. Неработењето е грев, додека непознавањето на секојдневните должности е плод на лудост која во подоцнежниот живот многу негативно ќе се одрази. {АД 88.1}

Младите жени мислат дека не е отмено да се готви и да се извршуваат другите видови на работа во домот; и заради тоа многу девојки кои се мажат и кои треба да се грижат за семејството малку знаат за должностите кои ја очекуваат сопругата и мајка. {АД 88.2}

Во животот на младите треба да постои закон да не стапуваат во брак ако не знаат како да се грижат за децата во семејството. Тие мора да знаат како треба да се грижат за тој дом кој Бог им го дал. Додека не ги запознаат добро Божјите закони кои управуваат со нивниот организам, тие нема да ја разберат својата должност кон Бога и кон себе. {АД 88.3}

**Во училишната програма треба да се вметне и предметот домаќинство.** – Воспитанието кое момчињата и девојчињата кои одат во училиште треба да го примат во текот на училишниот живот, заслужува особено внимание. Во работата за изградување на карактерот многу е важно учениците кои поаѓаат во нашите училишта да бидат научени да ја прифатат работата која што им е одредена, отфрлајќи ја секоја склоност и мрзеливост. Тие треба да се навикнат на должностите од секојдневниот живот. Треба да учат своите должности во домот да ги извршуваат темелно и добро, со што помалку врева и неред. Сето тоа треба да биде направено пристојно и уредно. Кујната и сите останати делови од куќата треба да се одржуваат така што ќе бидат чисти и пријатни. Книгите треба да се остават настрана додека не дојдат на ред и не треба да се запишат повеќе предмети отколку што може да се совладаат без да се запоставаат должностите во домот. Проучувањето на книгите не смее да го преокупира умот, и да се запоставаат должностите во домот од кои зависи удобноста на заедницата. {АД 88.4}

Во извршувањето на овие должности треба да се победат навиките на несмасност, површност и неуредност; затоа што ако не се искоренат, овие навики ќе се видат во сите фази на животот и ќе ја оневозможат полезната служба во животот. {АД 89.1}

**Неопходно е познавањето за водење на домаќинството.** – За полезност или среќа на еден ученик не е одлучувачко проучувањето на многу предмети кои го преокупираат неговото време, но за секое момче или девојче многу е значајно темелно да ги познава секојдневните должности. Ако е потребно, девојката треба да го запостави учењето на францускиот јазик или математика, па дури и клавир, но неопходно е да знае да направи добар леб, да скрои фустани кои добро ќе стојат и способно да извршува многу должности во домаќинството. {АД 89.2}

За здравјето и среќата на целото семејство ништо не е поважно од вештините и мудроста на готвачката. Со лошо подготвената храна таа може да ги попречи и дури и да ги наруши работните способности на возрасните како и развојот на децата. Подготвувајќи храна прилагодена за потребите на организмот, која во исто време е привлечна и вкусна, таа може да направи толку добра колку што во друг случај би направила зло. Значи, животната среќа е поврзана со верно извршување на секојдневните должности. {АД 89.3}

**Обратете внимание на начелата на хигиената.** – Во начелата на хигиена спаѓаат исхраната, работата, негување на децата, лекување на болните и многу други нешта на кои треба да им се посвети многу повеќе внимание отколку што тоа вообичаено се прави. {АД 89.4}

Ревносниот наставник во предавањата за хигиената ќе ја искористи секоја прилика за да укаже на потребата за совршена чистота којашто мора да се сочува во личните навики и во човековата околина... Поучете ги своите ученици дека чистата спална соба, целосно чиста кујна и убава и вкусно наместена маса, многу повеќе ќе придонесат за среќата на семејството и ќе предизвика признание од секој разумен посетител, отколку многу скапоцен ме бел во дневната соба. Дека „душата... е поважна од јадењето, а телото од оделото“. Денес не е помалку важна оваа поука отколку тогаш кога пред 1800 години ја изговорил божествениот Учител. {АД 90.1}

**Младата жена треба да биде вредна.** – Ти имаш необични карактерни црти кои мораш сериозно да ги дисциплинираш и одлучно да ги контролираш пред да станеш сигурна дека си подготвена да влезеш во брак. Затоа од срцето мораш да ги отстраниш мислите за бракот сè додека не ги победиш недостатоците од својот карактер, затоа што нема да бидеш среќна сопруга. Ти си го запоставила учењето за тоа како темелно се извршуваат домашните обврски. Ти не си ја воочила потребата од стекнување на работна навика. Еднаш обликуваната работна навика никогаш нема да биде изгубена. Така ќе бидеш подготвена да се соочиш со ситуациите во животот и ќе бидеш способна да ја исполниш својата улога. Ќе научиш да ја сакаш активноста. Ако ја засакаш полезната работа, твојот ум ќе биде преокупиран со твојата работа и така нема да имаш време да се препуштиш на фантазијата. {АД 90.2}

Извршувањето на полезната работа, на твојот немирен и незадоволен ум ќе му даде сила, способност и привлечна, скромна, достоинственост која кај другите ќе предизвика почитување. {АД 91.1}

**Вредноста од практично воспитување на девојките.** – Мнозина кои сметаат дека нивниот син мора да се школува и така да се подготви за живот, сосема поинаку размислуваат кога станува збор за нивните ќерки; не мислат многу за тоа дали е подготвена да биде независна и самостојна. Тие обично во училиштето малку учат за она што би можело да им помогне во работата во секојдневниот живот. Бидејќи во домот не е упатена во тајните на кујната и домашниот живот, таа расте целосно бескорисна, на товар на своите родители... {АД 91.2}

Девојката што научила да се грижи за себе, способна е да се грижи и за другите. Таа никогаш нема да биде на товар на семејството или општеството. Ако среќата не ја послужи, таа ќе го пронајде своето место во животот, во кое ќе може чесно да го за работи својот леб и да им помогне на оние кои зависат од неа. Девојките би требало да бидат оспособени за некоја професија, за доколку е потребно да заработат за својот живот. Покрај другите чесни професии, секоја девојка треба најпрво да научи да ги води домашните работи, да биде готвачка, домаќинка, кројачка. Таа треба да го знае сето она што домаќинката треба да го знае без оглед на тоа дали нејзиното семејство е богато или сиромашно. И тогаш, ако се случи нешто, таа е подготвена за неволја, затоа што не зависи од ситуацијата. {АД 91.3}

Познавањето на домашните обврски за секоја жена е од непроценлива вредност. Има многу семејства чија среќа е упропастена поради неспособноста на сопругата и мајка. Не е толку важно нашите ќерки да учат сликање, рачна изработка, музика или дури и математички операции, или убаво изразување, колку што е важно да научат да кројат, да ги шијат и да ги поправат своите облеки, или да подготват добра и вкусна храна. Кога девојчето ќе наполни девет или десет години, треба да ѝ се доверат дел од домашните должности, во зависност од тоа колку и се можностите и треба да се смета за одговорна за начинот на извршување на тие обврски. Еден мудар татко, на прашањето што ќе направи со своите ќерки, одговорил: „Имам намера да ги предадам да учат занает кај нивната способна и вешта мајка, кај која ќе ја научат вештината на правилно користење на времето за да можат да бидат добри сопруги и мајки, глава на семејството и полезни членови во општеството“. {АД 91.4}

**Сопругот треба да биде штедлив и вреден.** – Во старо време постоел обичај младоженецот пред склопување на бракот, според своите можности, да му исплати на таткото на својата вереница една сума на пари или да му даде нешто друго за таа вредност. Тоа било потврда за сигурноста на брачната заедница. Татковците сметале дека нивните ќерки нема да бидат среќни со мажи кои не се подготвени да го издржуваат своето семејство. Ако не се одликувани со штедливост и со работна способност во водењето на работите и стекнување на имот, родителите на девојките се плашеле дека нивниот живот ќе биде безвреден. Покрај тоа постоела и можност да се проверат оние кои не можеле да платат. Ним им било дозволено да работат за таткото чија ќерка ја сакале, а должината на траењето на таквата работа била одредувана според вредноста на бараниот мираз. Ако за тоа време вереникот бил ве рен во својата служба и ако се утврдило дека во сѐ друго бил чесен, ја добивал ќерката за жена. Таткото обично миразот кој го при мил ѝ го предавал на девојката на денот на венчавката... {АД 92.1}

Тој стар обичај, иако понекогаш злоупотребен, како од страната на Лаван, донесувал добри плодови. Кога од вереникот се барало со работа да ја стекне својата невеста, се спречувал прераниот брак, а тоа било прилика да се испита постојаноста на неговите чувства како и неговата способност да се грижи за семејството. Во наше време многу зло произлегло од спротивните постапки. {АД 92.2}

На никого не може да му се прости работната неспособност. За мнозина може да се каже: тој е љубезен, пријатен, дарежлив, добар човек, христијанин; но не е способен да ги води своите работи. Што се однесува до трошење на средствата, тој е вистинско дете. Неговите родители не го научиле да разбере и постапува во со гласност со начелата на животната самостојност. {АД 93.1}

## Четиринаесетто поглавје

## ВИСТИНСКОТО ОБРАЌАЊЕ Е НЕОПХОДНО

**Верата темел на семејната среќа.** – Верата во семејството е посебна сила. Однесувањето на мажот кон жената и на жената кон мажот може да биде такво, што животот во домот ќе биде подготовка за влез во небесното семејство. {АД 94.1}

Срцата кои се исполнети со Христова љубов не можат никогаш да се раздвојат. Религијата е љубов, а христијанскиот дом е место во кое владее љубовта и се изразува со зборови и постапки пронижани со вистинска љубезност и нежна учтивост. {АД 94.2}

Во домот верата е неопходна. Единствено таа може да спречи големи зла кои толку често го загорчуваат животот во бракот. Само таму каде што Христос владее може да има длабока, права, несебична љубов. Тогаш душата ќе биде врзана со душа и двајцата ќе бидат едно. Божјите ангели ќе бидат гости во таков дом и нивното свето присуство ќе ја направи света брачната соба. Понизната сетилност ќе биде изградена. Мислите ќе бидат подигнати кон Бога; нивните срца ќе му бидат посветени Нему. {АД 94.3}

Во секое семејство во кое Христос учествува ќе дојде до израз нежната грижа и љубовта еден кон друг; љубовта не се искажува само со повремени гушкања, туку е длабока и трајна. {АД 94.4}

**Христијанството – единствено влијание.** – Христијанството треба да влијае на бракот, но често се случува мотивите на кои е воспоставена оваа заедница да не се во согласност со христијанските начела. Сатаната постојано се труди да ја зајакне својата моќ над Божјиот народ, наведувајќи го да се поврзе со неговите слуги, а за тоа да го постигне, тој се труди да ги поттикне непосветените страсти на срцето. Меѓутоа, Господ во Своето Слово дава јасни упатства за Својот народ да не се соединува со оние во кои не живее Неговата љубов. {АД 94.5}

**Совет за младенците.** – Бракот, заедница за цел живот, е симбол за заедницата помеѓу Христа и Неговата црква. Духот кој Исус го покажал за Својата Црква, е духот кој мажот и жената треба да го покажат во своите меѓусебни односи. Ако над сè Го љубат Бога, тие ќе се сакаат еден со друг во Господа, ќе постапуваат секогаш учтиво еден кон друг, единствени во сè. Со заедничко самоодрекување и пожртвуваност, тие ќе бидат благослов еден на друг... {АД 95.1}

Двајцата треба да бидете обратени. Никој од вас нема целосно сознание за послушноста кон Бога. Размислувајте за зборовите: „Оној што не е со Мене, против Мене е; и кој не собира со Мене, растура“. Искрено се надевам дека и двајцата ќе станете вистински Божји деца, слуги на Оној кој ви доверил одредени одговорности. Тогаш мирот, довербата и верата ќе ги исполнат вашите срца. Двајцата можете да станете среќни, доследни христијани. Негувајте ја вештината на забележување, за да знаете како да го изберете доброто, а да го отфрлите злото. Проучувајте ја Божјата реч. Господ Исус сака да се спасите. Бог прекрасно те сочувал, драг мој брате, за твојот живот да биде од голема полза. Збогати го животот со сите можни добри дела. {АД 95.2}

Ако искрено не тежнеете да станете Божји деца, вие нема да знаете како да си помогнете еден на друг. Бидете секогаш нежни и внимателни еден кон друг, одрекувајќи се од своите желби и планови за да го усреќите другиот. Од ден во ден напредувајте во запознавање на самиот себе си. Од ден во ден можете да научите како да ги зајакнете слабите страни на својот карактер. Господ Исус ќе биде ваша светлина, ваша сила, ваш венец на радоста, затоа што својата волја сте ја покориле на Неговата волја... {АД 95.3}

Во вашето срце треба да живее Божјата милост која покорува. Не тежнејте за удобен и неактивен живот. Сите коишто се поврзани со Господовото дело мораат постојано да се чуваат од себичноста. Држете ја својата ламба исчистена и запалена. Тогаш нема да би дете незабележани во своите зборови и постапки. И двајцата ќе би дете среќни ако

се трудите да си угодите еден на друг. Прозорците на својата душа затворете ги за земното, а отворете ги за небесното. {АД 96.1}

Ако го признаат Христа за свој личен Спасител, мажите и жените ќе го достигнат возвишениот идеал. Бдејте и молете се, покорете се на Бога. Сознанието дека се борите за вечен живот, ќе ве зајакне и ќе ве утеши. Со своите мисли, зборови и постапки треба да бидете светлина на светот. Покорете се на Господа, затоа што ви доверил свети должности, кои без тоа не можете правилно да ги извршите. Со вера во Исуса, вие не само што ќе ги спасите своите души, туку со зборови и пример ќе настојувате да ги спасите другите. Земете го Христа за свој пример. Подигнете го како Оној кој може да ви даде сила да победите. Целосно уништете го коренот на себичноста. Прославете Го Бога, затоа што сте Негови деца. Прославете го својот Спасител и Тој ќе ви даде место во Своето царство. {АД 96.2}

# Петти дел
# ПО ВЕНЧАВКАТА

## Петнаесетто поглавје

### СВЕЧЕНИ ВЕТУВАЊА

**Божјата намера за мажот и жената.** – Бог од човекот направил жена за да му биде другар и помошник, да биде едно со него, да го бодри, храбри и да му биде на благослов, а тој да ѝ биде нејзина поткрепа. Сите оние кои со света намера стапуваат во брачната заедница - мажот да стекне чиста љубов од срцето на жената, а жената да го омекнува и усовршува карактерот на својот маж - ја исполнуваат Божјата намера. {АД 99.1}

Христос не дошол да ја укине оваа установа, туку да ѝ ја врати првобитната светост и возвишеност. Тој дошол во човекот да го обнови Божјото морално обличје, а Своето дело го започнал со посветување на брачната заедница. {АД 99.2}

Оној кој ја дал Ева на Адам како помошник, го направил Своето прво чудо на една свадбена свеченост. Во свадбениот дворец, во кој родниците и пријателите се радувале, Христос ја започнал Својата јавна служба. Со тоа ја потврдил светоста на бракот, признавајќи го како заедница која Тој ја основал. Тој одредил мажите и жените да се поврзуваат со света врска во брачната заедница, да се подигнат семејства, чии членови, поврзани со честа ќе бидат признати како членови на небесното семејство. {АД 99.3}

**Исус сака среќни бракови.** – Божјата љубов, која зрачи од Христа никогаш не уништува, туку ја опфаќа човековата љубов. Таа ја чисти и посветува човековата љубов, ја подига и облагородува. Човечката љубов никогаш не може да го донесе својот

скапоцен род сè додека не се соедини со божествената природа и така поттикната да расте кон Небото. Исус сака да види среќни бракови, среќни семејни огништа. {АД 99.4}

И бракот, како и секој друг добар Божји дар, кој е даден за одржување на човештвото, е расипан со гревот; целта на евангелието е да ја обнови неговата чистота и убавина... {АД 100.1}

Христовата милост, и единствено таа, може оваа заедница да ја направи она што Бог сакал да биде - средство за благословување и подигање на човештвото. Така земното семејство со своето единство, мир и љубов можат да го претстават небесното семејство. {АД 100.2}

Состојбата во човечкото општество претставува жалосен остаток на небесниот идеал за овој свет однос. Меѓутоа, и за оние кои што ја вкусиле горчината и разочарувањето таму каде што се надевале на заедница и радост, Христовото евангелие им нуди утеха. {АД 100.3}

**Радосен момент.** – Светото писмо вели дека Исус и Неговите ученици биле повикани на свадбена свеченост (во Кана). Христос не одобрил оние кои биле повикани на свадбената свеченост да речат: Ние не треба да бидеме учесници на тој радосен момент. Со учествувањето на оваа свадбена свеченост, Христос нè учи дека треба да се радуваме со оние коишто радосно се придржуваат до Неговите прописи. Тој никогаш не нè одвраќал од присуството на скромните човечки свечености кои се одржувале во согласност со небесните закони. Кога Исус можел да го почести таквиот собир со Своето присуство, правилно е и Неговите следбеници да бидат присутни. Бидејќи присуствувал на оваа свеченост, Христос присуствувал и на многу други, кои ги осветил со Своето присуство и упатствата што им ги дал. {АД 100.4}

**Расфрлање, претерување и неприбрано веселење не одговараат на свадбената свечаност.** – Денес свадбените свечености се претворија во расфрлање, претерано трошење и во попуштање на себе си. Ако двете страни ги усогласат своите верувања и постапки и бидат доследни во сè, а церемонијата се врши без расфрлање и претерување, тогаш оваа свеченост може да му биде угодна на Бога. {АД 100.5}

Немаме причина тоа да го претвориме во скапа свеченост или расфрлање дури и тогаш ако двете страни се совршено усогласени. {АД 101.1}

Отсекогаш ми изгледало недолично кога сум видела свадбена свеченост здружена со недолична веселба и радост и претерување. Не. Тоа е обред што Бог го воспоставил, на кој треба да гледаме со најголема сериозност. Семејната заедница обликувана на Земјата, треба да биде пример за она што навистина треба да биде - семејство на небото. Божјата слава секогаш треба да биде на прво место. {АД 101.2}

**Венчавка во домот на Вајтови.** – Во вторник, околу 11 часот, нашата голема трпезарија беше подготвена за свадбената свеченост. Братот Б. ја најави церемонијата за венчавање, и сè убаво се заврши. Мене ме повикаа да се заблагодарам на Бога на крајот на венчавката. Господ ми даде особена слобода. Божјиот Дух го омекна и покори моето срце. Во оваа ситуација немаше непромислени зборови; сè на оваа венчавка беше свечено и свето. Сè беше со возвишен карактер и сè оставаше длабок впечаток. Господ го благослови ова венчавање и денес тие двајца ги соединија своите интереси во работа на мисионерско поле, да ги бараат и спасуваат изгубените. Бог ќе ги

благослови во нивната работа ако понизно одат со Него, целосно потпирајќи се на Неговите ветувања. {АД 101.3}

**Два живота стопени во еден.** – (Текстот содржи зборови од сестра Вајт, кои ги изговорила на една венчавка во Санаториум, во Калифорнија, 1905. година) - Ова е значаен момент во животот на двајца млади, кои стојат пред вас со намера да ги соединат своите интереси, своите чувства, својата љубов, својот труд во работата на спасување на душите. Во брачната заедница е направен еден многу важен чекор - два животи се стопуваат во еден... Божјата волја е мажот и жената да бидат поврзани во Неговата работа и да ја извршуваат со желба и во светост. Тие можат тоа да го направат. {АД 101.4}

Божјите благослови во домот, во кој постои ова единство е слично на сончевиот сјај, затоа што Господова волја е мажот и жената со света врска да бидат поврзани со Исуса Христа и Тој да ги надгледува, а Неговиот дух да ги води... {АД 102.1}

Бог сака домот да биде најсреќното место на Земјата, вистински симбол на небесниот дом. Прифаќајќи ја одговорноста во домот, поврзувајќи ги своите интереси со Исуса Христа, потпирајќи се на Неговата рака и Неговите ветувања, мажот и жената можат да ја делат среќата во оваа заедница, која ја одобруваат Божјите ангели. {АД 102.2}

Бракот не ја намалува туку ја зајакнува нивната полезност. Тие можат да го престорат својот брак во служба за придобивање на ближните за Христа. Знам за што зборувам, затоа што јас и мојот сопруг триесет и шест години бевме едно и одевме секаде каде што Бог нѐ праќаше. Во ова сме сигурни дека Бог ја одобрува брачната заедница. Затоа тоа е свечена церемонија... {АД 102.3}

И сега ја земам раката на овој наш брат... и ја земаме твојата, рака, сестро, како негова сопруга, и ве повикуваме заеднички да работите во Божјото дело. Ве повикувам: прифатете го Бога за свој советник. Стопете се, стопете се во едно. {АД 102.4}

**Совет за младенците.** – Драг брате и драга сестро! Вие сте се соединиле со еден доживотен завет. Со тоа започнало воспитувањето во вашиот брачен живот. Првата година од брачниот живот е во исто време и година на нови искуства, година во која сопругот и сопругата заемно почнуваат да ги проучуваат различните црти од својот карактер, како што детето ги учи своите задачи на училиште. Затоа во првата година од својот брачен живот не трпете ниту едно поглавје кое би можело да ја затемни вашата идна среќа... {АД 102.5}

Драг брате, животот, времето, силата и радоста на твојата жена се врзани со твоите. Твоето влијание на неа може да биде мил мирис за живот или смрт. Затоа внимавај да не го упропастиш нејзиниот живот. {АД 103.1}

Драга сестро, отсега треба да ги учиш своите први практични лекции за одговорностите во брачниот живот. Гледај верно да ги проучуваш овие лекции од ден во ден... Секогаш чувај се од себичноста. {АД 103.2}

Во вашата брачна врска вашите чувства нека бидат управувани така што повеќе ќе придонесуваат за радоста на другиот. Служете си еден на друг за радост. Тоа е Божјата волја во однос на вас. Иако сте обврзани да бидете едно, ниту еден од вас не смее да ја изгуби својата личност. Бог е сопственик на вашата личност. Само Него треба да го прашате што е добро а што не е; или: како можам да ја исполнам целта на својот живот? {АД 103.3}

**Завет пред небесните сведоци.** – Бог одредил меѓу сопружниците да владее совршена љубов и складност. Пред очите на вселената младоженецот и невестата нека ветат дека еден со друг ќе се сакаат како што одредил Бог... Сопругата треба да го почитува својот сопруг, а сопругот треба да ја сака и почитува својата сопруга. {АД 103.4}

Мажите и жените на почетокот на својот брачен живот, треба себеси повторно да се посветат на Бога. {АД 103.5}

Бидете непоколебливи и верни на својот брачен завет, отфрлајќи со мислите, зборовите или постапките да го нарушите својот извештај како човек кој живее во Господов страв и ги држи Неговите заповеди. {АД 104.1}

## Шеснаесетто поглавје

## СРЕЌНА, УСПЕШНА ЗАЕДНИЦА

**Првата заедница се изградува во текот на целиот живот.** – За да може човекот правилно да го сфати бракот, потребен е цел живот. Оние кои стапуваат во брак, влегуваат во училиште кое цел живот нема да го завршат. {АД 105.1}

Без оглед колку внимателно и мудро стапиле во брак, малку брачни партнери се целосно соединети веднаш по венчавката. Вистинската брачна заедница се создава дури во годините кои доаѓаат. {АД 105.2}

Кога младиот пар ќе се соочи со животот кој ги носи своите товари и грижи, романтичната љубов со која фантазијата толку често го обвиткува бракот, брзо исчезнува. Сопругот и сопругата го откриваат карактерот еден на друг онака како што тоа не било возможно во текот на нивното претходно дружење. Тоа е најкритичниот дел од нивниот живот. Среќата и полезноста за целиот нивен иден живот зависи од правиот пат на кој тргнуваат. Често еден на друг си ги откриваат неочекуваните слабости и недостатоци; но срцата коишто се соединети во љубов исто така ќе ги забележат добрите, досега непознати страни. Сите нека се трудат да ги откријат добрите, а не лошите страни. Често нашиот став и атмосферата која нè опкружува, ќе одлучат што нашиот животен партнер ќе открие во нас. {АД 105.3}

**Љубовта мора да се истражи и тестира.** – Љубовта може да биде чиста како кристал и убава во својата чистота; сепак таа може да биде плитка сè додека не се истражи и не се испроба. Направете Христос да ви биде прво и последно и најскапо во сè. Тој секогаш нека ви биде пред очите на патот на искушението, и вашата љубов кон Него ќе станува, од ден на ден, сè подлабока и посилна. И кога вашата љубов кон Него постојано расте, тогаш и вашата љубов еден кон друг ќе стане сè подлабока и посилна. {АД 105.4}

Иако може да се појават тешкотии, неволји и обесхрабрувања, ниту сопругот ниту сопругата нека не и дадат место на помислата дека нивната заедница е грешка или разочарување. Одлучете да бидете еден кон друг сè што е возможно. Постојано нека ви биде на прво место партнерот. Трудете се еден со друг да се охрабрувате во војувањето на животните борби. Проучувајте како ќе ја зголемите среќата еден на друг. Негувајте ја меѓусебната љубов и попустливост. Тогаш бракот, наместо да биде крај на љубовта, ќе

стане нејзин почеток. Топлината на вистинското пријателство, љубовта која го врзува срцето за срце, е предзнак на небесната радост. {АД 106.1}

Сите треба да го негуваат трпението, вежбајќи се во трпеливост. Кога сте љубезни и трпеливи, вистинската љубов ќе ја задржи топлината во вашето срце и ќе ги развиете особините кои Небото ги одобрува. {АД 106.2}

**Непријателот ќе се труди да внесе раздор.** – Сатаната секогаш е подготвен да ја искористи можноста кога ќе се појават не- согласувања. Поттикнувајќи ги сомнителните наследни карактерни црти кај сопругот или сопругата, тој ќе се обиде да внесе раздор помеѓу оние кои со свечен завет пред Бога ги соединиле своите интереси. Со брачниот завет ветиле дека ќе бидат едно, при што сопругата му ветила на сопругот љубов и послушност, а мажот на сопругата љубов и охрабрување. Ако го слушаат Божјиот закон, демонот на расправија нема да има пристап до семејството, и за тоа нема да дојде до разлики во интересите, ниту до меѓусебно отуѓување. {АД 106.3}

**Совет упатен на брачен пар со силна волја.** – Ниту жената ниту мажот не смеат да тежнеат кон владеење. Господ дал начела кои во тоа треба да се почитуваат. Сопругот треба да ја сака својата сопруга исто како што Христос ја сака Црквата. А сопругата треба да го почитува и сака својот сопруг. Двајцата треба да го негуваат духот на љубезноста; тие треба да бидат одлучни никогаш меѓусебно да не се разжалостат ниту да се повредат... {АД 106.4}

Не се обидувајте да го натерате својот брачен партнер да по стапува според вашите желби. Не можете да го правите тоа и да ја сочувате меѓусебната љубов. Покажувањето на самоволие ќе го наруши мирот и среќата во домот. Не дозволувајте во вашиот брак да дојде до расправија. Ако го направите тоа, и двајцата ќе бидете несреќни. Бидете љубезни во зборовите и нежни во постапките, одрекувајќи се од своите желби. Бдејте над своите зборови, затоа што тие силно влијаат на доброто или на злото. Не дозволувајте во вашиот глас да се почувствува острина. Внесете ја во својот соединет живот привлечноста на Христовата личност. {АД 107.1}

**Изразете ја љубовта со зборови и постапки.** – Има многу луѓе кои изразувањето на љубов го сметаат за слабост и го задржуваат ставот кој ги одбива другите. Таквиот дух оневозможува изразување на симпатија. Кога желбата за друштвеност и великодушност се потиснува, таа се суши и срцето станува пусто и ладно. Треба да се чувате од такви заблуди. Љубовта не може долго да опстане ако не се изразува. Не дозволувајте срцето кое е поврзано со вас да умре од недостаток на љубезност и сочувство... {АД 107.2}

Секој нека се труди да даде љубов, а не да бара. Негувајте го она што е во вас најоблагородено и бидете брзи во воочувањето на туѓите добри особини. Свеста за тоа да цениме некого е особено поттикнување и извор на задоволство. Сочувствувањето како и почитувањето ги поттикнуваат напорите за постигнување на совршенство, а самата љубов се зајакнува кога се поттикнува да исполнува поблагородни цели. {АД 107.3}

Причината што во нашиот свет постојат толку мажи и жени со тврдо срце, се наоѓа во тоа што вистинската чувствителност се смета за слабост; луѓето се трудат да ја задушат во себе. Подобриот дел од природата на таквите луѓе е расипан и закржлавен уште во детството. Ако зраците на божествената светлина не можат да ја сто пат ладнокрвноста и себичноста на тврдото срце, секој таков човек засекогаш ја погребува својата среќа.

Ако сакаме да имаме нежно срце, како што било Исусовото срце, додека бил на Земјата, и посветени чувства, какви што имаат ангелите за грешните смртници, ние мораме да ги негуваме чувствата уште од своето детство. Тогаш ќе бидеме очистени, облагородени и раководени според небесните начела. {АД 107.4}

Ние во нашите семејства внесуваме премногу грижи и товар, а премалку ги негуваме природната едноставност, мирот и среќата. Треба што помалку да се грижиме за она што ќе каже светот, а да бидеме што повеќе внимателни кон членовите од семејниот круг во својот дом. Во домот треба што помалку да се истакнува однесувањето според световната учтивост, а да се покаже што поголема нежност и љубов, ведрина и христијанска учтивост. Мнозина треба да научат како да го направат домот попривлечен, да стане место на радост. Благодарните срца и љубезните погледи вредат повеќе од имотот и луксузот, а задоволството во едноставните работи ќе го направи домот среќен ако во него владее љубов. {АД 108.1}

**Вредноста на малите вниманија.** – Бог нè испитува и нè искушува во малите случувања во животот. Многу ситници го откриваат она што е во нашето срце. Малите вниманија, многу мали примери на едноставна услужливост во животот ја претставува севкупноста на животната среќа; а токму запоставувањето на љубезните, охрабрувачки и сочувствителни зборови и мали вниманија во животот е она што го сочинува збирот од животната несреќа. На крајот ќе се види дека самоодрекувањето во полза на доброто и среќата на оние кои се околу нас претставува голем дел од извештајот кој небото го чува за нас. {АД 108.2}

**Сопруг кој не ги изразил своите чувства.** – Домот во кој владее љубовта, во кој таа се изразува со зборови, погледи и дела е место на кое ангелите сакаат да престојуваат и да го осветлуваат со зраците на славата. Во него едноставните домашни должности се привлечни за сите. Во такви услови ниту една животна должност нема да биде непријатна за твојата сопруга. Таа ќе ги извршува со радосно срце, а и самата ќе биде зрак на светлина за сите кои живеат околу неа; а во своето срце ќе му пее на Господа. Таа сега чувствува дека не ѝ припаѓаат чувствата на твоето срце. Ти си ѝ дал можност да дојде до тој заклучок. Ти ги извршуваш потребните должности кои како глава на семејството треба да ги извршуваш, но нешто ти недостасува. Постои сериозен недостаток на скапоценото влијание на љубовта кој се огледува во љубезните постапки. Љубовта треба да се види во погледите и однесувањето, а се чувствува во гласот. {АД 109.1}

**Разочарана сопруга која мисли само на себе.** – Моралниот карактер на оние кои се соединуваат во бракот или се подига или се понижува со меѓусебното дружење. Набрзо по венчавката, ни ската, лажлива, себична и неприбрана природа го започнува своето дело на уништување. Ако момчето направи мудар избор покрај себе, ќе има личност која до крајот на своите можности ќе го носи својот дел на животниот товар, која ќе го облагороди и усреќи со својата љубов. Но ако сопругата има непостојан карактер, ако има добро мислење за себе, ако има преголеми барања, ако е склона на префрлање, ако го обвинува мажот за нагоните и чувствата кои се производ само на нејзината сопствена расипана природа; ако нема способност за расудување и не е во состојба да ја препознае неговата љубов, ниту да ја цени, туку зборува за запоставување и недостаток на љубов затоа што не ја исполнува секоја нејзина желба, таа сигурно ќе ја

предизвика онаа состојба против која зборува. Сите овие обвинувања таа ќе ги претвори во реалност. {АД 109.2}

**Особини на дружељубива сопруга и мајка.** – Наместо да потоне во секојдневието на домашните работи, сопругата и мајка нека одвои време за читање, за да може да биде добро информирана и така да може да биде пријател на својот сопруг и да може да оди во чекор со развојот на умот на своите деца. Мудро нека ги употребува можностите кои ѝ се нудат за да може своите мили да ги насочи на пат кон повозвишен живот. Нека земе време за својот сакан Спасител да го направи секојдневен Другар и Пријател. Нека најде време за да ја проучува Неговата реч и со своите деца нека појде во природа за да ги учи за Бога, откривајќи ја убавината на Неговите дела. {АД 110.1}

Секогаш нека биде ведра и расположена. Наместо секој момент да го поминува во бескрајно шиење, вечерта нека ја претвори во пријатни дружељубиви состаноци, кога семејството се собира по дневните обврски. Тоа многу мажи ќе ги задржи да останат во домот, а не да појдат во некој клуб или локал. Многу момчиња ќе бидат сочувани од улицата или локалите на аголот, а и од многу девојки кои би служеле како заводливо друштво. Влијанието во домот, ако биде во согласност со Божјите замисли, ќе стане доживотен благослов за родителите и децата. {АД 110.2}

Брачниот живот не е романса; во него се јавуваат вистински тешкотии и сè останато што го сочинува семејниот живот. Сопругата не смее да се смета себе си за кукла која постојано нешто негодува, туку жена која треба да го подаде своето рамо, за вистински, а не за измислени товари, која треба да живее живот полн со разбирање, имајќи на ум дека е потребно да мисли за другите, а не за себе... Реалниот живот има свои сенки и таги. Секој мора да доживее неволји. Сатаната постојано работи за да ја наруши ве рата и уништи храброста и надежта во човекот. {АД 110.3}

**Совет до еден несреќен брачен пар.** – Вашиот брачен живот е многу сличен на пустина - со многу малку зелени места на кои со благодарност би можеле да се сеќавате. А не би требало да биде така. {АД 111.1}

Како што огнот не може да се одржува ако не му додадеме гориво, така ниту љубовта не може да постои ако не се изрази со видливи постапки. Ти брате Ц. си сметал дека е под твоја чест со љубезни постапки да ја покажеш нежноста и да побараш можност со љубезни зборови и дела да ѝ ги изразиш своите чувства на својата сопруга. Ти си превртлив во своите чувства и на тебе околностите многу силно влијаат... Кога си одиш од работа, остави ги своите работни грижи, тешкотии и неволји. Врати се кај своето семејство со насмевка на лицето, со сочувство, нежност и љубов. Тоа ќе биде подобро отколку да трошиш на лекови и лекари за својата сопруга. Таквата постапка ќе биде здравје за телото и душата. Вашиот живот бил многу несреќен. И двајцата сте учествувале во тоа. На Бога не му е мила вашата несреќа, вие сте ја навлекле на себе со недостаток на самосовладување. {АД 111.2}

Дозволете им на чувствата да господарат. Ти брате Ц. мислиш дека е под твоја чест да покажеш љубов, да зборуваш љубезно и сочувствително. Ти мислиш дека сите нежни зборови се непотребни и дека се израз на попустливост и слабост. Нивното место го заземаат острите зборови, зборови на несогласување, расправии и укор... {АД 111.3}

Во вас нема ниту трага од духот на задоволството. Вие се занимавате со своите тешкотии, замислени потреби и сиромаштија која е далеку од вас, а ја гледате како да е на вашата врата. Се чувствувате погодени, збунети, измачени. Вашиот мозок ви се чини

дека гори, а вашиот дух е потиштен. Вие не ја негувате Божјата љубов и благодарноста на срцето за сите благослови кои ви ги пружил Вашиот љубезен небесен Татко. Вие ја гледате само непријатноста во овој живот. Некаков вид на световно лудило ве завиткал во густа темнина. Сатаната се радува, затоа што знае дека ќе живеете во беда, иако на дофат на рака ви е мирот и среќата. {АД 112.1}

**Награда за меѓусебно трпение.** – Без заедничко трпение и љубов нема сила на Земјата која тебе и твојот сопруг би можела да ве задржи во врската на христијанското единство. Вашата заедница во бракот треба да биде тесна и нежна, света и возвишена. Таа во вашиот живот треба да зрачи со духовна сила, за да бидете еден на друг сето она што го бара Божјата реч. Кога ќе го постигнете степенот кој Господ сака да го постигнете, ќе најдете небо на Земјата, а Бога во својот живот. {АД 112.2}

Сетете се, мили мои брате и сестро, дека Бог е љубов и дека со Неговата милост можете да успеете взаемно да се усреќите, како што тоа го ветивте во венчалниот завет. {АД 112.3}

Ако го земат Христа за свој помошник, мажите и жените можат да го постигнат идеалот кој Бог им го поставил. Она што не може да го направи човечката мудрост, ќе го направи Неговата милост за оние кои Му се предаваат со целосна доверба. Неговата светлина може да ги поврзе срцата со небесните врски. Љубовта нема да биде само разменување на нежни и ласкави зборови. На небесниот разбој исто така се ткае со основата и со потката, но многу поцврсто отколку што може да се исткае на земјениот разбој. Производот не е некоја прозирна ткаенина туку ткаенина која ќе ги из држи сите испити и искушенија. Срцето ќе биде врзано за срце со златни врски на љубовта кои никогаш нема да се раскинат. {АД 112.4}

## Седумнаесетто поглавје

## ЗАЕДНИЧКИ ОБВРСКИ

**Секој има свои одговорности.** – Двајца кои својот интерес го поврзале за цел живот имаат одредени особини и лични одговорности. Секој ќе има своја работа, а жените не треба да се ценат според обемот на работа кој можат да го завршат како што го правиме тоа со животните. Жената треба да биде украс за семејниот круг како сопруга и пријател на разумниот маж. На секој чекор таа треба да се праша: “дали тоа е мерка за вистинска женственост? И: „Како своето влијание во домот ќе го направам да биде слично на Христовото“? Сопругот треба да ѝ стави до знаење на својата сопруга дека ја цени нејзината работа. {АД 114.1}

Жената треба да го почитува својот сопруг. Сопругот е должен да ја сака и охрабрува својата сопруга. Како што нивниот брачен завет ги соединува, така и нивната вера во Христа треба да ги соедини во Него. Ништо не може толку да му угоди на Бога, како што можат оние што влегле во заедницата брак и што настојуваат да учат од Исуса и да бидат сè повеќе вдахновени со Неговиот Дух. {АД 114.2}

Сега треба да ги исполнувате обврските кои што пред брак не сте ги имале. „Облечете се... во добрина, понизност, кроткост, трпение”. „Живејте во љубов, како што и Христос нè сакал нас“. Обрнете внимание на следново упатство: „Жени, слушајте ги своите мажи како Господа. Затоа што мажот е глава на жената како што и Христос е глава

на црквата... Но како што црквата го слуша Христа така и жените да ги слушаат своите мажи во сè. Мажи, сакајте ги своите жени, како што Христос ја сака црквата и Себеси се предаде за неа“. {АД 114.3}

**Божјо упатство за Ева.** – На Ева ѝ било кажано дека отсега ќе ја очекува тага и болка. Господ ѝ рекол: „И твоите желби ќе бидат под власт на твојот маж, и тој ќе ти биде господар“. При создавањето, Бог ја изедначил со Адам. Да останале послушни на Бога - во согласност со Неговиот голем закон на љубовта - тие засекогаш би останале во склад еден со друг; но гревот внел раздор и нивната заедница можела да се одржи и сочува само ако едниот се покори на другиот. Ева прва згрешила и паднала во искушение затоа што се одвоила од својот партнер што било против Божјото упатство. Адам паднал во грев поради нејзиното наговарање и затоа таа е ставена под власт на својот сопруг. Доколку отпаднатиот човечки род ги почитувал начелата кои ги содржи Божјиот закон, оваа пресуда, иако била последица на гревот, би била благослов на луѓето. Меѓутоа, злоупотребата на првенството кое мажот го добил често ја правело несреќна судбината на жената, а нејзиниот живот тежок. {АД 115.1}

Ева била целосно среќна покрај својот сопруг во својот Едемски дом. Меѓутоа, како и кај немирните современи Еви, и неа ѝ била привлечна надежта дека ќе добие поголема позиција од онаа којашто Бог ѝ ја одредил. Настојувајќи да се подигне над таа положба, таа паднала длабоко под неа. Сличен крај ќе доживеат сите оние кои немаат желба со радост да ги прифатат своите животни должности во согласност со Божјиот план. {АД 115.2}

**Жени бидете покорни; мажи сакајте.** – Често се поставува прашањето: „Зар жените не треба да имаат свои желби“? Библијата јасно ни кажува дека мажот е глава на семејството. „Жени, слушајте ги своите мажи“. Кога овој налог вака би завршил, би можеле да кажеме дека положбата на жената не е на завидно ниво; во многу случаи тоа е многу тешка и мачна позиција и би било подобро кога би имало помалку бракови. Мнозина мажи застануваат на следниве зборови: „Жени, слушајте..“., но ние ќе го прочитаме налогот до крај, а тој гласи: „како Господа“. {АД 115.3}

Бог очекува жените пред себе постојано да го имаат Божјиот страв и Неговата слава. Целосна покорност му припаѓа само на Господа Исуса Христа, кој ја купил со бескрајна цена на својот живот да биде Негово дете. Бог ѝ дал совест, која не може да ја прекрши, а да не добие казна. Нејзината личност не смее да исчезне во личноста на нејзиниот сопруг, затоа што Христос ја купил. Погрешно е мислењето дека жената со слепа предаденост треба да прави сè што мажот ѝ вели, ако знае дека кога така постапува, ќе му нанесе штета на своето тело и дух, кои се откупени од сатанското ропство. Постои еден кој е поголем од нејзиниот маж, тоа е нејзиниот Откупител, а таа треба да биде покорна на својот маж така како што тоа Бог го одредил - како Господа. {АД 116.1}

Кога мажите бараат целосна покорност од своите жени, тврдејќи дека жените немаат глас ниту право во домот и дека мораат да по кажат целосна покорност, тие ги стават своите жени во позиција спротивна на Библијата. Вака толкувајќи го Светото писмо, тие стануваат против неговите правила за брачната заедница. Ваквото толкување е израз на чисто самоволие на кое немаат право. Меѓутоа, во Писмото стои: „Мажи, сакајте ги своите жени и не лутете им се“. Зошто мажот би се лутел на својата сопруга? Ако мажот ги забележува грешките кај неа како и недостатоците, горчината нема да го отстрани злото. {АД 116.2}

**Жените да бидат покорни на мажите како и мажите покорни на Христа.** – Многу мажи во својот однос кон сопругите не го прикажале правилно Господа Исуса во Неговиот однос кон црквата, затоа што не се држат до Господовиот пат. Тие велат дека нивните жени мораат во се да им се покоруваат. Меѓутоа, Божјата намера не била сопругот да има власт како глава на домот ако и самиот не му се покорил на Христа. Тој мора да биде под водство на Христа за да може да го претстави Христовиот однос кон црквата. Ако е груб, остар, самобендисан, немилостив, себичен и злобен, нека не кажува никогаш дека мажот е глава на жената и дека таа во сè мора да му се покорува; затоа што тој не е Господ ниту е сопруг во вистинска смисла на зборот... {АД 117.1}

Мажите треба да го проучуваат споменатиот пример и да настојуваат да го сфатат симболот којшто е кажан во Ефесјаните, за односот на Христа кон црквата. Мажот во своето семејство треба да биде сличен на Спасителот. Дали тој секогаш ќе ја чува својата благородна мажественост предадена на Бога, тежнеејќи да ги подигне својата сопруга и деца? Дали околу себе ќе создава чиста и пријатна атмосфера? Дали истрајно ќе ја негува Исусовата љубов, која за него мора да биде постојано начело во домот, ако бара да се почитува неговиот авторитет? {АД 117.2}

Секој сопруг и татко нека се труди да ги разбере Христовите зборови, но не едностранo, занимавајќи се со покорноста на жената кон мажот туку во светлината на крстот од Голгота, треба да го пронајде своето место во семејниот круг. „Мажи, сакајте ги своите жени како што и Христос ја сака црквата и Себеси се предаде за неа, за да ја освети очистувајќи ја со водено капење со зборови“. Исус се предал Себеси да умре на крстот за, под влијание на Светиот Дух, да може да нè исчисти и сочува од секој грев и нечистота. {АД 117.3}

**Заедничко трпение.** – Мораме да го имаме Божјиот Дух, инаку никогаш нема да живееме усогласено во домот. Ако го има Христовиот дух, сопругата ќе внимава на своите зборови; таа управува со својот дух, ќе биде покорна, а сепак нема да смета дека е робинка туку пријател на својот сопруг. Ако сопругот е Божји слуга, тој нема да господари над својата жена; тој нема да биде себичен и строг. Ако сме притиснати со грижи, не можеме да негуваме дух на семејна љубов, затоа што, ако Господовиот Дух престојува во домот тогаш е претслика на небото... Ако еден погреши, другиот ќе покаже слично трпение како Христовото и нема да се отуѓат. {АД 118.1}

Ниту мажот ниту жената не треба да се обидуваат да владеат еден над друг. Не обидувајте се да го принудувате вашиот брачен другар да се покорува на вашите желби. Ова не можете да го правите и да ја сочувате љубовта еден кон друг. Бидете љубезни, трпеливи и попустливи, чувствителни и учтиви. Со Божјата милост ќе успеете да се усреќите еден со друг, како што тоа сте ветиле во својот брачен завет. {АД 118.2}

**Попуштајте си еден на друг.** – Мажите и жените во бракот често постапуваат како недисциплинирани, лоши деца. Мажот си го бара своето, а жената своето, и никој нема намера да попушти. Ваква состојба може да доведе до голема несреќа. И мажот и жената мораат да бидат подготвени да си попуштаат еден на друг. Нема изгледи за среќа ако и двајцата упорно настојуваат да го прават она што го сакаат. {АД 118.3}

Сè додека сопружниците не го прифатат Христовиот начин на живот, Неговата кроткост и понизност, кај нив ќе се открие нападен, неразумен дух, кој често се гледа и кај децата. Силната и недисциплинирана волја секогаш е подготвена да владее. Таквите

треба да ги проучуваат Павловите зборови: „Кога бев мало дете како дете зборував, како дете размислував; кога станав маж, го отфрлив детското“. {АД 118.4}

**Совладување на семејните тешкотии.** – Тешко е да се совладаат семејните тешкотии дури и тогаш кога сопружниците се обидуваат праведно да ги поделат своите различни должности, ако не го покорат своето срце на Бога. Како мажот и жената можат да ги поделат интересите во својот семеен живот, а и понатаму да се са каат и почитуваат еден со друг? Тие мораат да имаат заеднички интерес за сè што припаѓа во нивниот дом, а сопругата ако е христијанка, ќе има интерес за својот сопруг како другар, затоа што сопругот треба да биде глава во домот. {АД 119.1}

**Совет до едно нехармонично семејство.** – Твојот дух не е добар. Кога ќе заземеш став, не ги проценуваш доволно работите и не мислиш на последиците, упорно го задржуваш своето гледиште, кое своеволно го внесуваш во своите молитви и разговори, иако знаеш дека твојата жена не го дели твоето мислење. Наместо да ги цениш чувствата на својата жена и љубезно да ги избегнуваш, како што тоа би го направил секој благороден човек, оние работи за кои знаеш дека не се согласувате, ти настојуваш да се занима ваш со неважни прашања и упорно настојуваш да ги истакнеш без оглед на сфаќањата во својата околина. Ти сметаш дека другите немаат право да имаат поинакви погледи од тебе. Таквите плодови не растат на христијанско дрво. {АД 119.2}

Брате мој и сестро моја, отворете ја вратата на своето срце за Исус. Повикајте Го во храмот на својата душа. Помогнете си еден на друг во совладување на тешкотиите, кои се појавуваат во семејниот живот на сите луѓе. Во острата борба морате да го победите својот непријател сатаната, и ако очекувате Бог да ви помогне во таа борба, морате да се соедините и да одлучите да победите, да ги запечатите своите усни да не зборуваат злобни зборови, па ако е потребно паднете на своите колена и извикајте: „Господе, за кани му се на непријателот на мојата душа“! {АД 119.3}

**Христос создава единство.** – Ако се исполни Божјата волја, сопружниците ќе се почитуваат еден со друг и ќе ги негуваат љубовта и довербата. Сè што може да го помати мирот и единството во семејството треба одлучно да се отстрани, а да се подигнат љубезноста и љубовта. Оној кој ќе покаже дух на нежност, трпение и љубов, ќе почувствува дека му се враќа со истиот дух. Таму каде што владее Божјиот Дух, нема да се зборува за нескладност на брачната заедница. Ако Христос, надежта за слава, се насели во нас, во домот ќе владее единство и љубов. Христос кој живее во срцето на сопругата целосно ќе се согласува со Христос кој живее во срцето на сопругот. Тие заедно ќе се борат за домовите, кои ги подготвува Христос за оние кои Го љубат. {АД 120.1}

## Осумнаесетто поглавје

## БРАЧНИ ДОЛЖНОСТИ И ПРЕДНОСТИ

**Исус не бара од нас самечки живот.** – Оние кои го сметаат бракот за света Божја установа, кои ги чуваат Неговите свети начела, ќе се раководат според разумот. {АД 121.1}

Исус не наметнал самотнички живот на ниту една група на луѓе. Тој не дошол да ја уништи светата заедница бракот туку да ја по дигне и да ѝ ја врати првобитната светост. Тој со одобрување гледа на семејната заедница во која владее светата и несебична љубов. {АД 121.2}

**Бракот е законски и свет.** – Јадењето и пиењето, женењето и мажењето сами по себе не се грев. Во Ноево време како и во наше време, основањето на брачна заедница била во согласност со Законот, ако се постапувало во согласност со неговите прописи и без грешно претерување. Меѓутоа, во Ноево време луѓето основале брачна заедница, не грижејќи се за Божјиот совет и Неговото водство... {АД 121.3}

Фактот дека сите односи во животот се од минлива природа, треба да го менува сето она што го правиме и зборуваме. Браковите во Ноево време биле грешни пред Бога поради неконтролирана и претерана љубов кон она што само по себе би било во со гласност со законот ако правилно се употребувало. И денес има многу од оние кои ги губат своите души затоа што сите свои мисли ги насочуваат кон бракот и брачните односи. {АД 121.4}

Брачната заедница е света, но во нашиот изопачен век таа го крие секој вид на зло. Таа е злоупотребена и станала злосторство, кое претставува еден од знаците на последното време како што браковите пред потопот биле свој вид на злочин... Кога ќе се сфати светата природа и барањата за бракот, небото ќе го одобри и денес, резултат на тоа ќе биде заедничката среќа, а Бог ќе се прослави. {АД 121.5}

**Предноста на брачната заедница.** – Оние кои себе си се нарекуваат христијани... се должни искрено да ја ценат секоја предност на брачната заедница, додека светото начело треба да биде основа за секоја постапка. {АД 122.1}

Во многу случаи, родителите ги... злоупотребиле своите брачни предности и со своето попуштање ги зајакнале своите животински страсти. {АД 122.2}

**Да се избегне крајноста.** – Обврзани сме да ја избегнеме крајноста, кога претеруваме во она што е дозволено со законот, ние правиме тежок грев. {АД 122.3}

Многу родители не стекнуваат знаење коешто им е потребно во брачниот живот. Тие не се будни и затоа сатаната ја користи предноста да владее со нивниот ум и живот. На согледуваат дека Бог бара во својот брачен живот да се чуваат од секое претерување. Малкумина се оние кои сметаат дека верска должност е да владеат со своите страсти. Тие по своја волја влегле во брак и затоа сметаат дека попуштањето на најниските страсти може да се одобри во бракот. Дури и сопружниците кои тврдат дека се побожни, се препуштаат на своите страсти и не мислат дека Бог ги смета од говорни за растурање на животната сила, која го ослабува нивното здравје и го поткопува целиот организам. {АД 122.4}

**Самоодрекување и умереност.** – О, кога на сите би можела да им објаснам дека нивна должност кон Бога е да го сочуваат својот дух и тело во најдобра состојба за на својот Создател да можат да му понудат совршена служба! Сопругата христијанка нека се воздржува со своите зборови и постапки да не ги распалува животинските страсти на својот сопруг. Мнозина немаат сила за да ја раси пуваат на таков начин. Од својата младост тие го ослабувале својот ум и поткопувале својот организам со задоволување

на животинските страсти. Самоодрекувањето и умереноста треба да бидат начело за нивниот брачен живот. {АД 123.1}

Ние имаме свечена обврска пред Бога да го сочуваме својот дух чист, а телото здраво, за да бидеме на благодат на човештвото, а на Бога да му послужиме за совршена служба. Апостолот ни ги упатил следните зборови на опомена: „Да не царува гревот во вашето смртно тело, да не му служите на неговите страсти“, потоа ни пишува: „Секој кој се бори, од сè се воздржува“. Тој ги повикува сите кои се нарекуваат христијани да го дадат своето тело „во жива жртва, света угодна на Бога“. Тој вели: „Туку го отфрлам телесното, за како што им зборував на другите, и самиот да не бидам отфрлен“. {АД 123.2}

Чистата љубов не го поттикнува човекот да ја претвори својата сопруга во орудие кое ќе служи за да ја задоволи неговата страст. Тоа се животински страсти кои бараат попуштање од човекот. Колку малку мажи ја покажуваат својата љубов на начин којшто го опишал апостолот: „Како што и Христос ја сака црквата, и себе си се предаде за неа, затоа што ја освети и очисти... да биде света и без маани“. Тоа е љубовта којашто Бог во брачната заедница ја смета за света. Љубовта е чисто и свето начело, додека страста не дозволува да се прибере и покори на разумот. Таа е слепа за последиците, таа не гледа. {АД 123.3}

**Зошто сатаната настојува да ја ослаби самоконтролата.** – Сатаната се обидува да го снижи мерилото за чистота и да ја ослаби самоконтролата кај оние кои влегуваат во брак, затоа што знае дека со јакнење на ниските страсти, ќе предизвика слабеење на моралната сила и нема да биде потребно да се грижи за нивното духовно растење. Тој исто така знае дека нема подобар на чин на нивните потомци да им го втисне својот злобен лик и дека така ќе му биде многу полесно да го обликува нивниот карактер, отколку карактерот на нивните родители. {АД 124.1}

**Последици од претерувањето.** – Сопружници, вие еден ден ќе видите што е страста и какви се последиците од нивното задоволување. Ниските страсти можат да се најдат во бракот како и надвор од него. {АД 124.2}

Какви се последиците од попуштањето на ниските страсти...? Спалната соба, во која треба да престојуваат Божјите ангели, се онечистува со несвети постапки. Бидејќи владеат срамните страсти, телото се расипува и срамните постапки водат до срамни болести. Она што ни го дал Бог како благослов е претворено во проклетство. {АД 124.3}

Сексуалните претерувања целосно ќе ја уништат љубовта кон богослужението, ќе го лишат умот од работи потребни за одржување на организмот и целосно ќе ја истрошат животната сила. Ниту една жена не би требало да му помага на својот сопруг во своето самоуништување. Таа нема да го прави тоа ако е просветлена и ако вистински го сака. {АД 124.4}

Колку повеќе човекот им попушта на животинските страсти, толку стануваат појаки и посилни и сè повеќе ја поттикнуваат желбата за попуштање. Побожните мажи и жени треба да се разбудат и да согледаат што е нивната должност. Мнозина таканаречени христијани патат од нервна и умствена парализа поради својата неумереност. {АД 124.5}

**Внимателни сопрузи.** – Сопрузите треба да бидат грижливи, внимателни, постојани и верни. Тие треба да покажат љубов и со чувство. Ако живеат според Христовите зборови, нивната љубов нема да биде телесна, земна, сетилна, која води кон

уништување на нивните тела, а на сопругите им носи слабост и болест. Тие нема да попуштат во задоволувањето на ниските страсти, а во исто време им зборуваат на своите сопруги дека во сè треба да му се покоруваат на мажот. Кога сопругот е со благороден карактер, со чисто срце, просветлен разум - со што треба да се одликува секој христијанин - тоа ќе се одрази во бракот. Ако го има Христовиот ум, тој нема да го уништува телото, туку ќе биде полн со нежна љубов и со желба да го постигне највисокиот идеал во Христа. {АД 125.1}

**Кога ќе се јават сомнежите.** – Ниту еден човек не може вистински да ја сака својата сопруга, ако таа покорно му се потчини и е подготвена да му стане негов роб и да ја задоволи неговата изопачена страст. Во својата безволна покорност таа ја губи вредноста која ја имала претходно во неговите очи. Тој гледа како таа во сè се симнува од своето возвишено место и наскоро почнува да ја обвинува дека исто така покорно ќе се препушти на понижување и кај некој друг човек. Тогаш сомнежот во нејзината постојаност и чистота, му станува здодевна и затоа почнува да бара нови објекти кои ќе ја разбудат и зајакнат неговата пеколна страст. Божјиот за кон се презира. Овие луѓе се полоши од животните; тоа се демони во човечки облик. Нив не им се познати вистинските начела, посветената љубов која подигнува и облагородува. {АД 125.2}

Жената исто така станува љубоморна на својот сопруг и мисли дека тој, ако му се пружи прилика, на друга ќе ѝ ја подари својата наклонетост. Таа гледа дека тој не се управува според совеста ниту според стравот Божји, страста ја срушила сета осветена ограда. Сè што во сопругот било слично на Бога сега служи на ниските, животински страсти. {АД 126.1}

**Проблеми од неразумните барања.** – Прашањето кое овде се поставува гласи: треба ли жената слепо да се покорува на барања- та на својот сопруг кога ќе види дека со него владеат само ниските страсти и кога разумот ѝ вели дека со тоа што го прави, си штети на своето тело кое Бог ѝ го доверил да го држи во светост и чест и да го сочува како жива жртва за Бога? {АД 126.2}

Тоа не е чиста и света љубов која ја поттикнува жената да ги за дозволи животинските склоности на својот сопруг на штета на своето здравје и живот. Ако има вистинска љубов и мудрост, ќе настојува неговиот ум да го одврати од задоволувањето на страстите и да го насочи кон повисоки духовни теми со тоа што ќе му открие интересни духовни предмети. Можеби ќе биде потребно смирено и со љубов, дури и по цена да го предизвика неговото незадоволство, да му укаже на тоа дека таа не може да го понижува своето тело со попуштање во сексуалното претерување. Таа треба на нежен и љубезен начин да го потсети на тоа дека Бог го има првото и возвишено право на целото нејзино битие и дека таа не може да го презре ова право, затоа што ќе биде повикана да одговори на големиот Божји ден... {АД 126.3}

Ако таа ги подигне своите чувства и ако го сочува своето женско достоинство во светост и чест, жената може со своето разумни постапки многу да направи за осветувањето на својот маж и така да ја исполни својата возвишена мисија. Постапувајќи така, таа може да изврши двојно дело: може да го спаси и сопругот и себе. Во врска со ова прашање, толку чувствително и тешко за решавање, потребно е многу трпение и мудрост, како и морална храброст и одлучност. Силата и милоста можат да се најдат во молитвата. Искрената љубов треба да биде начело кое владее со срцето. Само љубовта

кон Бога и љубовта кон сопругот можат да бидат темел за секоја вистинска постапка... {АД 126.4}

Ако жената на својот маж му го потчини телото и умот, и ако во сè рамнодушно му се препушта на неговата волја, жртвувајќи ја својата совест, своето достоинство, па дури и својата личност, таа со тоа ја губи можноста силно да влијае на доброто, со што би го подигнала својот сопруг. Таа би можела да ја омекне неговата груба природа. Со своето облагородено влијание таа ќе го направи по благороден и почист, ќе го поттикне сериозно да се труди да завладее со своите страсти и да стане духовен; така и двајцата ќе имаат удел во Божјата природа, ако побегнат од телесните желби на овој свет. Моќта на влијанието може да биде големо и тоа може да го наведе умот да се занимава со возвишени и благородни теми, а не со ниски сетилни попуштања за кои тежнее необратеното срце. Ако жената смета дека дреба да го понизи својот идеал за да му угоди на мажот кај кого животинските страсти станале основа за неговата љубов и начело за неговото дејствување, таа го навлекува на себе Божјото негодување, затоа што со тоа се одрекува од својата должност да врши просведочено влијание на својот сопруг. Ако смета дека без ниту еден збор на приговор мора да се покори на Неговите ниски страсти, тоа значи дека не ја сфаќа својата должност кон него и кон Бога. {АД 127.1}

**Нашето тело Божја откупена сопственост.** – Ниските страсти имаат свое седиште во телото и дејствуваат преку него. Изразите „тело“ или „телесен“ или „телесни страсти“ се однесуваат на ниската, расипана природа. Телото само по себе не може да дејствува спротивно на Божјата волја. Имаме заповед да го распнеме телото со неговите страсти и желби. Како ќе го направиме тоа? Дали ќе му нане семе болка на телото? Не, треба да ја уништиме желбата за гревот. Мораме да ја отфрлиме секоја расипана мисла и да го завземе разумот за покорност на Исуса Христа. Сите телесни склоности мораат да се потчинат на повисоката сила од душата. Божјата љубов мора да има целосна власт над нас. Христос мора да седи сам на престолот на нашето срце. Своето тело мораме да го сметаме за Негова откупена сопственост. Деловите на телото мораат да станат орудие на правдата. {АД 127.2}

# Шести дел
# НОВ ДОМ

Деветнаесетто поглавје

## КАДЕ ДА ПРОНАЈДЕМЕ МЕСТО ЗА СВОЈОТ ДОМ?

**Начела коишто треба да нè раководат во изборот на место за дом.** – Бирајќи место за нашиот дом, Бог пред сè сака да ги имаме на ум моралните и верски влијанија кои ќе нè опкружуваат нас и нашето семејство. {АД 131.1}

Треба да одбереме такво друштво коешто ќе има најповолно влијание на нашиот духовен напредок, да ја искористиме секоја помош која ни се нуди. Сатаната ќе се труди што повеќе да ги умножи пречките за да го направи што потешко нашето напредување кон небото. Можеме да дојдеме и во тешка положба, затоа што човекот не може секогаш да ја одбира својата околина, но, во секој случај, не смееме своеволно да се изложиме на влијание кое е неповолно за изградба на христијански карактер. Ако должноста нè принуди да дојдеме во неповолна средина, треба да ја дуплираме будноста и молитвата за Христовата милост да нè сочува од расипаност. {АД 131.2}

Евангелието нè учи... да ги почитуваме нештата според нивната вистинска вредност и да вложиме напори за она што е од највисока вредност - она што останува. Оваа поука е потребна на оние на кои почива одговорноста за избор на местото за свој дом. Тие не смеат да дозволат да бидат одвратени од највозвишената цел... {АД 131.3}

Во потрагата по местото за вашиот дом, во изборот, нека ве води оваа цел. Чувајте се од желбите за богатство, барањата на модата или обичаите на општеството. Мислете за она што ќе придонесе најмногу во едноставноста, чистотата, здравјето и вистинските вредности... {АД 131.4}

Наместо да живеете таму каде можат да се видат само делата на човечките раце, каде што она што се гледа и слуша често создава зли мисли, каде што вревата и метежот предизвикуваат умор и немир, одете таму каде што ќе ги гледате Божјите дела. Побарајте мир за духот во убавината и суштината на природата. Вашето око нека се задржи на зелените полјани, шумите и бреговите. Гледајте го синото небо, ослободено од градскиот чад и прав и вдишете го оживувачкиот небесен воздух. {АД 131.5}

**Првиот дом како пример.** – Домот на нашите први родители би требало да стане пример за домовите на нивните деца, кога тргнале да ја населат Земјата. Тој прв дом, украсен со Божјата рака не била некоја блескава палата. Во својата злоба, луѓето уживаат во величествени и скапоцени живеалишта и се фалат со делата на своите раце; меѓутоа, Бог на Адам му дал место во градината. Тоа требало да биде негов дом. Синото небо било покрив, земјата, украсена со прекрасно цвеќе и тепих од живо зеленило била под, до дека зелените гранки на величествените дрвја биле настрешница. Ѕидовите на тој дом биле украсени со величествени украси - дела на големиот Уметник. Околината на домот на светиот пар била по ука за сите времиња: вистинската среќа не се наоѓа во попуштање на злобата и луксузот, туку во заедница со Бога преку Неговите дела. Кога луѓето помалку би обрнувале внимание на она што е вештачки направено и кога би развиле поголема едноставност, би дошле поблиску до исполнувањето на Божјите

намери при нивното создавање. Злобата и честољубието никогаш не можат да се за дозволат. Но оние кои се навистина мудри ќе најдат вистинско и возвишено задоволство на изворите на радост, коишто Бог на сите им ги ставил на дофат на раце. {АД 132.1}

**Бог го одбра земниот дом за Својот Син.** – Исус дошол на оваа Земја за да ја изврши најголемата работа којашто никогаш до тогаш не била направена помеѓу луѓето. Тој дошол како Божји пратеник, да ни покаже како да живееме за да ги постигнеме најголемите животни резултати. Кои услови Бесконечниот Татко ги одбрал за својот Син? Скромен дом помеѓу галилејските ридови; семејство кое се издржувало со чесна работа, живот на едноставност; секојдневно соочување со тешкотиите и сиромаштијата; самопожртвуваност, штедливост и трпелива радосна служба; секојдневно проучување покрај мајката, со отворени страници на Светото писмо; тишина на зората или залезот во зелената долина; света служба на природата; проучување за создавањето, за пророштвата и заедницата на душата со Бога - тоа биле ситуациите и можностите во Исусовиот ран живот. {АД 132.2}

**Домовите во Ветената земја.** – Воспитанието кое започнало во пустината, продолжило во Ветената земја под околности коишто биле поповолни за создавање на добри навики. Луѓето овде не живееле во густо населени градови туку секое семејство имало свој имот, кој на сите им обезбедувал благослов на добро здравје и при роден и нерасипан живот. {АД 133.1}

**Влијанието на средината врз развојот на Јовановиот карактер.** – Христовиот гласник, Јован Крстител, го добил првото воспитание од своите родители. Најголем дел од својот живот го поминал во пустината... самиот одлучил да се откаже од уживањето и раскошот на градскиот живот, кој го заменил со строг живот во пустината. Таа околина помогнала во создавањето на навики на едноставност и самоодрекување. Непопречен од вревата на овој свет, тој можел да ги проучува поуките од природата, од откровението и од провидението... Од детството му е укажувано на неговата за дача и тој ја прифатил светата доверба. За него самотијата во пустината била полезно излегување од општеството во кое преовладувало презир, неверство и валканост. Тој не се посомневал во својата моќ да се спротивстави на искушението и да го избегне постојаниот контакт со гревот, кој би направил да ја изгуби смислата и тежината на гревот. {АД 133.2}

**Други големци подигнати во едноставни домови.** – Така било и кај повеќето најдобри и најоблагородени луѓе на сите времиња. Читајте ја историјата за Авраам, Јаков и Јосиф, за Мојсеј, Давид и Елисеј. Проучувајте го животот на луѓето во плодните времиња, кои стоеле на најдоверливите и најодговорни места. {АД 134.1}

Колку од нив се подигнати во едноставни домови. Малкумина од нив знаеле за раскош. Младоста не им проаѓала во забави. Мнозина морале да се борат со сиромаштија и во немање. Рано научиле да работат, а нивниот активен живот на отворено поле им дал сила и вредност за сите нивни способности. Натерани да се пот прат на себе си, научиле да се борат со тешкотиите и да ги совладуваат препреките; така стекнале храброст и истрајност. Тие ги при фатиле поуките за самодоверба и владеење со себе си. Заштитени од лошото друштво, уживале во природната разонода и доброто друштво. Биле едноставни во својот вкус и умерени во своите навики. Ги раководеле

начелата и тие израснале во чистота, сила и вистина. А кога биле повикани за своето животно дело, во него ја внеле сета сила на телото и умот, и живоста на духот, способноста да планираат и да ги исполнуваат плановите и истрајност во спротивставување на злото што ги направило сила за доброто на овој свет. {АД 134.2}

## Дваесетто поглавје

# СЕМЕЈСТВОТО И ГРАДОТ

**Опасност од градскиот живот.** – Животот во градовите е лажен и неприроден. Постојаното тежнеење да се дојде до пари, виорот на возбуди и желбата за уживање, жедта за расфрлање, раскош и претерување – сè се тоа сили кои кај поголемиот дел од човештвото го одвраќаат умот од вистинската животна цел. Тие ја отвораат вратата на илјадници зла. На младите влијаат речиси со неодолива сила. Една од најподлите и најопасни искушенија која ги напаѓа децата и младината во градовите е љубовта кон задоволствата. Тука се многубројните празници; игрите и коњските трки, кои ги привлекуваат илјадници од нив, а виорот од возбуди и желби за уживање ги одвлекуваат од сериозните животни должности. Парите коишто би требало пополезно да се употребат, се расфрлаат за забава. {АД 135.1}

**Мисли на здравјето.** – Физичката околина во градовите често е опасна за здравјето. Можноста од чести заболувања, валканиот и нездрав воздух, неисправната вода, нечистата храна, пренаселените, мрачни, нездрави престојувалишта, се некои од многуте зла во градовите. {АД 135.2}

Божја волја не била луѓето да се трупаат по градовите, стеснети на терасите и во изнајмените простории. Во почетокот Бог на нашите први родители им дал место покрај прекрасните погледи и звуци во кои сака и денес да уживаме. Колку повеќе ќе се приближиме до овој првобитен Божји план, толку подобро ќе го сочуваме здравјето на телото умот и душата. {АД 135.3}

**Изворот на беззаконие.** – Градовите се полни со искушение. Ние треба така да ја планираме својата работа, што доколку тоа е возможно, да ја сочуваме својата младина од градското зло. {АД 136.1}

Децата и младината мораме грижливо да ги чуваме. Нив мораме да ги сочуваме од изворот на беззаконие кое постои во нашите градови. {АД 136.2}

**Врева и метеж.** – Не е по Божја волја Неговиот народ да се насели во градовите, во кои владее непрестајна врева и метеж. неговите деца треба да се сочуваат од тоа затоа што трпи цел организам, оптоварен од забрзаноста, трката и вревата. {АД 136.3}

**Тешкотии на животот во град.** – Животните ситуации во градот стануваат сè потешки и потешки. Пред нас се сериозни тешкотии и затоа за многу семејства напуштањето на градовите ќе стане неопходно. {АД 136.4}

**Опустошување кое нè очекува.** – Близу е времето кога големите градови ќе бидат избришани и на таа опасност сите мора да бидат предупредени. {АД 136.5}

О, кога Божјиот народ би бил свесен за доаѓањето на времето кога ќе исчезнат илјадници градови, во кои денес скоро целосно владее идолопоклонството! {АД 136.6}

**Поради световни интереси и љубовта кон добивката.** – Родителите често се невнимателни кон влијанијата кои ги опкружуваат своите деца. При изборот на домот, тие повеќе мислат за своите земни интереси отколку за моралната и општествена атмосфера, а децата склопуваат пријателства кои се штетни за развојот на побожноста и обликувањето на вистинскиот карактер... {АД 136.7}

Што правите вие родители, вие, кои ги осудувате Хананејците поради жртвувањето на децата на Молох? Вие ја принесувате најскапоцената жртва на својот бог мамон. И тогаш кога вашите деца ќе пораснат несакани и со нељубезен карактер, кога ќе покажат склоност кон неверство, вие ја обвинувате својата вера, затоа што не можела да ги спаси. Вие го жнеете она што сте го посеале - последица од својата себична љубов кон светот и запоставувањето на силите на Божјата милост. Вие го преселивте своето семејство во местото на искушение, а Божјиот ковчег, вашата слава и заштита е оставен на страна; Господ не направил чудо да ги избави вашите деца од искушение. {АД 137.1}

**Градовите не нудат напредок.** – Нема ниту едно семејство од стотина кои со животот во градот напредувале телесно, умствено или духовно. Верата, надежта, љубовта и среќата можат пред сè да се најдат на оддалечени места, опкружени со полиња, ритчиња и дрвја. Отстранете ги своите деца од пренаселените градови од вревата и вревата на градскиот сообраќај, па нивниот ум ќе стане многу поздрав. Ќе воочите дека нивното срце полесно ја прима вистината на Божјите зборови. {АД 137.2}

**Совет за оние кои го напуштаат селото.** – Многу родители се селат од своите селски домови во град, сметајќи го за подобро или пополезно место. Меѓутоа, со оваа промена тие ги изложуваат своите деца на многу големи искушенија. Момчињата немаат работа и затоа тие брзо го прифаќаат уличното воспитание и чекор по чекор одат сè подлабоко во расипаност, сè додека не го изгубат секој интерес за она што е добро, чисто и свето. Колку би било подобро родителите со своето семејство да останале на село, каде што околностите за стекнување на телесните и умствени сили се многу подобри. Учете ги младите да обработуваат земја и пуштете ги да спијат во сладок сон на умор и простодушност. {АД 137.3}

Поради незаинтересираност на родителите, младите во нашите градови ги расипуваат своите патишта и ја валкаат својата душа пред Бога. Тоа секогаш е последица на неработењето. Поправните домови, затворите и бесилките раскажуваат тажна приказна за родителската негрижа. {АД 138.1}

Подобро е да го жртвувате сето друго и сето она што овој свет ви го нуди отколку да се изложите на опасноста за скапоцените души кои ви се доверени на ваша грижа. На нив ќе навалат искушенија и треба да ги поучите како можат да се одбранат од нив. Но ваша должност е да го прекинете секое влијание, да ја скршите секоја навика и да ја пресечете секоја врска која би ве спречувала без никакви пречки, искрено и со цело срце, заедно со своето семејство да се предадете на Бога. {АД 138.2}

Наместо пренаселените градови, побарајте некое повлечено место каде што вашите деца, колку што е возможно, ќе бидат за штитени од искушението и тука учете ги и воспитувајте ги да бидат полезни. Пророкот Езекиел вака ги набројува причините кои го вовлекле Содом во грев и уништување: „Еве, ова беше беззаконие на сестрата твоја

Содом: во гордост, во изобилството на леб и без грижен мир беше таа и ќерките нејзини, а не му помагаа на сиромашниот и беспомошниот“. Сите оние коишто сакаат да ја избегнат судбината на Содом треба да се отстрануваат од патот кој ги навлекол Божјите судови на тој грешен град. {АД 138.3}

Кога Лот влегол во Содом, цврсто решил да се сочува од беззаконието како што му заповедал и на својот дом. Но страшно згрешил. Расипаната средина силно влијаела на неговата вера, а пријателството на неговите деца со жителите на Содом, направиле неговите интереси да се поистоветуваат со нивните интереси. Последиците добро ги знаеме. Мнозина сè уште прават слична грешка. {АД 138.4}

Сериозно размислете и бирајте го местото за својот дом што по далеку од Содом и Гомор. Не одете во големите градови. Ако е воз можно, вашиот дом нека биде во тишина надвор од градот, дури ако и поради тоа никогаш не стекнете имот. Населете се таму каде ќе се чувствува најповолното влијание. {АД 139.1}

Господ ми наложи да го опоменам нашиот народ да не се натрупува по градовите и тука да најде дом за своето семејство. Речено ми е да им кажам на татковците и мајките: Настојувајте своите деца да ги задржите на својот имот. {АД 139.2}

**Време е да ги напуштиме градовите.** – Мојата вест гласи: Извадете ги своите семејства од градовите. {АД 139.3}

Дојде времето семејствата да почнат да ги напуштаат градовите, како што Бог ќе им ги отвора патиштата. Децата треба да се однесат на село. Родителите треба да најдат соодветно место според своите можности. Иако домот може да биде мал, покрај него треба да имате и малку земја за обработување. {АД 139.4}

Пред да се излее преполната чаша на Божјиот гнев на жителите на светот, Господ ги повикува сите вистински Израелци да се под готват за тој настан. Тој на родителите им упатува гласна опомена: Соберете ги своите деца во своите домови; одвојте ги од оние кои не ги почитуваат Божјите заповеди, кои проповедаат и прават зло. Излезете од големите градови колку што можете побрзо. {АД 139.5}

**Бог ќе му помогне на Својот народ.** – Родителите можат да изградат мали куќи на село, каде што ќе имаат своја земја за обработка, каде што ќе имаат овоштарник и градина, во која ќе негуваат зеленчук и други плодови коишто ќе го заменат месото штетно за крвта во нашите вени. На такви места децата нема да ги опкружува расипничкото влијание на градскиот живот. Бог ќе му помогне на Својот народ да најде такви домови надвор од градовите. {АД 139.6}

## Дваесет и прво поглавје

## ПРЕДНОСТ НА ЖИВОТОТ НАДВОР ОД ГРАДОТ

**Парче земја и удобен дом.** – Должност на родителите е колку што е возможно да изградат дом на село за своите деца. {АД 141.1}

Татковците и мајките кои имаат малку своја земја и удобен дом се слични на цареви и царици. {АД 141.2}

Ако сте повикани да ги напуштите градовите и да се преселите на село, не сметајте го тоа како лишување од животните предности. Овде богатите благослови ги чекаат оние кои се подготвени да ги примат. {АД 141.3}

**Економска сигурност.** – Господ често давал упатства на Својот народ да ги изведат своите семејства од градовите и да се населат некаде на село, каде што можат да негуваат сè што е потребно за живот; затоа што во иднина ќе се појави сериозен проблем за купување и продажба. Сега е време да обрнеме внимание на упатството кое постојано ни се повторува: излезете од градовите во село, каде што куќите не се збиени една до друга и каде што нема да имате никакви неволји. {АД 141.4}

**Совет за жителите на градот.** – Добро би било за вас да ги напуштите тешките грижи и да најдете засолниште надвор од градот каде што моралот на младите не е изложен на такво штетно влијание. Вистина, ни во најмалото место нема да бидете целосно ослободени од неволјите и од тешките грижи; но таму би избегнале многу зло и би ја затвориле вратата на поплавата од искушенија кои што се закануваат да завладеат со умот на вашите деца. Ним им е потребна работа и разновидност. Постојаната едноличност во нивниот дом ги прави незадоволни и вознемирени и тие се навикнуваат да се дружат со расипаните градски пријатели и така да стекнат воспитание од улица... {АД 141.5}

Животот надвор од градот за нив би бил многу полезен; активен живот во природа го развива здравјето на умот и телото. Тие мораат да имаат градина која што ќе ја обработуваат, во која можат да најдат и забава и полезна работа. Одгледувањето на билките и цвеќињата ќе го подобри вкусот и размислувањето, додека запознавањето на прекрасните и полезни Божји дела ќе влијае во по- дигањето и облагородувањето на умот, насочувајќи го кон Создателот и Господарот на сè. {АД 142.1}

**Богат благослов за луѓето на село.** – Земјата крие во себе благослов за оние коишто имаат храброст, волја и истрајност да ги со бираат нејзините богатства... Многу земјоделци не ги примиле соодветните благослови од својата земја затоа што сметале дека работата во земјоделието е понижувачка; таквите не се во состојба во неа да согледаат благослов кој ги чека нив и нивните семејства. {АД 142.2}

**Работата која го оживува умот и облагородува карактерот.** – Обработувајќи земја, внимателниот работник ќе воочи дека кај него се отвораат ризници за коишто не сонувал. Никој не може успешно да се занимава со земјоделство или со овоштарство ако не ги почитува законите на таа работа. Мора да се проучуваат посебните потреби на секоја билка. Различните видови бараат различно земјиште и соодветна нега, а покорувањето на законите кои управуваат со секој од нив е услов за успех. Вниманието кое го бара пресадувањето, да не се скине или погрешно постави жиличка од коренот, грижата за младите билки, кроењето, полевањето, заштитувањето од мраз ноќе и сонцето дење, борбата против плевелот, болеста и штетните инсекти, севкупното негување и уредување, не само што ги нуди значајните совети за развиток на карактерот туку покажува и дека со самата работа се постигнува развој. Учејќи се на грижливост, трпение, темелност, послушност на законот, ние го стекнуваме најважното воспитание. Постојаниот допир со тајните на животот и убавината на природата, како и нежноста потребна за грижа околу овие прекрасни дела на Божјото создавање, придонесуваат за

оживување на умот и облагородување и подигање на карактерот; а научените пуки му помагаат на работникот поуспешно да постапува со луѓето. {АД 142.3}

**Бог ќе дава упатства.** – Оној кој ги учел Адам и Ева во Едем како да работат во градината, и денес ќе ги поучува луѓето. Оној кој ора со плуг и сади и сее семе, ќе ја добие потребната мудрост. Земјата ги чува своите скриени богатства, а Бог сака илјадници и десетици илјади од оние коишто се насобрале во градовите со на мера да заработат ситници, да излезат и да обработуваат земја... Оние кои ќе ги преселат своите семејства надвор од градовите, ќе ги населат таму каде што има помалку искушенија. Децата кои се со родителите, кои Го љубат и се плашат од Бога, во сè имаат по голема можност да учат од Големиот Учител, кој е Извор на секоја мудрост. Тие ќе имаат подобри можности да се подготват за небесното царство. {АД 143.1}

**Божјиот план за израелската земја.** – Поради непослушноста на Бога, Адам и Ева ја изгубиле Едемската градина, а поради гревот паднало проклетство на целата Земја. Меѓутоа, доколку Божјиот народ ги следел Неговите упатства, нивната земја би станала убава и плодна. Самиот Бог им дал упатства за обработка на земјата, а тие би требало да соработуваат со Него во нејзиното обновување. Така, под Божјото управување, целата земја би станала жив пример за потврда на духовната вистина. Како што земјата ќе ги даде своите плодови според природните закони, така и со послушност кон Неговиот морален закон, срцето на народот ќе ги одржува вредностите на Неговиот карактер. {АД 143.2}

**Духовните пуки од секојдневниот живот.** – Бог нè опкружил со величествени глетки од природата за да го привлече и разбуди нашето интересирање. Тој сака да ја повреземе величественоста на природата со Неговиот карактер. Ако грижливо ја проучуваме книгата на природата, ние во неа ќе пронајдеме богат извор кој ни открива љубов и бескрајна Божја сила. {АД 144.1}

Христос ги поврзал Своите пуки не само со денот за одмор туку и со работната седмица... Во орањето, во копањето, во сеењето и жнеењето, Тој нè учи да ја видиме сликата на дејствувањето на неговата милост во срцето. Така, во секоја полезна работа во секој- дневниот живот Тој сака да ја најдеме пуката од божествената вистина. Тогаш нашиот секојдневен труд нема повеќе да го окупира нашето внимание и да нè наведе да заборавиме на Бога; туку непрестајно ќе нè потсетува на нашиот Создател и Избавител. Мислата за Бога ќе се провлекува како златна нишка низ сите домашни грижи и работи. Славата на Неговото лице пак ќе ја согледаме во лицето на природата. Постојано ќе примаме нови пуки за небесната вистина и ќе се претвораме во обличје на Неговата чистота. {АД 144.2}

**Слични закони управуваат со природата и човештвото.** – Големиот учител ги доведувал своите слушатели во допир со природата за да можат да го слушаат гласот кој зборува од сè што е создадено; и кога би им се разнежнило срцето, и умот би станал под готвен да прими, Тој би им помогнал да ја разберат духовната по ука за глетката на која почивале нивните очи... Во неговите пуки имало нешто што го привлекувало секој ум, го допирало секое срце. Така секојдневната работа, наместо да биде само бесконечен круг на маки, со постојано потсетување на духовното и невидливото би можел да ја работи работата со полет и радосно. {АД 144.3}

Би требало и ние така да поучуваме. Децата нека научат во природата да го гледаат одразот на Божјата љубов и мудрост; мислата за Него нека биде поврзана со птиците, цвеќето и дрвото; видливото нека им биде толкувач за невидливото, а сите случувања во животот средство за божественото проучување. {АД 145.1}

Додека така учат да ги извлекуваат поуките од сè што е создадено и од сите искуства во животот, покажете им дека истите закони коишто управуваат со природата и случувањата во животот мораат да управуваат и со нас; дека се дадени за наше добро; и дека само со нивна послушност можеме да најдеме вистинска среќа и да постигнеме успех. {АД 145.2}

**Давајте практични поуки од земјоделството.** – Од речиси безбројните поуки кои ги стекнуваме во различните процеси на растење, некои од најскапоцените се кажани во параболата на Спасителот за семето кое расте. Таа нуди поуки и за старите и за младите... {АД 145.3}

Никнувањето на семето претставува почеток на духовниот живот, а развојот на билката е слика за развојот на карактерот... Кога родителите и учителите настојуваат да ги искажат овие поуки, мораат да го прават тоа на практичен начин. Децата сами го подготвуваат земјиштето и сеат семето. Додека тие работат, родителот или учителот може да објасни дека срцето е како градина во која се сее доброто или лошо семе и дека срцето мора да се подготви за семето на вистината како што и градината се подготвува за при родното семе... Никој не зема необработено парче на земја, очекувајќи дека веднаш ќе ожнее род. Внимателна, истрајна работа мора да се вложи во подготовка на земјиштето, во сеење на семето и во негување на билките. Така мора да биде и кај духовното сеење. {АД 145.4}

**Лошите навики се слични на плевел.** – Ако е возможно, домот треба да биде надвор од градот, каде што децата ќе имаат земјиште за обработка. Секое дете нека добие парче земја. И додека ги поучувате како се подготвува градината за времето на сеење, ја објаснувате важноста од корнењето на секој плевел, учете ги, исто така, колку е важно да се отстранат од животот лошите и штетни постапки. Учете ги дека лошите навики мораат да се искоренуваат од животот како што плевелот мора да се искорне од градината. Ќе биде потребно време да ги прифатат овие поуки, но сето тоа ќе биде богато наградено. {АД 146.1}

**Околината на домот е доказ за нашата вера.** – Родителите пред Бога се должни својата животна околина да ја усогласат со вистината којашто ја исповедаат. Тогаш своите деца можат правилно да ги поучуваат и тие ќе научат земниот дом да го поврзуваат со небесниот. Колку што е можно повеќе, земното семејство мора да биде пример за семејството на небото. Тогаш искушението да се попушти на она што е ниско и подло, нема да се појави во својата сила. Децата треба да се поучуваат дека тука се само на проба, а да се воспитуваат да се подготват за становите коишто Христос ги подготвува за оние кои Го љубат и кои ги држат Неговите заповеди. Тоа е највозвишената родителска должност. {АД 146.2}

**Родители, најдете дом во некое село.** – Сè додека Господ ми дава сила да му зборувам на Неговиот народ, нема да престанам да ги повикувам родителите да ги напуштат градовите и да најдат дом надвор од градот, каде што ќе можат да

обработуваат земја и да учат од книгата на природата поуки за чистотата и едноставноста. Делата во природата се Господови неми проповедници, кои треба да нè учат на духовните вистини. Тие ни зборуваат за Божјата љубов и ја откриваат мудроста на Големиот Уметник. {АД 146.3}

Сакам убаво цвеќе. Тоа нè потсетува на Едем и ни асоцира на блажената земја, во која наскоро ќе влеземе ако останеме верни. Господ ги насочува моите мисли кон цвеќето и дрвјата, кои го зацврстуваат нашето здравје. {АД 147.1}

## Дваесет и второ поглавје

## ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ДОМОТ

**Обезбедете вентилација, сончева светлина и канализација.** – При sидање на зградите, без разлика дали се јавни или приватни за живеење, треба да се предвиди добра вентилација и многу светлина. Црквите и училишните простории често во овој поглед имаат недостатоци. Недостатокот од соодветна вентилација е причина за поспаност и тромавост која го упропастува дејството на многу проповеди, а работата на учителот станува напорен и безуспешен труд. {АД 148.1}

Колку што е возможно, сите згради за живеење треба да се градат на повисоко исушено земјиште... За ова често недоволно се мисли. Постојаното лошо здравје, сериозните заболувања и честата смртност се последица од влажната и маларична земја. {АД 148.2}

Во зградите за живеење многу е важно да се обезбеди добра вентилација и многу сонце. Покрај мноштвото светлина, треба да се настојува воздухот слободно да струи во секоја просторија. Спалната соба треба да се изгради така што воздухот постојано ќе струи во неа. Ниту една соба не е добра за спиење, ако секојдневно не може да биде изложена на сончева светлина и не струи чист воздух. Во повеќето земји спалните соби треба да имаат уреди за затоплување за да можат во студено и влажно време да се стоплат и исушат. {АД 148.3}

За гостинската соба треба да се грижите како и за просториите коишто се користат постојано. Како и другите спални соби и таа треба да има воздух и сонце, како и уред за греење, за да се исуши влагата која секогаш се собира во простории кои долго не се употребувани. Кој и да спие во соба којашто не е изложена на сонце или во кревет којшто не е доволно проветрен, го изложува на опасност своето здравје, а често и животот... {АД 148.4}

Оние коишто се грижат за постарите домашни, треба да имаат на ум дека ним им се потребни топли и удобни соби. Силата исчезнува со годините и се намалува способноста за отпорност на болести; оттука на постарите им е потребна поголема сончева светлина и свеж чист воздух. {АД 149.1}

**Одбегнувајте ги низините.** – Ако сакаме во нашите домови да владеат здравјето и среќата, мораме да ги sидаме таму каде што ги нема нездравите испарувања, маглата којашто може да се сретне во низините, за да можеме да ги искористиме сите благослови кои ни ги дава небото. Отфрлете ги тешките завеси, отворете ги прозорците и капаците, не ѝ дозволувајте на никаква лозница, без оглед колку и да е убава да ги засенува прозорците, како ниту дрвјата да стојат блиску до домот и да го затскриваат од

сончевата светлина. Сонцето може да ги избледи завесите и теписите, а на рамките на сликите да им го одземе сјајот, но на вашите деца ќе им подари здрави и румени образи. {АД 149.2}

**Дворот околу куќата.** – Дворот кој е украсен на места со засадени дрвја и грмушки, малку оддалечени од куќата, делува пријатно за семејството; а ако добро се негуваат, тие нема да му штетат на здравјето. Меѓутоа, дрвото со сенка и грмушки непосредно околу куќата не е здраво, затоа што го спречува слободното струење на воздухот и ги задржува сончевите зраци. Поради тоа се јавува влага во куќата, особено во влажните годишни времиња. {АД 149.3}

**Природната убавина влијае на домот.** – Бог ја сака убавината. Тој ги облекол земјата и небото во убавина и со татковска радост ги набљудува своите деца опкружени со она што го создал. Тој сака своите домови да ги опкружиме со убава природа. {АД 149.4}

Речиси сите жители на селото, можат без оглед на имотната состојба околу своите домови да имаат малку тревна површина, неколку дрвја со сенка, украсни грмушки или миризливо цвеќе. За среќата на еден дом тоа вреди повеќе од секое вештачко украсување. Тоа во семејниот живот ќе внесе благородно влијание, кое ќе ја зајакне љубовта кон природата, а членовите на домот меѓусебно ќе ги поврзе и приближи кон Бога. {АД 150.1}

**Мебелот треба да биде едноставен.** – Нашите неприродни на вики не лишуваат од многу благослови и радости и нѐ онеспособуваат да живееме полезен живот. Убав и скапоцен мебел не е само расфрлање на пари, туку и она што е илјада пати поскапоцено. Тој во домот ни донесува тежок товар на грижи, труд и неволји... {АД 150.2}

Наместете го својот дом со едноставен мебел, со предмети со кои лесно се ракува, кои лесно се чистат и кои без големи трошоци можат да се заменат. Со многу вкус можете да направите многу едноставниот дом да стане пријатен и привлечен, ако во него владеат љубовта и задоволството. {АД 150.3}

Среќата не се наоѓа во празниот сјај. Колку е поедноставен редот во добро среденото домаќинство, толку домот ќе биде посреќен. {АД 150.4}

**Чувајте се од натпреварувачкиот дух.** – Животот за мнозина значи разочарување и умор, затоа што на себе товарат непотребни работи во желба да ги задоволат помодарските обичаи. Нивните мисли постојано се оптоварени со грижа како да ги задоволат потребите коишто произлегле од злоба и разгаленост... {АД 150.5}

Трошоците, грижите и трудот се расфрлаат на она што иако не е штетно, не е ниту потребно, а што со некоја повредна намера би било од поголема полза за напредок на Божјите дела. Луѓето копнеат по луксузен живот и ги жртвуваат здравјето, силата и средствата само за да го исполнат. Помеѓу луѓето од иста општествена положба, за жалење е појавата на натпреварувачкиот дух, кој го поттикнува расфрлањето во облекување и набавка на предмети за домаќинство. Пријатниот збор „дом“ е изменет, затоа што значи „не што со четири сида, исполнето со скапоцен мебел и украси“ додека неговите станари се во постојана напнатост, предизвикана од желбата да ги задоволат барањата на обичаите во различните подрачја од животот. {АД 151.1}

Мнозина во својот дом се несреќни затоа што толку се трудат да го сочуваат надворешниот изглед. Трошат многу пари и неуморно работат, за со своето расфрлање да стекнат пофалба од своите пријатели - на кои всушност не им дошло до нив и нивниот напредок. Еден предмет по друг се купува како неопходен за домот, сè додека не се натрупа мноштво од скапи додатоци, кои му угодуваат на окото и ја задоволуваат злобата и честољубието, но воопшто не ја зголемуваат удобноста на семејството. Сето тоа ба рало трошење на сила и трпение и пропаднато скапоцено време, коешто треба да се посвети за служба на Бога. {АД 151.2}

Скапоцената Божја милост се нашла на второ место зад она што навистина не е важно; мнозина ја губат можноста да бидат среќни, додека собираат материјални добра за уживање. Најпосле утврдиле дека нивниот имот не им го пружил она задоволство коешто го очекувале од него. Бесконечната трка по работа, неуморната грижа за разубавување на својот дом, за да можат пријателите и гостите да се воодушевуваат, никогаш не можат да го надополнат времето и средствата кои се потрошени за тоа. Тоа е ставање на претежок јарем на вратот. {АД 151.3}

**Две различни посети.** – Во некои семејства премногу се направило. Чистотата и редот се значајни за удобноста, но во овие доблести не треба да се претерува, така што животот на домашните ќе се претвори во мака и горчина. Во некои домови, кои многу ги почитуваме, постои вкочанета точност во однос на распоредот на мебелот и на сè останато, со што човекот не може да се согласи исто како што не може да се согласи и со нередот. Бездушниот ред на кој се покорува целата куќа, го оневозможува наоѓањето на вистински одмор кој се очекува во вистинскиот дом. {АД 152.1}

Не е пријатно кога во текот на кратката посета на саканите пријатели, ќе забележите дека метлата и крпата за прав се во постојано движење, а времето кое сте сакале да го поминете во пријатен разговор со своите пријатели, домаќините го посветуваат на темелното чистење, истражувајќи по аглите сокриени зрнца на прав или остаток од пајажина. Иако тоа можеби го прават од почит кон вашето присуство во куќата, тоа ве доведува до мачно осведочување дека вашето друштво за вашите пријатели е од помало значење отколку нивните поими за совршена уредност и чистота. {АД 152.2}

Чиста спротивност на ваквите домови беше домот што го посетивме минатото лето (1876) . Неколку часови од нашата посета во тој дом не поминаа во неполезна работа или извршување на нешто што би можело да се направи во некое друго време, туку времето го поминавме разговарајќи пријатно и полезно, што значеше одмор за умот и телото. Куќата беше модел на удобност, иако во ништо не се претерувало. Сите соби беа добро осветлени и проветрени... што беше повредно од најскапите украси. Салоните со својот изглед не го замараа окото, затоа што разновидниот мебел беше вкусно поставен. {АД 152.3}

Повеќето столици беа за лулање или за одмор и со различен изглед, прилагодени според потребите на членовите на семејството. Тука имаше ниски и високи тапацирани столици; потоа широки и удобни потпирачи, а кај некои и помали; имаше и удобни софи; сè како да зборуваше: Одморете се на мене. Имаше и маси на кои беа ставени книги и списанија. Сè беше уредно и привлечно, но без онаа строга уредност која како да опоменува дека никој ништо не смее да допре или да мрдне од место. {АД 153.1}

Сопствениците на оваа удобна куќа биле во состојба своето престојувалиште скапо да го наместат и украсат, но тие мудро се определиле за удобност, а не за расфрлање. Во таа куќа ништо не беше толку добро да не смее да се употребува, а завесите и

капаците не ги чуваа теписите и мебелот од сончевата светлина. Светлината и чистиот воздух, кој им го дал Бог, заедно со мирисот на цвеќето од градината имаа слободен пристап. Семејството беше исто како и нивниот дом; беа радосни и пријатни, направија сè за да се чувствуваме пријатно, не нè опсипуваа со толку внимание кое кај нас би создало чувство дека сме им на товар. Чувствувавме дека ова место е место за одмор. Тоа беше дом во вистинска смисла на зборот. {АД 153.2}

**Како да го украсите домот?** – Строгата точност којашто ја споменавме како непријатна страна на многу домови, не е во согласност со големиот план на природата. Бог не одредил полското цвеќе да расте во леи со означени рабови, туку го расеал како бисери на зелен тепих, за да ја украсува земјата со разновидност на своите облици и боја. Дрвјата во шумите не изникнале во редови. Окото и умот се одмараат кога преоѓаат преку пејзажот, преку шумата, ридовите и долините, рамнините и реките, уживајќи во бесконечната разно видност на облици и бои, во убавината на дрвјата, грмушките и цвеќињата, во огромната градина на природата. Во неа децата, младите и старите можат подеднакво да најдат одмор и задоволство. {АД 153.3}

Овој закон на разновидност може да се примени и во домот. И тука треба да постои складност во боите и распоредот на мебелот; но за добар вкус не е потребно секое парче мебел во собата да биде од ист изглед, материјал и украси. Напротив, за окото многу е поудобно да се создаде складност во разновидноста. {АД 154.1}

Дали некоја куќа е поскромна или поимотна, нејзиниот мебел - поскап или не, помеѓу ѕидовите на тој дом нема да има среќа ако духот на нејзините домашни не е во согласност со божествената волја. Во домот мора да владее задоволство. {АД 154.2}

Најдобриот дел во домот, најосветлените и најдобрите соби, како и најсоодветниот мебел треба да го користат секојдневно оние кои живеат таму. Тоа ќе го направи домот привлечен за сите домашни и пријатели кои нè сакаат, на коишто можеме да им бидеме на благослов како и тие нас. {АД 154.3}

**Имајте ги на ум удобноста и пријатноста на децата.** – За да бидат децата задоволни и среќни во своите домови не е потребно богата средина и скап мебел, туку е потребно родителите да им укажат нежна љубов и грижливо внимание. {АД 154.4}

Четирите ѕида, скапоцениот мебел, дебелите теписи, елегантните огледала и убавите слики на ѕидовите не го прават „домот“ ако има недостаток од сочувство и љубов. Тој свет збор не припаѓа на блескавите куќи во кои радоста на семејниот живот е непозната... {АД 155.1}

Всушност, удобноста и доброто за децата е последното нешто за кое се размислува во ваквиот дом. Мајката не се грижи за нив затоа што најголемиот дел од времето го троши на надворешниот изглед, на задоволување на барањата на современото општество. Нивните умови не се воспитувани; тие стекнуваат лоши навики и стануваат немирни и незадоволни, бидејќи во својот дом не наоѓаат задоволство туку само непријатни забрани. Така тие неподготвени влегуваат во големиот свет, ненасочени од влијанието на домот и од нежниот совет на семејното огниште. {АД 155.2}

Не зборувајте им онака како што сум слушнала да зборуваат многу мајки: „За тебе во салонот нема место. Не седнувај на софата затоа што е прекриена со сатенска прекривка. Не сакаме да седиш на таа софа“. А кога ќе отидат во друга соба, тогаш им велат: „Овде не смееш да растураш“! Кога ќе отидат во кујна, готвач ката им вели: „тука

ми пречите. Излегувајте од тука, затоа што создавате врева; ми досадувате“! Каде да одат за да го добијат потребното воспитание? На улица. {АД 155.3}

**Љубовта и љубезноста се поскапоцени и од луксузот.** – Во нашите семејства внесуваме премногу грижи и товар, а премалку природна едноставност, мир и среќа. Помалку грижете се за она што ќе каже светот, а повеќе внимание посветете на членовите на семејниот круг. Помеѓу членовите во домот треба да има помалку однесување според световните обичаи, а повеќе нежност и љубов, ведрина и христијанска учтивост. Има многумина кои мораат да на учат како да го направат домот привлечно место за радост. Благодарните срца и љубезните погледи вредат повеќе од богатството и луксузот, а задоволството во едноставните работи ќе го направи домот среќен ако во него има љубов. {АД 155.4}

Исус, нашиот Откупител, одел по Земјата во достоинство на еден цар. Но, сепак, бил кроток и смирен во срцето. Тој бил светлина и благослов на секој дом, затоа што со себе носел ведрина, надеж и охрабрување. О, кога би биле задоволни со помалку желби во срцето и со помалку труд за нештата до кои тешко доаѓаме, а со кои сакаме да ги разубавиме своите домови, додека не се грижиме за кроток и смирен дух кој Бог го цени повеќе отколку бисерот. Вредностите како: едноставност, смиреност и вистинска љубов и од наједноставниот дом би направиле рај. Подобро е радосно да се претрпи секоја штета, отколку да се запостави мирот и задоволството. {АД 156.1}

# Седми дел
# ГОСПОДОВО НАСЛЕДСТВО

## Дваесет и трето поглавје

## ДЕЦАТА КАКО БЛАГОСЛОВ

**Бог планирал за семејствата.** – Оној кој ја дал Ева на Адам како помошничка... одредил мажите и жените да се поврзуваат во света врска на брачната заедница, да подигнуваат семејства чиишто членови, венчани со честа, ќе станат признати членови на небесното семејство. {АД 159.1}

Децата се Господово наследство, а ние сме му одговорни за управување со Неговата сопственост... Родителите треба со љубов, вера и молитва да работат за своите домашни, така што тие ќе можат радосно да пристапат кон Бога и да речат: „Еве ме мене и децата коишто Бог ми ги даде“ (Исаија 8:18) {АД 159.2}

Куќата без деца е пуста. Срцата на домашните се во опасност да станат себични, да негуваат љубов кон себе, да ги исполнуваат своите желби и да ја изградуваат својата

удобност. Тие негуваат со чувство само кон себе си и малку можат да го подарат на другите. {АД 159.3}

**Совет до еден брачен пар без деца.** – Себичноста која различно се манифестира, според ситуациите и личниот начин на животот на поединецот, мора да умре. Кога би имале деца, би биле принудени да заборавите на себе и да се грижите за нив, да ги поучувате и да им бидете пример, и тоа за вас би била предност... Кога само вие двајца го сочинувате семејството, како што е случај со вас и кога нема деца кои би го барале вашето трпение, истрајност и вистинска љубов, морате да бидете постојано будни за да не загосподари себичноста, а вие сами на себе да станете центар на внимание барајќи грижа и помош за која мислите дека не сте должни да ја дадете никому. {АД 159.4}

Мнозина телесно и умствено се болни затоа што своето внимание го насочиле исклучиво на себе. Таквите би се извлекле од мртвилото со здравата виталност на младите разновидни мисли и немирната енергија на децата. {АД 160.1}

**Грижата за деца развива благородни особини.** – Искрено се интересирам за сите деца, затоа што и јас самата страдав во раната младост. Преземав грижа за многу деца и секогаш сум чувствувала дека дружењето со детската простодушност за мене беше голем благослов... {АД 160.2}

Сочувството, истрајноста и љубовта кои се бараат во работата со децата ќе биде благослов за секое семејство. Тоа би ги омекнало и потчинило строгите карактерни црти во животот на оние кои треба да бидат поведри и посмирени. Присуството на едно дете во домот засладува и облагородува. Детето подигнато во Господов страв е благослов. {АД 160.3}

Грижата и љубовта за децата кои зависат од нас, ја отстрануваат грубоста од нашата природа, нè прави нежни и сочувствителни и ги развива благородните црти во нашиот карактер. {АД 160.4}

**Детското влијание врз Енох.** – Добивајќи прво дете, Енох по стигнал повеќе искуство; добил поблизок однос со Бога. Како Божје дете, целосно ги разбрал своите должности и одговорности. Кога ја доживеал детската љубов кон таткото, неговата едноставна до верба во татковата заштита; кога почувствувал длабока нежност во своето срце кон тој првороден син, стекнал скапоцена поука за прекрасната Божја љубов кон луѓето со дарот на Неговиот Син и довербата којашто Божјите деца треба да ја имаат во својот небесен Татко. {АД 160.5}

**Скапоцен аманет.** – Децата се доверени на родителите како скапоцен аманет, кој еден ден Бог ќе го бара од нивните раце. Во нивното воспитание, треба да вложиме повеќе време, повеќе грижа и повеќе молитви. Ним им се потребни повеќе такви вистински упатства... {АД 161.1}

Запомнете дека вашите синови и ќерки се помлади членови на Божјото семејство. Тој ги доверил на ваша грижа да ги воспитате и да ги подготвите за Небото. Вие морате на Бога да му дадете од говор за начинот на кој го исполнувате овој свет аманет. {АД 161.2}

## ГОЛЕМИНА НА СЕМЕЈСТВОТО

**Голема неправда кон мајките, децата и општеството.** – Има родители коишто не мислат многу дали ќе бидат праведни ако по дигнат големо семејство и своите домови ги наполнат со овие немоќни, мали суштества, кои целосно се зависни од родителската грижа и воспитување... Ова е голема неправда не само кон мајката туку и кон нејзините деца и општеството... {АД 162.1}

Родителите треба секогаш да го имаат на ум идното добро на своите деца. Тие не би требало да се почувствуваат толку обврза- ни, што секој час ќе го минуваат во напорна работа, за да го обезбедат она што е потребно за живот. {АД 162.2}

Пред да го зголемат своето семејство, родителите треба да размислат за тоа дали, раѓајќи деца, ќе го прославаат или осрамотат Бога. Тие треба да настојуваат да го прославаат Бога од самиот почеток на својот брак и во текот на секоја година од постоењето на својата заедница. {АД 162.3}

**Важноста на мајчиното здравје.** – Со оглед на одговорноста која почива на родителите, треба добро да се размисли дали е најдобро да се донесат децата на свет. Дали мајката има доволно сила да се грижи за своите деца? Може ли таткото да овозможи услови за правилно обликување и воспитување на децата? Колку малку се мисли за иднината на детето! Единствена мисла е задоволување на страстите, додека на жената и мајката ѝ се наметнува товар кој ја поткопува нејзината сила и ја парализира нејзината духовна моќ! Со ослабено здравје и разочаран дух, се нашла опкружена со мало стадо на кое не може да му го пружи она што му е потребно, па бидејќи им недостасуваат потребните упатства, тие растат сramејќи го Бога, пренесувајќи го на другите злото од своето нерасположение и така се создава војска со која сатаната прави што сака. {АД 162.4}

**Да се разгледаат сите факти.** – Бог сака родителите да расудуваат како разумни суштества и да живеат така што секој на своето дете ќе му го даде потребното воспитание, па мајката ќе има доволно сила и време да ја стегне својата умствена сила во подготовка на своите мали за друштво на ангелите. Таа треба да има храброст благородно да го изврши својот дел од должностите и во Божја љубов и страв да ја доврши својата работа, така што нејзините деца ќе бидат благослов за семејството и општеството. {АД 163.1}

Сопругот и татко треба сето ова да го земе во обзир, за неговата сопруга и мајката на неговите деца да не се преоптовари и така да падне во очајување. Тој треба да се погрижи мајката на неговите деца да не се доведе во состојба да не може да направи сè што е потребно за нејзините многубројни малечки, така што тие би пораснале без правилно воспитание. {АД 163.2}

Родителите не треба да го зголемуваат своето семејство толку брзо, што нема да бидат во состојба да се грижат за воспитувањето на своите деца. Голема неправда кон мајката е ако секоја година држи мало дете во раце. Тоа ја намалува и често ја руши радоста на нејзиното семејно живеење и ја зголемува несреќата во домот. Со тоа на децата им се ускратува негата, образованието и среќата, кои родителите се должни да им ги пружат. {АД 163.3}

**Совет за родители со големо семејство.** – Прашањето на кое мораш да одговориш гласи: „Дали на свет донесувам деца со на мера да го зајакнам влијанието и да ги зголемам редовите на силите на темнината или ги раѓам за Христа“?{АД 163.4}

Ако не управувате со своите деца и не го изградувате нивниот карактер да биде во согласност со Божјата волја, тогаш ќе биде по добро за вас како родители и за општеството да имате што помалку деца, кои ќе страдаат затоа што неправилно сте ги воспитале. Да се зголемува семејството е грев, ако децата уште од мали нема да ги воспитува мудра и разумна мајка, совесна и разумна, која во Господов страв управува со својот дом, изградувајќи го и обликувајќи го нивниот карактер во согласност со начелата на правдата. Бог ви дал разум и Тој бара да се служите со него. {АД 164.1}

Татковци и мајки, кога знаете дека ви недостасува знаење за воспитувањето на своите деца за Учителот, зошто не учите од сопственото искуство? Зошто и понатаму раѓате деца и со тоа ги зајакнувате сатанските редови? Дали Бог е задоволен со ова? Кога гледате дека големото семејство сериозно ќе ја оптовари вашата сила, кога гледате дека мајката е опкружена со голем број на деца и дека нема време помеѓу раѓањата да ја изврши потребната работа која секоја мајка треба да ја направи, зошто не мислите на последиците? Секое дете ја исцрпува мајчината сила и кога татковците и мајките во ова не го употребуваат својот разум, каква можност им преостанува да им пружат правилно воспитание на децата? Господ ги повикува родителите да го разгледаат овој предмет во светлината на вечните вредности. {АД 164.2}

**Материјални услови.** – Родителите треба мирно да размислат за можностите коишто можат да им ги пружат на своите деца. Тие немаат право да донесат деца на свет кои би биле товар на другите. Дали имаат работа со која ќе можат да го издржуваат семејството, за децата да не паднат на товар на другите? Ако немаат таква работа, тие вршат злосторство раѓајќи деца кои ќе страдаат поради недостаток на грижа, храна и облека. {АД 164.3}

Оние на кои работата не им оди од рака и кои не умеат да се снајдат во животот, обично ги полнат своите домови со деца; до дека луѓето кои умеат да заработат, обично имаат само толку деца колку што можат да ги издржуваат. Оние кои не се способни да се грижат за себе, не треба да имаат деца. {АД 165.1}

**Создавање тешкотии за црквата.** – Мнозина кои и самите едвај живеат, одлучуваат да стапат во брак и да подигнат семејство, иако знаат дека не се во состојба да го издржуваат. Уште полошо е што не знаат да управуваат со семејството. Нивниот однос кон семејството е нанижан со невнимателни и лоши навики. Тие тешко владеат со себе, и затоа се избувливи, нетрпеливи и раздразливи. Кога таквите ќе ја прифатат веста, тие мислат дека имаат право на помош од своите побогати браќа. Кога нивните очекувања нема да се исполнат, тие се жалат на црквата и ги обвинуваат дека не живеат во согласност со својата вера. Меѓутоа, кој треба да трпи во таков случај? Зар Божјото дело треба да се наруши и на различни места да се потрошат парите, за да се помогне на овие големи сиромашни семејства? Не. родителите треба да го поднесат товарот. Кога таквите ќе ја прифатат саботата, тие обично не сакаат да живеат онака како што живееле претходно. {АД 165.2}

**Ограничување во проповедање на евангелието.** – Кога се праќаат евангелисти во други земји, тоа треба да бидат луѓе кои знаат да управуваат со средствата, кои немаат големи семејства, кои се свесни за краткото време и големата работа која стои пред нив, кои нема да ги наполнат своите домови и раце со деца туку ќе се трудат да бидат слободни од сè што ги одвраќа нивните мисли од големата задача. Ако е посветена и слободна, сопругата може, стоејќи покрај својот сопруг, да постигне исто колку и тој. Бог ја благословил жената со дарови кои треба да ги употреби за Него на слава, доведувајќи кај Бога многу синови и ќерки. За жал, многу жени коишто би можеле да бидат успешни работници, остануваат во домот да се грижат за своите деца. {АД 165.3}

Нам ни се потребни проповедници кои се евангелисти во вистинска смисла на зборот, кои ќе ги остават на страна себичните интереси, а на Божјото дело ќе му го дадат првото место и кои ќе ја имаат само Божјата слава на ум, ќе бидат подготвени да одат каде што ги праќа Тој и во секоја работа ќе се трудат да го шират познавањето на вистината. За Божјото дело потребни се мажи чиишто сопруги го сакаат Бога и се плашат од Него, и коишто можат да им помогнат во работата. Мнозина кои имаат семејства одат на работа, но целосно не се посветуваат на работата. Нивните мисли се на друга страна. Жената и децата ги одвлекуваат од нивната работа и често ги држат што подалеку од местото каде што би влегле кога не би морале да останат во близина на својот дом. {АД 166.1}

## Дваесет и петто поглавје

## ГРИЖА ЗА СИРАЧИЊАТА

**Сирачиња.** – Многу татковци кои умреле во вера, подигајќи се во вечното Божје ветување, ги оставил своите мили во цврста вера дека Господ ќе се погрижи за нив. А како се грижи Господ за тие сирачиња? Тој не прави чудо праќајќи им мана од небото; Тој не праќа гаврани да им донесат храна; но Тој дејствува чудесно на човечките срца, отстранувајќи ја себичноста од душата и отворајќи ги изворите на добродетелта. Бог ја искушува љубовта кај оние кои велат дека се Негови следбеници, доверувајќи ги на нивна нежна грижа оние кои се во неволја и сирачињата. {АД 167.1}

Оние кои Го љубат Бога нека ги отворат своите срца и домови за да ги примат овие деца... {АД 167.2}

Широко е подрачјето на кое можат да бидат полезни сите оние кои сакаат да работат за Учителот, грижејќи се за овие деца и млади кои останале без будното родителско водство и воспитното влијание на христијанскиот дом. Многу од нив наследиле лош карактер; и ако ги пуштиме да растат во незнаење, ќе потпаднат во друштво на оние кои ќе ги наведат на пороци и злосторство. Овие деца, кои не ветуваат многу, би требало да бидат сместени во средина погодна за правилна изградба на карактерот за да можат да станат Божји деца. {АД 167.3}

**Одговорност на црквата.** – Децата без двата родители се предадени во рацете на Црквата, а Христос им вели на Своите следбеници: Земете ги овие незгрижени деца, подигнете ги за мене и ќе примите плата. Во ова сум видела многу себичност. Доколку некои не ја видат личната полза од тоа што во своето семејство ќе ги прифатат оние на кои им е потребен дом, тие наоѓаат изговор велејќи: Не. Таквите или не знаат или не се

грижат дали ваквите деца ќе бидат спасени или изгубени. Тие сметаат дека тоа не е нивна работа. Како и Каин, и тие велат: „Зар јас сум чувар на својот брат“? Тие не сакаат да имаат непријатности ниту пак да се жртвуваат за сирачињата и затоа рамнодушно ги препуштаат на светот, кој понекогаш е поподготвен да ги прими отколку оние таканаречени христијани. Во Божјиот голем ден небото ќе се распрашува за оние коишто можеле да се спасат. Меѓутоа, таквите сакале да се ослободат од обврските и не сакале да направат добро дело, затоа што не им ветувало лична полза. Покажано ми е дека таквите кои одбиваат да прават добро, од Христос ќе ги слушнат овие зборови: „Кога не му направивте на еден од овие мои малечки браќа, ни Мене не Ми направивте“. Исаија 58:5-11. {АД 167.4}

**Повик за брачен пар без деца.** – Некои кои немаат свои деца треба да се научат да ги сакаат и да се грижат за децата на другите. Тие можеби нема да бидат повикани да го проповедаат евангелието на други места, но можат да бидат повикани да работат во местото каде што живеат. Наместо толку внимание да им обраќаат на своите љубимци (животни) , покажувајќи ја својата љубов кон немите суштества, нека го насочат својот дар кон човечките суштества со кои треба да го придобијат небото и да побегнат од пеколот. Нека посветат внимание на малите деца, чиј карактер можат да го изградат и обликуваат според божествениот Пример. Излејте ја својата љубов на малите бездомници кои живеат околу вас. Наместо своето срце да го затворите за членовите на човечкото семејство, видете колку овие мали бездомници можете да ги подигнете во Господовата наука и страв. Има многу работа за секој кој сака да работи. Ако се посвети на оваа христијанска работа, црквата може да напредува и духовно да се збогати. Работата за спасување на бездомниците и сирачињата е задача за секој поединец. {АД 168.1}

Оние кои немаат деца и на кои Бог им доверил средства, треба да го рашират своето срце за децата на кои им е потребна љубов, грижа, сочувство како и материјална помош; таквите ќе бидат многу посреќни отколку што се денес. Сè додека има млади на кои им не достасува татковска грижа и мајчината нежна љубов, кои се под влијание на расипаноста на последните денови, некој мора да им ги замени таткото и мајката. Научете да ги сакате и да сочувствувате со нив. Оние кои велат дека имаат Татко на небото, кои веруваат дека Тој ќе се грижи за нив и на крај ќе ги однесе во домот кој го подготвил за нив, треба да почувствуваат дека на нив почива свечената обврска да бидат пријатели на оние кои немаат пријатели, и родители на сирачињата, да им помогнат на вдовиците и служејќи му на човештвото да бидат од полза на овој свет. {АД 169.1}

**Сопругата на проповедникот и присвојувањето на деца.** – Се поставува прашањето дали сопругата на проповедникот треба да посвои мали деца. Јас одговарам: Ако таа нема наклонетост ниту способност да учествува во евангелската работа надвор од својот дом, а чувствува дека тоа е нејзина должност, треба да земе сирачиња и да се грижи за нив, зашто на тој начин може да прави добро. Но пред сè нека одбере да посвои сирачиња чии родители ја празнувале саботата. Бог ќе ги благослови мажите и жените кои доброволно ќе го делат својот дом со овие бездомници. Меѓутоа, ако сопругата на проповедникот е способна да учествува во работата за воспитување на другите, таа треба да ги посвети своите сили на Бога како христијанска работничка. Таа треба да биде вистински помошник на својот сопруг соработувајќи со него во него вата работа, развивајќи се интелектуално и помагајќи во проповедање на вестите. На понизните,

посветени жени удостоени со Христовата милост, им е отворен патот да ги посетуваат оние на кои им е потребна помош и да ги донесуваат на светлина обесхрабрените души. Тие можат да ги подигнат сите кои потклекнале, молејќи се со нив и насочувајќи ги кон Христа. Таквите жени не би требало да ги посветуваат своето време и сила на едно мало бес помошно смртно суштество, кое бара постојана грижа и внимание. Не би требало на тој начин доброволно да ги врзат своите раце. {АД 169.2}

**Отворете ги своите домови.** – Колку што е во ваша моќ, отворете го домот за оние кои го немаат. Секој нека биде подготвен да го изврши својот дел во развојот на оваа работа. Господ му рекол на Петар: „Паси ги Моите јагништа“! Оваа заповед се однесува на нас и отворајќи ги своите домови за сирачињата, придонесуваме за нејзино исполнување. Не дозволувајте Исус да се разочара во вас. Земете ги тие деца и понудете ги на Бога како мирисна жртва. {АД 170.1}

Молете го да ги благослови и тогаш обликувајте ги и изградувајте ги според Христовиот налог. Дали нашите верници ќе ја прифатат оваа света должност? {АД 170.2}

**Тест за Божјиот народ.** – Пред повеќе години ми беше покажано дека Божјиот народ ќе биде испитан во ова: отворање на домовите за бездомниците; и дека мнозина ќе станат бездомници поради ве рата во вистината. Спротивставувањето и прогонствата ќе ги лиши верниците од нивните домови, а оние кои имаат свои домови, должни се вратата на своите домови да ја отворат ширум за оние кои ги немаат. Неодамна ми беше покажано дека Бог во овој по глед на посебен начин ќе ги испита оние кои веруваат во Него. Христос заради нас осиромашил, за ние со Неговата сиромаштија да се збогатиме. Тој принел жртва за да им обезбеди дом на странците и дојденците во овој свет, кои бараат подобра небесна земја. {АД 170.3}

## Дваесет и шесто поглавје

## НАСЛЕДСТВО ОД РОДИТЕЛИТЕ ЗА ДЕЦАТА

**Закон за наследство.** – Физичката или душевната состојба на родителите се пренесува на потомството. За ова недоволно се размислува. Секогаш кога навиките на родителите се спротивни на телесните закони, штетата која си ја нанесуваат себеси се пренесува на нивното потомство... {АД 172.1}

Со телесната, умствена и духовна култура сите можат да станат Христови соработници. Меѓутоа, многу зависи од родителите. Од нив ќе зависи дали ќе донесат на свет деца кои ќе бидат благослов или проклетство. {АД 172.2}

Колку се целите поблагородни, толку се повозвишени душевните и духовните способности; колку се поразвиени телесните способности на родителите, толку повеќе нивните деца ќе бидат поподготвени за живот. Негувајќи го во себе она што е најдобро, Родителите го шират влијанието кое ќе го обликува општеството и идните генерации. {АД 172.3}

**Многу родители живеат во незнаење.** – Оние на кои им е до верена грижата за Божјата сопственост, која ја претставува душата и телото на децата, создадени според Неговото обличје, треба да подигнат ограда против сетилното попуштање во овој век,

кое кај илјадници го упропастува телесното и морално здравје. Кога би се открила вистинската причина за многу злосторства во ова време, би се констатирало дека за тоа е виновно незнаењето на татковците и мајките кои се рамнодушни кон ова прашање. Здравјето, па и самиот живот се жртвуваат на ова жално незнаење. Родители, ако на своите деца не им пружите воспитание за кое сте од Бога должни да го дадете со совет и пример, вие ќе му дадете одговор на Бога за сите последици. Тие нема да се задржат само на вашите деца. Ќе продолжат кај поколенијата. Како што трнот кој се остава во полето ќе го донесе својот вид на род, така и гревовите кои по текнуваат од вашата негрижа ќе ги упропастат сите што ќе дојдат под нивно влијание. {АД 172.4}

**Последици од неумереноста.** – Раскошниот живот и пиењето на вино доведуваат до расипување на крвта, ги распалуваат страстите и предизвикуваат заболувања од секој вид. Но, тука не е крај на злото. Родителите ги пренесуваат болестите на своите деца како сигурно наследство. И поправило секој неумерен човек што одгледува деца, ги пренесува на нив своите склоности и зли желби. Со својата расипана и загреана крв ги предава болестите на своите деца. Разузданоста, болеста и лесноумноста се пренесуваат како тажно наследство на чемер од татко на син, од колено на колено. Тоа е она што во светот создава страдање и маки и не е ништо друго туку повторување на човековиот пад... {АД 173.1}

Сепак, мажите и жените од нашата генерација не мислат на ништо, со својата неумереност во јадењето и пиењето како наследство на идните генерации оставаат болест, ослабен ум и расипан морал. {АД 173.2}

**Потребно е разбирање и трпение.** – Татковците и мајките можат да го проучуваат својот карактер на своите деца. Тие можат често да ги читаат понижувачките поуки кога ќе го видат своето не совршенство кое се повторило кај нивните синови и ќерки. Настојувајќи кај своите деца да ги задушат и коригираат наследените склоности кон злото, родителите треба да покажат двојно повеќе трпение, истрајност и љубов. {АД 173.3}

Кога во животот на детето ќе се забележат лошите особини кои ги наследило од своите родители, дали родителите ќе се кренат против ова повторување на своите сопствени недостатоци? Не! Родителите треба внимателно да се контролираат и да се чуваат од секоја непристојност и грубост, затоа што во спротивно овие недостатоци ќе ги препознаат кај своите деца. {АД 174.1}

Во своите постапки кон тврдоглавите малечки покажете ја Христовата смиреност и благост. Секогаш имајте на ум дека таа расипаност ја примиле како наследство од својот татко или мајка. И тогаш имајте сочувство кон децата кои ги наследиле вашите црти на карактерот. {АД 174.2}

Родителите мораат да имаат неограничена доверба во Христовата сила за да ги преобразат склоностите кон злото што тие ги пренеле на своите деца. {АД 174.3}

Татковци и мајки, имајте трпение! Често вашето невнимание од минатото ќе ви ја отежнува работата. Но, Бог ќе ви даде сила, ако верувате во Него. Постапувајте мудро и нежно со своите деца. {АД 174.4}

# Осми дел
# СРЕЌНО СЕМЕЈСТВО

## Дваесет и седмо поглавје

### СВЕТ КРУГ

**Светоста на семејниот круг.** – Околу секое семејство постои свет круг кој треба да се сочува. Никој нема право да го повреди овој свет круг. Сопругот и сопругата треба да бидат сè еден на друг. Жената не треба да има тајни за коишто нејзиниот маж не треба да знае, а другите да знаат; мажот исто така не треба да има тајни коишто ги крие од својата жена, а ги открива на другите. Срцето на неговата жена мора да биде гроб во кој се закопани сите маани на нејзиниот маж, а срцето на мажот исто така гроб којшто ги крие сите слабости на неговата жена. Никогаш едната страна не треба да прави шеги со чувствата на другата страна. Никогаш ниту на шега ниту на било кој друг начин мажот или жената не треба пред другите да се пожалат од својот брачен другар, затоа што таквата не разумна и навидум невина шега која често се повторува, може да заврши со несреќа и можеби отуѓување. Ми беше покажано дека околу секое семејство мора да постои света ограда. {АД 177.1}

Семејниот круг мора да се смета за свето место, претслика на небото, огледало во кое се гледа нашиот лик. Ние можеме да има- ме пријатели и познаници, но тие не треба да се мешаат во нашиот семеен живот. Во семејството мора да владее чувство на цврсто заедништво што ќе обезбеди атмосфера на мир, спокојство и доверба. {АД 177.2}

**Јазикот, ушите и очите мораат да бидат осветени.** – Членовите на семејниот круг треба да се молат на Бога да го освети нивниот јазик, нивните уши и нивните очи и секој дел од нивното тело. Кога ќе се соочат со злото, тоа не мора да ги надвладее. Христос овозможил карактерот да биде мирис на доброто... {АД 177.3}

Колкумина има кои го срамотат Христа и кои погрешно го претставуваат Неговиот карактер во семејниот круг! Колкумина има такви на кои им недостасува трпение, истрајност, простување и вистинска љубов! Мнозина нешто сакаат или не сакаат и сметаат дека имаат право да го искажат своето лошо расположение наместо да ја откријат Христовата волја, дела и карактер. Исусовиот живот е полн со добрина и љубов. Дали растеме во Неговата божествена природа? {АД 178.1}

**Единство, љубов и мир.** – Татковците и мајките свечено нека му ветат на Бога, како оние кои велат дека го слушаат и сакаат, дека со Негова милост, помеѓу нив никогаш нема да се појави несогласување туку дека со својот живот и природа ќе покажат дух кој сакаат да го имаат и нивните деца. {АД 178.2}

Родителите мораат да бидат внимателни и да не дозволат духот на несогласување да се вовлече во нивниот дом, затоа што тоа е едно од сатанските средства со кои може да влијае на карактерот. Ако родителите тежнеат кон единство во домот и дозволат на челата кои управувале со Христовиот живот, да се врежат во нивното срце, ќе исчезне

несогласувањето, а ќе завладее единството и љубовта. Тогаш родителите и децата ќе имаат дел од дарот на Светиот Дух. {АД 178.3}

Сопружниците треба да знаат дека имаат доволно товар за носење и затоа не е потребно со несогласување да го упропасту ваат својот живот. Оние кои дозволуваат да се појават мали несогласувања, го повикуваат сатаната во својот дом. Децата лесно го освојуваат духот на несогласување околу незначајните нешта. Лошите духови го изразуваат својот дел, наведувајќи ги родителите и децата да станат непослушни на Бога. {АД 178.4}

Иако во брак може да се појават тешкотии, сопружниците во своите срца треба да ја сочуваат Божјата љубов. Во мајката на своите деца, таткото треба да гледа суштество кое ја заслужува сета љубезност, нежност и сочувство. {АД 178.5}

**Тајната на семејното единство.** -Одвојувањето од Христа е причина за поделба и раздор во семејството и црквата. Приближете се еден кон друг. Тајната на вистинското единство во црквата и во семејството не се постигнува ниту со дипломатија, ниту со господарење, ниту со вложување на натчовечки напори за отстранување на тешкотиите - иако треба и тоа често да се направи - туку во заедница со Христа. {АД 179.1}

Замислете еден голем круг, од чии рабови одат прави кон средината. Колку тие прави повеќе се приближуваат, толку се поблиску една до друга. {АД 179.2}

Така е и во христијанскиот живот. Колку повеќе се приближуваме до Христа, толку ќе бидеме поблиски еден до друг. Бог се прославува, кога Неговиот народ се соединува во заедничка работа. {АД 179.3}

**Да си помогнеме еден на друг.** – Семејството е света општествена заедница во која секој член е подготвен да го исполни својот дел помагајќи им на другите. Работата во домаќинството треба да тече без застој, како што се движат различните делови на добро штелувана машина. {АД 179.4}

Секој член на семејството треба да сфати дека на него почива одговорност да ги извршува своите должности така што со тоа ќе придонесува за удобноста, редот и нормалниот живот на семејството. Никој не смее да работи против друг. Сите треба да се соединат во благородни напори и да се охрабруваат еден со друг, да покажат умереност, истрајност, трпение, да зборуваат тивко и мирно, избегнувајќи ја вознемиреноста; секој треба да направи колку што може повеќе за да ги олесни товарите на мајката... {АД 179.5}

Секој член на семејството треба добро да го знае својот дел од работата кој треба да го изврши во заедницата со другите. Сите, од шестгодишно дете, па нагоре, треба да знаат дека од нив се очекува да го носат својот дел од животниот товар. {АД 180.1}

**Една добра одлука.** – Во домот и на секое друго место морам да напредувам во милоста, која ќе им даде морална сила на сите мои постапки. Во домот морам да внимавам на својот дух, на своето однесување и на своите зборови. Морам да посветам многу време за стекнување на лична култура за да се вежбам и воспитувам во духот на добрите начела. Морам да бидам пример за другите. Морам дење и ноќе да размислувам за Божјата реч и да ја внесам во својот секојдневен живот. Мечот на Светиот Дух, Божјата реч, е единствениот меч кој можам безопасно да го употребам. {АД 180.2}

## ПРВОТО УЧИЛИШТЕ ЗА ДЕЦАТА

**Божјиот првобитен план за воспитување.** – Семејството било во центарот на системот на воспитание кој бил воспоставен во Едем. Адам бил „син Божји“ (Лука 3:38), и децата на Севишниот примале поуки од својот Татко. Нивното училиште било семејно училиште во вистинска смисла на зборот. {АД 181.1}

Во периодот на патријарсите воспитанието претежно се добивало во семејството. Во така основаните училишта Бог обезбедил најдобри услови за развој на карактерот. Луѓето кои Тој ги водел, сè уште живееле онака како што Тој одредил на почетокот. Оние кои се оддалечиле од Бога, си граделе градови за себе, во нив се собирале, уживале во сјајот, раскошот и порокот, коишто и денешните градови ги прават гордост и проклетство на светот. Но луѓето кои цврсто се држеле за Божјите начела на животот престојувале во полињата и на ридовите. Тие обработувале земја и чувале крупен и ситен добиток, и во тој слободен и независен живот, кој им давал можности за работа, проучување и размислување, учеле од Бога и ги поучувале своите деца за Неговите дела и патишта. Тоа е метод на воспитание кој Бог сакал да го воспостави во Израел. {АД 181.3}

Во секојдневниот живот семејството било и училиште и црква, а родителите биле учители како во световното така и во верското подрачје. {АД 182.1}

**Семејниот круг е училиште.** – Во Својата мудрост Господ одредил семејството да биде најголемата воспитна установа. Воспитанието на детето треба да започне во домот. Тоа е Неговото прво училиште. Тука тоа од родителите ќе добие поуки кои ќе го водат целиот живот - поуки за почитување, послушност, стравопочитување и самосовладување. Влијанието на семејното воспитание е сила којашто одлучува помеѓу доброто и злото. Тие во секој поглед делуваат тивко и постепено, но ако се позитивни, ја претставуваат далеку достижната сила којашто води кон вистината и правдата. Ако детето во домот правилно не се воспита, сатаната ќе го воспита преку своите орудија. Тогаш од колкава важност е училиштето во домот! {АД 182.2}

Гледајте на семејниот круг како на училиште во кое ги подготвувате своите деца за извршување на должноста во домот, во општеството и во црквата. {АД 182.3}

**Воспитанието во домот е од вистинска важност.** – Тажен е фактот кој речиси сите го признаваат и го осудуваат, дека воспитанието на младите во домот денес целосно е запоставено. {АД 182.4}

Нема поважна работа од онаа која е доверена на основачите и чуварите на домот. Ниту една работа, која е доверена на луѓето, не остава поголеми или подолготрајни последици од работата на татковците и мајките. {АД 182.5}

Иднината на општеството денес ја одредуваат младите и децата, а што ќе бидат тие, зависи од домот. Недостатокот на правилно домашно воспитание може во најголема мера да се земе како причина за болести, сиромаштија и злосторство кои се вистинска несреќа за човештвото. Кога животот во домот би бил чист и чесен и кога децата, кои излегле од домот би биле подготвени да ги прифатат одговорностите и опасностите во животот, до какви промени би дошло во светот! {АД 182.6}

**Сето останато на второ место.** – Секое дете кое дошло на свет е сопственост на Исуса Христа и тоа треба да се воспита со зборови и пример да го сака и слуша Бога. Меѓутоа, најголем број од родителите го запоставиле делото кое им го доверил Бог и изостанало воспитанието и подготовката на децата да го познаваат и са каат Исуса Христа, почнувајќи од првите денови на развојот на детскиот ум. Со сериозен труд родителите треба да го следат и воочат почетокот на отворањето на детскиот ум; во животот и домот сè останато нека биде на второ место, освен позитивните должности коишто им се доверени од Бога - да ги воспитуваат своите деца во Господовата наука и со совет. {АД 183.1}

Родителите не треба да дозволат со нив да управуваат деловните грижи, светските обичаи и начела, како и модата и заради тоа да ги запоставаат своите деца во раното детство и да не им дадат соодветно воспитание во текот на нивниот развој. {АД 183.2}

Една од најсилните причини што денес во светот постои толку зло е тоа што родителите се презафатени со она што е помалку значајно, а го запоставиле она што е најважно - како да се прилагодат на задачата и трпеливо и љубезно да ги поучуваат своите деца кон Господовите патишта. Кога би можеле да ја отстраниме завесата, би виделе како многу, многу деца кои тргнале на погрешен пат, поради ова невнимание се изгубени за позитивното влијание. Родители, зар можете да дозволите тоа да се случи во Вашиот живот? Никаква друга работа не би смеела да ви биде толку важна за да ве спречи на своите деца да не им го посветите сето потребно време, за да можете да им помогнете да сфатат што значи целосно да се слуша и да се верува во Господа... {АД 183.3}

Што ќе пожнеете како награда за својот напор? Ќе ги најдете своите деца покрај себе, подготвени да соработуваат со вас во она што им го советувате. И тогаш ќе констатирате дека својата работа можете лесно да ја извршите. {АД 184.1}

**Божјите наставници во семејното училиште.** – Родителите треба себе си да се сметаат како Божје орудие за воспитување на своите деца, како што тоа бил Авраам, да се држат до Господовите патишта. Тие треба грижливо да го истражуваат Светото писмо, да знаат што е Господов пат, за да можат да му го откријат на својот дом. Пророкот Михеј напишал: „Што сака Господ од тебе освен да го правиш она што е добро, да ја сакаш милоста и да одиш смирено со својот Бог“. (Михеј 6:8) За да бидат вистински учители, Родителите мораат да бидат ученици, кои постојано примаат светлина од Божјата реч, а таа скапоцена светлина со пример и зборови внесува воспитание кај нивните деца. {АД 184.2}

Според светлината којашто ми ја даде Бог, знам дека сопругот и сопругата во својот дом треба да бидат проповедник, доктор, болничар и учител, кој ги врзува своите деца за себе и за Бога, учејќи ги да ја избегнуваат секоја навика која на било кој начин би била против Божјото дејствување во телото, учејќи ги да се грижат за се кое Негово дело. {АД 184.3}

Мајката мора да го стави на прво место воспитувањето на своите деца. Додека на таткото почиваат тешки и важни должности, мајката со своето постојано дружење со децата, особено додека се мали, секогаш мора да биде нивен близок учител и пријател. Таа треба да вложи голем труд кај своите деца да ја развие смислата за чистота и уредност и да им помогне да ги обликуваат правилните навики и вкус; таа треба да ги развива во нив внимателноста, самодовербата и подготвеноста да помогнат на другите,

да живеат, дејствуваат и работат, свесни дека секогаш се наоѓаат пред Божјите очи. {АД 184.4}

Постарите сестри можат силно да влијаат на помладите членови на семејството. Помладите, поттикнати од примерот на по старите, повеќе би ги прифатиле начелата откриени со жив пример отколку со често повторување на правилата. Најстарата ќерка треба да го смета за христијанска должност помагањето на мајката во носењето на нејзините многу тешки товари. {АД 185.1}

Родителите треба голем дел од своето време да го поминат во домот. Со поуки и пример нека ги учат своите деца да го сакаат Бога и да живеат во Господов страв. Учете ги да бидат разумни, друштвени, сочувствителни; да негуваат навика на грижливост, штедливост и самоодрекување. Покажувајќи им на децата љубов во својот дом, сочувство и охрабрување, родителите можат да им пружат сигурна заштита од многу световни искушенија. {АД 185.2}

**Подготовка за црковното училиште.** – Нашите момчиња и девојчиња треба во училиштето во домот да се подготват за училиштето во црквата. Како учители во домот, родителите треба постојано да размислуваат и сите сили на своето битие да ги по светат на Бога, затоа што така ќе ја исполнат својата возвишена и света задача. Грижливото и доследно поучување во домот е нај- добрата подготовка со којашто децата може да се подготват за училиштето во животот. {АД 185.3}

**Божјото упатство на прво место.** – Имаме библиски начела според кои треба да се управуваат сите, и родителите и децата, возвишено и свето мерило од кое нема отстапување. Божјите упатства мораат да бидат на прво место. Таткото и мајката во семејството нека ја отворат Божјата реч пред Оној кој ги испитува срцата и искрено да се запрашаат: „Што вели Господ“?{АД 185.4}

Учете ги своите деца да ја сакаат вистината затоа што е вистина. Така тие треба да бидат осветени со вистината и оспособени да му пристапат на големиот испит, на кој набрзо ќе се види дали се подготвени да влезат во возвишеното дело и да станат членови на царското семејство, деца на небесниот Цар. {АД 186.1}

**Подготовка за претстојните случувања.** – Сатаната ја собира својата војска. Дали сме лично подготвени за страшната борба која што е непосредно пред нас? Дали ги подготвуваме своите деца за големата криза? Дали се подготвуваме себеси и своите домашни да ја сфатат положбата на нашиот духовен непријател и начинот на неговото војување? Дали нашите деца изградуваат навики на одлуки да останат цврсти и непоколебливи во секое начело и должност? Го молам Бога да ни помогне сите да ги разбереме знаците на времето и себе си и своите деца да ги подготвиме така што во времето на борба Бог може да биде наша заштита и одбрана. {АД 186.2}

## Дваесет и деветто поглавје

## РАБОТА КОЈА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСЕ НА ДРУГ

**Одговорности кои само родителите можат да ги исполнат.** – Родители, вие носите одговорности кои никој друг не може да ги носи наместо вас. Сè додека сте живи, вие

пред Бога сте одговорни да се држите до Неговиот пат... Родителите на кои Божјата реч им е водач, кои се свесни дека нивните деца во изградбата на својот карактер се зависни само од нив, ќе се потрудат да дадат пример кој нивните деца ќе можат во целост да го следат. {АД 187.1}

Татковците и мајките се одговорни за здравјето, личната природа и развојот на карактерот на своите деца. На никој друг не треба да се довери оваа работа. Кога ќе станете родители, должни сте да соработувате со Бога, воспитувајќи ги во согласност со здравите начела. {АД 187.2}

Колку е тажно што многу родители ја запоставуваат одговорноста која Бог им ја дал за децата и ја препуштаат да ја завршат туѓинци! Таквите се подготвени да им ја препуштат на другите работата околу своите деца и да се ослободат себеси од сите такви товари. {АД 187.3}

Мнозина кои сега ја оплакуваат расипаноста на своите деца, треба да се обвинуваат самите себе. Таквите нека ја отворат својата Библија и нека видат што очекува Бог од нив како родители и чувари. Нека ги прифатат своите долго запоставувани должности. Ним им е потребно да се понизат и покајат пред Бога што ги запоставиле Неговите упатства за воспитување на своите деца. Тие мораат да го остават својот досегашен пат и одлучно и внимателно да ја следат Библијата како свој водач и советник. {АД 187.4}

**Црквата сама не може да ја преземе оваа должност.** – О, кога младината и децата би го дале своето срце на Христа! Од нив би станала голема војска, која би ги довела другите кон правдата! Но родителите не смеат оваа работа да ја препуштат само на црквата. {АД 188.1}

**Не е одговорен само проповедникот.** – Префрлате на проповедникот огромни одговорности и го сметате за одговорен за душите на своите деца, а не ја чувствувате својата лична одговорност како родители и воспитувачи... Вашите синови и ќерки се расипуваат со вашиот пример и несигурните начела. И сега, покрај овој недостаток на домашно воспитание, очекувате проповедникот да ги предвиди вашите секојдневни пропусти и да создаде чудесен успех во облагородувањето на срцата и животот со праведност и побожност. Кога проповедникот направил сè што можел за црквата, со верни и срдечни советувања, трпеливи проучувања и страсна молитва да ги врати и спаси душите, а не успеал во тоа, татковците и мајките често го обвинуваат затоа што нивните деца не се обратени, иако можеби причина за тоа е нивното невнимание. Товарот почива на родителите. Дали тие ќе ја прифатат работата која Бог им ја доверил и верно ќе ја извршат? Дали тие ќе појдат напред и нагоре, трудејќи се понизно, трпеливо и истрајно самите да ја постигнат возвишената цел и да ги подигнат своите деца со себе? {АД 188.2}

Зар има малку родители коишто своите одговорности ги препуштаат на другите? Зар се малку оние кои мислат дека проповедникот треба да го преземе овој товар и да настојува нивните деца да се обратат и да го примат Божјиот печат на своите чела? {АД 188.3}

**Ниту саботна школа.** – Предноста на секој родител е да им помогне на своите деца да го стекнат она знаење коешто подоцна ќе го понесат со себе во животот. Меѓутоа, од различни причини многу родители не сакаат децата да им примаат верски поуки. Тие се задоволни што нивните деца на саботните богослуженија примаат поуки за своите

одговорности кон Бога, кои тие биле должни да им ги дадат. Таквите родители треба да знаат дека Бог од нив очекува да ги воспитаат, поучат и образуваат своите деца, укажувајќи им дека е потребно да го обликуваат карактерот за сегашниот и иден живот. {АД 188.4}

Не очекувајте од учителот во саботното училиште да ја извршува вашата работа во поучувањето на децата да појдат по патот по кој треба да одат. Саботните богослужби се голем благослов; тие можат да ви помогнат во работата, но вас никогаш не можат да ве заменат. Бог на сите родители им предал одговорност да ги доведат своите деца кај Исуса, учејќи ги како да се молат и да веруваат во Божјата реч. {АД 189.1}

Во воспитувањето на своите деца, не ги оставајте на страна го лемите и библиски вистини со верба дека саботното училиште и проповедникот ќе ја завршат вашата запоставена работа. Библијата не е толку света и возвишена за да не смее секојдневно да се отвора и грижливо да се проучува. Вистината на Божјата реч мора да влезе во секој животен момент. Ако тие вистини се ценат, тие ќе го просветлат секојдневниот живот, потврдувајќи ја вредноста од послушноста и откривајќи ги начелата за обликување на вистинскиот карактер. {АД 189.2}

## Триесетто поглавје

## СЕМЕЈНА ПОВРЗАНОСТ

**Родителите треба добро да се запознаат со своите деца.** – Некои родители не ги сфаќаат своите деца ниту вистински ги познаваат. Често се појавува голема разлика помеѓу родителите и децата. Кога родителите би се труделе подобро да ги разберат чувствата на своите деца и да ја придобијат нивната доверба, би можеле благотворно да делуваат на нив. {АД 190.1}

Таткото и мајката треба да соработуваат во целосна согласност. Тие се должни да станат пријатели на своите деца. {АД 190.2}

Родителите треба да го пронајдат најдобриот и најуспешен на чин за да ја придобијат љубовта и довербата на своите деца, за да можат да ги водат на прав пат. Тие со зраците на љубовта треба да ги осветлат сите членови на домот. {АД 190.3}

**Охрабрување и пофалба.** – Децата сакаат друштво и ретко сакаат да бидат сами. Тие копнеат за сочувство и нежност. Она што го сакаат сметаат дека го сака и мама, и природно е на неа да ѝ се обраќаат со своите мали радости и таги. Мајката не смее да го ранува нивното чувствително срце со својата рамнодушност кон, за неа безначајни работи, кои за нив се од големо значење. Нејзиното соучество и одобрување се скапоцени за децата. Само еден по глед на одобрување, збор на охрабрување или пофалба, ќе биде како сонце за нивното срце, што често ќе им го исполни денот со среќа. {АД 190.4}

**Родителите и детската доверба.** – Родителите треба да ги охрабрат своите деца да им се доверуваат само на нив, да им ги кажат своите маки, своите секојдневни неприлики и тешкотии. {АД 190.5}

Љубезно поучувајте ги и носете ги во своето срце. Ова е критично време за вашите деца. На вашите деца ќе дејствуваат влијанија кои може да ги одвојат од вас, но вие

треба да им се спротивставите. Научете ги да ви се доверуваат. Нека ви ги шепнат на уво своите неволји и радости. {АД 191.1}

Децата би се спасиле од многу зла, кога повеќе би биле врзани за своите родители. Родителите треба да ги охрабрат своите деца да бидат отворени и искрени кон нив, да дојдат кај нив со своите тешкотии, и кога се во двоумење кој правец е исправен, да им ги изнесат своите гледишта и проблеми и да побараат совет. Кој по добро ќе ги согледа и ќе им укаже на опасноста ако не побожните родители? Кој може така да ја разбере специфичната природа на своите деца ако не тие? Мајката која од детството го следи душевниот развој на своето дете и најдобро ги познава неговите природни склоности, е најподготвена да го советува своето дете. Кој може подобро од мајката со таткова помош да каже кои карактерни црти треба да се коригираат? {АД 191.2}

**„Немам време“.** – „Немам време“ вели таткото, „немам време да ги воспитам своите деца, да им правам друштво и да ги развеселам“! - Тогаш не си смеел да ги прифатиш родителските должности! Кога не им подаруваш време, кое со право им припаѓа, ти им го ускратуваш воспитанието кое им го должиш. ако имаш деца, треба да ја извршиш работата во заедница со мајката, изградувајќи го нивниот карактер. {АД 191.3}

Многу мајки извикуваат: „Немам време да бидам со своите деца“. Тогаш, поради Христа потроши помалку време на своите фустани. И ако сакаш, троши помалку време на својот надворешен изглед. Не примај и не оди на гости. Немој да подготвуваш многу различни јадења. Но никогаш, ама баш никогаш немој да ги запоставиш своите деца! Што бара каколот со пченицата? Не дозволувајте ништо да се појави помеѓу тебе и најдобрите интереси за твоите деца. {АД 191.4}

Оптоварени со многу грижи, мајките понекогаш сметаат дека не маат време трпеливо да ги поучуваат своите малечки и да им по дарат љубов и разбирање. Тогаш мајките треба да знаат: ако децата кај своите родители и во својот дом не го најдат она што ги задоволува нивните желби за пријателство и разбирање, тие ќе го побараат тоа на некое друго место, кое може да биде опасно за нивното срце и карактер. {АД 192.1}

**Со своите деца во работа и во игра.** – Подарете малку од своето слободно време на своите деца: соработувајте со нив во нивната работа и разонода и така стекнете ја нивната доверба. При- добијте го нивното пријателство. {АД 192.2}

Родителите нека ги посветат своите вечерни часови на семејството. Оставете ги своите грижи и неволји заедно со своите секојдневни обврски. {АД 192.3}

**Совет за недостапните родители.** – И родителите и учителите се во опасност премногу да им наредуваат на децата, а да не се трудат со своите деца или ученици да воспостават пријателство. Тие често се држат премногу резервирано, а својата надмоќност ја покажуваат многу студено и нељубезно и затоа не можат да ги придобијат срцата на своите деца и ученици. Но кога би ги собрале децата околу себе и би им покажале дека ги сакаат, кога би се интересирале за она што го сакаат децата, па дури и нивните игри, кога понекогаш помеѓу децата би биле и самите како деца, тогаш би ја придобиле нивната љубов и доверба и децата би се чувствувале многу среќни со нив. Децата побрзо би научиле да ги почитуваат и сакаат своите родители и учители. {АД 192.4}

**Лошото друштво како натпреварувач со семејството.** – Сатаната и неговата војска прават најголеми напори за да завладеат со детскиот ум, поради тоа со нив треба да се постапува отворено, со христијанска нежност и љубов. На овој начин ќе имате силно влијание на нив и тие ќе почувствуваат дека можат да имаат неограничена доверба во вас. Вашите деца треба да доживеат убавина во заедничкиот живот во домот. Ако го постигнете тоа, тие нема толку да сакаат надвор од домот да бараат друштво на млади... Поради злото кое денес владее во светот и поради ограничувањата кои мораат да се стават пред децата, родителите треба двојно да се грижат да ги врзат за своето срце, а тие да согледаат дека нивните родители сакаат да ги усреќат. {АД 193.1}

**Родителите треба да се запознаат со своите деца.** – Не смееме да дозволиме помеѓу родителите и децата да се постави ограда на студенило и воздржаност. Родителите нека се запознаат со своите деца, настојувајќи да го запознаат нивниот вкус и расположение, да ги откријат нивните чувства и да дознаат што им е во срцето. {АД 193.2}

Родители, вашите деца нека видат дека ги сакате и дека сте го тови да направите сè за да бидат среќни. Ако така правите, вашите неопходни ограничувања многу поповолно ќе влијаат на нивниот млад ум. Управувајте со своите деца со нежност и со сочувство, знаејќи „дека нивните ангели на небесата исто така го гледаат лицето на Мојот Татко небесен“... Ако сакате ангелите да го направат за вашите деца она што им го доверил Бог, соработувајте со нив, исполнувајќи го својот дел. {АД 193.3}

Подигнете ги со мудро и љубезно влијание на вистинскиот дом, децата нема да имаат никаква желба да отидат, во потрага по за доволство и друштво. Злото нема да ги привлече. Духот кој преовладува во домот ќе го обликува нивниот карактер; тие ќе изградат навики и начела кои ќе бидат силна одбрана против искушенијата кои ќе дојдат кога ќе го напуштат заштитниот дом и ќе го побараат своето место во животот. {АД 193.4}

## Триесет и прво поглавје

## СИГУРНОСТ ВО ЉУБОВТА

**Моќта на љубовта.** – Делата на љубовта имаат чудесна моќ, затоа што се Божји. Кога би ја сфатиле поуката дека „благиот од говор го уништува гневот“ дека „љубовта е долготрпелива и слатка“, дека „добрината покрива многу гревови“ - каква исцелителна сила би добил нашиот живот! Колку животот би бил преобратен, а Земјата би станала слична на небото, што уште сега би се видело и почувствувало! {АД 195.1}

Овие скапоцени поуки можат толку едноставно да се искажат, што ќе можат да ги разберат дури и малите деца. Детското срце е нежно и на него може лесно да се влијае; и кога ние, кои сме по стари, ќе станеме како „мали деца“; кога ќе се научиме на едноставноста, благоста и нежната љубов на Спасителот, нема да ни биде тешко да се приближиме до срцата на малечките и да ги на учиме на исцелителната служба на љубовта. {АД 195.2}

Во очите на овој свет парите се моќ; а од христијанско гледиште љубовта е моќ. Интелектуалната и духовна сила потекнува од ова начело. Чистата љубов има моќ да прави добро и ништо друго освен добро. Таа го спречува несогласувањето и неволјата

и ни носи најголема среќа. Богатството често расипува и уништува, силата ранува, но вистината и добрината се обележје на чистата љубов. {АД 195.3}

**Љубовта е била којашто треба да се негува.** – Домот треба да биде центар на најчистите и највозвишени чувства. Мирот, согласувањето, љубовта и среќата треба секој ден истрајно да се негуваат, додека овие вредности не ги заземат срцата на членовите на семејството. Билката на љубовта треба грижливо да се негува, инаку ќе овене. Ако сакаме да живее во нашето срце, секое добро начело треба да се негува. Она што сатаната го сади во срцето, мора да се искорне: завист, љубомора, сомнеж, клеветење, нетрпеливост, предрасуди, себичност, алчност и разгаленост. Ако дозволиме ова зло да остане во душата, тоа ќе донесе род којшто ќе расипе мнозина. Колкумина се оние кои ги негуваат овие отровни билки, кои ги уништуваат скапоцените плодови на љубовта и ја валкаат душата! {АД 195.4}

**Сетете се на своето детство.** – Не постапувајте со своите деца секогаш строго; не заборавајте да се сетите на своето детство и не заборавајте дека тие се само деца. Не очекувајте да бидат совршени и не барајте од нив одеднаш да се однесуваат како возрасни. Ако така постапувате, ќе го затворите пристапот кој би можеле да го имате и ќе ги натерате да ја отворат вратата на штетните влијанија, така што другите можат да го затрујат нивниот млад ум пред да забележите во каква опасност се... {АД 196.1}

Родителите не би требало да заборават на своето детство, колку копнееле за љубов и нежност и колку се чувствувале несреќни, кога биле казнувани и злобно укорени. Тие би требало повторно да се чувствуваат млади, а својот ум да го прилагодат на сфаќањата на своите деца. {АД 196.2}

Нежните и охрабрувачки зборови им се потребни на децата. Колку лесно мајките можат да ги изговорат зборовите на нежност и љубов кои како сончев зрак ќе го осветлат срцето на малечките и ќе направат да заборават на своите тешкотии. {АД 196.3}

Родители, пружете им љубов на своите деца: љубов додека се малечки, љубов во раното детство и љубов во младоста. Не им се муртете, а на вашето лице секогаш нека блеска расположението. {АД 196.4}

**Чувајте ги децата во сончева атмосфера.** - Кога ќе западнат во проблеми, малечките треба внимателно да се смират. Во времето додека децата се мали, па до полнолетството обично не им се посветува доволно внимание. Затоа на децата им се потребни мајки кои ќе ги водат така што ќе се чувствуваат дел од семејството. Мајката треба да разговара со своите деца за нивните надежи и нивните проблеми. Родителите треба да имаат на ум дека за своите деца мораат да се грижат повеќе отколку за гостите. Чувајте ги во атмосфера исполнета со сонце под мајчиното око. {АД 197.1}

Помогнете им на своите деца да бидат победници... Опкружете ги во атмосфера на љубов. Така најлесно ќе ја покорите нивната нескротлива природа. {АД 197.2}

**Кога на децата повеќе им е потребна љубовта отколку храната.** – Многу мајки срамно ги запоставуваат своите деца за да можат да добијат време за украсување на облеката или за на облеките на своите деца да сошијат непотребни украси. Меѓутоа, кога децата се уморни и кога навистина им е потребна нега, родителите ги запоставуваат или им даваат нешто да јадат. Таа храна не само што е непотребна туку е и штетна. Наместо тоа, на децата им е потребна мајчината смирувачка прегратка. Секоја мајка

треба на своите деца да им ги пружи тие мали нежности кои и на малите и на постарите деца им се потребни. На овој начин мајката ќе го поврзе детското срце и среќа со својата. Таа е за нив она што Бог е за нас. {АД 197.3}

**Оправданите детски желби треба да се задоволат.** – Секогаш покажи им на своите деца дека ги сакаш, дека постапуваш во нивен интерес, дека нивната среќа ти е приоритет и дека секогаш го правиш само она што е за нивно добро. Исполни ги нивните мали желби кога се разумни. {АД 197.4}

Во воспитувањето на децата никогаш немојте да постапувате според моменталните чувства. Авторитетот и љубовта треба да се соединат. Чувајте и негувајте го она што е убаво и добро и кога ќе им го откриете Христа, предизвикајте ја желбата во нив за повозвишено добро. Не им го дозволувајте она што е штетно за нив, по кажете им дека ги сакате и сакате да бидат среќни. Колку се понемирни, толку поголем труд морате да вложите за да им ја откриете својата љубов. Кога детето ќе види дека сакате да биде среќно, љубовта ќе ја сруши секоја ограда. Ова е начело на Спасителовото однесување со човекот. Тоа е начело кое мора да се внесе во животот на црквата. {АД 198.1}

**Љубовта треба да се изрази.** – Во многу семејства постои го лем недостаток од изразување на меѓусебна љубов. Иако претерана чувствителност не е потребна, сепак е потребно љубовта и нежноста да се искажуваат на убав, чист и достоинствен начин. За жал, многумина негуваат тврдо срце, а со зборовите и постапките ја откриваат сатанската страна на својот карактер. Помеѓу мажот и жената, родителите и децата, браќата и сестрите, секогаш треба да се негува нежна љубов. Не изговарајте остар збор и чувајте се од недостаток на љубов. Должност на секој член на семејството е да биде пријатен, изговарајќи љубезни зборови. {АД 198.2}

Негувајте љубезна нежност, чувствителност и љубов, која треба да се види во малите љубезности, во говорот, во грижливото внимание. {АД 198.3}

Најдобар начин на воспитување на децата за да ги почитуваат таткото и мајката е можноста да видат како таткото љубезно поста пува со мајката, а мајката му укажува љубов и почит на таткото. Набљудувајќи ја љубовта помеѓу родителите, децата можат да се наведат да ја послушаат петтата заповед и да го прифатат советот: „Деца, слушајте ги своите родители како Господа, затоа што тоа е добро“. {АД 198.4}

**Исусовата љубов треба да се види на родителите.** – Кога мајката стекнала доверба кај своите деца и ги научила да ја сакаат и да ја слушаат, таа им ја дала првата поука од христијанскиот живот. Тие треба да Го сакаат својот Спасител, да имаат доверба во Него и да Го слушаат, како што ги сакаат, имаат доверба и ги слушаат своите родители. Љубовта која родителите ја покажуваат на детето грижејќи се за него и воспитувајќи го, може само донекаде да ја открие Исусовата љубов кон Неговиот верен народ. {АД 199.1}

## Триесет и второ поглавје

## ЗАЗЕМИ ЈА ГРАДИНАТА НА СРЦЕТО

**Родителите како градинари.** – Господ на родителите им доверил свечено и свето дело. Тие треба внимателно да го обработуваат тлото на срцето. На тој начин стануваат Божји соработници. Тој очекува од нив внимателно да ја чуваат и обработуваат градината на срцето на своите деца. Тие треба да сеат добро семе и да го исплеват лошиот плевел. Од таа градина треба да се отстрани секоја слабост на карактерот, секоја грешка во природата, затоа што ако тоа остане, ќе ја уништи убавината на карактерот. {АД 200.1}

Родители, вашиот дом е првата нива во која сте повикани да работите. Скапоцените билки во градината на вашиот дом имаат потреба од вашата најголема грижа. Должни сте да ги чувате душите како оние што ќе дадат одговор. Размислете добро за својата работа, за нејзината природа и за последиците. {АД 200.2}

Пред самата врата на својот дом имате парче земја кое треба да го обработувате, а Бог ќе ве смета за одговорни за делото кое ви го предал. {АД 200.3}

**Обработување на градината.** – Во светот преовладува мислењето дека на децата треба да им се дозволи да ги следат природните желби на својот ум. Иако децата во почетокот се многу недисциплинирани, родителите тврдат дека тие подоцна ќе се сменат и дека кога ќе имаат шеснаесет или осумнаесет години, ќе станат по разумни, ќе ги остават лошите навики и на крајот ќе станат полезни мажи и жени. Каква заблуда! На овој начин, тие му дозволуваат на непријателот со години да сее плевел во детските срца. Така се развиваат лошите склоности, кои во поголем број од случаите, покрај сите напори, подоцна е невозможно да се отстранат... {АД 200.4}

Некои родители им дозволиле на своите деца да создадат лоши навики од коишто не можат да се ослободат во текот на целиот живот. Тоа е грев на родителите. Нивните деца можат да се сметаат за христијани, но ако не го доживеат значајното дело на милоста во срцето и вистинската реформа во животот, нивните навики секогаш ќе се забележуваат и ќе се открива карактер каков што Родителите им дозволиле да изградат. {АД 201.1}

На младите не треба да им се дозволи да научат да прават добро или зло без правење разлика, мислејќи дека некаде во иднината доброто ќе преовлада, а злото ќе го изгуби своето влијание. Напротив, злото ќе се развива побргу од доброто. Возможно е по многу години злото што го прифатиле да биде искоренето, но кој смее да ризикува? Времето е кратко. Многу сме посигурни кога сееме чисто и добро семе во срцата на нашите деца, отколку подоцна да плевиме плевел. Впечатоците кои се создадени во разумот на младите тешко може да се избришат. Колку е тогаш важно тие впечатоци да бидат исправни и способноста на младите да се насочи во добар правец. {АД 201.2}

**Сеењето на семе и корнењето на плевелот.** – Во првите го дини од животот на детето, тлото на срцето треба внимателно да се подготви за дождовите на Божјата милост. Потоа треба внимателно да се сее и грижливо да се негува семето на вистината. А Бог, кој го наградува секој труд направен во Негово име, ќе го оживее посеаното семе и најпрво ќе се јави трева, потоа клас и потоа ќе се исполни со пченица во класот. {АД 201.3}

Многу често поради страшната незаинтересираност на Родителите, сатаната го сее своето семе во детските срца, по што доаѓа жетвата на срамот и очајот. На светот денес му недостасува вистинската добрина затоа што родителите пропуштиле да ги привржат своите деца за себе. Тие не ги задржале од дружењето со не внимателните и

безобѕирните. Поради тоа децата тргнале во светот да го сеат семето на смртта. {АД 201.4}

Најважната работа е давање на упатства и искорнување на не потребниот и отровен плевел. Ако плевелот се остави да расте, тој ќе ги задуши скапоцените билки на моралните начела и вистината. {АД 202.1}

Ако полето остане необработено, набрзо се појавува штетниот плевел, кој тешко се корне. Затоа земјата мора да се изора и плевелот да се искорне пред да се посее добро семе. Пред да изникне доброто семе тоа мора внимателно да се посее. Ако мајките го за поставуваат сеењето на скапоценото семе, а очекуваат да го ожнеат скапоценото зрно, тие ќе се разочараат, затоа што ќе пожнеат чичок и трње. Сатаната будно внимава, подготвен да посее семе, кое ќе никне и ќе донесе обилен род сличен на неговиот сатански карактер. {АД 202.2}

Нашите деца мораат да бидат опкружени со постојана будност. Штом се родат, сатаната со многуте свои замки почнува да дејствува на нивната природа и волја. Нивната сигурност зависи од мудроста и неуморната грижа на родителите. Родителите мораат да се борат во Божји страв да ја заземат градината на срцето, сеејќи добро семе на вистинскиот Дух, на добри навики, љубовта и стравот Божји. {АД 202.3}

**Откријте ја природната убавина.** – Родителите и учителите треба најсериозно да бараат мудрост којашто Исус е подготвен да ја даде; затоа што тие се занимаваат со човечкиот ум во најинтересниот и најчувствителен период од неговиот развој. Нивна цел треба да биде да ги негуваат склоностите на младите, така што тие во секој период од својот живот ќе ја задржат природната убавина која одговара на тој период, развивајќи се постепено како што се развиваат билките и цвеќињата во градината. {АД 202.4}

## Триесет и трето поглавје

## ВЕТУВАЊЕ ЗА БОЖЕСТВЕНО ВОДСТВО

**Скапоцено сознание за божествениот пријател.** – Вашиот милостив Избавител гледа на вас со љубов и сочувство, подготвен да ве слушне кога се молите и да ви прати помош која ви е потребна. Тој знае за грижите во срцето на секоја мајка и во секоја тешкотија, Тој е нејзиниот најдобар пријател. Неговите вечни раце се подготвени да ја поддржат побожната и верна мајка. Додека бил на Земјата, Тој имал мајка којашто се борела со сиромаштијата, со многу грижи и тешкотии и Тој сочувствува со секоја христијанска мајка во нејзините грижи и тешкотии. Тој Спасител кој тргнал на долг пат да го ослободи загриженото срце на мајката, чија ќерка била опседната со нечист дух, ќе ги слушне молитвите на секоја мајка и ќе ги благослови нејзините деца. {АД 204.1}

Оној кој на вдовицата ѝ го вратил единствениот син кого го носеле да го погребат и денес со многу сочувство приоѓа на ожалостената мајка. Оној кој ронел солзи на сочувство на Лазаровиот гроб и на Марта и Марија им го вратил нивниот погребан брат, кој ѝ простил на Марија Магдалена, кој се сетил на својата мајка до дека во маки висел на крстот, кој им се јавил на ожалостените жени и ги пратил да ја објават радосната вести за воскреснатиот Спасител - Тој и денес е најдобар пријател на жената, подготвен да ѝ помогне во сите животни околности. {АД 204.2}

Ниту една работа не може да се спореди со работата на христијанската мајка. Таа ја прифаќа својата работа свесна што значи да ги подигне своите деца во Господовата науката. Колку пати таа ќе почувствува дека тежината на нејзиниот товар е поголем од нејзината сила, а тогаш колку е скапоцена предноста во целост во молитва да се предаде на сочувствителниот Спасител! Таа може да го стави својот товар покрај Неговите нозе и во Негово присуство да најде сила која ќе ја одржи и ќе ѝ даде радост, надеж, храброст и мудрост во најтешките моменти. За мајката која е притисната со грижа колку е мило сознанието дека постои таков пријател во сите нејзини тешкотии! Кога мајките почесто би оделе кај Христа и би имале повеќе доверба во Него, нивните товари би биле полесни и тие би нашле мир за својата душа. {АД 204.3}

**Бог ги слуша вашите молитви.** – Вие нема да можете да ги од гледате своите деца без божествена помош, затоа што ослабената Адамова природа секогаш тежнее да загосподари. Срцето мора да биде подготвено да ги прифати начелата на вистината, за да може да се вкорени во душата и да се црпи потребната храна за животот. {АД 205.1}

Родителите треба да знаат дека ако се држат до Божјите упатства за воспитувањето на децата, ќе примаат помош одозгора. Тие ќе имаат полза од тоа затоа што, поучувајќи ги другите, самите ќе учат. Нивните деца ќе постигнат победа со сознанието кое го стекнале држејќи се до Божјиот пат. Тие се охрабрени да ги победат природните и наследените склоности кон злото. {АД 205.2}

Родители, дали неуморно работите за доброто на своите деца? Небесниот Бог ја гледа вашата загриженост, вашите искрени настојувања, вашето непрестано бдеење. Тој ги слуша вашите молитви. Со трпение и нежност одгледувајте ги своите деца за Господа. Целото небо е заинтересирано за вашата работа... Бог ќе се соедини со вас, крунисувајќи ги вашите напори со успех. {АД 205.3}

Кога ќе се трудите јасно да ја изнесете вистината за спасението и кога ќе ги водите своите деца кон Христа како нивен личен Спасител, ангелите ќе бидат со вас, Бог ќе им даде на родителите ми лост и ќе умеат кај своите деца да ги разбудат интересирањата за прекрасната историја за витлеемското Дете, кое е единствена надеж на светот. {АД 205.4}

**Барајте и ќе добиете.** – Во својата толку важна работа Родителите мора да ја бараат божествената помош и ќе ја добијат. Дури и ако карактерот, навиките и начинот на живот на родителите биле од поинаква природа, ако поуките кои ги примиле во детството и младоста ги довеле до несакан развој на карактерот, тие не треба да очајуваат. Божјата сила која преобразува може да ги промени наследените и стекнати склоности, затоа што Христовата религија има моќ да го подигне човекот. „Наново роден“ значи преобратен, новороден во Исуса Христа. {АД 206.1}

Да ги поучуваме своите деца во науката на Словото. Ако го по викате Господа на помош, Тој ќе ви одговори. Тој ќе рече: Тука сум, што сакате да направам? Небото е поврзано со Земјата така што секоја душа би можела да биде оспособена за извршување на својата задача. Господ ги сака овие деца. Тој сака да ги воспитате така што ќе станат свесни за својата возвишена положба. {АД 206.2}

**Светиот Дух ќе ве води.** – Мајката треба да чувствува потреба за водство од Светиот Дух, за да може самата да стекне искуство во покорувањето на патот и на Божјата волја.

И тогаш, со Христо вата милост, таа може да стане мудар, нежен и сакан учител. {АД 206.3}

Христос направил сè за секој родител кој сака да работи под водство на Светиот Дух да добие сила и милост да биде учител во својот дом. Ова воспитување и дисциплина во домот ќе вршат влијание кое изградува и обликува. {АД 206.4}

**Божествената сила ќе се соедини со човечките напори.** – Без човечките напори божествениот напор нема да има значење. Бог ќе дејствува со Својата сила дури кога родителите целосно ќе се разбудат за светата одговорност која почива на нив и ќе настојуваат правилно да ги воспитаат своите деца. Бог ќе соработува со оние родители кои внимателно и со молитва ќе настојуваат да ги воспитаат своите деца, изградувајќи го така своето спасение, како и спасението на своите деца. Тој ќе направи да сакаат и да го прават она што Му е угодно. {АД 206.5}

Само човечките напори нема да помогнат вашите деца да го усовршат карактерот за небото; но со божествена помош ќе може да се изврши големо и свето дело. {АД 207.1}

Кога како родители ќе ги прифатите своите должности во Божја- та сила, решителни дека никогаш нема да попуштите во своите на пори ниту да ја напуштите својата должност од децата да го создадете она што Бог го очекува од нив, Бог ќе ве гледа со одобрување. Тој знае дека правите најдобро што можете и Тој ќе ја зголеми вашата сила. Тој самиот ќе изврши дел од работата која мајката или таткото не можат да ја направат; Тој ќе соработува со мудрите, трпеливи, правилно насочени напори на побожната мајка. Роди тели, Бог нема да го изврши оној дел од работата кој вам ви го доверил да го извршите во својот дом. Не предавајте се на рамнодушноста и не бидете мрзеливи слуги, ако сакате да ги спасите своите деца од опасноста која ги опкружува во светот. {АД 207.2}

**Држете се до Исуса кога ќе дојдат неволји.** – Родители, соберете ги зраците на божествената светлина која го осветлува Вашиот пат. Живејте во светлина како што и Христос е во светлина. Кога ќе се согласите на работата да ги спасите своите деца и да се одржите на патот на светлината, на вас ќе наидат големи неволји. Но немојте да ја изгубите својата поткрепа. Држете се до Исус. Тој вели: „Или нека се фати за Мојата сила за да направи мир со Мене; ќе направи мир со Мене“. Ќе се појават тешкотии. Ќе се со очите со препреки. Гледајте постојано во Исус. Кога ќе наидат тешкотии, прашајте: Господе, што сакаш да правиме? {АД 207.3}

Колку борбата ќе биде потешка, толку поголема ќе биде нивната (на родителите) потреба да добијат помош од својот небесен Татко, а во согласност со тоа ќе се извојува и значајна победа. {АД 208.1}

**Работете со вера.** – Родителите треба да ја вршат својата работа трпеливо, со љубов и со вера, примајќи ги многуте Христови благодети. Од нив се очекува да бидат верни. Сè треба да прават со вера. Постојано мораат да упатуваат молитви за да може Бог да ја даде Својата милост на нивните деца. Во својата работа тие никогаш не смеат да станат уморни, нетрпеливи или нерасположени. Тие мораат цврсто да се држат до своите деца и до Бога. Ако работат трпеливо и со љубов, сериозно настојувајќи да им помогнат на своите деца да го постигнат највисокото мерило на чистота и скромност, тие ќе успеат. {АД 208.2}

# Деветти дел
# ТАТКОТО – ГЛАВА НА СЕМЕЈСТВОТО

## Триесет и четврто поглавје

### ТАТКОВАТА ПОЛОЖБА И ОДГОВОРНОСТИТЕ

**Толкување на зборовите „сопруг“.** – Домот е Божја установа. Бог одредил семејниот круг: таткото, мајката и децата да постојат на овој свет како едно здружение. {АД 211.1}

Задачата домот да биде среќно место не е обврска само на мајката. Татковците имаат значаен удел во тоа. Сопругот е глава на домот, кој со својата силна, сериозна и посветена љубов ги поврзува членовите на семејството, мајката и децата, во најсилна заедница. {АД 211.2}

Поимот „глава на домот“ е прво објаснување на зборот сопруг... видов дека има малку татковци кои се свесни за своите одговорности. {АД 211.3}

**Глава на семејната заедница.** – Сопругот и татко е глава на семејството. Жената од него очекува љубов и сочувство, а исто така и помош во воспитување на децата; и тоа е добро. Децата се негови исто колку што се и нејзини, и тој подеднакво е заинтересиран за нивното добро. Децата очекуваат од таткото поддршка и водство; а таткото мора да има исправно сфаќање за животот, влијанијата и општеството кое го опкружува неговото семејство; пред сè, со него треба да управува љубовта и Божјиот страв, како и учењето од Божјата реч, за да може да ги води нозете на своите деца по прав пат... {АД 211.4}

Таткото е должен да го направи својот дел за да го направи среќен својот дом. Без оглед какви се неговите грижи и деловни не прилики, не смее да дозволи заради нив да го запостави своето семејство; тој треба да влезе во својот дом со насмевка и љубезни зборови. {АД 211.5}

**Законодавец и свештеник.** – Сите членови на семејството се соединуваат со таткото. Тој е законодавец, покажувајќи го своето мајествено држење со сериозни доблести: енергија, почит, чесност, трпение, храброст, внимателност и полезност. Во одредена смисла, таткото е свештеник на семејството кое на Божјиот олтар ги принесува утринските и вечерни жртви. Сопругата и децата треба да се соединат во овие приноси и да земат учество во пофалните песни. Наутро и навечер, таткото, како свештеник во семејството, треба да ги признае на Бога гревовите кои ги направиле тој и неговите деца во текот на денот. Треба да ги признае оние гревови за кои знае, како и оние кои се тајни, кои ги гледа само Божјото око. Благословите ќе се излеат на семејството, ако таткото верно го при менува ова правило на постапување кога е присутен, или мајката, ако тој е отсутен. {АД 212.1}

Таткото е претставник на божествениот Законодавец во своето семејство. Тој е Божји помошник кој ги исполнува Неговите милостиви намери и во животот на децата ги вградува светите начела, помагајќи им да изградат чист и свет карактер и збогатувајќи

ги со она што ќе им помогне да ги почитуваат не само своите земни родители туку и својот небесен Татко. {АД 212.2}

Таткото не смее да ја изневери својата света доверба. Тој во никој случај не смее да се откаже од својот родителски авторитет. {АД 212.3}

**Одејќи со Бога.** – Таткото... ќе ги поврзе своите деца со Божјиот престол на жива вера. Неверувајќи ѝ на својата сила, тој со својата немоќна душа се држи до Исус и се фаќа за силата на Најголемиот. Браќа, молете се во домот, во своето семејство, навечер и наутро; молете се сериозно во своето секојдневие и додека ги извршувате своите дневни работи подигнете ја во молитва душата кон Бога. Така некогаш Енох одел со Бог. Тивка, страстна молитва на душата ќе се подигне како светлината на престолот на милоста и Бог ќе ја прифати како да е принесена во светилиштето. Христос станува помош во време на потреба на сите кои така го бараат. Таквите ќе бидат силни во денот на неволја. {АД 212.4}

**Се очекува зрело искуство.** – Таткото не смее да биде како дете, со кое управуваат само моменталните чувства. Тој е врзан за своето семејство со свети врски. {АД 213.1}

Неговото влијание во домот ќе биде онакво какво што е неговото знаење за единствениот, вистинскиот Бог и за Исуса Христа, кого Тој го пратил. „Кога бев мало дете“, вели Павле „како дете зборував, како дете мислев, како дете размислував, а кога станав маж, го отфрлив детското“. Таткото стои на чело на семејството не како недораснато, недисциплинирано момче туку како човек со мажествен карактер и потчинети страсти. Тој мора да стекне воспита ние и вистинско сознание за моралот. Неговото однесување во домот треба да биде усогласено и покорено на чистите начела на Божјата реч. Тогаш ќе постигне полна мерка во растењето во ви сина на Исуса Христа. {АД 213.2}

**Покорете ја својата волја на Бога.** – На човекот кој е сопруг и татко би му рекла: Внимавај твојата душа да биде опкружена со чиста и света атмосфера... Ти секој ден мораш да учиш од Христа. Никогаш, ама никогаш не смееш во својот дом да покажеш дух на тиранин. Оној кој прави така соработува со сатанското оружје. По кори ја својата волја на Божјата волја. Направи сè што е во твоја моќ за животот на твојата сопруга да биде удобен и среќен. Земи ја Божјата реч за свој советник. Во домот живеј според учењето на Божјата реч, тогаш според неа ќе живееш и во црквата како и на местото на кое работиш. Небесните начела ќе ги облагородат сите твои деловни постапки. Божјите ангели ќе соработуваат со тебе и ќе ти помогнат да го откриеш Христа на светот. {АД 213.3}

**Соодветна молитва за избувлив сопруг.** – Не дозволувај деловните грижи да го засенат семејниот живот, доколку се случи нешто што не си очекувал, а ти не покажуваш трпение, истрајност, љубезност и љубов, ти покажуваш дека како свој пријател не си го избрал Оној кој толку те сакал, што го дал Својот живот за тебе, за да можеш да бидеш едно со Него. {АД 214.1}

Во секојдневниот живот ќе дојде до изненадувања, разочарувања и искушенија. Што вели Божјата реч? „Спротивставете се на ѓаволот” со цврсто потпирање на Бога, „и ќе побегне од вас. Приближете се кон Бога и Тој ќе се приближи кон вас“. Понатаму: „Или нека се фати за Мојата сила за да направи мир со Мене; и ќе на прави мир со

Мене“. Гледај на Исуса секогаш и секаде, подигнувајки тивка молитва од искреното срце за да знаеш како да ја исполниш Неговата волја. Кога непријателот ќе навали како река, Господовиот дух ќе подигне пречка против него. И кога ќе бидеш на граница да попуштиш, да го загубиш трпението и самосовладувањето, да станеш груб и подготвен на обвинување, да најдеш грешка, под готвен да осудиш - тоа е моментот кога треба на небото да ја упатиш молитвата: „Помогни ми Боже, да се спротивставам на искушението; извади ја од моето срце целата горчина, гнев и клевета. Дај ми ја Својата кроткост, Својата понизност, Своето трпение и Својата љубов. Не дозволувај да го осрамотам својот Спасител, погрешно да ги толкувам зборовите и намерите на својата сопруга, на своите деца и на своите браќа и сестри во вера. Помогни ми да бидам љубезен, сочувствителен, со нежно срце, да простувам. Помогни ми да бидам вистинска глава на својот дом и на другите да го претставам Христовиот карактер“. {АД 214.2}

**Авторитет и понизност.** – Сопругот не ја докажува својата мажественост ако постојано ја нагласува својата положба како глава на семејството. Тој нема да го зголеми почитувањето на домашните, ако со извадоците од Светото писмо го истакнува својот авторитет. Тој нема да биде ништо по мажествен ако од сопругата, мајка на своите деца, бара да ги исполнува неговите планови како да се непогрешливи. Господ го одредил сопругот да биде глава на жената - нејзин заштитник; тој е врска помеѓу членовите на семејството, како што Христос е глава на црквата и Спасител на нејзиното тело. Секој сопруг кој тврди дека го сака Бога, внимателно нека ги проучи Божјите барања во однос на својата положба. Христос го применувал својот авторитет мудро, љубезно и благо. Сопругот треба да постапува така за да биде сличен на големиот Поглавар на црквата. {АД 215.1}

## Триесет и петто поглавје

## ЗАЕДНО НОСЕТЕ ГИ ТОВАРИТЕ

**Татковите должности не може да се пренесат на друг.** – Таткото не може на мајката да ги пренесе своите должности кон децата. Ако мајката верно ја исполнува својата должност, таа носи доволен товар. Само во заедница еден со друг, таткото и мајката, можат да ја извршат работата која Бог им ја ставил во нивни раце. {АД 216.1}

Таткото не треба да бара изговори за неисполнување на својот дел од работата на воспитување на своите деца за живот и бесмртност. Тој мора да понесе дел од одговорноста. И таткото и мајката имаат свои обврски. Родителите мораат меѓусебно да се сакаат и почитуваат ако сакаат да развијат вредности кај своите деца. {АД 216.2}

Со своите ведри погледи и љубезни зборови, таткото треба да ја охрабрува и поддржува мајката во нејзината работа. {АД 216.3}

Настојувај да ѝ помогнеш на својата сопруга во борбата што ја води таа. Внимавај на своите зборови, биди внимателен во однесувањето, љубезен, нежен - и ќе бидеш награден за тоа. {АД 216.4}

**Љубезното однесување го олеснува товарот на мајката.** – Без оглед каква е неговата професија и проблемите кои го следат, таткото во својот дом треба да внесе насмеано лице и пријатен глас, со кој цел ден ги поздравувал посетителите и странците.

неговата сопруга треба да знае дека може да се потпре на големата љубов на својот сопруг - дека неговите раце ќе ја зацврстуваат и поддржуваат во нејзината напорна работа и грижи, дека неговото влијание ќе се придружи на нејзиното - и нејзините товари ќе бидат за половина полесни. Зар децата не се толку негови колку и нејзини? {АД 216.5}

Сопругата може на себе да ги става товарите кои ги смета за позначајни отколку да му помогне на својот сопруг во носењето на неговиот дел од одговорноста и тоа може да се појави и во животот на сопругот. Она што е важно е нежната служба за другиот. Сопругот може да покаже склоност да излегува и да се враќа дома како да е потстанар, а не глава на семејството. {АД 217.1}

Должностите во домот се свети и значајни, но нив често ги следи здодевната монотонија. Многубројните грижи и непријатности можат да им здодеат, ако нема промена и весело опуштање кое сопругот и татко често.. може да го внесе ако сака - или ако мисли дека тоа е потребно или неопходно. Животот на мајката дури и во едноставната животна средина претставува постојана жртва и станува уште потешка ако сопругот нема разбирање за тешкотиите на нејзината положба и не ѝ помогне во работата. {АД 217.2}

**Обзир кон изнемоштената жена.** – Сопругот треба да покаже големо интересирање за своето семејство. Особена нежност би требало да покаже кон чувствата на својата изнемоштена сопруга. На овој начин ќе се затвори вратата на многу болести. Љубезните, весели и охрабрувачки зборови ќе дејствуваат поуспешно од нај- добрите лекови. Тоа ќе го охрабри изнемоштеното и обесхрабрено срце, а среќата и ведрината внесена во семејството со љубезни постапки и охрабрувачки зборови ќе биде плата за вложениот труд. Сопругот треба да знае дека главниот дел од товарот во поглед на воспитувањето на децата го сноси мајката, таа најмногу придонесува за изградба на нивниот ум. Ова би требало во него да предизвика најнежни чувства и така од своја страна да ги олесни нејзините товари. Тој би требало да ја поттикне да се потпре на неговата голема љубов и нејзините мисли да ги насочи кон небото, таму каде што се наоѓа силата и мирот и целосниот одмор за уморните. Тој не би требало да дојде дома со намуртено лице, туку со својата појава треба да внесе сончева светлина во семејството и да ја охрабри својата сопруга да гледа горе и да верува во Бога. Заедно можат да се потпрат на Божјите ветувања и да ги внесат Неговите богати благослови во семејството. {АД 217.3}

**„Јас ќе одам полека..”.** – Многу сопрузи и татковци можат да научат полезна поука од грижливоста на верниот пастир. Кога Исав му предложил на својот брат побрзо да појдат на тежок пат, Јаков одговорил: {АД 218.1}

„Мојот господар знае дека овие деца не се силни и дека имам овци и крави доилки и ако ги потерам еден ден, ќе ми изгине целото стадо. Туку а господарот мој оди нека напред пред својот слуга, а јас ќе одам полека колку што можат децата и добитокот..”. {АД 218.2}

Таткото и сопруг нека „оди полека“ по тешкиот животен пат, колку што може да го следи неговиот сопатник. Среде трката за богатство и моќ, таткото нека ги успори своите чекори, за да го утеши и охрабри оној кој е повикан да чекори покрај него... {АД 218.3}

Сопругот треба да ѝ помогне на својата сопруга со своето со чувство и непресушна љубов. Ако сака да ја сочува во свежина и радост, и понатаму да биде сонце во домот, нека и помогне во носењето на нејзините товари. Неговата љубезност и учтивост полна

со љубов за неа ќе биде скапоцено охрабрување, а среќата која ја дава на нејзиното срце, ќе ја исполни со радост и мир... {АД 218.4}

Ако на мајката ѝ се скрати потребната грижа и утеха, ако ѝ се дозволи да ја исцрпи својата сила со прекумерна работа или со грижи и потиштеност, нејзините деца нема да имаат животна сила, умствена способност и ведрина на духот кои би требало да ги на следат. Подобро би било да се разубави и развесели мајчиниот живот, да се заштити од сиромаштија, заморна работа и тешки грижи и да им се овозможи на децата да го наследат здравиот организам, за да можат да се пробијат во животот со сопствени сили. {АД 218.5}

## Триесет и шесто поглавје

## ПРИЈАТЕЛ НА СВОИТЕ ДЕЦА

**Да се помине времето со децата.** – Многу татковци ја губат златната можност да ги привлечат и врзат своите деца за себе. Кога ќе се вратат од работа дома, тие треба со задоволство да поминат извесно време со своите деца. {АД 220.1}

Татковците треба да се ослободат од своето лажно достоинство, да се откажат од некои безначајни задоволства за да имаат време да се позанимаваат со децата, учествувајќи во нивните мали неволји, врзувајќи ги за своите срца со силната врска на љубовта, создавајќи такво влијание на нивните млади умови, што ќе го сме таат свет татковиот совет. {АД 220.2}

**Заинтересирајте се за синовите.** – Таткото кој има синови треба да создаде тесна заедница со своите синови, да им биде од полза со своето поголемо искуство и да разговара со нив толку едноставно и нежно, што ќе ги врзе за своето срце. Тој нека им покаже дека постојано му се на срце нивните најдобри интереси и нивната среќа. {АД 220.3}

Оној кој во семејството има синови мора да знае дека без оглед на својата професија никогаш не смее да ги запостави душите кои се доверени на негова грижа. Тој ги донел на свет овие деца и станал одговорен пред Бога да направи сè што е во негова моќ за да ги сочува од лошо друштво, од световните пријатели. Своите не мирни деца, тој не смее целосно да ги препушти на мајчината грижа. Тоа за неа е премногу тежок товар. Тој мора да направи сè да биде добро и за мајката и за децата. За мајката може да биде премногу мудро да го води воспитанието на своите деца. Во таков случај, таткото треба да го преземе поголемиот дел од тој товар. Тој мора да настојува по секоја цена да ги спаси своите деца. {АД 220.4}

**Учете ги децата да бидат полезни.** – Таткото, кој е глава на своето семејство, треба да знае да ги учи своите деца како да бидат полезни и вредни. Ова е негова најзначајна задача. Во текот на првите години од животот на синот, обликувањето на природата на детето на прво место ѝ е доверено на мајката. Но таа треба да знае дека во таа работа ѝ помага нејзиниот сопруг. Ако се занимава со работа која речиси целосно му оневозможува да биде полезен за семејството, тој треба да побара друго вработување кое ќе му овозможи извесно време да помине со своите деца. Ако ги запостави, тој е неверен на задачата која Бог му ја доверил. {АД 221.1}

Таткото може така да влијае на своите деца, што тоа ќе биде посилно од привлечноста на овој свет. Тој треба да ја проучува природата и карактерот на членовите во својот мал круг, за да може да ги сфати нивните потреби и опасности и така да се подготви да го задуши злото и да го поттикне доброто. {АД 221.2}

Без оглед на тоа каква работа извршува, тоа не е толку важно, за да може да најде изговор поради запоставување на воспитанието и подготовка на своите деца за држење на Господовиот пат. {АД 221.3}

**Занимавајте се со различната природа.** – Таткото не смее да биде толку преокупиран со работа или со проучување на книги, што ќе нема време да ја проучува природата и потребата на своите деца. Тој треба да им помогне, наоѓајќи начини како да ги вработи своите деца со полезна работа која одговара на нивната промен лива природа. {АД 221.4}

Татковци, поминете со своите деца што повеќе време. Настојувајте да ја запознаете нивната природа, за да можете да знаете како да ги воспитате во согласност со Божјата реч. Од вашите усни никогаш нека не излезе збор на обесхрабрување. Не внесувајте тежина во домот. Бидете пријатни, љубезни, нежни кон своите деца, но немојте неразумно да попуштате. Пуштете ги да се соочат со мали разочарувања, низ кои секој мора да помине. Не охрабрувајте ги да доаѓаат со своите неважни обвинувања со кои ги клеветат другите. Учете ги да се поднесуваат еден со друг, да имаат доверба и да ја сочуваат меѓусебната доверба и почитување. {АД 222.1}

**Придружете им се во работата и разонодата.** – Татковци... поврзете ја љубовта со авторитетот, љубезноста и сочувството со цврста контрола. Дајте им на своите деца малку од своето слободно време; запознајте се со нив; дружете се со нив во нивната работа и во нивната разонода и стекнете ја нивната доверба. Негувајте пријателство со нив, особено со своите синови. Така силно ќе влијаете на доброто. {АД 222.2}

**Дајте им поуки од природата.** – Таткото треба да настојува да го олесни товарот на мајката... Покажете им го на децата прекрасното цвеќе, високите дрвја, на чиј лист може да се забележи Божјата љубов. Таткото треба да ги поучува дека Бог кој го создал сето тоа, го сака она што е убаво и добро. Христос им ги посочил на учениците лилјаните во полето и птиците во воздухот и им рекол дека Бог се грижи за нив и дека исто така ќе се грижи и за луѓето, кои се повредни од цвеќињата и птиците. Кажете им на децата дека можеме да потрошиме многу време во надворешно украсување, но дека нашиот изглед, никогаш не може да биде толку убав и при влечен како едноставното цвеќе во полето. Така нивните мисли ќе ги отстраните од она што е вештачко кон она што е природно. Така децата ќе научат дека Бог ја создал сета убавина и дека сака да му ги предадат најдобрите и најсвети чувства на своето срце. {АД 222.3}

Таткото може да ги однесе децата во градина и да им ги покаже пупките и богатството на боите на расцветаните цвеќиња. Во ова тој може да ги даде најважните поуки за Создателот, отворајќи ја пред нив големата книга на природата, во која секое дрво, цвет и тревка ја изразуваат Божјата љубов. Тој во детското срце, може така да ја втисне вистината дека Бог кој толку многу се грижи за дрвјата и цвеќињата, многу повеќе ќе се грижи за луѓето кои ги соз дал според Својот облик. Така, рано може да им стави до знаење дека Бог сака децата да бидат убави, без вештачко украсување, но со убавина

на карактерот, љубезни и пријатни, што ќе го исполни нивното срце со радост и среќа. {АД 223.1}

## Триесет и седмо поглавје

# ЛИКОТ НА ЛОШ СОПРУГ

**Сопругот кој очекува жената да носи двоен товар.** – Во многу семејства има деца со различна возраст, од кои на некои им е потребно не само внимание и мудри мајчини постапки туку и остар, но и со љубов кажан татковски збор. Малку се такви татковци кои го гледаат ова во вистинско светло. Тие ја забораваат својата должност и така стават двоен товар на мајката, а во исто време мислат дека можат да ги критикуваат и осудуваат нејзините постапки во склад со своето гледиште. Оптоварена со свеста за одговорноста и критиките на својот сопруг, сиротата жена и мајка често се чувствува виновна за она што го направила несвесно или во незнаење, но и тогаш кога направила најдобро што може според околностите. Наместо да ги цени и одобрува нејзините неуморни на пори и да го израдува нејзиното срце, таа живее под облакот на тагата и укорот затоа што нејзиниот сопруг, запоставувајќи ги своите должности, очекува од неа да ги исполни нејзините и неговите должности без оглед на околностите. {АД 224.1}

Многу сопрузи доволно не ја ценат и не ја сфаќаат грижата и тешкотиите кои ги поднесуваат нивните сопруги, обично целиот ден врзани со непрестајно извршување на домашните работи. Тие секогаш се враќаат дома со намуртени чела, не внесувајќи сонце во семејниот круг. Ако ручекот не е подготвен на време, уморната со пруга, која во исто време е и домаќинка, дадилка, готвачка и до машна помошничка, сè истовремено, наместо поздрав прима префрлања. Строгиот сопруг би можел да се смилува и од грижливата и уморна мајка да го земе расплаканото дете, за да може ручекот што побргу да биде подготвен. Меѓутоа, ако детето е немирно и нерасположено во татковите раце, тој ретко ќе смета дека му е должност да постапува како дадилка, обидувајќи се да го смири. Тој не застанува за да сфати колку часови мајката морала да го трпи раздразливото дете туку нетрпеливо ја повикува: „Еве ти го мајко, твоето дете“. Зар тоа дете не е и негово? Не е ли и тој обврзан трпеливо да го носи делот од товарот во одгледување на своите деца? {АД 224.2}

**Сопруг заповеда и владее.** – Твојот живот би бил многу посреќен кога не би мислел дека ти е дадена секаква власт затоа што си маж и татко. Твоите постапки покажуваат дека не ја разбираш својата положба како глава на семејството. Ти си нервозен господар на кого често му недостасува правилно размислување, така што без оглед на тоа како гледаш на своите постапки во таквите ситуации, тие не изгледаат доследни за твојата сопруга и деца. Кога еднаш ќе заземеш некој став, ретко си подготвен да го измениш. Подготвен си до крај да ги спроведеш своите намери, а често го правиш она што не чини, тоа би требало да го увидиш. Тебе ти е потребна многу, многу поголема љубов, трпение, а помалку решеност да ја спроведеш својата волја со зборови и постапки. Патот по кој сега одиш покажува дека ти си пред сè, средство за притисок и неволји отколку глава на семејството... {АД 225.1}

Настојувајќи другите да ги принудиш во секоја ситница да ги спроведат твоите идеи, ти почесто правиш поголеми штети отколку да се откажеш од своите ставови. Ова е

точно и тогаш кога твоите идеи се сами по себе добри, но во многу ситуации погрешни. Тие се принудени поради твојата недоследна организација. Поради тоа на погрешен начин го спроведуваш она што не е добро. {АД 225.2}

Ти имаш посебно мислење за управувањето со своето семејство. Ти се служиш со некоја независна и своеволна сила, која не му дава слобода на никој околу тебе. Сметаш дека како глава на своето семејство, си доволен и дека таа глава е доволна да го при движи секој член, како што рацете на работникот ја придвижуваат машината. Ти го наметнуваш и го присвојуваш авторитетот. Тоа не му е драго на небото и ги растажува ангелите. Си се однесувал во своето семејство како човек кој е единствениот кој може да владее. Те навредило кога сопругата се обидела да се спротивстави на твоето мислење или на твоите одлуки. {АД 226.1}

**Раздразлив и кавгаџиски настроен маж.** – Сопрузи, дајте им можност на своите сопруги да го изградат својот духовен живот... Многумина го поттикнуваат духот на незадоволството сè додека не станат како возрасни деца. Тие не се ослободуваат од тој дел од своето детство. Тие ги негуваат овие чувства, додека целиот живот не го загорчат со своите мрзоволни забелешки. И не само својот туку и туѓиот живот. Тие го носат во себе Исмаиловиот дух, чија рака се кревала на секого и сечија на него. {АД 226.2}

**Себичен и нерасположен сопруг.** – Братот Б. според својата природа не внесува сончева светлина во својот дом. Тука треба да започне неговата лична работа. Тој е посличен на темен облакот колку на зрак светлина. Толку е себичен, што нема добри зборови за своите домашни, особено кон личностите на кои им е потребна неговата љубов и почит. Тој е нерасположен, сака да владее и да заповеда; неговите зборови често сечат и остават рана која не се обидува да ја лекува со тоа што ќе го ублажи својот дух, ќе ги при знае своите грешки и лоши постапки... {АД 226.3}

Братот Б. мора да омекне; тој треба да го негува духот на нежност и љубезност. Тој треба да биде многу нежен и благ кон својата сопруга која му е рамна во сè; тој не би смеел да изговори ниту еден збор кој би фрлил сенка во нејзиното срце. Тој треба да за почне реформа во домот: треба да ја негува љубовта и да ги по беди неусогласените, груби, бесчувствителни и неблагородни црти на својата природа. {АД 227.1}

Нерасположен, себичен и злобен сопруг и татко не само што самиот не е среќен туку нерасположението го пренесува на сите до машни. Тој ќе ги ожнее последиците кога ќе ја види својата сопруга овената и болежлива, а своите деца упропастени од неговата лоша природа. {АД 227.2}

**Себичен и нетрпелив сопруг.** – Ти премногу очекуваш од својата сопруга и од децата. Премногу критикуваш. Кога самиот би негувал весела и ведра природа и би им зборувал љубезно и нежно, би внел радост и ведрина во својот дом наместо облаци од жал и несреќа. Премногу го цениш она што го мислиш, заземаш крајни гледишта и не дозволуваш мислењето на твојата сопруга да најде место во твоето семејство. Самиот не си негувал почит кон својата сопруга ниту децата си ги учел да го почитуваат нејзиното мислење. Не си дозволил сопругата да биде еднаква со тебе туку уздите на управување и контрола си ги зел во свои раце и цврсто ги држиш. Твојата природа не е исполнета со љубов и сочувство. Ако сакаш да бидеш победник и ако сакаш Бог да го благослови твоето семејство, треба да ги негуваш овие црти на карактерот. {АД 227.3}

**На оној кој не ја почитува христијанската учтивост.** – Ти гледаш на љубезноста, нежноста и сочувството како на слабост; сметаш дека ти е под чест да зборуваш нежно, благо и љубезно со својата сопруга. Тука грешиш, не знаејќи во што се состои вистинската машкост и достоинство. Склоноста да не постапуваш љубезно, ги открива слабостите и недостатоците во твојот карактер. Она што го сметаш за слабост, Бог го смета за вистинска христијанска љубезност, која треба да ја покаже секој христијанин. Тоа бил духот што го открил Христос. {АД 228.1}

**Сопрузите треба да ја заслужат љубовта и наклонетоста.** – Ако сопругот е суров, полн со барања и подготвен да ги критикува постапките на својата сопруга, тој не може да го очекува нејзиното почитување и наклонетост, затоа што бракот за неа станал товар. Таа нема да го сака својот сопруг, затоа што тој не се обидува да стане таков за да може таа да го засака. Сопрузите треба да бидат грижливи, внимателни, постојани, верни и сочувствителни. Тие треба да покажат љубов и сочувство... Кога сопругот има благороден карактер, чисто срце, возвишен ум, што треба да биде особина на секој христијанин, тоа ќе се види и во брачниот живот... Тој ќе се труди сопругата да биде здрава и храбра. Ќе настојува да упати зборови на утеха и да создаде атмосфера на мир во домот. {АД 228.2}

# Десетти дел
# МАЈКАТА КРАЛИЦА НА ДОМОТ

## Триесет и осмо поглавје

### ПОЛОЖБАТА НА МАЈКАТА И НЕЈЗИНИТЕ ОДГОВОРНОСТИ

**Изедначена со сопругот.** – Жената треба да го заземе местото кое Бог ѝ го одредил на почетокот, да биде изедначена со сопругот. На светот му се потребни мајки кои се мајки не само по име туку во вистинска смисла на зборот. Со сигурност можеме да кажеме дека должностите на жената се посвети од должностите на мажот. Жената треба да ја сфати светоста на својата работа и во сила и Божји страв да ја прифати својата задача. Таа треба да ги научи своите деца да бидат полезни во овој свет и подготвени за домот во подобар свет. {АД 231.1}

Сопругата и мајка не смее да ја жртвува својата сила и да дозволи нејзините моќи да спијат, потпирајќи се целосно на својот сопруг. Нејзината личност не може да исчезне во личноста на нејзиниот сопруг. Таа мора да знае дека е изедначена со својот сопруг - да стои покрај него, верна во своите должности, како и тој во своите. Нејзината задача во воспитување на децата е во секој поглед благородна и возвишена како и секоја положба на која би била по ставена, дури и да е тоа положба на водач на народот. {АД 231.2}

**Кралица во домот.** – Мајката е кралица во својот дом. Во нејзини раце е изградбата на карактерот на нејзините деца за да можат да бидат оспособени за повисок, бесмртен живот. Ниту ангелот не би можел да посака повозвишена задача, затоа што со извршување на оваа работа таа Му служи на Бога. Таа само нека го сфати возвишениот карактер на својата задача и тоа ќе ја вдахне со храброст. Нека биде свесна за вредноста на својата задача и нека се облече во целото Божјо оружје, за да може да се спротивстави на искушението да ги прифати световните мерила. Нејзината работа има вредност и за овој и за идниот живот. {АД 231.3}

Мајката е кралица во домот, а децата се нејзини помошници. Таа треба мудро да управува со својот дом, со достоинството на една мајка. Нејзиното влијание во домот треба да биде над сè; нејзиниот збор - закон. Ако е христијанка која ја води Бог, таа ќе ја има почитта од своите деца. {АД 232.1}

Децата треба да се учат да ја почитуваат својата мајка, не како роб чија работа е да ги разгалува, туку како кралица која ќе ги води и ќе управува учејќи ги овде малку, онде малку, начело по начело, правило поправило. {АД 232.2}

**Споредување на вредностите.** – Мајката ретко кога ја почитува својата работа и често ја смета за непријатна домашна работа. Од ден во ден, од недела во недела таа ги извршува истите работи, без видливи резултати. На крајот на денот, не е во состојба да каже колку ситни работи завршила. Кога својата работа ќе ја спореди со постигнувањето на сопругот, таа смета дека не направила ништо што вреди да се спомне. {АД 232.3}

Таткото често доаѓа дома со одредена гордост и гласно набројува сè што постигнал во текот на денот. Неговите забелешки покажуваат дека очекува од мајката да го служи, затоа што таа не на правила ништо освен што се грижела за децата, подготвувала јадење и ја средувала куќата. Таа не била трговец кој купува или продава; таа не била земјоделец кој обработува земја; таа не била механичар - значи не направила ништо од што би се уморила. Тој ја критикува, приговара, наредува како да е господар на создавањето. Сето тоа уште повеќе ја обесхрабрува сопругата и мајка, затоа што во текот на денот многу се уморила од својата работа, а не гледа што направила. {АД 232.4}

Кога би се кренала завесата и таткото и мајката би можеле да ја видат дневната работа онака како што ја гледа Бог и како Неговите сезнајни очи ја споредуваат работата и на едниот и на другиот, би се зачудиле на небесното откритие. Тогаш таткото би гледал на својата работа во поскромно светло, додека мајката би добила ново охрабрување и сила својата работа да ја продолжи мудро, истрајно и трпеливо. Дури сега ја знае нејзината вредност. И додека таткото се занимавал со она што мора да пропадне и да исчезне, мајката се занимавала со развојот на умот и на карактерот, работејќи не само за овој туку и за идниот живот. {АД 233.1}

**Бог ѝ доделил работа.** – Колку голема среќа би имало кога мај- ката би можела да ја разбере големината на своите должности и одговорности и колку голема ќе биде наградата за нејзината верност! {АД 233.2}

Мајката која радосно ги извршува должностите кои се наоѓаат пред неа, ќе види дека нејзиниот живот е скапоцен, затоа што Бог ѝ ја доделил работата која треба да ја заврши. Во оваа работа таа не мора да дозволи да ѝ закржлави нејзиниот мозок, а размислувањето да ѝ ослабне. {АД 233.3}

Бог на мајката ѝ дал работа да ги подигне своите деца во Божји страв. Пред нивните нежни умови треба постојано да се издига Божјата љубов. Кога ги кара, таа треба да им каже дека тоа го прави според Божјиот совет и дека Тој не е задоволен од лажење, невистина и од лоши постапки. Така детските умови можат толку да се поврзат со Бога, што сè што ќе прават и ќе кажат ќе биде за Негова слава. Во подоцнежните години тие нема да бидат слични како трската на ветер, која се лелее помеѓу склоностите и должностите. {АД 233.4}

Да се водат децата кон Исус не е сè што се очекува... Овие деца треба да се воспитаат и подготват да станат Христови ученици, за „нашите синови... да бидат како билки кои весело растат во младоста; нашите ќерки како прекрасно изработени столбови во дворот“. Оваа работа на изградување, облагородување и усовршување ѝ припаѓа на мајката. Карактерот на детето мора да се изгради. На плочата на детското срце мајката мора да ги вреже поуките кои вечно ќе траат; таа сигурно ќе се сретне со Божјото негодување ако ја за постави оваа света работа или дозволи нешто да се вмеша во неа... Мајката христијанка примила задача од Бога, која нема да ја запостави ако е тесно поврзана со Бога, проникната со Неговиот Дух. {АД 234.1}

**Нејзината величествена и благородна задача.** – На секоја мајка ѝ се пружени предности со непроценлива вредност, бескрајно скапоцени интереси. На секојдневните должности кои жените ги сметаат за заморна задача, треба да се гледа како на величествена и благородна работа. Предноста на мајката е со своето влијание да биде на благослов на светот; кога таа прави така, ќе му донесе радост на своето срце. Таа може да ги израмни патиштата за но зете на своите деца, кои водат низ сонце и сенки на славните не бесни висини. Само тогаш кога во својот живот се труди да го следи Христовото учење, мајката може да се надева дека карактерот на своите деца ќе го обликува според Божјиот пример. {АД 234.2}

И покрај толку работи кои мајката мора да ги направи, нејзината најсвета работа е работата со нејзините деца. Меѓутоа, колку често оваа работа се остава на страна само за да се задоволи некоја себична желба! На родителите им се доверени сегашните и вечни интереси на нивните деца. Тие треба да ги држат уздите во свои раце и да управуваат со својот дом во чест на Бога. Божјиот закон треба да биде нивно начело, а љубовта мерило во сè. {АД 234.3}

**Нема поголема ниту посвета работа.** – Ако женетите мажи се посветат на делото, оставајќи ги своите сопруги во домот да се грижат за децата, тогаш работата која ја извршува сопругата и мајка е исто така возвишена и важна како и работата што ја врши сопругот и таткото. Иако тој работи на евангелско поле, и таа е евангелист во домот, а нејзините грижи, маки и товари често го надминува- ат товарот на мажот и татко. Нејзиното дело е свето и важно. Сопругот кој се занимава со јавна евангелска работа можеби ќе добие чест од луѓето, додека работникот во домот можеби никогаш нема да прими земно признание за својот труд. Но ако таа се бори за најголемите интереси на своето семејство, ќе се труди карактерите на нејзините членови да ги изгради според божествениот Пример, ангелот записничар ќе го запише нејзиното име како име на еден од најголемите евангелисти на светот. Бог не гледа онака како што гледа човекот со својот ограничен вид. {АД 235.1}

Мајката е Божји соработник во обраќањето и спасувањето на своето семејство. Таа треба практично да ја покаже библиската религија и да прикаже како нејзината сила нè

контролира во секојдневната работа и задоволства, учејќи ги своите деца дека можат да се спасат само со милоста, низ верата која е Божји дар. Ова постојано поучување за тоа што е Христос, Неговата љубов, Него вата добрина, Неговата милост, откриена во големиот план на спасение, за нас и за нив, ќе остави свет впечаток на срцето. {АД 235.2}

Обучувањето на децата претставува многу важен дел од Божјиот план во откривањето на силата на христијанството. На родителите почива свечена одговорност така да ги изградат своите деца, што кога ќе појдат во светот, да прават добро, а не зло на оние со кои се дружат. {АД 235.3}

**Соработник на проповедникот.** – Проповедникот има своја работа, а мајката своја. Таа треба да ги доведе кај Христа своите деца за Тој да ги благослови. Таа самата треба да ги прими Христовите зборови и да ги пренесе на своите деца. Таа е должна од нивната рана младост да ги поучи на самосовладувањето и самоодрекувањето, за навиките на умереност и чистота. Мајката може така да ги воспита своите деца, што тие ќе дојдат со отворени и нежни срца да ги слушаат зборовите на Божјиот слуга. На Господ му се потребни мајки кои во сите подрачја од животот во домот ќе ги усовршат даровите кои им ги дал Бог и ќе ги подготват своите деца за небесното семејство. {АД 236.1}

На Господ му се служи исто толку, ако не и повеќе, со верното извршување на домашните работи како и со проповедањето на неговите зборови надвор од домот. Како што учителите се воспитувачи на децата во училиштето, така и родителите треба да знаат дека се воспитувачи на децата во домот. {АД 236.2}

Полезноста на христијанската мајка во оваа нејзина работа не смее да се попречува со никаква домашна работа. Здравото влијание кое го врши таа во семејниот круг може и треба да направи тоа да се почувствува во соседството и во Божјата црква. Домот не е затвор за посветената сопруга и мајка. {АД 236.3}

**Таа има животна задача.** – Жената треба да е свесна за светоста на својата работа и Божји страв и сила да го преземе извршувањето на својата задача. Нека ги научи децата да бидат полезни во овој свет и подготвени за оној другиот. Ние ги поздравуваме христијанските мајки. Ние ве преколнуваме како мајки да ја сфатите својата одговорност и да не живеете да си угодувате на себеси, туку да Го прославите Бога. Христос не си угодувал на Себе туку го зел ликот на слуга. {АД 236.4}

Светот е полн со расипано влијание. Модата и обичаите имаат силна моќ над младината. Ако мајката пропушти да ги воспита, да ги води и да ги ограничува своите деца, според својата природа таа брзо ќе го прифати злото и ќе се одврати од доброто. Секоја мајка често нека оди кај Спасителот со молитва: „Научи нè, кои се правилата за воспитување на децата и што треба да се прави со нив“? Таа не треба да го заборави упатството кое Господ го дал во Својата реч и ќе ја добие мудроста што ѝ е потребна. {АД 237.1}

**Обликува божествен лик.** – Постои Бог на небото, од чиј престол зрачи светлина и слава осветлувајќи ја верната мајка, која настојува да ги воспита своите деца да се спротивстават на влијанието на злото. Според важноста никаква работа не може да се изедначи со нејзината работа. Таа како уметник нема да ја слика убавината на платно ниту како вајар ќе ја изваја од мермер. Таа нема како писател да ги претвори благородните мисли во силни зборови ниту како музичар убавите чувства да ги изрази

со мелодија туку нејзино е со Божја помош во човечката душа да го развие божественото обличје. {АД 237.2}

Мајката која го цени ова ќе ги смета за скапоцени своите предности. Таа искрено ќе настојува со својот карактер и со својот на чин на воспитување да им го пренесе на децата својот највисок идеал. Сериозно, трпеливо и храбро, таа ќе настојува да ги усоврши своите способности, за во воспитувањето на своите деца да може правилно да ја искористи силата на умот. На секој чекор таа сериозно ќе се прашува: „Што рекол Бог“? Таа внимателно ќе ја проучува Неговата реч, својот поглед ќе го задржи на Христа за, нејзиниот секојдневен живот, кој поминува во грижи и должности, да може да биде вистински одраз на единствениот вистински Живот. {АД 237.3}

**Верната мајка е запишана во книгата на бесмртната слава.** – Самоодрекувањето и крстот се нашиот дел. Дали ќе ги примиме? Ниту еден од нас не треба да очекува дека во него, кога ќе дојдат последните големи неволји, ќе се развие дух на самоодрекување и љубов кон небесниот дом само затоа што тогаш му е потребен. Не, туку во нашето секојдневно искуство треба да го покажеме тој дух и да го налеваме во срцето и духот на своите деца со совет и примери. Мајките во Израел можеби не се борци, но тие можат да воспитаат борци кои ќе го земат сето оружје и кои храбро ќе се борат во Господовите битки. {АД 238.1}

Мајки, судбината на вашите деца во голема мера се наоѓа во ваши раце. Ако ја запоставите вашата должност, ќе ги зацврстите во редовите на непријателот и од нив ќе направите негово оружје за уништување на душите. Меѓутоа, со побожен пример и верно поучување вие можете да ги донесете кај Христа и да ги направите оружје во Неговите раце за спасение на многу души. {АД 238.2}

Ако работи верно со Христа, нејзината работа (на христијанската мајка) ќе биде овековечена. Поклониците на модата никогаш нема да ја видат ниту да ја сфатат бесмртната убавина на работата на христијанските мајки; тие ќе ги исмејуваат нејзините старомодни мислења и нејзината едноставна, неукрасена облека додека Величеството на небото ќе го запише името на овие верни мајки во книгата на бесмртната слава. {АД 238.3}

**Моментите се скапоцени.** – Целиот иден Мојсеев живот, големата задача која ја исполнил како водач на Израел, сведочи за важноста на работата на христијанската мајка. Нема друга работа која може да се спореди со тоа... Родителите треба да започнат воспитание и образование на своите деца уште додека се многу мали, додека не станат христијани. Тие ни се доверени со задача да ги воспитуваме, не за наследници на земниот престол, туку за цареви за Бога, кои ќе владеат во бескрајните векови. {АД 238.4}

Секоја мајка треба да биде свесна дека нејзините моменти се скапоцени; нејзиното дело ќе биде испитано во свечениот ден на пресметката. Тогаш ќе се воспостави дека многу пропусти и злосторства кои ги направиле мажите и жените произлегле од незна-ењето и невнимателноста на оние чија должност била нивните детски нозе да ги водат на прав пат. Тогаш, исто така ќе се утврди дека многу луѓе, кои го благословиле светот со светлината на генијалноста, вистината и светоста, произлегле од начелата кои го раздвижувале нивното влијание и успех и христијанската мајка која се молела. {АД 239.1}

## ВЛИЈАНИЕТО НА МАЈКАТА

**Влијанието на мајката се задржува во вечноста.** – Подрачјето на дејствувањето на една мајка може да биде кратко, но нејзиното влијание соединето со татковото ќе се задржи и во вечноста. По Божјата, мајчината сила за доброто е најсилна на оваа Земја. {АД 240.1}

Мајчиното влијание е бесконечно и ако е секогаш насочено кон доброто, карактерот на нејзините деца ќе сведочи за нејзината морална сериозност и вредностите. Нејзината насмевка нејзиното охрабрување, можат да бидат подвижувачка сила. Таа може да внесе сонце во срцето на своето дете со зборови на љубов и насмевка на одобрување... {АД 240.2}

Кога нејзиното влијание оди во прилог на вистината и на христијанските вредности, кога се раководи според божествената мудрост, каква сила за Христа ќе биде нејзиниот живот! Нејзиното влијание ќе се почувствува до вечноста. Каква помисла е тоа: мајчините погледи, зборови и постапки донесуваат плодови во вечноста, така што спасението или пропаста на многу плодови зависи од неа! {АД 240.3}

Мајката не е доволно свесна дека нејзиното влијание во разумното воспитување на децата поминува со таква сила низ минливоста на овој живот и допира до идниот бескраен живот. Изградбата на карактерот според небесниот Пример бара верна, искрена и истрајна работа; но таа ќе се исплати затоа што Бог го наградува секој добро насочен труд за спасение на душата. {АД 240.4}

**Каква мајка – такви деца.** – Најнежната врска на светот е врската помеѓу мајката и нејзиното дете. На детето посилно дејствуваат животот и примерот на мајката отколку на таткото, затоа што ги поврзува посилна и понежна врска. {АД 240.5}

Мислите и чувствата на мајката ќе имаат силно влијание на наследството што таа го предава на детето. Ако му дозволува на своето срце да се занимава само со своите чувства, ако е себична, ако е мрзлива и многу бара, тоа ќе се види во природата на нејзиното дете. Така мнозина во наследство примиле речиси непобедливи склоности кон злото. Непријателот на душите го знае ова многу подобро отколку многу родители. Тој со своето искушение ќе ја нападне мајката, знаејќи дека преку неа, ако не му се спротив стави, може да влијае на нејзиното дете. Бог е единствената мајчина надеж. Таа може да дојде кај Него за сила и милост; и нема да дојде напразно. {АД 241.1}

Христијанската мајка секогаш ќе биде будна за да ги воочи опасностите што ги опкружуваат нејзините деца. Таа ќе ја чува својата душа во чиста и света атмосфера; таа ќе ја усогласи својата природа и начелата според Божјата реч и верно ќе ја извршува својата должност, трудејќи да се подигне над малите искушенија на кои секогаш може да биде изложена. {АД 241.2}

**Доброто влијание на трпеливата мајка.** – Многу пати во текот на денот се слушаат извици: мамо, мамо, прво едното, па другото возбудено дете. На тој извик мајката е подготвена да побрза и да ги исполни нивните барања. Едно се наоѓа во неволја и му е потребна мајчината мудрост за да се ослободи неволјата. Другото е толку задоволно со нешто што направило, така што мајката тоа мора да го види: тоа верува дека таа ќе се

израдува на тоа. Само еден збор на одобрување ќе му донесе сонце на срцето многу часови. Мајката може своите останати малечки да ги осветли со скапоцени зраци на светлина и радост. Своите сакани може така да ги врзе за своето срце, што нејзината присутност ќе им биде најсончево место на светот. {АД 241.3}

Меѓутоа, трпението на мајката често е оптоварено со многубројни мали тешкотии кои се едвај вредни за внимание. Немирните раце и нозе на мајката ѝ создаваат многу работа и проблеми. Таа мора цврсто да ги држи уздите на самосовладување затоа што во спротивно од нејзините усни ќе потечат нетрпеливи зборови. Понекогаш се заборава, но тивката молитва кон нејзиниот милостив Спасител ги смирува нејзините нерви и таа е во состојба со тивко достоинство да ги држи уздите на самосовладување. Нејзиниот глас е мирен, но тоа барало напор за да ги задржи острите зборови и да го контролира чувството на гнев, кои ако ги искажала би го уништиле нејзиното влијание и потоа би требало многу време да го врати. {АД 242.1}

Детското забележување е остро и тие се во состојба да ги разликуваат трпеливите и благи тонови од нетрпеливиот раздразлив однос кој ја уништува свежината на љубовта и наклонетоста на детското срце. Вистинската христијанска мајка нема никогаш да ги из брка своите деца од себе со својата раздразливост и недостатокот на љубов кој се чувствува. {АД 242.2}

**Да се обликува умот и карактерот.** – Мајката носи особена одговорност. Хранејќи го своето дете со својата крв и изградувајќи го неговото тело, таа на него ги пренесува и умствените и духовните влијанија од кои зависи обликувањето на умот и карактерот. Јохаведа, еврејската мајка, силна во вера, не се уплашила од „царевата заповед“; таа го родила Мојсеј кој го ослободил Израел. Ана, жена со молитва и небесна вдахновеност, го родила Самоил, де тето учено од небото, од неподмитливиот судија, основач на светите израелски училишта. Елисавета, роднина со ист дух како Марија од Назарет, била мајка на гласникот на нашиот Спасител. {АД 242.3}

**Што им должи светот на мајките.** – Божјиот ден ќе открие колку овој свет им должи на побожните мајки кои останале непоколебливи во нападите и искушенијата; луѓето кои избрале возвишени и свети интереси на вистината и Божјата слава наместо световната чест или самиот живот. {АД 243.1}

Мајки, бидете свесни за фактот дека вашето влијание и пример влијае на карактерот и на судбината на вашите деца. Со оглед на вашата одговорност, развивајте стабилен ум и чист карактер, кој ќе ја осветлува само вистината, добрината и убавината. {АД 243.2}

## Четириесетто поглавје

## ЗАБЛУДИ КОИ ЈА СЛЕДАТ МАЈЧИНАТА РАБОТА

**Мајката може да помисли дека најзината работа е безначајна.** – Мајката често мисли дека нејзината работа не е важна. Тоа е работа која многу ретко се цени. На другите малку им се познати нејзините грижи и товари. Нејзините денови се преполни со извршување на мали должности, кои бараат трпеливи напори, самосовладување, тактичност, мудрост и самопожртвувана љубов; се пак не може да се пофали дека постигнала нешто големо. Таа толку добро работела во куќата, што сè течело како

подмачкано. Често пати уморна и збунета, таа сепак настојувала љубезно да им се обраќа на своите деца, да ги усреќи и нивните мали нозе да ги поведе на прав пат. Таа мисли дека не направила ништо. Но тоа не е така. Небесните ангели ја набљудуваат загрижената мајка и од ден на ден ги забележуваат нејзините товари. Нејзиното име можеби не е познато во светот, но е запишано во животната книга на Јагнето. {АД 244.1}

Вистинската сопруга и мајка... ќе ги извршува своите должности достоинствено и радосно, не сметајќи го за понижување со своите раце да го работи сето она што е потребно за домот да биде уреден. {АД 244.2}

**Дали тоа е поневажна служба.** – Колку е оваа работа важна! Сепак, слушаме дека некои мајки тежнеат кон евангелската работа! Само кога би можеле да појдат во туѓа земја, би сметале дека прават нешто полезно. Меѓутоа, прифаќањето на секојдневните до машни должности и нивното верно извршување, им изгледа исцрпувачко и неблагодарно. {АД 244.3}

Мајките кои тежнеат за евангелска работа, ја имаат во својот домашен круг... Зар душите на нејзините деца не вредат толку колку што вредат душите на многубошците? Со каква грижа и нежност таа би морала да го следи развојот на нивниот ум, а сите нивни мисли да ги поврзе со Бог! Кој може толку добро како побожната мајка исполнета со љубов? {АД 245.1}

Има и такви кои мислат дека не создаваат според Божјата волја ако не се непосредно во врска со проповедањето на евангелието; но тоа не е така. Секој има работа која треба да ја заврши за Господа; убава работа е да изградиш уреден и пријатен дом. И најскромните таленти, ако примателот го дал своето срце на Бога, ќе направи животот во домот да биде таков каков што сака Бог. Јасна светлина ќе засвети како дело на службата за Бога извршена со целото срце. Мажите и жените можат исто така да Му служат на Бога како и проповедникот од проповедалницата, кога го почитуваат она што го слушнале и кога своите деца ги воспитуваат да живеат по Божја волја и да се плашат од него да не Го разжалостат. {АД 245.2}

Жените кои подготвено и со желба работат сè што ќе им дојде до рака, кога во ведар дух им помагаат на мажите да ги носат своите товари и ги подготвуваат своите деца за Бога, тие се проповедници во највозвишена смисла на зборот. {АД 245.3}

**Верските активности не смеат да ја заменат грижата за семејството.** – Ако ја запоставиш својата должност како сопруга и мајка, а своите раце ги пружаш кон Господа, во нив да ти стави друга работа, биди сигурна дека Тој нема Себеси да си противречи; Тој ти укажува на должноста која треба да ја извршиш во домот. Ако мислиш дека ти е доверена некоја повозвишена и посвета работа од оваа, ти се лажеш самата себеси. Со верноста во својот дом, работејќи за душите кои ти се најблиски, ти всушност се вежбаш да работиш за Христа на едно пошироко поле. Меѓутоа, биди сигурна дека оние кои ги занемаруваат должностите во својот дом не се подготвени за работа со душите надвор од домот. {АД 245.4}

Господ не те повикал да го запоставиш својот дом, својот сопруг и децата. Тој никогаш не прави така и никогаш нема така да поста пува... Ниту еден момент не мисли дека Бог ти доверил работа која ќе те одвои од твоето скапоцено мало стадо. Немој да дозволиш да се обесхрабрат со дружење со недолично друштво и да ги затворат своите срца кон мајката. Тоа би значело светење во погрешен правец; ако правиш така, тогаш на своите деца им отежнуваш да станат она што Бог очекува да бидат и на крајот да го

придобијат небото. Бог се грижи за нив, а исто така мораш и ти штом тврдиш дека си Негово дете. {АД 246.1}

Првите години од нивниот живот го претставуваат периодот кога треба да работите, да внимавате, да се молите и да ја поттикнувате секоја добра наклонетост. Таа работа мора да оди без застој. Можеби ќе те повикаат на родителски состаноци, на часови на заедничко шиење, за да можеш таму да ја извршуваш евангелската работа; но ако нема верен и угледен воспитувач кој ќе остане со твоите деца, твојата должност е да одговориш дека Господ ти доверил друго дело кое никако не смееш да го запоставиш. Ти не смееш да претераш во ниту една работа која ќе те онеспособи во работата за воспитување на твоите малечки да станат она што Бог очекува. Како Христов соработник, ти мораш добро подготвени и воспитани да ги поведеш кај Христа. {АД 246.2}

За многу недостатоци во воспитувањето на детскиот карактер виновна е мајката. Мајката не треба да ги прифати обврските во црквата кои ќе ја натераат да ги запостави своите деца. Најдобрата работа што може да ја изврши мајката, се состои во тоа да внимава во воспитувањето на своите деца да не изостанува ниту една алка... {АД 246.3}

Мајката не може на било кој друг начин да ѝ помогне на Црквата така, како кога своето време ќе го посвети на оние кои зависат од нејзините упатства и изградба. {АД 247.1}

**Не треба да барате пошироко подрачје на работа.** – Некои мајки сакаат да работат во евангелската работа, а ги запоставуваат наједноставните должности кои им се на дофат на рацете. Тие ги занемаруваат децата, нивниот дом не е ведар и среќен, често се слушаат навреди и приговори, а младите пораснуваат со чувство дека домот е најнепривлечно место на светот. Поради тоа нетрпеливо го чекаат моментот кога ќе отидат од него и не се притеснуваат да тргнат во широкиот свет; нив не ги задржува влијанието на домот и нежните совети на домашното огниште. {АД 247.2}

Родителите чија цел требало да биде врзување на овие млади срца за себе, ги упропастуваат можностите што Бог им ги дал, слепи се за најважните должности во својот живот, и залудно тежнеат кон некоја поширока евангелска работа. {АД 247.3}

## Четириесет и прво поглавје

## НЕСОВРШЕНИ ПРИМЕРИ

**Замислена маченичка.** – Многу домови се многу несреќни по ради непотребното незадоволство на домаќинката, која со него- дување се одвратува од едноставните домашни должности во својот скромен семеен живот. На своите грижи и должности во домот таа гледа како на тажна судбина; и она што би можела, кога би била со поведра природа, да го преобрати во пријатна, интересна и полезна работа, за неа е обично мачење. Со презир гледа на својот живот како на ропство и себе си се смета за маченичка. {АД 248.1}

Вистина, тркалата на семејната машина не одат секогаш мазно; има многу од она што го искушува трпението и ја преоптоварува силата. Иако мајките не се виновни за околностите со кои не можат да владеат, бесмислено е да се одрекува дека околностите навистина влијаат на нивниот живот и работа. Меѓутоа, тие се виновни кога дозволуваат околностите да завладеат и да ги поткопаат нивните начела, кога ќе се уморат и ќе

станат неверни на својата возвишена задача и ќе ги запоставаат добро познатите должности. {АД 248.2}

Сопругата и мајка која достоинствено ги совладува тешкотиите во кои другите пропаѓаат поради недостаток на трпение и истрајност, станува не само подготвена да ги изврши своите должности туку нејзиното искуство во совладувањето на искушението и на препреките ја оспособува со зборови и со пример да биде вистинска помош на другите. Многумина кои добро се снаоѓаат во поволните околности, изгледа дека го доживуваат преобразувањето на карактерот во неволјите и искушенијата; тие пропаѓаат паралелно со своите неволји. Бог никогаш не сакал да станеме играчка на разните околности. {АД 248.3}

**Негување на грешното незадоволство.** – Многу сопрузи и деца кои во својот дом не наоѓаат ништо што ги привлекува, кои секогаш се дочекани со префрлање и навреди, бараат удобност и разонода надвор од домот, во гостилница или на некое друго недолично место. Сопругата и мајка, окупирана со домашните работи, често заборава на малите љубезности, кои би го направиле домот поприврлечен за таткото и децата, дури и тогаш кога избегнува да ги истакне своите маки и тешкотии во нивно присуство. Додека е зафатена со подготвување на храна и облека, сопругот и синовите како странци влегуваат и излегуваат од домот. {АД 249.1}

Домаќинката може да ги извршува своите надворешни должности со голема точност, но таа може и постојано да се жали на ропството на кое е осудена и да ги преувеличува своите одговорности и немоќ, споредувајќи ја својата судбина со она што мисли дека е подобар живот на една жена... Во беспомошниот копнеж за поинаков живот, таа негува грешно незадоволство, а својот дом го прави непријатно место и за себе и за сопругот и децата. {АД 249.2}

**Окупирана со световни глупости.** – За родителите и децата сатаната подготвил многу привлечности. Тој знае дека многу успеал ако со својата сила на измама може да влијае на мајката. Патиштата на овој свет се полни со измама, стапици и беда, но се прикажани како привлечни; ако децата и младите не се внимателно подготвени и воспитани, сигурно ќе заталкаат. Бидејќи не ги познаваат и немаат цврсти начела, ќе им биде тешко да се спротивстават на искушението. {АД 249.3}

**Носење на непотребен товар.** – Многу мајки го поминуваат своето време, не правејќи ништо полезно. Тие своето внимание го посветуваат на она што е минливо, а не застануваат да мислат за она што трае вечно. Колку од нив ги запоставуваат своите деца, кои растат невоспитани, груби и необразовани! {АД 249.4}

Кога родителите, особено мајките, правилно размислуваат за важната, одговорна задача што им ја доверил Бог, тие нема толку да се занимаваат со работи кои се однесуваат на нивните соседи, а со кои немаат ништо. Тие нема да одат од куќа до куќа и да водат празни разговори во кои ќе се занимаваат со слабостите, грешките и недоследностите на своите соседи. Тие ќе чувствуваат толку тежок товар за своите деца, што нема да имаат време да се занимаваат со озборување на своите соседи. {АД 250.1}

Ако жената бара од Бога сила и утеха и во Неговиот страв настојува да ги изврши своите секојдневни должности, таа ќе стекне доверба и почит од својот сопруг и од своите деца кои ќе ги гледа како растат како чесни мажи и жени, со морална сила да го прават она што е добро. Меѓутоа, мајките кои ги запоставуваат своите сегашни

можности и дозволуваат нивните должности и товари да ги преземат други, ќе утврдат дека нивната одговорност не се изменила и дека со горчина ќе го пожнеат она што го сееле со невнимателност и безгрижност. Нема случајности во животните работи; жетвата ќе го открие видот на посеаното семе. {АД 250.2}

## Четириесет и второ поглавје

## ЗДРАВЈЕТО НА МАЈКАТА И НЕЈЗИНИОТ ЛИЧЕН ИЗГЛЕД

**Треба да се чува здравјето на мајката.** – Силата на мајката треба внимателно да се чува. Наместо својата скапоцена сила да ја потроши на исцрпувачка работа, неа треба да ѝ се олеснат грижите и товарите. Често сопругот и татко не ги познава физичките закони од чие познавање зависи доброто на неговото семејство. Преокупиран со борбата за одржување на животот или тежнеењето кон збогатување, притиснат со грижи и тешкотии, тој дозволува на сопругата и мајка да паднат товари кои во најтешкиот период ја надминуваат нејзината сила и ѝ донесуваат слабост и болест. {АД 251.1}

Во нејзин интерес е, како и во интерес на нејзиното семејство да се сочува од сите непотребни оптоварувања и да го искористи секое можно средство кое ќе ѝ помогне да го сочува животот, здравјето и силата која ѝ ја дал Бог, затоа што за извршување на нејзината голема задача ќе биде потребна силата од сите нејзини способности. Еден дел од своето време треба да го помине во природа, во движење што ќе ја освежи својата работа во домот да ја извршува расположено и темелно, за да биде светлина и благослов во домот. {АД 251.2}

**Мајките како застапнички на здравствените реформи.** – Бог јасно ја дал до знаење својата волја на сите мајки. Тој сака тие да бидат, со зборови и со пример, застапници на здравствената ре форма. Тие треба цврсто да стојат на начелата и во никој случај да не ги прекршат физичките закони, кои Бог ги всадил во нивното би тие. Стоејќи покрај здравите начела, цврсти во чесноста, мајките ќе имаат морална сила и милост од Небото, за со својата светлина - со својот правилен пат и карактер да им го осветлуваат патот на своите деца. {АД 251.3}

**Умереност во исхраната.** – Мајката мора да се одликува со совршена самоконтрола; за да ја стекне, таа мора да се чува од секое физичко и умствено нарушување. Нејзиниот живот мора да биде усогласен со Божјите закони и со законите на здравјето. Бидејќи храната влијае на умот и на расположението, таа во тој по глед мора да биде многу внимателна, да го јаде она што е хранливо, а не надразнува, за да бидат нејзините нерви мирни, а природата смирена. Тогаш ќе ѝ биде полесно да постапува трпеливо според различните склоности на своите деца и цврсто, но со љубов, да ги држи уздите на управување. {АД 252.1}

**Како сончева светлина во сите ситуации.** – Мајката може и треба да направи многу за да владее со своите нерви и мисли во моментите на потиштеност. Дури и тогаш кога е болна, таа може, само ако се вежба во тоа, да биде пријатна и расположена и под готвена на поголема врева отколку што претходно мислела дека може. Таа не треба да

дозволи децата да ја почувствуваат нејзината слабост, да го затемни нивниот млад и чувствителен дух со својата потиштеност и така да направи тие да ја сметаат својата куќа за гроб, а мајчината соба - најотровното место на светот. Умот и нервите можат да се зајакнат со употреба на волја. Моќта на волјата во многу случаи ќе се покаже како најдобра помош за смирување на нервите. Не дозволувајте вашите деца да ве видат со намуртени лица. {АД 252.2}

**Чувајте го угледот на сопругот и децата.** – Кога сестрите са каат да тргнат на работа, не треба да се облечат така што ќе из гледаат како страшила за птици. На нивните сопрузи и деца ќе им биде многу помило кога ќе ги видат привлечно и складно облечени, во облека која убаво им стои, која обично ја облекуваат кога ќе им дојдат гости или странци. Некои сопруги и мајки мислат дека не е важно како изгледаат додека работат, кога ги гледаат само нивните сопрузи и нивните деца, а се облекуваат многу накитено за погледите на оние кои се надвор од домот. Зар не треба почитувањето и љубовта од мажот и децата повеќе да се ценат од почитувањето и љубовта на непознати и на пријателите? Среќата на мажот и на децата треба да биде посвета на секоја сопруга и мајка од среќата на сите останати. {АД 252.3}

Облекувајте се пристојно. Тоа ќе ја зголеми почитта на вашите деца кон вас. Настојувајте и тие да бидат исто така пристојно облечени. Не дозволувајте вашите деца да стекнат навика на неуредност. {АД 253.1}

**Не раководете се според туѓото мислење.** – Мајките многу често покажуваат болна чувствителност кон она што го мислат другите за нивните навики, облека и за нивното однесување; во голема мера тие робуваат на туѓото мислење. Зар не е тажен фактот дека созданијата кои го очекуваат судот, дозволуваат со нив повеќе да владее мислата што ќе помислат нивните ближни за нив, наместо да мислат за своите обврски кон Бога? Често ја жртвуваме вистината само за да бидеме во склад со обичаите и да ги избегнеме исмејувањата... {АД 253.2}

Мајката не треба да им робува на туѓите мислења, затоа што треба да ги воспита своите деца за овој и идниот живот. Во начинот на облекување мајките не треба да се расфрлаат со непотребно украсување. {АД 253.3}

**Дајте им поука за уредноста и чистотата.** – Ако мајките себеси си дозволуваат во домот да носат несредени фустани, тие ги учат своите деца да го следат нејзиниот пример на несмасност. Многу мајки мислат дека во домот можат на себе да стават сè, без оглед дали тоа е валкано или изгужвано. Меѓутоа, тие набргу го губат почитувањето во своето семејство. Децата, ја споредуваат облеката на својата мајка со облеката на оние кои се облекуваат пристојно и нивното почитување кон неа слабее. {АД 253.4}

Мајки, бидете што попривлечни, но не претерано украсени со фустани туку облечени во чиста складна облека. Така на своите деца непостојано ќе им давате поуки за уредност и чистота. Љубовта и почитувањето од нејзините деца треба да биде од најголема вредност за секоја мајка. Сè на неа треба да сведочи за уредноста и чистотата и да остане длабоко врежано во срцата на нејзините деца. Дури и малите деца имаат свест за складноста и полезноста на работите. Како во нивното срце ќе го врежеме тежнеењето кон чистотата и светоста кога нивните очи секојдневно ја гледаат неуредната облека во неуредната соба? Како во своите станови можеме да ги повикаме небесните гости, чии домови се целосно чисти и свети? {АД 254.1}

Редот и чистотата се закон на небото. За да дојдеме и ние во складност со небесниот ред, наша должност е да бидеме чисти и уредни. {АД 254.2}

## Четириесет и трето поглавје

## ВЛИЈАНИЕТО ПРЕД РАЃАЊЕТО

**Жените треба да се подготват да станат мајки.** – На жените им е потребно големо трпение пред да станат подготвени да бидат мајки. Бог одредил тие да се подготват за оваа задача. Со поврзувањето со Христа нејзиното дело добива вечна вредност, која тешко може да се сфати. Улогата на жената е света. Христос е потребен во секој дом, затоа што службата на мајчината љубов може да го претвори домот во Ветил. Сопругот и сопругата мораат да соработуваат. Каков би бил светот кога сите мајки би се ставиле себеси на олтарот на Бога и кога своето потомство би го посветиле на Него пред и по раѓањето на децата! {АД 255.1}

**Значењето на влијанието пред раѓањето.** – Многу родители гледаат на последиците од влијанието пред раѓањето како на безначаен поим. Меѓутоа, небото не гледа така. Веста која ја донел Божјиот ангел и која два пати свечено ја повторил, покажува дека го заслужува нашето најголемо влијание. {АД 255.2}

Во зборовите упатени до еврејската мајка, на Маноевата жена, Бог им се обраќа на сите мајки во сите времиња: „Жената да се чува од сè што сум кажал“. Доброто на детето зависи од мајчините навики. Нејзиниот апетит и страсти мораат да дојдат под контрола на начелата. Таа мора нешто да избегнува и против нешто мора да се бори, ако сака да се исполни Божјата намера со неа и со нејзиното дете. {АД 255.3}

Светот е полн со стапици за многу млади. Многумина ги привлекува животот на себично и сетилно задоволство. Тие не се во состојба да ги забележат скриените страсти и страшниот крај на патот кој им изгледа како пат на среќа. Задоволувајќи ги својот апетит и страстите, тие ја трошат својата животна сила и милионите и така пропаѓаат за овој свет и за оној кој ќе дојде. Родителите треба да знаат дека нивните деца ќе наидат на овие искушенија. Уште пред раѓањето на детето мора да се почне со подготовка која ќе го оспособи за успешна борба против злото. {АД 255.4}

Ако мајката пред раѓањето на своето дете си угодува себе си, ако е себична, нетрпелива и многу бара, овие особини ќе се покажат во природата на нејзиното дете. На тој начин многу деца по раѓањето ги наследиле речиси несовладивите склоности кон злото. {АД 256.1}

Но ако мајката цврсто ги држи исправните начела, ако е умерена и има самоконтрола, ако е љубезна, нежна и несебична, таа на своето дете може да му ги пренесе истите скапоцени црти на карактерот. {АД 256.2}

**Суштината на грижите пред раѓањето.** – Многу е распространета заблудата дека во животот жените не треба ништо да сменат пред да го родат детето. Во овој важен период мајката треба да работи полесни работи. Во нејзиниот организам се случуваат го леми промени. Нему му е потребно повеќе крв и поради тоа треба особено да се подобри храната којашто ќе се претвори во крв. Ако нема доволно таква храна, таа нема да ја сочува телесната сила и на потомството ќе му недостасува животна сила. И

нејзината облека бара внимание. Таа мора да се облекува така што ќе биде заштитена од студеното време. Таа не смее да ја троши животната сила поради недостаток на топла облека. Ако на мајката ѝ е ускратена здравата храна во изобилство, неа ќе ѝ недостасува потребната количина и квалитет на крв. Нејзиниот крвоток ќе биде слаб и тоа ќе му недостасува и на нејзиното дете. Нејзиното дете нема да биде во состојба да ја прими храната која треба да ја претвори во добра крв за исхрана на организмот. Напредокот на мајката и на детето многу зависат од добрата топла облека и од здравата храна. {АД 256.3}

Треба да се вложи голема грижа за мајката да биде опкружена со среќа и задоволство. Сопругот и татко има особена обврска да направи сè што е во негова моќ да го олесни товарот на сопругата и мајка. Колку што може, тој е должен да го понесе товарот на нејзините животни ситуации. Тој треба да биде пријатен, љубезен, учтив и нежен и многу внимателен кон сите нејзини потреби. За жал, за некои жени во текот на бременоста не се води ниту наполу грижа, колку за добивката. {АД 257.1}

**Апетитот не е сигурно мерило.** – Мислата дека жената поради својата особена состојба може со целосна слобода да ужива во својот апетит е грешка основана на обичај, а не на здрав разум. Апетитот на жената во тоа време може да биде променлив и со хирови и тешко може да му се угоди; а обичаите дозволуваат да до бие сè што ќе замисли, не прашувајќи го разумот дали таквата храна ќе ѝ даде потребна сила на нејзиното тело и ќе ѝ овозможи развој на детето. Храната мора да биде добра, но не смее да надразнува... Ако некогаш било потребно храната да биде што поедноставна, но затоа поквалитетна, тогаш тоа е ова време. {АД 257.2}

Жените кои ги познаваат начелата кои добро се упатени, нема да отстапат од едноставната храна која во ова време им е попотребна од било кога претходно. Тие знаат дека уште еден живот зависи од нив и затоа ќе внимаваат да не се водат според своите навики особено во исхраната. Тие не смеат да јадат слаба и над разлива храна само затоа што е вкусна. Во тоа време ќе се појават многу советници кои ќе им предложат да се направи она што разумот никогаш не би го одредил. Болните деца се раѓаат затоа што родителите му угодуваат на апетитот... {АД 257.3}

Ако во желудникот се внесува голема количина на храна, која органите за варење не може да ја сварат ниту организмот може да се ослободи од нејзините штетни состојки, мајката прави неправда на самата себе и го поставува темелот на болести на идното дете. Ако јаде како сака и што сака, не размислувајќи на последиците, таа ќе ја сноси казната и тоа не сама. Нејзиното невино дете мора да пати поради нејзината неразумност. {АД 258.1}

**Самосовладување и умереност.** – Мајчините телесни потреби во никој случај не смеат да се запоставаат. Од неа зависат два животи и нејзините желби треба нежно да се исполнуваат, а нејзините по треби несебично да се задоволуваат. Меѓутоа, во тоа време, како ни когаш порано, таа мора да ја избегнува храната и сето останато што би ја ослабело нејзината телесна или умствена сила. По наредба на самиот Бог, таа ја има најсвечената обврска да владее со себе. {АД 258.2}

Основата на вистинскиот карактер на идниот човек се зацврстува уште пред раѓањето на детето со навиките на мајката во строга умереност... Оваа лекција не смее лесно да се сфати. {АД 258.3}

**Да се сочува доброто и весело расположение.** – Секоја жена која е на патот да стане мајка, без разлика на својата средина, треба да сочува среќно, весело и задоволно расположение, свесна дека сите нејзини напори во тој поглед ќе бидат двојно повеќе на градени со телесен како и со морален карактер на нејзиното потомство. И тоа не е сè. Таа може да се навикне на весело размислување и така да внесе радост во срцето; нејзиниот среќен дух ќе се пренесе на семејството и на сите со кои се дружи. Така, во голема мера ќе се подобри нејзиното телесно здравје. Тоа ќе им даде сила на животните извори, крвотокот нема бавно да работи, што би се случило кога би се предала на незадоволството и нерасположението. Нејзиното душевно и морално здравје ќе биде оживеано со нејзиното расположение. Моќта на волјата може да се спротивстави на сите влијанија и ќе се покаже како најдобро средство за смирување на нервите. На децата на кои им се скратени животните сили кои требало да ги наследат од своите родители, треба да им се обрне посебно внимание. Строго внимавајќи на законите на нивното битие, може да се создаде многу подобра состојба. {АД 258.4}

**Сочувајте ги мирот и довербата.** – Жената која очекува да стане мајка, треба да ја сочува својата душа во Божјата љубов. Во нејзиниот ум треба да владее мир; таа треба да престојува во Исусовата љубов, постапувајќи според Христовите зборови. Таа мора да има на ум дека мајката соработува со Бога. {АД 259.1}

## Четириесет и четврто поглавје

## НЕГАТА НА МАЛИТЕ ДЕЦА

**Правилен став на мајките – доилки.** – Најдобра храна за бебето е храната што ја дава природата. Оваа храна не смеете непотребно да му ја скратувате на детето. Мајката која поради удобноста или општествените обврски се обидува да се ослободи од нежната должност - доење на детето, нема срце. {АД 260.1}

Временскиот период во кој детето ја прима храната од мајката е критично. На многу мајки додека ги дојат своите деца им се дозволува претерано да работат и да ја загреат својата крв кога готват. Доенчето тогаш е сериозно загрозено не само со невкусна храна од мајчините гради, туку и неговата крв е затруена од нездравата исхрана на мајката, која што целото свое тело го довела во трескавична состојба, со што ја расипала и храната за детето. На детето исто така влијае и состојбата на мајчиниот дух. Ако мајката е несреќна, лесно раздразлива, возбудена, давајќи простор на из ливот на страсти, храната што детето ја прима од неа ќе биде штетна, предизвикувајќи чести грчеви, проливи, а во некои случаи и силни возбуди и напади. {АД 260.2}

На карактерот на детето помалку или повеќе влијае природата на храната што ја прима од мајката. Колку тогаш е важно, додека мајката го дои своето дете да го сочува доброто расположение имајќи целосна контрола над својот дух. Ако прави така, храната нема да биде штетна за детето, а благиот, мирен начин на кој мајката се однесува со своето дете ќе влијае на обликување на неговиот ум. Ако е нервозно и лесно раздразливо, мајчиниот внимателен и смирен однос ќе дејствува смирувачки, така што здравјето на детето може многу да се поправи. {АД 260.3}

Колку животот на детето е помирен и поедноставен толку тоа ќе биде подобро за неговиот телесен и умствен развој. Мајката мора да се труди секогаш да биде мирна, тивка и ладнокрвна. {АД 261.1}

**Храната не го заменува влијанието.** – Бебињата се злоупотребуваат со неправилни постапки. Ако се раздразливи, обично им се дава храна да се смират; меѓутоа, во повеќето случаи при чина за нивната раздразливост е давање на големото количество на храна што е штетно поради лошите мајчински навики. Давањето на поголемо количество на храна отколку што е потребно ја зголемува раздразливоста, бидејќи детскиот желудник е веќе преоптоварен. {АД 261.2}

Децата уште од колевка се учат на попуштање на апетитот и на сфаќањето дека живеат за да јадат. Мајката прави многу за обликување на карактерот на своите деца уште во нивното детство. Таа може да ги учи да внимаваат на својот апетит или да му попуштаат и да станат ненаситни. Мајката обично планира да изврши одре дени работи во текот на денот; кога децата ќе почнат да ѝ здодеваат, наместо да им ги отстрани нивните мали таги, таа им дава нешто да јадат што ги смирува извесен период, но подоцна состојбата станува полоша. Детскиот желудник е преполн со храна, иако воопшто не чувствувал потреба за неа. Сè што било потребно да се направи за нив, се состоело во малку од мајчиното време и внимание. Но таа своето време го сметала за премногу скапоцено за да им се посвети и да ги разноди своите деца. Можеби за неа е поважно од среќата и здравјето на нејзините деца, умешното уредување на станот, за посетителите да ја пофалат, како и помодарското подготвување на храна.
{АД 261.3}

**Здрава, вкусна и едноставна храна. –** Храната треба да биде толку едноставна, што нејзиното подготвување нема да ѝ одзема многу време на мајката. Вистина, потребно е вашата маса да биде снабдена со здрава храна, која ќе биде и хранлива и вкусна. Не мислете дека можете што и да е можете да ставите на својата маса како храна, и да сметате дека тоа е добро за вашите деца. Помалку време посветете во подготовка на нездрави јадења, со кои се угодува на расипаниот вкус, а повеќе во воспитувањето и образованието на децата. {АД 262.1}

**Подготовка на детската облека.** – Во подготвувањето на детската облека, имајте ги во предвид удобноста, полезноста и здравјето, повеќе отколку модата и желбата да предизвикате воодушевување. Мајката не треба да троши време на везење или украсување на малата облека, оптоварувајќи се со непотребна работа на штета на своето здравје и здравјето на своето дете. Нека не биде премногу окупирана со шиење на фустанчиња, кои ги заморуваат очите и нервите, во време кога одморот и опуштеноста и се толку потребни. Таа мора да биде свесна за обврската да ја чува својата сила за да може да се исполнат барањата кои ќе ѝ бидат поставени. {АД 262.2}

**Обезбедете топлина и свеж воздух.** – На бебињата им е потребна топлина, но често се греши во тоа што ги држат во премногу топли соби. лишени од свежиот воздух... {АД 262.3}

Бебињата треба да се чуваат од секакво влијание кое може да доведе до ослабување или труење на организмот. Најголема грижа треба да се покаже во напорот сè да биде уредно и чисто. Иако е потребно да ги заштитат од ненадејни и преголеми

промени на температурата, погрижете се без оглед дали спијат или се будни, дење и ноќе, да дишат чист, освежувачки воздух. {АД 262.4}

**Негување на болни деца.** – Во многу случаи заболувањето на децата е предизвикано од погрешни постапки. Причините за неволјите може да бидат: нередовна исхрана, несоодветна облека во студените ноќи, недостаток на силни вежби за да може крвта правилно да циркулира или недостаток од обилен воздух за нејзино прочистување. Родителите треба ја пронајдат причината за болеста и што поскоро да ги отстранат штетните услови. {АД 263.1}

Сите родители можат многу да научат за негата, спречувањето, па дури и лекувањето на болеста. Особено мајката мора да знае што да прави во случај на болест во нејзиното семејство. Таа треба да знае како да го негува своето болно дете. Нејзината љубов и проникливост треба да ја оспособи за извршување на службата, која не може мирно да ја довери на туѓи раце. {АД 263.2}

## Четириесет и петто поглавје

## ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА Е ПРВАТА МАЈЧИНА ГРИЖА

**Можности за добро воспитано дете.** – Бог ги гледа сите можности во тој мал црв. Тој гледа дека правилно воспитаното дете ќе стане сила за доброто на овој свет. Тој грижливо набљудува дали родителите ќе го исполнат Неговиот план или со својата неразумна љубезност ќе ја уништат неговата цел, препуштајќи го детето на пропаста за овој и идниот свет. Да се преобрази ова немоќно и навидум безначајно суштество, во благослов за светот и во слава за Бога е големо дело. Родителите не смеат да дозволат ништо да се испречи помеѓу нив и обврските што ги имаат кон своите деца. {АД 264.1}

**Работата за Бога и домот.** – Оние кои ги држат Божјите заповеди гледаат на своите деца со неискажани чувства на надеж и страв, прашувајќи се која улога ќе ја одиграат децата во големата борба што им претстои. Загрижената мајка се прашува: „Кое гледиште ќе го прифатат децата? Што можам да направам за да ги подготвам чесно да го извршат својот дел и да добијат вечна слава“? Мајки, на вас почиваат големи одговорности! Иако не се наоѓате во собрание... вие можете да извршите големо дело за Бога и за својот дом. Вие можете да ги воспитате своите деца. Можете да им помогнете да развијат карактер кој нема да се двоуми ниту да му по пушти на злото туку ќе влијае на другите да прават добро. Со своите страсни молитви во вера можете да ја подигнете раката што го подига целиот свет. {АД 264.2}

Во детството и младоста треба да се даваат упатства. Децата треба да се научат да бидат полезни. Тие треба да научат дека ги извршуваат оние обврски кои се врзани за домот. А родителите овие должности треба да ги направат што попријатни, со љубезни упатства и одобрување. {АД 265.1}

**Мнозина го запоставуваат семејното воспитување.** – И покрај претераните фалби за напредокот кој е постигнат на полето на воспитните методи, воспитувањето на децата во нашето време е за жал нецелосно. Причина е запоставувањето на семејното воспитување. Родителите, особено мајките, не ги сфаќаат своите одговорности. Тие

немаат ниту трпение да ги воспитуваат ниту мудрост да ги надгледуваат децата кои им се доверени на чување. {АД 265.2}

Голема е вистината дека мајките денес не се веќе на својата должност - верни на своите мајчински должности. Бог од нас не бара нешто што не би можеле да го постигнеме со Неговата сила туку нешто што би било за наше добро и за доброто на нашите деца. {АД 265.3}

**Мајки, барајте ја божествената помош.** – Кога мајките би ја виделе важноста на својата задача, тие често насамо би се молеле препорачувајќи ги своите деца на Исус, барајќи ги Неговите благослови за нив и молејќи се за мудрост правилно да ги извршат своите свети должности. Мајката нека ја искористи секоја можност да го изгради и обликува карактерот и навиките на своите деца. Нека внимателно го набљудува развојот на карактерот, отстранувајќи ги оние црти кои премногу се истакнуваат, а поддржувајќи ги оние кои недоволно се развиле. Нека својот живот го направи чист и благо роден пример за своите сакани деца. {АД 265.4}

Мајката треба да ја прифати својата задача храбро и одлучно, потпирајќи се постојано на божествената помош во сите свои напори. Таа не смее да биде задоволна сè додека во своите деца не го види постепеното подигање на карактерот, додека не одредиле повисоки животни цели од те лесните уживања на овој свет. {АД 265.5}

Не е возможно да се оцени моќта на влијанието на мајката која се моли. Таа го признава Бога на сите свои патишта. Таа ги води своите деца пред Престолот на милоста и ги препорачува на Исус молејќи Го да ги благослови. Влијанието на овие молитви за овие деца е извор на животот. Овие молитви, упатени со вера, се потпора и сила на христијанската мајка. Да се запоставаат молитвите со нашите деца значи да се изгуби еден од најголемите благослови што ни стои на дофат на раце, едно од најголемите помагала сред непријатностите на товарот и грижите во нашата животна работа. {АД 266.1}

Моќта на мајчините молитви не можеме да ги процениме доволно. Онаа која клечи покрај своите син и ќерка во текот на сите промени во детството, во текот на опасноста која им се заканува додека се млади, нема до судниот ден да знае какво влијание извршиле нејзините молитви на животот на нејзините деца. Ако таа со вера е поврзана со Божјиот Син, нејзината нежна рака може да ги сочува од попуштање на гревот. Кога страста сака да загосподари, силата на љубовта, мајчиното умерено, сериозно и одлучно влијание може да ја задржи душата на страната на доброто. {АД 266.2}

**Кога посетителите ни пречат.** – Најдете време да разговарате и да се молите со своите малечки, и не дозволувајте ништо да ви го попречи вашето време на заедница со Бога и децата. На своите посетители можете да им кажете: ,, Бог ми доверил да извршам една задача и немам време за празни разговори". Треба да знаете дека за овој живот и за вечноста ви е доверена задача. Вашите деца се вашата прва должност. {АД 266.3}

Вашите деца треба да бидат поважни од вашите посетители и пред сè останато... задачата што ја имате за своето дете во Неговите први години не дозволува никаква невнимателност. {АД 267.1}

Нема моменти во неговиот живот кога може да го заборавите ова правило. Не ги праќајте децата надвор од домот за да можете да се занимавате со своите посетители туку научете ги да се владеат мирно и со почит во нивна присутност. {АД 267.2}

**Мајките како пример на добрина и благодарност.** – Мајки, би дете свесни за вредностите на вашите скапоцени моменти. Имајте на ум дека вашите деца одат понатаму, кога можат да бидат надвор од досегот на вашето воспитување и образование. Вие можете да им бидете пример за сè што е добро, чисто и благородно. Нивниот интерес мора да биде и ваш. {АД 267.3}

Ако било што друго пропуштиш, во ова биди темелна и успешна. Ако твоите деца излезат од домот воспитани во чистота и благородност и ако го заземат најмалото и најскромно место во Божјиот план за доброто на овој свет, за твојот живот никогаш не може да се каже дека е промашен и никогаш поради него не мораш да се каеш. {АД 267.4}

Малите деца се огледало за мајката, која во него може да го види одразот на своите навики и владеења. Колку внимателен мора да биде изборот на нејзините зборови и однесување во присуство на овие мали ученици! Сите оние особини на карактерот кои сака да ги види во нив, таа мора да ги изградува во себе. {АД 267.5}

**Тежнејте кон повисока цел.** – Мајката не смее да се раководи според сфаќањето на овој свет ниту да се мачи да го постигне неговото мерило. Таа мора сама да одлучи која е големата цел и смисла на животот и тогаш со сите сили да настојува да ја постигне таа цел. Таа може пореди недостаток на време да запостави многу работи околу домот, а тоа да не предизвика некои посериозни последици, но таа не може неказнето да го запостави правилното воспитување на своите деца. Нивниот лош карактер ќе ја објави нејзината неверност. Злото што таа дозволила да остане неотстрането, грубото, невоспитано однесување, непочитувањето и непослушноста, навиките на неработење и невнимание, сè тоа ќе ѝ до несе срам и ќе ѝ го загорчи животот. Мајки, судбината на вашите деца во голема мера е во ваши раце. Ако не ги исполните своите должности, вие можете да ги ставите во редовите на сатаната и да ги направите негово орудие за пропаст на другите души. Но вашето верно настојување да ги воспитате во побожен пример може да ги донесе кај Христа, а за возврат тие ќе влијаат на другите и така со вашиот труд многу души ќе се спасат. {АД 267.6}

**Негувајте го доброто и отстранувајте го злото.** – Родителите се Божји соработници во изградување на своите деца во Божјата љубов и страв. Вие не можете толку да го натажите Бога како кога го запоставувате воспитанието на своите деца... Вие сте должни да внимавате како се изразуваат вашите деца и како се однесуваат, за непријателот да не ја преземе власта врз нив. Сатаната постојано мисли да го направи тоа, за да им се спротивстави на Божјите намери. Настојувајте љубезно, заинтересирано и нежно да работите со своите деца, изградувајќи го во нив сето она што е добро, а отстранувајќи го она што е зло, што се развива во карактерот на вашите малечки. {АД 268.1}

**Радост поради внимателно извршената работа.** – Децата се Господово наследство, а ние сме одговорни пред Бога за начинот на постапување со тоа наследство. Воспитанието и образованието на нивните деца да бидат христијани е највозвишената служба што родителите можат да ја направат за Бога. Таа задача бара трпелива работа - доживотни, внимателни и истрајни напори. Да се изневери оваа доверба, значи да се најдеш пред Бога како неверен слуга... {АД 268.2}

Во љубовта, верата и молитвата родителите нека работат со своите домашни, додека со радост не пристапат кај Бога зборувајќи: „Еве ме мене и децата што Господ ми ги даде“. {АД 269.1}

## Четириесет и шесто поглавје

## МАЌЕА

**Совет за маќеата.** – Твојата венчавка за човекот кој има деца ќе биде благослов за тебе... Ти си се наоѓала во опасност да станеш себична. Ти имаш прекрасни особини на карактерот, кои треба да се поттикнат и искористат... твојот нов брак ќе ти овозможи да стекнеш искуство, кое ќе те научи како да постапуваш со умовите. Со грижата околу децата се развива љубовта и нежноста. Одговорностите кои сега почиваат на тебе во твоето семејство можат да бидат средство за добивање на голем благослов. Овие деца за тебе ќе бидат скапоцен учебник. Тие ќе ти донесат многу благослови ако правилно ги читаш. Новите мисли кои во тебе ќе ја разбудат грижата за нив, ќе предизвикаат нежност, љубов и сочувство. Иако тие деца не се дел од твоето тело, со твојата свршувачка за нивниот татко тие станале твои, да ги сакаш, негуваш, учиш и да се грижиш за нив. Твојата поврзаност со нив ќе доведе до создавање на мисли и планови кои за тебе ќе бидат од вистинска полза... Со искуството што ќе го стекнеш во својот дом, ќе се ослободиш од себичноста која сакала да ја упропасти твојата работа и ќе ги измени веќе по ставените планови кои требало да ги ублажиш и да ги покориш... {АД 270.1}

Би требало да развиеш поголема нежност и сочувство, за да можеш повеќе да им се приближиш на оние на кои им се потребни благи, сочувствителни и љубезни зборови. Твоите деца ќе ги разбудат во тебе овие црти на карактерот и ќе ти помогнат да развиеш пошироко мислење и размислување. Со дружење со нив, кое е проникнато со љубов, ти ќе научиш да бидеш понежна и сочувствителна во својата служба за човештвото што страда. {АД 270.2}

**Укор упатен кон маќеата на која ѝ недостасува љубов.** – Ти си го засакала својот сопруг и си се омажила за него. Си знаела дека со венчавката ќе го прифатиш заветот да бидеш мајка на неговите деца. Во овој поглед видов еден недостаток кај тебе. Тажно е што ова ти недостасува. Ти не ги сакаш децата на твојот сопруг и доколку не дојде до целосна промена, целосни реформи во тебе и во твојот начин на постапување, овие скапоцени бисери ќе пропаднат. Љубовта и искажувањето на нежност не се дел од твоите постапки... {АД 271.1}

Ти го загорчуваш животот на тие мили деца, особено на девојчето. Каде е љубовта, нежноста и трпеливото однесување? Во твоето непрепородено срце живее повеќе омразата отколку љубовта. Од твоите усни почесто се слуша укор отколку пофалба и охрабрување, твоите груби постапки, твојата бесчувствителна природа паѓаат на чувствителното девојче како град на нежна билка, таа се наведнува на секој удар на ветерот, додека нејзиниот живот не биде сотрен, а таа не остане да лежи скршена. {АД 271.2}

Твоите постапки го сушат изворот на љубов, надежта и радоста кај твоите деца. Во очите на девојчето се гледа постојана тага. На место кај тебе да разбуди сочувство и

нежност, таа предизвикува нетрпение и одбивност. Ако сакаш овој изглед да го смениш во живост и ведрина... {АД 271.3}

Децата го читаат изразот на мајчиното лице; дали тоа изразува љубов или одбивање. Ти не знаеш што правиш. Зар тоа мало тажно лице, со тешка воздишка која излегува од згрченото срце, во својот копнеж за љубов, не предизвикува сожалување? {АД 271.4}

**Плодови од непотребна строгост.** – Неодамна ми е покажан случајот на сестра J. Нејзините заблуди и грешки јасно ми се при кажани. Меѓутоа, во последното видение видов дека злото сè уште постои, дека со децата на својот сопруг постапува студено и без сочувство. Опомените и укорите таа не ги упатувала само за сериозните престапи, туку и за ситници, кои не биле вредни да се спомнат. Не е добро постојано да се бараат грешки и Христовиот Дух не може да продолжи во срцето во кое постои таа особина. Таа е склона без ниту еден збор на пофалба да премине преку тоа што е добро кај нејзините деца, но е секогаш подготвена да ги кара за секоја грешка што ќе ја види. Ова целосно ги обесхрабрува нејзините деца и ги наведува да создадат навики на немарливост. Тоа го поттикнува злото во срцето и од него го изнесува само она што не е добро. Во децата кои се постојано укорувани ќе се појави дух „многу ми е гајле“, а лошите чувства често ќе се изразат без оглед на последиците... {АД 271.5}

Сестрата J. треба да негува љубов и сочувство. Таа треба да покаже нежна љубов кон децата без мајка, кои ѝ се доверени. Тоа ќе биде благослов и за овие деца што Бог ги сака и ќе ѝ се врати во наклонетост и љубов. {АД 272.1}

**Кога е потребна двојна грижа.** – Децата кои ја изгубиле личноста во чиишто гради постоела мајчина љубов, доживеале загуба која никогаш не може да се надомести. Но кога некој ќе одлучи да застане на местото на мајката на тоа мало, сирото стадо, на него почива двојна грижа и товар да биде, ако е возможно уште повеќе, проникнато со љубов и уште повнимателно да укорува и советува, отколку што тоа би го правела нивната сопствена мајка. На тој на чин ќе ја надополни загубата која ја претрпело ова мало стадо. {АД 272.2}

## Четириесет и седмо поглавје

## ХРИСТОВО ОХРАБРУВАЊЕ ЗА МАЈКИТЕ

**Исус ги благословил децата.** – Во Христовото време мајките ги носеле своите деца кај Него за да ги стави Своите раце на нив и да ги благослови. Со ваква постапка мајките покажале дека веруваат во Исуса и дека чувствуваат голема грижа во своето срце за сегашното и идно добро на своите малечки, кои се доверени на нивна грижа. Но учениците не можеле да ја видат потребата мајките да го прекинуваат Исус само за да ги види децата; кога Исус забележал дека учениците ги одбиваат, ги укорил и му наредил на мноштвото да ги пуштат овие верни мајки со своите мали деца. Ре кол: „Оставете ги децата и не им забранувајте да доаѓаат кај Мене; затоа што на таквите е небесното царство“. {АД 273.1}

Кога мајките поминале долг прашлив пат и му се приближиле на Спасителот, Тој ја видел скриената солза и усни кои се тресат, кои изговарале тивка молитва за своите

деца. Тој ги слушнал зборовите на укор од страна на учениците и веднаш им се спротивставил. Неговото големо срце полно со љубов било отворено да ги прими децата. Едно по едно, ги земал во скут и ги благословувал, додека едно мало дете цврсто спиело на Неговите гради. Исус ги охрабрил мајките за нивната работа. Какво олеснување им донело тоа на нивното срце! Со каква радост размислувале за Исусовата добрина и милост, кога би се сетиле на тоа важно случување! неговите љубезни зборови го симнале тешкиот товар од нивните срца и ги вдахнал со нова надеж и храброст. Исчезнало секое чувство на умор. {АД 273.2}

Тоа е охрабрувачка поука за мајките за сите времиња. Кога ќе направат најдобро што можат за доброто на своите деца, тие можат да ги донесат кај Исус. Во Исусовите очи се скапоцени и бебињата во мајчиното крило. Кога мајчиното срце ќе тежнее за мајчината помош што не може да му ја даде, за милоста која не може да ја подари и кога себе си и децата ќе ги стави во Христовите милостиви раце, Тој ќе ги прими и ќе ги благослови; Тој ќе даде мир, надеж и среќа и за мајката и за децата. Ова е скапоцена предност што Исус ја подарил на сите мајки. {АД 274.1}

**Исус и денес ги повикува мајките.** – Христос - Величеството на небото рекол: „Пуштете ги децата и не бранете им; затоа што на таквите е Божјото царство“. Исус не ги праќа децата кај рабините; Тој не ги праќа кај фарисеите, затоа што знае дека тие ќе ги научат да го отфрлат својот најдобар Пријател. Но мајките направиле добро што своите деца ги донеле кај Исуса... Мајките треба и денес да ги донесуваат своите деца кај Христа. Проповедниците на евангелието нека ги земат малите деца на раце и нека ги благословат во Исусово име. Малите деца треба да ги слушнат зборовите на најнежна љубов, затоа што и Исус ги зел јагнињата во Свои раце и ги благословил. {АД 274.2}

Мајките треба да дојдат кај Исуса со своите грижи и тогаш ќе добијат милост која ќе им помогне во воспитување на децата. Вратата е отворена за секоја мајка која сака своите товари да ги стави пред нозете на Спасителот... Тој... сè уште ги повикува мајките да Му ги донесат своите деца за да ги благослови. Со верата на мајката, која со молитва му се обраќа на Бога, дури и малечкото дете кое почива на нејзините раце може да престојува во сенката на Семоќниот. Јован Крстител бил исполнет со Свет Дух од самото раѓање. Ако живееме во заедница со Бога и ние можеме да очекуваме дека божественият Дух ќе ги изградува нашите деца од првите денови на нашиот живот. {АД 274.3}

**Срцата на младите – погодно тло.** – Тој (Христос) се изедначил со понизните, сиромашните и ожалостените. Тој ги зел малите деца во Свои раце и така непосредно се приближил на младите. Неговото големо срце исполнето со љубов можело да ги разбере нивните борби и потреби, Тој се радувал на нивната среќа. Неговиот дух оптоварен со вревата и метежот на преполниот град, уморен од средба со итри и лицемерни луѓе, нашол одмор и мир во друштвото на невините деца. Кон Неговото присуство никогаш не чувствувале одбивност. Небесното Величество прифатило да одговара на нивните прашања, усогласувајќи ги своите важни поуки со нивните детски сфаќања. Во нивните млади умови, коишто се развивале, посеал семе на вистината, кое ќе никне и ќе донесе богата жетва во нивните зрели години. {АД 275.1}

Тој знаел дека овие деца ќе го послушаат Неговиот совет и дека ќе Го прифатат како свој Спасител, наспроти оние кои располагале со мудроста на овој свет, но кои имале тврдо срце и не биле под готвени да Го следат и да најдат место во Божјото царство. Со

тоа што дошле кај Христа и ги примиле Неговите совети и благослови, овие деца со својот млад ум го усвоиле Неговиот лик и Неговите благи зборови, кои не можело ништо повеќе да ги замрачи. Од оваа Христова постапка, треба да научиме дека срцата на младите се најпогодно тло за учење на Христовата наука, за насочување кон побожност и доблести и трајно чување на примените впечатоци. {АД 275.2}

„Пуштете ги децата и не им бранете да доаѓаат кај Мене; зашто на таквите е царството небесно“. Овие скапоцени зборови треба да ги цени не само секоја мајка туку и секој татко. Овие зборови се охрабрување за родителите да ги донесат своите деца кај Него и во Негово име да бараат Таткото да го излее својот благослов на целото нивно семејство. Да им посветиме внимание не само на мирните деца туку и на немирните, непослушни деца, на кои им е потребно грижливо воспитување и нежно водство. {АД 275.3}

# Единаесетти дел
# ДЕЦАТА МЛАДИ СОРАБОТНИЦИ

## Четириесет и осмо поглавје

### КАКО НЕБОТО ГИ ЦЕНИ ДЕЦАТА

**Децата се откупени со Христовата крв.** – Христос ја открил возвишената вредност на вашите деца, затоа што го дал Својот живот за нив. Постапувајте со нив како со оние кои се откупени со Неговата крв. Трпеливо и истрајно воспитувајте ги за Него. Одгледувајте ги со љубов и трпение. Ако правите така, тие ќе ви станат венец на радост и ќе светат како светлина во светот. {АД 279.1}

Најмалото дете, кое што Божја љубов и страв е поголемо пред Бога од најспособниот и нај учен човек кој го запоставува големото спасение. Со посветувањето на своето срце и својот живот на Бога, младите стапуваат во врска со Изворот на секоја мудрост и совршенство. {АД 279.2}

**„На таквите е царството небесно“.** – Душата на детето кое верува во Христа е толку скапоцена во Неговите очи колку и ангелите околу Неговиот престол. Децата треба да се донесат кај Христа и да се одгледуваат за Христа. Водете ги по патот на послушноста, а не по патот на попуштање на желбите или претерувањето. {АД 279.3}

Кога само би ги прифатиле возвишените поуки со кои Исус ги поучувал Своите ученици, земајќи го за пример малото дете, би исчезнало многу од тоа што денес претставува несовладлива тешкотија! Кога учениците му пристапиле на Христа и го прашале: „Кој е најголем во небесното царство... и Исус го повика детето и го по стави меѓу нив. И им рече: вистина ви велам, ако не се смените и не станете како деца, нема

да влезете во небесното царство. Кој ќе се понизи како ова дете, тој е најголемиот во небесното царство“. {АД 279.4}

**Божјата сопственост доверена на родителите.** – Децата до биваат живот од своите родители. Сепак вашите деца имаат живот благодарејќи на Божјата создавачка сила, затоа што Бог е дарител на животот. Да имаме на ум дека со децата не можеме да постапуваме како со своја сопственост. Децата се Господово наследство и планот за откупување го опфаќа нивното како и нашето спасение. Тие се доверени на родителите да ги воспитаат во Господовата наука и така да станат подготвени да ја извршат својата за дача за времето и вечноста. {АД 280.1}

Мајки, нежно постапувајте со своите деца. Христос некогаш бил дете. Почитувајте ги децата заради Христа. Гледајте на нив како на свето наследство, на кое не треба да му се попушта, угодува и обожува, туку учете ги да живеат чист и благороден живот. Тие се Божја своина; Тој ги сака и ве повикува да соработувате со Него во обликувањето на нивниот совршен карактер. {АД 280.2}

Ако сакате во мир да го сретнете Бога, сега хранете го Неговото стадо со духовна храна; затоа што секое дете има можност да до бие вечен живот. Децата и младите се особено Божјо богатство. {АД 280.3}

Младите мораат да ја сфатат вистината дека даровите што им се доверени не им припаѓаат на нив. Силата, времето и разумот се само позајмени богатства. Тие му припаѓаат на Бога и секое младо суштество треба да одлучи да ги употреби за највозвишените цели. Младите се лозници од кои Бог очекува род; таленти кои треба да се размножат; светлина која треба да ја осветли темнината на светот. На секое момче и девојка и на секое дете им е одредена работа која треба да ја извршат за Бог да се прослави и човештвото да се облагороди. {АД 280.4}

**Патот за небото е прилагоден за детските способности.** – Видов дека Исус ги познава нашите слабости, затоа што во сè бил искушан како и ние, но не згрешил. Затоа за нас го подготвил патот кој одговара на нашата сила и способност и како Јаков, по лека одел со децата колку што можеле да издржат, за да нè крепи со Своето присуство и да ни биде постојан водач. Тој не ги презира, не ги запоставува и не ги остава децата зад Своето стадо. Тој не ни заповедал да одиме напред, а нив да ги оставиме. Тој не се брзал толку за ние со своите деца да заостанеме. О, не! Тој ја израмнил патеката на животот дури и за децата. Тој бара родителите во Негово име да ги поведат по тесниот пат. Бог ни го одредил патот кој одговара на силата и способностите на своите деца. {АД 281.1}

## Четириесет и деветто поглавје

# ПОМОШНИЦИ НА МАЈКАТА

**Децата како партнери во семејната заедница.** – Децата како и родителите имаат важни должности во домот. Тие треба да знаат дека се дел од семејната заедница. Тука ги хранат, облекуваат, са каат и се грижат за нив. Тие треба да возвратат за сето ова, со носење на својот дел од товарот во домот, внесувајќи среќа во семејството во кое припаѓаат. {АД 282.1}

Секоја мајка треба да им открие на своите деца дека се членови на семејната заедница и дека во неа мораат да го носат својот дел од одговорноста. Секој член на семејството треба да ги носи овие одговорности толку верно како што верниците на црквата ги носат одговорностите во црквата. {АД 282.2}

Децата треба да знаат дека со извршување на малите должности им помагаат на таткото и на мајката. Дајте им да извршат некоја работа и потоа кажете им дека можат да си играат. {АД 282.3}

Децата имаат активен ум и затоа треба да ги вработите со носење на товар од секојдневниот живот... никогаш не треба да ги оставите самите да си најдат работа. Родителите мораат свесно да се грижат за ова. {АД 282.4}

**Родителите и децата имаат обврски.** – Родителите се должни да ги хранат, облекуваат и воспитуваат своите деца, а децата се должни да им служат на своите родители со радосна и сериозна верност. Ако децата сметаат дека не се должни да ги поделат грижите и товарот со родителите, можат ли да очекуваат родителите да ги исполнат своите обврски кон нив? Кога децата не се грижат за должноста да бидат полезни на своите родители, да им ги олеснат нивните товари, извршувајќи ги непријатните и тешки работи, тие ја губат можноста да стекнат најдобро воспитание, кое би ги подготвило за служба во иднината. {АД 282.5}

Бог сака децата на сите верници, од својата најрана младост, да бидат поучени да носат товари кои нивните родители мораат да ги носат и да се грижат за нив. Во домот добиле свои простории и право и предност да седат на семејната маса. Бог очекува од Родителите да ги хранат и облекуваат своите деца. Според тоа, обврските на родителите и на децата се заеднички. Од децата се очекува да ги почитуваат своите родители. {АД 283.1}

Родителите не треба да бидат робови на своите деца, жртвувајќи сè, додека нивните деца безгрижно и рамнодушно растат, препуштајќи им на нив да ги носат сите товари. {АД 283.2}

**Погрешно насочена добрина води кон неуспех.** – Од малечки учете ги децата да бидат полезни, да помагаат за себе и за другите. Многу девојки од нашето време можат без грижа на совест да ги гледаат своите мајки како се трудат, готват, перат или пеглаат, додека тие седат во соба и читаат приказни, плетат или везат. Нивните срца се бесчувствителни како камен. {АД 283.3}

Од каде потекнува злото? Кога треба да обвиниме за ова? Сироти, изневерени родители. Тие го предвиделе идното добро за своите деца и благодарејќи на нивната погрешно насочена добрина, ги оставиле да седат невработени или да го работат она што нема вредност, што не бара напор за умот и мускулите, а тогаш ги оправдуваат слабостите на своите ќерки. Што ги направило слабаци? Во многу случаи тоа било погрешната родителска постапка. Работата во домот и околу неа би делувала оживувачки на умот и на телото. Меѓутоа, тоа им е ускратено на децата поради погрешните родителски сфаќања, додека еден ден не ја замразат секоја работа. {АД 283.4}

Ако вашите деца не се навикнати да работат, тие набргу ќе се уморат. Ќе почнат да се жалат на болки во слабината и во грбот и на уморните колкови, а вие од сочувство ќе се најдете во опасност самите да ја извршите работата само тие воопшто да не страдаат. Товарот, кој на почетокот ќе го ставате на своите деца нека биде лесен, а потоа секој ден

по малку зголемувајте го, сè додека не станат способни да извршат една работа без замор. {АД 284.1}

**Опасност од мрзеливост.** – Покажано ми е дека мрзеливоста е причина за многу гревови. Оние кои имаат активен дух и раце не наоѓаат време да обрнат внимание на секое непријателското искушение, но мрзливите раце и ум се склони да паднат под власта на сатаната. Кога умот не е вработен како што треба, тој се занимава со она што не е добро. Родителите треба да ги учат децата дека мрзеливоста е грев. {АД 284.2}

Не постои ништо што толку сигурно води кон злото, како кога децата ги ослободуваме од сите товари, препуштајќи ги на мрзеливост, бесцелен живот во кој ништо не работат или го работат само она што им се допаѓа. Детскиот ум е активен и ако не биде вработен со она што е добро и полезно, неминовно е дека тие ќе се свртат кон злото. Иако е исправно и потребно децата да имаат разонода, тие треба да се научат на работа, да имаат одредено часови за физичка работа, а и за читање и учење. Настојувајте да им одредите работа којашто одговара на нивните години и дајте им полезни и интересни книги. {АД 284.3}

**Полезната работа–најсигурна заштита.** – Полезната работа е најсигурната заштита за младите. Ако во младите е развиено вниманието своите часови да ги употребуваат полезно, тие не би има- ле време да се занимаваат со нереалното фантазирање и не би биле незадоволни со својата судбина. Тие не би се нашле во опасност да создадат лоши навики или друштво. {АД 284.4}

Ако родителите се толку окупирани со други обврски, што не можат да ги вработат своите деца со некоја полезна работа, сатаната ќе им најде работа. {АД 285.1}

**Децата треба да ги носат товарите.** – Родителите мораат да бидат свесни за фактот дека најважната поука што мораат да ја на учат нивните деца е поуката за носење на својот дел од товарот во домот... Родителите треба да ги научат своите деца правилно да гледаат на животот, да сфатат дека во светот мораат да бидат полезни. Во домот, под контрола на разумната мајка, момчињата и девојчињата треба да ги примат првите упатства за носење на животните товари. {АД 285.2}

Насочувањето на детето кон доброто или злото започнува уште во првите години од неговиот живот... Како што растат постарите деца, така треба да помогнат во подигање на помладите членови на семејството. Мајката не би требало да се исцрпува работејќи го она што нејзините деца би можеле и би требало да го направат. {АД 285.3}

**Поделбата на товарот нуди задоволство.** – Родители, помогнете им на своите деца да ја остваруваат Божјата волја со верно извршување на должностите кои им припаѓаат како членови на семејството. Тоа ќе им помогне да го стекнат најскапоценото искуство. Тоа ќе ги научи да не мислат само на себе, за своето задоволство или за својата забава. Трпеливо учете ги да ги извршуваат своите должности кои ги имаат во семејниот круг, успешно да вложуваат напори во носењето на товарот со таткото, мајката, браќата и сестрите, така ќе доживеат задоволство кога ќе видат дека се полезни. {АД 285.4}

Децата можеме да ги научиме да бидат корисни. Тие по природа се активни и склони кон активности. Таа активност е погодно тло за развој на нивното успешно воспитание и изведување на прав пат. Уште додека се малечки, децата можат да се научат секојдневно да ги носат своите мали товари, така што секое дете ќе има по некоја

одредена задача за која ќе им одговара на своите родители или старатели. Така тие уште во младоста ќе научат да го носат јаремот на должностите, а извршувањето на нивните мали должности ќе им пружи задоволство, донесувајќи им среќа која настанува кога се прави добро. Тие ќе се навикнат да работат, да носат одговорности и да уживаат во работата, затоа што ќе сфатат дека во животот има поважни работи од разонодата... {АД 286.1}

Работата е корисна за децата; тие се посреќни кога подолго време се корисно вработени; бидејќи успешно ги завршуваат своите работи, тие со поголемо воодушевување учествуваат во своите наивни задоволства. Работата го јакне умот и мускулите. Мајките од своите деца можат да создадат скапоцени мали помошници додека ги учат да бидат корисни, тие самите можат да стекнат знаење за човечката природа, за начинот на постапување со овие млади суштества и за чување на топлината и младоста на своето срце во дружењето со децата. Како што нивните деца гледаат во нив со љубов и доверба, така и тие можат да бараат од добриот Спасител помош и водство. Децата кои се правилно одгледани, со годините кои одминуваат ќе научат да ја сакаат работата со која ќе ги олеснат товарите на своите пријатели. {АД 286.2}

**Воспоставува умствена рамнотежа.** – Со извршување на должностите кои им се доверени, децата можат да го зајакнат помнењето и да воспостават рамнотежа на умот, а покрај тоа ќе стекнат постојан карактер во работата. Секој ден, исполнет со повеќе мали должности, бара размислување, проценување и план за работа. Колку децата стануваат постари, од нив може сè повеќе да се бара. Тоа не треба да биде работа која ги исцрпува, или која трае толку долго да ги заморува и обесхрабрува; туку треба внимателно да се од бере имајќи го во предвид нивниот најдобар физички развој и правилно негување на умот и карактерот. {АД 286.3}

**Работата ги поврзува со небесните работници.** – Кога своите деца би ги поучувале така што на едноставните секојдневни должности гледаат како на работа која им ја одредил Господ, како училиште во кое мораат да се научат да бидат верни и вредни, за да може попријатно и почесно да изгледа нивната работа! Да се извршуваат секојдневните должности како за Господа, значи да се засака најскромната работа и да се поврзеш себе си со светите суштества, кои ја создаваат Божјата волја на небесата. {АД 287.1}

На небото постојано се работи. Таму нема невработени. „Тоа што го прави Мојот Татко, го правам и јас“ рекол Христос. Не можеме да замислиме дека неработењето ќе биде наш дел од животот и дека ќе почиваме во блажено неработење, кога ќе дојде последната по беда и ќе влеземе во становите кои ни се подготвени. {АД 287.2}

**Работата ги зајакнува семејните врски.** – Во домашното воспитание на младите начелото на соработка има непроценлива вредност... Постарите би требало да бидат помошници на Родителите, да ги познаваат нивните намери и да учествуваат во нивните одговорности и товари. Татковците и мајките нека одвојат време да ги учат своите деца, да им покажат дека ја ценат нивната помош, да ја сакаат нивната доверба, да чувствуваат задоволство во нивното друштво и децата нема да се двоумат да им возвратат. Не само што родителскиот товар ќе биде олеснет и децата ќе примат практично воспитание од непроценлива вредност, туку така ќе се зајакнат и семејните врски и ќе се продлабочи и самиот темел на карактерот. {АД 287.3}

**Подигнување на умствен, морален и духовен живот.** – Децата и младите со уживање треба да се трудат да го олеснат товарот кој го носат таткото и мајката, покажувајќи несебична грижа за домот. Преземајќи го радосно својот дел од товарот, тие се подготвуваат за полезна служба на одговорни положби. Тие треба да напредуваат од година во година, постепено, но сигурно, своето детско неискуство да го заменат со искуство на зрели луѓе. Со верно извршување на секојдневните должности во домот, момчињата и девојчињата го поставуваат темелот на менталното, душевното, моралното и духовното совршенство. {АД 288.1}

**Работата–здравје за телото и мир за душата.** – Бог со наклонетост гледа на децата кои радосно ги прифаќаат своите домашни должности, делејќи ги товарите со таткото и мајката. Тие ќе бидат наградени со здраво тело и мир во душата; тие ќе се радуваат кога ќе ги видат своите родители како учествуваат во општествениот живот и во корисната разонода, продолжувајќи си го така својот живот. Децата кои се подготвени да ги исполнуваат реалните животни должности, ќе излезат од домот како корисни членови на општеството, со образование кое го надминува она што се стекнува во првите години во затворените училишни простории, кога ниту умот ниту телото не се доволно силни да понесат таков напор. {АД 288.2}

Во некои случаи би било подобро кога децата би имале помалку училишни обврски, а поголема можност за извршување на домашните должности. Пред сè, тие треба да научат да бидат внимателни и услужни. Поголемиот дел од она што ќе се научи во книгата е по малку корисно од поуките за практичната трудољубивост и дисциплина. {АД 288.3}

**Обезбедува мирен сон.** – Мајките треба да ги однесат своите ќерки во кујната и таму трпеливо да ги поучуваат. Ваквата работа ќе го зајакне нивното здравје и ќе ги зацврсти неговите мускули; нивните мисли на крајот на денот ќе бидат поздрави и повозвишени. Тие можат да се изморат, но колку е сладок одморот по добро из вршената работа! Сонот е природно средство за обновување, го освежува уморното тело и го подготвува за нови должности. Не дозволувајте вашите деца да мислат дека е сеедно дали си вработен или не. Учете ги дека нивната помош ви е потребна, дека нивното време е скапоцено и дека вие се потпирате на нивната работа. {АД 289.1}

Грев е да им се дозволи на децата да растат во безделничење. Настојувајте тие да ги вежбаат екстремитетите и мускулите, дури и тогаш кога тоа ги изморува. Ако не работеле премногу, како уморот може да им наштети повеќе отколку на вас? Постои голема разлика помеѓу уморот и исцрпеноста. На децата им е потребна честа промена помеѓу работата и одморот отколку на постарите; уште додека се мали, тие можат да научат да работат, а сознанието за личната корисност ќе ги направи среќни. По полезната работа, нивниот сон ќе биде послаток, што ќе ги освежи за работата што ги очекува следниот ден. {АД 289.2}

**„Децата ми создаваат проблеми“.** – Некои мајки велат: „Кога се обидуваат да ми помогнат, децата ми создаваат хаос“. И моите го правеа тоа, но, мислите ли дека јас на тоа сум им укажувала? Пофалете ги своите деца. Учете ги малку ова, малку она, правило поправило. Тоа е подобро од читање на романи, подобро од одење на гости, подобро од прифаќање на световни обичаи. {АД 289.3}

**Наш пример.** – За едно небесно време Величеството, Царот на славата, бил само дете во Витлеем, дете кое седело во мајчиниот скут. Во детството можел да ги извршува работите коишто му припаѓаат на послушно дете. Исполнувајќи ги желбите на своите родители, Тој ги извршувал должностите кои одговарале на Неговите детски можности. Децата можат да го направат тоа и така треба да се воспитаат и да се поучат да можат да го следат Христовиот пример. Христос постапувал така и бил благослов на својот дом, затоа што бил покорен на своите родители и така во своето семејство го извршувал мисионерското дело. Напишано е: „А, детето растеше и јакнеше во духот и се полнеше со премудрост и благодатта Божја беше на Него". „И Исус напредуваше во премудроста и во растот и во милоста кај Бога и кај луѓето". {АД 290.1}

Скапоцена е предноста што ја имаат учителите и родителите соработувајќи во поучувањето на децата како да го следат Христовиот пример, прифаќајќи ја радоста на Неговиот живот. Првите го дини од животот на Спасителот биле плодни. Тој и помагал на мајката во домот. Извршувајќи ги домашните работи и работејќи дрводелски занает, Тој ја извршувал својата задача, исто така како кога ја извршувал својата јавна работа. {АД 290.2}

Со својот земен живот Христос дал пример на сите човечки семејства; во домот бил послушен и услужлив. Го изучил дрводелскиот занает и работел со свои раце во малата работилница во Назарет... Работејќи како дете и подоцна како момче, Тој го развивал умот и телото. Својата физичка сила не ја трошел непотребно туку ја користел така што го сочувал своето здравје и благодарение на тоа бил во состојба најдобро да ја изврши секоја работа. {АД 290.3}

## Педесетто поглавје

## НА РОДИТЕЛИТЕ ИМ ПРИПАЃА ПОЧИТУВАЊЕТО

**Детскиот долг кон родителите.** – Децата треба да разберат дека тие се должници на своите родители, кои бдееле над нив во нивното детство и ги негувале во болест. Треба да имаат на ум дека родителите многу се грижеле за нив. Совесните и побожни родители направиле сè што можеле за нивните деца да тргнат по добар пат. Колку ги болело кога ги виделе недостатоците во животот на своите деца! Кога децата кои им задавале болка на своите родители би можеле да ги видат последиците од своето постоење, сигурно би попуштиле. Кога би можеле да ги видат солзите на својата мајка и да ги слушнат молитвите упатени до Бога за нив, кога би ги слушнале нејзините тивки воздишки, нивните срца би омекнале, тие брзо би ја признале својата вина и би по барале прошка. {АД 292.1}

Кога ќе пораснат, децата ќе ги почитуваат родителите, кои верно работеле и кои не им дозволувале да негуваат несоодветни чувства или да им попуштаат на лошите навики. {АД 292.2}

**Заповед која ги обврзува сите.** – „Почитувај ги таткото твој и мајката твоја, како што ти заповеда Господ, твојот Бог, за да живееш долго и да ти биде добро во онаа земја, што ти ја дава Господ, твојот Бог". Ова е првата заповед со ветување. Таа ги обврзува децата и младите, возрасните и старите. Нема период во животот во кој децата би биле

ослободени од обврската да ги почитуваат своите родители. Оваа свечена обврска се однесува на секој син и ќерка, и е еден од условите за продолжен живот на земјата кој Господ ќе им го даде на верните. Оваа тема не е не важна, таа има животна важност. Ветувањето зависи од послушноста. Ако послушаш, ќе живееш долго на земјата што ти ја дава твојот Господ Бог. Ако не послушаш, нема да го продолжиш својот живот на таа земја. {АД 292.3}

Родителите имаат право на љубов и почитување кое не му припаѓа на никој друг. Сам Бог кој им дал одговорност за душите кои им се доверени, одредил во текот на првите години од живот на децата тие да ги насочуваат наместо Бог. Оној кој одбива да го признае законскиот авторитет на своите родители, одбива да го признае Божјиот авторитет. Петата заповед им налага на децата не само да ги почитуваат своите родители, да им се покоруваат и да ги слушаат, туку да им пружат љубов и нежност, да ги олеснат нивните грижи, да го чуваат нивниот углед и во старост да им пружат помош и утеха. {АД 293.1}

Бог не може да ги усреќи оние кои се спротивставуваат на јасната заповед истакната во Неговата реч, која ја одредува должноста на децата кон родителите... Ако тие не ги почитуваат и не ги ценат своите земни родители, нема да го почитуваат ниту да го са каат својот Создател. {АД 293.2}

Кога децата имаат неверни родители, чии заповеди се спротивни на Христовите, тогаш колку и да е тоа болно, тие мораат да го по слушаат Бога, а последиците да му ги препуштат Нему. {АД 293.3}

**Многумина ја кршат петата заповед.** – Во овие последни де нови детската непослушност и непочитување дошле толку до израз што Бог посебно укажал на тоа; тоа е знак дека крајот е близу. Тоа покажува како сатаната има речиси целосна превласт над умовите на младите. Многумина денес повеќе не ги почитуваат старите. {АД 293.4}

Многу деца кои велат дека ја познаваат вистината им ја ускратуваат честа и љубовта на своите родители, не покажувајќи ниту малку љубов кон мајката и таткото, запоставувајќи да им укажат почитување, исполнувајќи ги нивните желби и трудејќи да им ги олеснат грижите. Многумина кои тврдат дека се христијани не знаат што значи да се почитуваат и поради тоа на нив нема да се однесуваат зборовите: „да ти се продолжат деновите на земјата што ти ја дава твојот Господ Бог“. {АД 293.5}

Во ова бунтовно време, децата кои не примиле вистинско воспитување и кои се недисциплинирани имаат малку чувства за своите обврски кон родителите. Често се случува децата да се толку неблагодарни и да имаат толку малку почитување кон родителите колку тие прават повеќе за нив. Децата кои секогаш биле галени од родителите и во сè им било угодувано, секогаш го очекуваат тоа, а ако не им се оди по желбата, тогаш се разочарани и обесхрабрени. Истото расположение ќе се забележи и во нивниот подоцнежен живот. Тие ќе чувствуваат беспомошност, ќе се потпираат на помошта од другите, ќе очекуваат другите да им угодуваат и попуштаат. И кога ќе пораснат, ако наидат на спротивставување, ќе сметаат дека се запоставувани; и така со мака ќе поминуваат во светот, речиси неспособни да се носат самите со себе, често жалејќи се и јадосувајќи се затоа што не им оди ништо како што сакаат. {АД 294.1}

**На небото нема место за неблагодарните деца.** – Видов како сатаната ги заслепил умовите на младите, за да не можат да ја сфатат вистината на Божјите зборови. Станале толку нечувствителни, што не се грижат за советите на светиот апостол: {АД 294.2}

„Деца, слушајте ги своите родители во Господа: затоа што ова е добро. Почитувај ги таткото и мајката твоја; ова е првата заповед со ветување; за да ти биде добро и да живееш долго во онаа (новата) земја". „Деца, слушајте ги своите родители во сѐ, тоа му причинува задоволство на Господа". Децата кои не ги почитуваат и не ги слушаат своите родители и не се грижат за нивниот совет и упатства, нема да имаат удел на новата Земја. Очистената нова Земја нема да биде место за бунтовните, непослушните и неблагодарни синови и ќерки. Ако таквите не се научат на послушност и покорност на оваа Земја, тоа никогаш подоцна нема да го научат; мирот на откупението нема да биде пореметен со присуството на непослушни, непокорни и своеволни деца. Ниту еден престапник не може да го наследи Божјото царство. {АД 294.3}

**Љубовта треба да се покаже.** – Видов деца кои како да се ли шени од чувствата кон своите родители, кои не изразуваат љубов, која им припаѓа на родителите и која би ја ценеле; но на оние кон кои имаат најголема наклонетост, покажуваат изобилно љубов и нежност. Дали е тоа по Божја волја? Не, не. Внесете ги во семејниот круг сите зраци на љубов и нежност. Вашите татко и мајка ќе ги ценат овие мали знаци на внимание кои им ги укажувате. Вашиот труд да ги олесните товарите и да го контролирате секој лош и неблагодарен збор, покажува дека не сте неразумно дете, дека ја цените грижата и љубовта со која ве опфатиле во годините на вашата беспомошност. {АД 295.1}

Деца, потребно е мајката да ве сака, затоа што би биле многу несреќни. Не е ли тогаш добро децата да ги сакаат своите роди тели, со ведра насмевка, пријатни зборови и радосна, срдечна соработка да ја покажат оваа љубов, помагајќи им на таткото и мајката? {АД 295.2}

**Сѐ правете како на Исуса.** – Ако навистина сте обратени, ако сте Исусови деца, ќе ги почитувате своите родители; вие ќе бидете подготвени да правите не само она што тие ви го кажуваат туку и самите ќе барате можност да им помогнете. Ако го правите тоа, вие работите за Исус. Сите овие грижливи и промислени дела, Исус ги смета како да му се направени Нему. Тогаш тоа ќе биде најважната мисионерска работа; оние кои се верни во овие мали секојдневни должности, стекнуваат скапоцено искуство. {АД 295.3}

## Педесет и прво поглавје

## СОВЕТИ ЗА ДЕЦАТА

**Бог во детството.** – Децата и младите треба рано да почнат да го бараат Бога, затоа што првите навики и впечатоци ќе влијаат силно на животот и на карактерот. Поради тоа младите кои што сакаат да бидат слични на Самуил, Јован, а особено на Христа, мораат да бидат верни во малку, оддалечувајќи се од пријателите кои смислуваат зло, кои мислат дека нивниот живот во светот треба да биде исполнет со уживање и со себично попуштање. На многу мали домашни должности се гледа како на нешто неважно; ако се запоставаат малите должности, ќе бидат запоставени и го лемите. Вие сакате да бидете вистински мажи и жени со чист, здрав и благороден карактер. Започнете го тоа во домот, прифатете ги малите должности и извршете ги темелно и совесно. Кога Господ ќе види дека сте верни во малку, Тој ќе ви довери поголеми одговорности. Внимавајте

како градите и каков материјал, вградувате во својата животна зграда. Карактерот кој сега го обликувате ќе остане за вечност. {АД 297.1}

Исус да завладее со вашиот ум, со вашето срце и вашите чувства. Работете како што работел Христос, совесно извршувајќи ги домашните работи, малите дела на самоодрекување и љубезност, внимателно користејќи го секој момент, чувајќи се од малите гревови и благодарејќи од срце за малите благослови, за да можете да го добиете сведоштвото кое му е дадено на Јован и на Самоил, а особено на Христа: „И Исус напредуваше во премудроста и во растот и во милоста кај Бога и кај луѓето“. {АД 297.2}

**„Дај ми го своето срце“.** – Господ им вели на младите: „Сине мој, дај ми го своето срце“. Спасителот на светот сака децата и младите да му го предадат своето срце. Голем број на деца ќе се најдат верни на Бога, затоа што живеат во светлина како што Христос е во светлина. Тие го сакаат Господа Исуса и се радуваат што можат да ја извршуваат Неговата волја. Не се лутат кога ги караат родителите; тие го веселат срцето на таткото и мајката со својата љубезност, трпение и подготвеност да направат сè што можат, помагајќи им да го носат бремето на секојдневниот живот. Во текот на детството и младоста ќе останат верни Господови ученици. {АД 297.3}

**Секој мора да направи личен избор.** – Стражарете и молете се и настојувајте да стекнете лично искуство во она што е Божјо. Вашите родители можат да ве поучуваат и можат да настојуваат вашите нозе да ги упатат на сигурни патишта, но не можат да ви го сменат срцето. Вие морате да го предадете своето срце на Исуса и да одите во скапоцената светлина на вистината која ви ја дал Тој. Верно прифатете ги своите должности во домот и со Божја милост ќе достигнете полн раст на Христовата висина, што од вас Тој и го очекува. Фактот дека вашите родители ја почитуваат саботата и ја прифаќаат вистината, нема да ви обезбеди спасение. Кога и Ное, Јов и Даниел би биле на Земјата, „И ви велам, вели Господ Господ, нема да ги спасат синовите ни ќерките; тие со правдата своја ќе ги спасат своите души“. {АД 298.1}

Во детството и во младоста можете да стекнете искуство во служба за Бога. Правете го она што знаете дека е добро. Бидете им послушни на своите родители. Слушајте ги нивните совети, за тоа што ако го сакаат Бога и имаат Господов страв, на нив ќе почива одговорноста за воспитување, поучување и подготовка на вашите души за вечен живот. Со благодарност прифатете ја помошта која ви ја даваат и израдувајте им ги срцата со своеволна покорност на нивното мудро расудување. На тој начин ќе ги почитувате своите родители, ќе го прославите Бога и ќе станете благослов на сите со кои се дружите. {АД 298.2}

Деца, војувајте добра војна. Запомнете дека секоја победа ви дава предност над непријателот. {АД 299.1}

**Децата треба да се молат за милост за помош.** – Децата треба да се молат за милост за да се спротивстават на искушенијата кои ќе дојдат на нив - со искушенијата одат по својот пат и ги остваруваат своите себични задоволства. Кога ќе се молат на Христа за помош во својата животна служба да бидат верни, љубезни, послушни и под готвени да ги носат своите одговорности во семејниот круг, Тој ќе ја слушне нивната едноставна молитва. {АД 299.2}

Исус би сакал децата и младите да дојдат кај Него со иста до верба како што доаѓаат кај своите родители. Како што детето, кога е гладно ја моли мајката или таткото за леб, така и Господ сака од Него да го побарате она што ви е потребно... {АД 299.3}

Исус ги познава детските потреби и Нему му е мило да ги слушне нивните молитви. Децата нека го отфрлат светот и сето она што ги одвојува нивните мисли од Бога; помогнете им да почувствуваат дека се сами со Бога, дека Неговиот поглед допира до длабочината на срцето и го чита копнежот на душата и дека може да разговара со Бог... {АД 299.4}

И тогаш, деца, барајте од Бога да ви го направи она што вие не можете да го направите за себе. Кажете му сè на Исуса, откријте му ги тајните на своето срце; Неговиот поглед ги испитува нај- скриените длабочини на душата и ги чита вашите мисли како отворена книга. Ако сте го барале она што е потребно за доброто на вашата душа, верувајте дека ќе примите и ќе добиете. {АД 299.5}

**Извршувајте ги домашните должности со радост.** – Децата и младите треба да бидат мисионери во домот, правејќи го она што некој мора да го направи и што мора да се изврши... Со верно извршување на должностите кои ви изгледаат неважни, можете да покажете вистински мисионерски дух. Со подготвеност да ги извршите должностите кои се наоѓаат пред вас, менувајќи ја преоптоварената мајка, ќе докажете дека можат да ви се доверат поголеми одговорности. Можеби не ја сметате за пријатна работата како што е миењето на садови, ни сепак не би сте се одрекнале од предноста да јадете јадења што ви се ставаат во нив. Мислите ли дека за вашата мајка тоа ќе биде попријатна работа отколку за вас? Дали ќе се однесувате како дама, а работата која не ви е пријатна, ќе ја оставите на својата со грижи оптоварена мајка? Треба да ги исчистите просториите, да ги истресете прекривките, да ги наместите собите; ако ги запоставувате таквите работи, дали е добро да тежнеете кон поголеми одговорности? Дали сте размислувале колку пати мајката морала да ги изврши сите овие домашни должности, до дека вие сте биле ослободени затоа што сте оделе на училиште или сте се забавувале? {АД 300.1}

Многу деца ги извршуваат своите домашни должности како непријатни работи, додека на нивните лица јасно се оцртува не расположението. На сè приговараат и негодуваат и ништо не прават со желба. Тоа не е слично на Христа; тоа е сатански дух и ако го негувате, ќе станете слични на него. Вие ќе бидете несреќни и сите околу себе ќе ги направите несреќни. Не се жалете затоа што имате многу работа, а толку малку време за разонода туку бидете сериозни и внимателни. Кога ќе го употребите времето за извршување на некоја корисна работа, ќе ја затворите вратата на сатанските искушенија. Вие морате да би дете слични на Исуса, а Тој не живеел угодувајќи си на Себе. На правете ја оваа вистина со верски начела и молете се Исус да ви помогне. Насочувајќи ја силата на својот ум во овој правец, ќе се подготвите да станете носители на товарот во Божјото дело, како што сте го правеле тоа во семејниот круг. Ќе извршите позитивно влијание на другите и можеби ќе се оспособите за Христовата служба. {АД 300.2}

**Овозможете и на промена и одмор.** – Тешко и е на мајката која сака да бара помош од своите деца кога ќе види дека немаат желба за работа и дека наоѓаат секаков можен изговор само за да се ослободат од непријатната работа. Деца и млади, Христос ве набљудува; дали Тој гледа како не се грижите за довербата која ви ја дава? Ако сакате да бидете полезни, ќе имате прилика за тоа. Вашата прва должност е да и помогнете на својата мајка, која на правила толку многу за вас. Помогнете и во носењето на товарот и

подарете и пријатни денови за одмор; во својот живот таа имала многу малку слободни денови и пријатни промени. Некогаш со право сте го присвојувале секое задоволство и разонода, но дошло време да внесете сончева светлина во домот. Прифатете ја својата должност и фатете се за работа. Со својата приврзаност овозможете и на мајката одмор и задоволство. {АД 301.1}

**Божја награда.** – Денес се потребни одлучни и храбри луѓе слични на Даниел. На современиот свет му е потребно чисто срце и цврста, постојана рака. Бог одредил човекот постојано да напредува и секој ден да станува сè посовршен. Тој ќе ни помогне, ако самите вложиме труд. Од нашиот напредок во овој свет зависи нашата среќа и тука и во светот кој ќе дојде... {АД 301.2}

Драги млади, Бог ве повикува да ја извршите работата која во Неговата милост можете да ја завршите. „Да ги дадете своите тела во жива жртва, света, угодна на Бога; тоа да ви биде духовна должност“. Станете умерени во зрелоста која ви ја подарил Бог. Бидете како Даниел, чисти во вкусот, апетитот и навиките. Бог ќе ве на гради со постојаност, бистар ум, цврсто размислување и зрело забележување. Младите кои се држат до цврстите и непоколебливи начела, ќе имаат здраво тело, ум и душа. {АД 301.3}

**Поправете го минатото.** – Младите денес одлучуваат за својата вечна судбина и ве повикувам да обрнете внимание на заповедта на која Бог и додал и ветување: „За да ти се продолжат деновите на земјата, што ти ја дава твојот Господ Бог“. Деца, дали копнеете за вечен живот? Ако е така, тогаш почитувајте ги и ценете ги своите родители. Не ги растажувајте и не го ранувајте нивното срце и не дозволувајте да поминат бессони ноќи во страв и грижа за вас. Ако сте згрешиле затоа што сте им ги скратиле љубовта и послушноста, почнете да го поправате минатото. Немојте да тргнете по некој друг пат, затоа што тоа за вас би значело губиток на вечниот живот. {АД 302.1}

# Дванаесетти дел
# НАЧЕЛА НА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

## Педесет и второ поглавје

### УПРАВУВАЊЕ СО ДОМОТ

**Начелото според кое родителите треба да работат.** – Многумина во светот го сакаат она што само по себе е добро, но нивните мисли се преокупирани со тоа и не бараат поголемо и повозвишено добро кое Христос сака да им го даде. Меѓутоа, ние не смееме грубо да ги лишиме од она што им е убаво. Откријте им ја убавината и скапоценоста на вистината. Учете ги да гледаат во Христа и во Неговата добрина; тогаш ќе го остават сето она што ги спречува да Го сакаат. Тоа е начело кое родителите мораат

да го почитуваат во воспитувањето на своите деца. Со Христовата милост и начинот на постапување со децата можете да го обликувате нивниот карактер за вечен живот. {АД 305.1}

На татковците и мајките животна цел треба да им биде нивните деца да добијат колку што се може посовршен карактер, колку што дозволува човечкиот напор соединет со божествената помош. Со тоа што донеле деца на свет, тие ја прифатиле оваа важна и одговорна работа. {АД 305.2}

**Потребни начела за управување со домот.** – Во секој христијански дом треба да постојат правила; со своите зборови и меѓусебниот однос, родителите треба да бидат жив пример за децата во она што тие треба да бидат... учете ги децата и младите да го почитуваат и слушаат Божјиот закон. Тогаш овие начела ќе управуваат со нивниот живот и ќе се пренесат во нивните постапки со другите. {АД 305.3}

**Следете ги библиските начела.** – Не ги запоставувајте начелата кои што се основа за управување со семејството. Господ одредил семејствата на Земјата да бидат претслика на небесните семејства. Кога со земното семејство се управува во согласност со начелата тоа исто посветување со Духот ќе влезе во црквата. {АД 306.1}

Самите родители треба да бидат обратени и од искуство да знаат што значи да се покориш на Божјата волја, како мали деца, водејќи ги сите свои мисли во покорност на волјата на Исуса Христа, а сето тоа ќе го покаже управувањето за кое Бог рекол дека треба да постои во семејството. {АД 306.2}

Самиот Бог воспоставил семејни односи. Неговата реч е единствениот сигурен водач во постапувањето со децата. Човечката мудрост не открила повеќе од она што Бог го знае ниту создала по добар план за постапување со децата од оној што ни го дал нашиот Господ. Кој може подобро од Создателот да ги сфати сите детски потреби? Кој може подобро да се залага за нивното добро од Оној кој ги откупил со Својата крв? Кога Божјата реч повнимателно би се проучувала и поверно би се извршувала, би имало помалку душевни страдања поради расипаното однесување на лошите деца. {АД 306.3}

**Почитувајте ги детските права.** – Не заборавајте дека децата имаат права кои мораат да се почитуваат. {АД 306.4}

Децата имаат барања кои нивните родители мораат да ги при знаат и да ги почитуваат. Тие имаат право да добијат образование и воспитание, кое ќе ги оспособи да бидат корисни, почитувани и сакани членови на современото човечко општество, а во исто време да ги направи морално подготвени за идното општество на чисти и свети суштества. Младите треба да се поучуваат дека нивното сегашно и идно добро во голема мера зависи од навиките кои ги стекнуваат во детството и младоста. Тие уште од најраните де нови треба да се навикнат на покорност, самоодрекување и почитување на среќата на другите. Тие треба да научат како да ја контролираат својата избувливост, да се воздржат од непристојното однесување, да покажат неколеблива љубезност, учтивост и владеење со самиот себе. {АД 306.5}

**На заслепениот родител.** – Слепата чувствителност, евтината изјава на љубов, постојано те следи. Лесно е да го прегрнеш; но воздржи се од вакви постапки, ако не се поткрепени со вредноста на совршената послушност. Твоето попуштање и твоето непочитување на Божјите барања се вистинска грубост. Ти самиот го поддржуваш и ја

оправдуваш непослушноста велејќи: „Мојот син ме сака“. Таквата љубов е евтина и лажна. Тоа воопшто не е љубов. Љубовта, вистинската љубов, која треба да се негува во семејството, има своја вредност кога е потврдена со послушност... {АД 307.1}

Ако ги сакаш душите на своите деца, стави ги во ред. Многу бакнежи и изрази на љубов заслепуваат, а твоите деца го знаат тоа. Помалку обраќајте внимание на овие надворешни знаци на нежност и подлабоко проникнете во тоа, па ќе можеш да покажеш што е вистинска детска љубов. Отфрли ги овие знаци на нежност како израз на итрина и измама ако не се потврдени со послушност и почитување на твоите налози. {АД 307.2}

**Чувајте се од слепата љубов и претераната строгост.** – Додека од една страна не смееме да и попуштаме на слепата љубов, од друга страна не треба да покажеме претерана строгост. Децата не можеме на сила да ги доведеме кај Господа. Нив можеме да ги водиме, а не да ги принудуваме. „Моите овци го слушаат Мојот глас, и Јас ги познавам нив и тие одат по Мене,“ вели Христос. Тој не ре кол: Моите овци го слушаат Мојот глас и Јас ги туркам по патот на послушноста. Во водењето на децата треба да се покаже љубов. Со грубоста или со неразумните барања, родителите никогаш не смеат да им нанесат болка на своите деца. Грубоста ги турка душите во сатанската мрежа. {АД 307.3}

Усогласеното влијание на авторитетот и љубовта ќе ви овозможи цврсто, но и нежно да ги држите уздите на семејното управување. Кога ја имаме во обѕир Божјата слава и она што нашите деца Му го должат, ќе се сочуваме од опуштеност и попуштање во злото. {АД 308.1}

**Грубоста не донесува послушност.** – Никој нека не мисли... дека грубоста и строгоста ќе обезбедат послушност. Познавам успешно семејство во кое редот не се одржува со груби зборови и погледи. Познавам и други семејства во кои постојано со заповеднички тон се издаваат наредби и често се делат остри укори и строги казни. Во првиот случај децата ги следеле родителите и ретко со груб тон се обраќале еден кон друг. Во другиот случај децата исто така го следат примерот на родителите, па од утро до вечер можеле да се слушнат остри зборови, осудување и расправии. {АД 308.2}

Отстранувајте се од зборовите кои заплашуваат, кои создаваат страв и ја отстрануваат љубовта од срцето. Мудар, нежен и побожен татко нема во домот да внесува ропски страв туку топлина на љубов. Ако пиеме од водата на животот, ќе станеме извор на слатка, а не на горчлива вода. {АД 308.3}

Острите зборови ја расипуваат природата и ги рануваат детските срца, а во некои случаи овие рани тешко зараснуваат. Децата се чувствителни и на најмалата неправда и поради неа остануваат обесхрабрени; тие нема да обрнуваат внимание на гласната и гневна заповед ниту ќе се грижат на заканите дека ќе бидат казнети. {АД 308.4}

Во опасност сме престрого да ги оценуваме ситниците. Престрогото оценување, грубите правила водат кон непочитување на сите прописи; и малку по малку, така воспитаните деца ќе покажат исто такво непочитување и кон Христовите закони. {АД 308.5}

**Кажи го смирено она што мислиш дека е добро.** – Децата имаат чувствителна, нежна природа. Нив лесно може да ги задоволиш, но и лесно може да ги направиш несреќни. Со нежни совети, кои ги следат љубезните зборови и постапки, мајките можат

да ги врзат своите деца за своите срца. Голема грешка е на децата да им се поставуваат строги барања. Редот во секое семејство може да се изгради со постојаност и ненаметлива контрола. Кажи го мирно она што мислиш дека е добро, разумно постапувај и тоа што си го рекол примени го без отстапки. {АД 309.1}

Љубовта која ја покажувате во дружење со своите деца има голема вредност. Не ги одвраќајте поради недостаток на сочувство за нивните детски игри, радости и таги. Никогаш не дозволувајте да бидете намуртени или груб збор да излезе од вашите усти. Бог ги запишува сите овие зборови во Своите книги. {АД 309.2}

**Само опоменувањето не е доволно.** – Мили браќа, вие како црква жалосно сте ја запоставиле својата должност кон децата и младите. Кога им поставувате ограничувања и правила, морате да бидете подготвени во својот карактер да ја покажете Христовата, а не сатанската страна. На децата им е потребна постојана грижа и нежна љубов. Врзете ги за своето срце и во нивните очи постојано подигајте ја Божјата љубов и Неговиот страв. Татковците и мајките не владеат со себе и затоа не се подготвени да ги водат другите. Смирувањето и опомените не се сè што можете да го направите за своите деца. Уште ви е потребно да сфатите што значи да се прави она што е добро и да се сака милоста и да се оди со Бога. {АД 309.3}

**Совет за мајката кон своеволното дете.** – Твоето дете не ти припаѓа на тебе; со него не можеш да постапуваш како што сакаш, затоа што тоа е Господова своина. Постојано грижи се за нив; по кажи им дека припаѓаат на Бога. Ако така ги воспитуваш, тие ќе станат благослов за својата околина. Тебе ти е потребно остроумно размислување, за да можеш да ја отстраниш нивната склоност да владее над вас двајца, да постапува како сака и да прави што сака. {АД 309.4}

**Урамнотежено и умерено управување.** – Видов дека многу семејства се упропастени од престрогиот начин на управување, иако сè можело да се усогласи со договор и разбирање. {АД 310.1}

Несигурноста во управувањето со семејството нанесува голема штета, затоа што е речиси исто така неполезно како и безвластието. Често се поставува прашањето: Зошто децата на побожните родители се толку често тврдоглави, инаетчии и гневни? Причината за тоа е семејното воспитание. Многу често родителите не се единствени во управувањето со своето семејство. {АД 310.2}

Непостојаното управување - кое за одредено време ги држи цврсто уздите, а потоа го дозволува она што претходно го осудувал - тоа е пропаст за детето. {АД 310.3}

**Ист закон и за родителите и за децата.** – Бог е нашиот Законодавец и Цар и родителите треба да ја признаат Неговата власт. Оваа власт не дозволува никакво расфрлање ниту детска непослушност. Господ е полн со љубов, милост и вистина. Неговиот за кон е свет, праведен и добар, родителите и децата мораат да го почитуваат. Правилата кои треба да управуваат со животот на родителите и децата извираат од срцето на бесконечната љубов и Божјите обилни благослови ќе почиваат на оние родители кои го применуваат Неговиот закон во својот дом и на децата кои Го слушаат. Треба да се чувствува заедничкото влијание на милоста и правдата. „Милоста и вистината ќе се сретнат, а правдата и мирот ќе се бакнат“. Семејствата кои имаат вакво управување ќе одат по Господовиот пат, создавајќи правда и суд. {АД 310.4}

## ОБЕДИНЕТИ НАПОРИ

**Поделба на одговорностите.** – Обединети и со молитва Таткото и мајката кои се молат, заедно треба да носат тешки одговорности во водење на своите деца по прав пат. {АД 312.1}

Родителите треба да работат во совршено единство. Поделби не смее да има. Меѓутоа, многу родители не се усогласени, а тоа ги расипува децата... Понекогаш се случува или мајката или Таткото да се или премногу попустливи или премногу строги. Оваа не согласност не дава добри резултати во обликувањето на карактерот на нивните деца. Во спроведувањето на реформите не треба да се прибегнува кон употреба на груба сила, но во исто време не смее да се попушти. Мајката не смее да ги заслепи очите на Таткото за детските грешки ниту смее да ги поттикнува да го прават она што го забранил таткото. Мајката не смее да посее никакво семе на сомнеж во разумното татково управување. Со своите постапки таа не смее да ја осудува татковата работа. {АД 312.2}

Ако татковците и мајките, не се согласуваат и го осудуваат влијанието еден на друг, семејството ќе биде обесхрабрено, а на родителите нема да им биде укажано почитување и доверба, која е значајна за добро управување со семејството... Децата брзо го воочуваат сето она што фрла сенка на правилата и прописите во домот, особено оние прописи кои ги ограничуваат нивните постапки. {АД 312.3}

Таткото и мајката мораат да бидат единствени во воспитувањето на своите деца; секој треба да го носи својот дел од одговорноста, двајцата признавајќи дека свечено се обврзале кон Бога дека своите деца ќе ги воспитуваат така, колку што е возможно да им обезбедат добро физичко здравје и правилно развиен карактер. {АД 313.1}

**Лоши поуки.** – Некои заслепени мајки во животот на своите деца го трпат она што не би требало да го трпат ниту еден момент. По некогаш ги кријат грешките на децата од таткото. Тие дозволуваат децата да носат облека или да прават нешто друго, под услов Таткото за тоа ништо да не дознае, затоа што за тоа би реагирал. {АД 313.2}

На овој начин децата се учат да лажат. Ако таткото ги открие овие грешки, мајката бара изговори и не ја кажува целата вистина. Мајката не е искрена. Таа заборава дека и таткото се грижи за своите деца исто колку неа, и не би требало да му останат непознати нивните грешки и склоности кои би требало да се искоренат до дека се сè уште млади. Настаните се премолчуваат. Децата знаат за несогласувањата на своите родители и тоа остава последици. Децата почнуваат да лажат, да кријат, изнесувајќи ги фактите кои се спротивни на сознанијата на нивните мајки и нивните татковци. Тие се навикнуваат да претеруваат и буквално лажат, а притоа со веста многу не ги вознемирува. {АД 313.3}

Ова зло започнало оној ден кога мајката почнала да ја крие вистинската состојба пред таткото, кој има еднаков удел во обликувањето на карактерот на своите деца. Со таткото требало отворено да се разговара и тој треба да биде известен за сè. Спротивниот став, сокривањето на детските грешки, ги охрабрува во нивната склоност да лажат, да бидат лицемерни и нечесни. {АД 313.4}

Видов дека родителите - христијани секогаш треба да се држат до одреден принцип - да бидат сложни во водењето на своите деца. Некои родители грешат во тоа, затоа што не се единствени. Понекогаш за тоа е виновен таткото, но почесто е виновна мајката. Заслепената мајка ги гали своите деца и им дозволува да прават што сакаат. Таткото поради работата често е отсутен од дома и од друштвото на своите деца. Затоа влијанието и примерот на мајката е од пресудно значење за изградување на детскиот карактер. {АД 314.1}

**Родителското несогласување ги збунува децата.** – Семејната заедница мора да биде добро организирана. Таткото и мајката мораат заедно да ги проучуваат своите одговорности и свесно да прифатат одредена задача. Не смее да има несогласување. Во присуство на своите деца таткото и мајката никогаш не треба да ги критикуваат плановите и размислувањата еден на друг. {АД 314.2}

Ако мајката нема искуство во познавање на Бога, таа треба да размисли дали нејзината постапка кон децата ќе ги зголеми татковите тешкотии додека работи на нивното спасение. Дали се држам за Господовиот пат? Тоа мора да биде најважното прашање. {АД 314.3}

Ако родителите во нешто не се согласуваат, нека се повлечат од своите деца додека не се усогласат. {АД 314.4}

Често родителите не се согласуваат во водењето на своето семејство. Таткото кој е многу малку со своите деца и ништо не знае за нивните склоности е груб и строг. Тој не управува со својата природа туку казнува остро. Детето го знае тоа и наместо да биде смирено, казната го исполнува со гнев. Мајката пропушта да го казни детето за прекршокот за подоцна за истиот строго да го казни. Децата никогаш не знаат што ги чека и доаѓаат во искушение да дознаат до каде можат така да постапуваат, а да не бидат казнети. Така е посеано семето на зло кое расте и донесува род. {АД 314.5}

Ако родителите се единствени во овој дел на воспитувањето, де тето ќе знае што да се очекува од него. Меѓутоа ако таткото, со зборови или со поглед, покажува дека не ги одобрува мајчините воспитни постапки, ако смета дека таа е премногу строга и се обидува да ја замени нејзината строгост со нежност и попуштање, ќе го упропасти детето. Детето набрзо ќе сфати дека може да прави сè што му се допаѓа. Родителите кои го прават овој грев во односот кон своите деца, ќе бидат виновни за пропаѓањето на нивните души. {АД 315.1}

Ангелите со најголемо внимание го набљудуваат секое семејство за да видат како родителите, старателите и пријателите поста пуваат со децата. Во семејството, во кое нема слога помеѓу родителите, тие се сведоци на лошо управување. Бојата на татковиот и мајчиниот глас, нивните погледи, нивните зборови - сето тоа по кажува дека тие не се единствени во водењето на своите деца. Таткото ја укорува мајката и ги наведува децата да не ја почитуваат мајчината нежност и љубов. Мајката мисли дека е должна да по каже повеќе љубов кон децата, да им удоволува и попушта, затоа што смета дека таткото е груб и нетрпелив, а таа мора да го осуети влијанието на неговата строгост. {АД 315.2}

**Молитва и трезвено размислување.** – Љубовта не може долго да трае, дури ни во семејниот круг, ако домашните не се покорат на Божјата волја. Сите способности и чувства мораат да се усогласат со особините на Исус Христос. Ако таткото и мајката во Божји страв ги соединат своите желби да го исполнат авторитетот во домот, ќе почувствуваат дека им се потребни многу молитви и трезвено размислување. И кога ќе

го бараат Бога, нивните очи ќе се отворат за да ги видат небесните весници кои им дошле на помош како одговор на молитвата на вера. Тие ќе ги совладаат слабите страни на својот карактер и ќе тргнат кон совршенство. {АД 315.3}

**Срцата поврзани со златни нишки на љубов.** – Татко и мајко, поврзете ги своите срца со најтесна, најсреќна заедница. Не живејте секој за себе туку бидете поблиски еден кон друг; тогаш ќе бидете подготвени со златни нишки на љубовта да ги врзете за себе срцата на своите деца. {АД 316.1}

Продолжете да сеете за времето и за вечноста. Цело небо ги набљудува напорите на родителите христијани. {АД 316.2}

## Педесет и четврто поглавје

## ВЕРА ВО СЕМЕЈСТВОТО

**Место за вера во семејството.** – Верата во семејството се со стои во подигање на децата во Господовата наука и страв. Секој член на семејството треба да е воспитан со Христовите поуки, секоја душа треба будно да внимава сатаната да не го излаже и оттргне од Христа. Ова е цел која секое семејство треба да ја по стигне и во тоа не смее да се обесхрабрат. Кога родителите се грижливи и внимателни во давањето на упатства и настојуваат своите деца да ги воспитаат на Божја слава, тие соработуваат со Бога, а Бог соработува со нив во спасување на душите на децата за кои Христос умрел. {АД 317.1}

Верското воспитување значи многу повеќе отколку обично образование. Тоа значи да се молите со своите деца, учејќи ги како да се приближат кон Христа и да Му ги кажат сите свои потреби. Тоа значи дека во својот живот морате да покажете дека Исус ви е сè, дека Неговата љубов ве прави трпеливи, љубезни, кротки, а се пак одлучни како Аврам да им заповедате на своите деца. {АД 317.2}

Вашето однесување во домот се бележи во небесните книги. Оној кој сака да биде свето суштество на небото, мора да стане свето суштество во своето семејство. Ако татковците и мајките се вистински христијани во своето семејство, тие ќе бидат корисни верници во црквата и во состојба да ги водат работите во црквата и во општеството онака како што ги водат во своето семејство. Родители, не дозволувајте вашата вера да биде празно исповедање туку жива реалност. {АД 317.3}

**Верата како дел од можното воспитание.** – Религијата во домот е многу запоставена. Мажите и жените покажуваат големо интересирање за странските мисии. Тие се жртвуваат за нив и така се обидуваат да ја смират својата совест, мислејќи дека со жртвувањето за Божјото дело ќе се искупат за својата незаинтересираност во својот дом да го покажат вистинскиот пример. Домот е нивното особено поле на работа и Бог не прима никаков изговор за негово запоставување. {АД 318.1}

Во домот во кој верата е практично искажана, ќе се изврши големо добро. Религијата ќе ги води родителите во домот да го из вршат токму она дело што Бог го одредил. Децата ќе бидат воспитани во Господовата наука и страв. {АД 318.2}

Причината што современите момчиња и девојки не покажуваат поголема склоност кон верата се наоѓа во нивното нецелосно воспитување. Ако дозволиме попуштање на

телесните желби или не ја казнуваме непослушноста на нашите заповеди, тогаш не покажуваме вистинска љубов кон децата. Дрвото се витка додека е младо. {АД 318.3}

Ако очекуваме верата да влијае на општеството, таа прво мора да изврши влијание во семејството. Кога децата би биле воспитувани во домот да го сакаат Бога и да имаат Божји страв, излегувајќи во светот, тие би биле подготвени да ги воспитуваат своите семејства за Бога. Верата не треба да се одвојува од домашното воспитување. {АД 318.4}

**Религијата во домот и претходи на религијата во црквата.** – Темелот на напредокот на црквата се поставува во домот. Влијанијата кои се покажуваат во семејниот живот се пренесуваат на црковниот живот; поради тоа најпрво во домот треба да се почне со извршување на црковните должности. {АД 318.5}

Каква вера развиваме во домот, таква ќе имаме и во црквата. Направете го домот тврдина. Посветете го своето семејство на Бога и тогаш зборувајте и постапувајте во домот како христијани. Би дете љубезни, трпеливи и кротки, свесни дека сте учители. Секоја мајка е учител, но таа треба да биде и ученик во Христовото училиште, за да можат да поучуваат и така да им помогнат на децата да го обликуваат вистинскиот карактер. {АД 319.1}

Таму каде што се чувствува недостаток од религија во домот, исповедањето на верата нема вредност... Многумина се лажат мислејќи дека карактерот ќе се преобрази за Христовото доаѓање, но кога Тој ќе дојде, срцето нема да се обрати. Тука мораме да ги исправиме недостатоците на својот карактер и додека трае времето на проба, мораме да ги совладаме со Христовата милост. Тука е местото на кое се оспособуваме за небесното семејство. {АД 319.2}

Многу е потребно во домот да негуваме вистинска побожност и нашите зборови да бидат исправни инаку нашето сведоштво во црквата нема да има никаква вредност. Вашата религија ќе биде напразна ако во домот не покажете благост, љубезност и учтивост. Кога во домот би имало повеќе искрени побожности, во црквата би имало поголема сила. {АД 319.3}

**Верското воспитание е неопходно.** – Болно е да се пуштат децата да растат без познавање за Бога. {АД 319.4}

Родителите прават најстрашна грешка кога го запоставуваат верското воспитание на своите деца, сметајќи дека во иднина ќе им биде добро и дека кога ќе пораснат, самите ќе тежнеат кон верското искуство. Зар не гледате, дека сатаната ќе ја посее нивата на срцето со какол, ако вие не го посеете скапоценото семе на вистината, љубовта и небесните вредности. {АД 319.5}

Често на децата им се дозволува да раснат без верско воспитание, поради тоа што родителите мислат дека тие се премногу млади за да можат да ги прифатат христијанските обврски... {АД 320.1}

Додека се сè уште во семејството, на децата без двоумење треба да им се помогне да го изградат својот однос кон верата. {АД 320.2}

Родителите треба да им откријат на своите деца што смеат, а што не смеат да прават. Тоа треба да го направат одлучно и со целосно совладување. Секој напор од нивна страна, направен љубезно и трпеливо, ќе обликува во карактерот на нивните деца особини на постојаност и одлучност... Татковците и мајките се должни во вистинско време да го решат ова прашање, така што детето нема да ја погазува саботата, да ги

запоставува богослуженијата и семејната молитва, како што нема ни да помисли да краде. Родителските раце се должни да кренат ограда. {АД 320.3}

Мудрото Христово воспитание треба да започне уште од нај- раните години. Децата треба да се упатуваат на вечните вредности, додека срцата им се способни да примаат впечатоци; Родителите треба да знаат дека живеат, зборуваат и дејствуваат пред очите на живиот Бог. {АД 320.4}

Родители, во кој правец одите? Дали постапувате во склад со мислите дека вашите деца треба да бидат ослободени од секакви верски насочувања? Дали ги оставате без совети и опомени во годините на детството и младоста? Дали им дозволувате да го прават тоа што го сакаат? Ако е така, тогаш ја запоставувате одговорноста што ви ја доверил Бог. {АД 320.5}

**Прилагодете ги упатствата според возраста на детето.** – Родителите треба да почнат да зборуваат за Исус, за да можат децата да се напојуваат со скапоцената вистина за бебето од Витлеем, штом ќе можат тоа да го сфатат. Во детскиот ум развијте склоност кон едноставната побожност, која одговара на нивните години и способности. Во молитва донесете ги своите деца кај Исус, за тоа што Тој им дал способност да ја сфатат верата, исто онака како што им овозможил да ги составуваат првите зборови. {АД 320.6}

Додека се многу млади, децата се многу чувствителни кон божествените влијанија. За таквите деца Господ води особена грижа; воспитани во Господовата наука, тие се помош, а не пречка на своите родители. {АД 321.1}

**Заеднички негувајте ја верата во домот.** – Таткото и мајката се одговорни за сочувување на верата во домот. {АД 321.2}

Мајката не треба себеси да се оптоварува со големи грижи и по ради тоа да не ѝ остане време за духовните потреби на нејзиното семејство. Родителите треба да бараат помош од Бога за својата работа. На колена пред Него тие најдобро ќе ги сфатат своите го леми одговорности и тука своите деца можат да ги предадат на Оној кој никогаш не греши во советите и упатствата... {АД 321.3}

Таткото во семејството не смее да ја препушти на мајката сета грижа околу духовното воспитание. На татковците и мајките им е доверена голема работа, секој од нив да го исполни својот дел во подготовка на децата за испитот на големиот суд. {АД 321.4}

Родители, воведете ги децата во својот верски живот. Прегрнете ги со рацете на својата вера и посветете ги на Христа. Не дозволувајте ништо да ве одврати од вашите обврски правилно да ги воспитате. Не дозволувајте никаква земна работа да ве наведе да ги заборавите. Никогаш не дозволувајте вашиот христијански живот да ги одвои од вас. Пријдете заедно кај Господа; запознајте ги со божествената вистина. Помогнете им да се дружат со оние кои го сакаат Бог. Доведете ги помеѓу Божјиот народ како деца на кои сакате да им помогнете да го изградат карактерот за вечноста. {АД 321.5}

Религијата во домот - што сè таа може да постигне? Таа ќе го изврши делото кое Бог сака да го изврши во секое семејство. Децата ќе бидат воспитани во Господовата наука. Нивното воспита ние ќе им помогне да станат членови на Господовото семејство. {АД 322.1}

**Децата и родителскиот пример.** – Сè остава трага на умот на младите. Тие внимателно го набљудуваат изгледот на лицето, го наслушнуваат гласот и буквално го

имитираат однесувањето на возрасните. Раздразливите и лоши татковци и мајки им даваат по уки на своите деца кои подоцна, кога би можеле, со задоволство би ги поништиле. Во животот на своите родители децата мораат да ја видат доследноста, која е во согласност со нивната вера. Со доследен живот и самосовладување, родителите можат да го обликуваат карактерот на своите деца. {АД 322.2}

**Бог го цени побожното семејство.** – Татковците и мајките во чиј дом Бог е на прво место, кои ги учат своите деца дека стравот Господов е почеток на мудроста, Го прославуваат Бога пред ангелите и пред луѓето, прикажувајќи му го на светот добро изграденото, дисциплинирано семејство, семејство кое го сака и го слуша Бога, наместо да се бунтува против Него. Христос не е странец во нивните домови; Неговото име е блиско, почитувано и прославувано. Ангелите се радуваат во домот во кој владее Бог и во кој децата се учат да ја почитуваат верата, Библијата и својот Создател. Таквите семејства можат да се потпрат на ветувањето: „Ќе ги почитувам оние кои Мене ме почитуваат“. {АД 322.3}

**Како Христос влегува во домот.** - Кога е во срцето, Христос влегува во семејството. Таткото и мајката чувствуваат потреба да живеат живот на послушност на Светиот Дух, така што небесните ангели, кои им служат на наследниците за спасение, би им послужиле и на нив како учители во домот, учејќи ги и одгледувајќи ги за делото на поучување на своите деца. Така во домот е лесно да имаш мала црква, која го почитува и прославува Откупителот. {АД 323.1}

**Направете ја побожноста привлечна.** – Направете го христијанскиот живот привлечен. Зборувате за Земјата која ќе стане дом на Христовите следбеници. Кога ќе го направите тоа, Бог ќе ги води вашите деца во секоја вистина, исполнувајќи ги со желба да се под готват за становите кои Христос отишол да ги подготви за оние кои Го сакаат. {АД 323.2}

Родителите не смеат да ги учат своите деца на формална побожност; тие мораат вечните начела да ги направат привлечни за нив. {АД 323.3}

Со својата ведрина, со својата христијанска љубезност и со своите нежни чувства, родителите треба да ја направат привлечна Христовата вера; тие мораат да бидат одлучни, барајќи почитување и послушност. Во детскиот ум мораат да се втемелат исправни начела. {АД 323.4}

Ние треба да ги поттикнеме младите да живеат правилен живот. За ова не е доволно златото и среброто. Да им ја откриеме Христо вата љубов, милост и добрина, скапоценоста на Неговите зборови и радоста на победникот. Настојувајќи во оваа работа, вие ќе из вршите дело кое ќе трае вечно. {АД 323.5}

**Зошто некои родители немаат успех.** – Иако тврдат дека се религиозни, некои родители не го истакнуваат пред своите деца фактот дека на Бога треба да Му се служи и да се слуша и дека удобноста, задоволството и склоностите немаат никакво влијание на Неговите барања. „Почеток на мудроста е стравот Господов“. Оваа вистина мора да се вткае во самиот живот и карактер. Правилното сфаќање за Бога, кое се стекнува со познавање на Исуса Христа, Кој умрел за ние да бидеме спасени, треба да биде втиснато во нивниот ум. {АД 323.6}

Можеби вие, родители, мислите дека немате време сето тоа да го постигнете. Меѓутоа, морате да најдете време да ја извршите својата работа во семејството инаку сатаната ќе се потруди да ја пополни празнината. Од својот живот отстранете сè што би можело да го спречи извршувањето на таа работа, а своите деца воспитувајте ги онака како што сака Тој. Запоставете го сето она што е минливо, живејте скромно, ограничете ги своите барања, но за ради Христа немојте да го запоставите верското воспитување за своите деца и за самите себе. {АД 324.1}

**Секој член на семејството треба да биде посветен на Бога.** – Упатствата кои Мојсеј ги дал за Пасхата се полни со значење и можат да се применат на родителите и на децата во ова наше време... {АД 324.2}

Таткото требало да постапува како свештеник во домот, а ако него го нема, најстариот жив син би требало да го изврши свечениот чин на прскање на надвратникот со крв. Тоа е симболично дело кое треба да се изврши во секое семејство. Родителите треба да ги соберат своите деца во домот и да им го претстават Христа како нивна Пасха. Таткото треба да го посвети секој член во својот дом на Бога и така да го изврши делото прикажано со пасхалната свеченост. Опасно е кога се препушта свеченоста во туѓи раце. {АД 324.3}

Родителите-христијани нека одлучат да останат верни на Бога и нека ги соберат своите деца во домот, а надвратниците ги попрскаат со крв која го прикажува Христа како Оној кој единствено може да ги заштити и спаси, така што ангелот-одмаздник ќе прође покрај скапоцениот домашен круг. Светот треба да види дека во нашиот дом дејствуваат повисоки влијанија. Родителите треба да одржуваат жива врска со Бога, стоејќи секогаш на Христовата страна, покажувајќи ја Неговата милост како големо добро кое родителите можат да го исполнат. {АД 324.4}

## Педесет и петто поглавје

## МОРАЛНИ НАЧЕЛА

**Сатаната настојува да го изопачи бракот.** – Сатаната отсекогаш настојувал (уште во времето пред потопот) да ја изопачи брачната институција, да ги ослаби нивните обврски и да ја намали нејзината светост затоа што нема посигурен начин да го изобличи Божјиот лик во човекот и да ја отвори вратата на бедата и пороците. {АД 326.1}

На сатаната му е добро познат материјалот на кој ќе наиде во човечкото срце. Тој знае - затоа што со пеколна трпеливост илјадници години ги проучувал точките кои напаѓаат најлесно во секој карактер; во текот на животот настојувал да ги сруши и најцврстите луѓе, кнезови во Израел, со истото искушение кое било толку успешно кај Велфегор. {АД 326.2}

**Несреќа во Израел.** – Развратот бил зло кое на Израел му го донел Божјиот суд. Настојувањето на жените да ги фатат душите во стапица не изгаснало кај Велфегор. Ова зло се повторило повеќе пати и покрај казната која ги снашла грешниците во Израел. Сатаната неуморно работел да го уништи Израел. {АД 326.3}

Развратното однесување на Евреите го извршило она што не можеле да го направат сите војни и магиите на Валаам. Тие се одвоиле од својот Бог. Исчезнала нивната

заштита и сигурност. Така сега изгледало дека Бог станал нивен непријател. Бог се гневел на целиот народ, затоа што многу кнезови и луѓе од народот биле виновни за неморалот и тоа станало национален грев. {АД 326.4}

**Историјата се повторува.** – Пред самиот крај на историјата на оваа Земја, сатаната ќе работи со сите свои сили на ист начин и со истите искушенија, со кои го искушувал стариот Израел, непосредно пред неговото влегување во ветената земја. Тој ќе им по стави стапици на оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди и кои речиси се на граница на небесниот Ханаан. Тој ќе се послужи со сета своја сила за да ги фати душите и да го нападне Божјиот одбран народ на неговите најслаби точки. Оние кои не ги покориле своите страсти, кои дозволиле со своите мисли да се препуштат на телесното попуштање, сатаната наумил да ги уништи со своите искушенија - да ги извалка со разврат нивните души. Нему не му е дојдено до пониските и помалку важни цели, но затоа настојува да ги собере оние преку кои ќе ги заведе луѓето да земат слобода за нешто што Божјиот закон го осудува. Луѓето кои заземаат одговорни положби, кои зборуваат за барањата на Божјиот закон, чиишто усни се полни со докази за одбрана на Божјиот закон, против кои Сатаната извршил таков напад - на таквите тој ги насочува своите пеколни сили и своето орудие. Тој ги руши, напаѓајќи ги најслабите точки од нивниот карактер, знаејќи дека оној кој ќе погреши во едно, ќе биде виновен за сè и така стекнува целосна власт врз човекот. Во овој случај пропаѓаат умот, душата, телото и совеста. Колку е голема сатановата победа ако таквиот човек бил весник на прав дата и имал голема светлина или Господ го употребил како посебен работник во делото на вистината! Колку тој се радува на тоа! Како е осрамотен Бог! {АД 327.1}

**Неморалот преовладува во светот.** – Покажана ми е страшна слика на состојбата во светот. Неморалот преовладува насекаде. Развратот е грев на нашето време. Порокот никогаш толку слободно не ја кревал својата глава. Луѓето како да отапеле, а оние кои ги почитуваат вредностите и вистинската добрина речиси се обесхрабрени од слободата, силата и моќта над пороците. Порочноста која владее со светот не зафаќа само еден круг на луѓе. За жал, многу мажи и жени кои ја исповедаат Христовата вера се виновни за овој грев. Па дури и некои кои тврдат дека го чекаат неговото доаѓање не се поподготвени од самиот сатана. Тие не се очистуваат од секоја нечистотија. Тие толку долго и служеле на својата страст, што е сосем нормално што нивните мисли се нечисти, а фантазијата расипана. Нивните мисли не можат да се занимаваат со она што е чисто и свето, како што е невозможно да го свртат текот на Нијагара и да направат нејзината вода да тече на горе... Секој христијанин мора да научи да владее со своите страсти и како да го прифати влијанието на начелата. Ако не го направи тоа, не е достоен за христијанско име. {АД 328.1}

Лажната чувствителност зела замав во светот. На оженетите луѓе им ласка вниманието на мажени жени и на немажени девојки; жените како да се маѓепсани; го губат разумот, духовното размислување и здравото расудување. Тие го прават токму она што Божјата реч го осудува, она што го осудуваат сведоштвата на Божјиот Дух. Пред нив се јасни опомени и укори, но сепак одат по ист пат по кој оделе другите пред нив. Тоа е како игра која занесува. Сатаната ги води во пропаст, ги наведува да го загрозат Божјото дело, повторно да Го распнат и да го срамотат Божјиот Син. {АД 328.2}

Незнаењето, телесното уживање и грешните навики кои ја расипуваат душата, телото и духот, го полнат светот со морална чума; смртоносна морална маларија

уништува илјадници и десетици илјади. Што да направиме за да ги спасиме своите млади? Малку што може да се направи, но Бог живее и владее и Тој може многу да направи. {АД 329.1}

**Божјиот народ наспроти светот.** – Слободата која се зема во ова време во кое преовладува злото, не смее да биде мерило за Христовите следбеници. Помеѓу христијаните кои се подготвуваат за бесмртност не смее да има помодарско искажување на фамилијарноста. Ако страста, расипаноста, прељубата, злосторството и убиството се вообичаени помеѓу оние кои не ги познаваат и кои одбиваат со нив да управуваат начелата на Божјата реч, колку е важно оние кои тврдат дека се Христови следбеници, да се тесно поврзани со Бог и ангелите, да го покажат подобриот и поблагороден пат! Колку е важно нивната непорочност и доблести да стојат во целосна спротивност со оние со кои владеат животинските страсти. {АД 329.2}

**Натрупување на опасностите.** – Во ова време во кое преовладува злото има многумина кои се толку заслепени од гревот, што живеат развратен живот затоа што тоа одговара на телесните и расипани склоности на срцето. Наместо да погледнат во огледалото на Божјиот закон и своето срце и карактер го усогласат со Божјото мерило, тие дозволуваат да се подигнат сатанските орудија во срцето на неговите мерила. Изопачените луѓе мислат дека е лесно да се искриват Писмата и така да го оправдаат своето беззаконие отколку да се ослободат од својата расипаност и гревот и да имаат чисто срце и живот. {АД 329.3}

Има повеќе такви луѓе отколку што мислиме и колку повеќе се приближуваме кон крајот на времето, нивниот број ќе се зголемува. {АД 329.4}

Кога сатанската зла сила владее со човекот, Бог се заборава, се велича човекот кој е исполнет со расипани намери. Овие заведени души се предаваат на тајниот разврат како доблест. Тоа е еден вид на занесеност. Кривоверието и развратот секогаш ги следи силата на занесеност. Умот е толку измамен, што не е во состојба разумно да размислува, а тоа постојано го оддалечува од чистотата. Духовниот вид се поматува, а луѓето, со дотогаш неизвалкан морал, стануваат збунети со заводничкото мудрување на сатанското оружје и тврдат дека се весници на светлината. Со ова оружје токму таа измама дава сила. Кога тие смело и отворено би пристапиле, би биле одбиени без ни малку двоумење; но тие се обидуваат најпрво да придобијат симпатија и да стекнат доверба, како да се посветени пожртвувани Божји луѓе. Како негови одбрани посланици тие го започнуваат своето лукаво дело, одвлекувајќи ги душите од патот на чесноста, во обид да го поништат Божјиот закон. {АД 330.1}

**Мажите и жените мораат да го сочуваат својот углед.** – Умот на еден човек или на една жена моментално не се одвраќа од чистотата и светоста во порочност, расипаност и злодело. Потребно е време човечката природа да се преобрази во божествена или оние кои се создадени според Божјото обличје да добијат грубо и сатанско обличје. Со гледањето се менуваме. Иако е создаден според обличјето на својот Создател, човекот може така да го увежба својот ум, што гревот од кој претходно се гнасел ќе му стане пријатен. Кога човекот ќе престане да стражари и да се моли, тој престанува да ја чува тврдината, срцето и го прифаќа гревот и зло чинот. Така умот се изопачува и е невозможно да го кренеме од духот на расипаноста, затоа што е воспитан да ги заробува моралните и интелектуални сили и да ги потчинува на одвратните страсти. Затоа

постојано мораме да се бориме со телесниот ум и за тоа ни е потребно благородното влијание на Божјата милост, која ќе го подигне нашиот ум и ќе го навикне да размислува за она што е чисто и свето. {АД 330.2}

Никој не е сигурен, ниту младиот, ниту стариот, ако не чувствува потреба за секој чекор да бара совет од Господа. Само оние кои имаат тесна заедница со Бога, ќе научат да ги ценат луѓето како што Тој ги цени, почитувајќи ги чистите, добрите, понизните и кротките. Срцето треба да се чува како што го чувал Јосиф. Искушенија- та кои нѐ мамат да ја оставиме чистотата ќе ја дочекаме со одлуката: „Како да направам вакво големо зло и да му згрешам на Бога“? И најсилните искушенија не се изговор за гревот. Без оглед на тоа колку е силен притисокот, гревот е резултат на сопствениот избор. Изворот на тешкотиите е непрепороденото срце. {АД 331.1}

Со оглед на опасноста на ова време, зар нема како народ кој ги држи овие заповеди, да го отфрлиме помеѓу себе секој грев, секое беззаконие и секоја расипаност? Зар нема жените кои велат дека ја држат вистината строго да внимаваат на себе, за да не дадат ниту најмал повод за недозволена фамилијарност? Тие можат да затворат многу врати на искушението, со својата воздржаност и соодветно однесување. {АД 331.2}

**Жените мораат високо да го подигнат знамето на чесноста.** – Пишувам со болка во срцето за тоа дека жените во ова време, мажени и немажени, често не ја покажуваат неопходната воздржаност. Постапуваат како кокети. Тие го свртуваат вниманието и на оженетите и на неоженетите луѓе и оние кои немаат морални сили ќе паднат во стапица. Кога се дозволени, ваквите постапки ги затапуваат моралните чувства и го заслепуваат умот, така што злосторството не личи на грев. Се појавуваат мисли кои не би се појавиле ако жената би ја сочувала својата скромност и сериозност. Можеби таа немала лоши намери или побуди, но им дала по вод на луѓето склони кон такво искушение и на кои им е потребна помош која може да ја добијат од оние со кои се во блиско друштво. Многу зло можело да се избегне ако мажите и жените би биле внимателни, воздржани, ако не земале премногу слобода ниту го прифаќале непосредното внимание туку го сочувале возвишениот морал и достоинство. {АД 331.3}

Долго се подготвував да им зборувам на моите сестри и да им кажам според тоа што Бог одвреме навреме ми го покажал, дека меѓу нив има големи недостатоци. Тие доволно не се чуваат од секој облик на злото. Тие се невнимателни во своето однесување, а тоа не им одговара на жените кои се посветуваат на побожноста. Нивните зборови не се какви што би требало да бидат зборовите на жените кои ја примиле Божјата милост. Премногу се блиски со своите браќа. Тие се задржуваат меѓу нив, сакаат да се во нивна близина и да бидат во нивно друштво. Нивното внимание им е многу пријатно. {АД 332.1}

Во светлината на она што ми го откри Господ, нашите сестри мораат да заземат сосем спротивен став. Мораат да бидат многу повнимателни, помалку отворени, а исполнети со „срам и почитување“. И браќата и сестрите се препуштаат на премногу весели разговори кога се заедно во друштво. Жените кои се посветуваат на побожноста се оддаваат на несериозности, шеги и смеење. Тоа е непристојно и го разжалостува Божјиот Дух. Ваквото однесување го открива недостатокот од вистинска христијанска благородност. Тоа не ја зајакнува душата за Бога туку ја исполнува со темнина; тоа ги брка чистите и благородни небесни ангели и ги понижува сите кои му попуштаат на тоа зло. {АД 332.2}

Жените често се искушувачи. Со овој или со оној изговор го привлекуваат вниманието на мажите, оженетите или неоженетите и ги наведуваат да го прекршат Божјиот закон, да ги упропастат своите способности, а своите души да ги изложат на опасност... Кога жените би го облагородиле својот живот и би станале Христови соработници, тогаш со нивното влијание би се избегнале многу опасности. Меѓутоа, поради нивната негрижа кон одговорностите во домот и кон барањата што Бог ги става пред нив, нивното влијание често е насочено во погрешен правец. Нивните сили се ослабени, а и нивната работа не донесува божествен печат. {АД 333.1}

Има толку наметливи девојки и слободни жени кои се способни да го свртат вниманието на себе; сакаат да бидат во друштво на млади луѓе, да привлечат внимание, да им се додворуваат оженети или неоженети мажи кои целосно ќе паднат во сатанската мрежа доколку непоколебливо не гледаат во Христа. {АД 333.2}

Како Христов пратеник, јас ве преколнувам вас кои тврдите дека ја исповедате сегашната вистина, брзо да го забележите се кое приближување кон неморалноста и да го напуштите друштвото на оние кои ги изнесуваат нечистите мисли. Грозете се од тие осквернувачки гревови со најголема одвратност. Бегајте од оние кои дури и само во разговор, би го поттикнувале умот да се занимава со тие гревови, затоа што „устата зборува од вишокот во срцето“... {АД 333.3}

Не треба ниту еден момент да се задржите на нечистата и прељубничка мисла, затоа што и тоа ја онечистува душата, како што водата ја валка цевката низ која поминува. {АД 333.4}

Жената која дозволува во нејзино присуство да се искаже еден нечист збор или наговестување не е онаква личност каква што Бог сака. Онаа жена која дозволува недозволива близина или нечисти предлози, не ја чува својата женственост дадена од Бога. {АД 333.5}

**Заштитен со света ограда.** – Нашите сестри треба да ја негуваат вистинската кротост; не треба да бидат слободни, зборливи и дрски туку скромни и кротки, умерени во зборувањето. Нека ја негуваат учтивоста. На Бога ќе му бидат угодни ако бидат љубезни, нежни, милостиви, подготвени за простување и понизни. Ваквото однесување нема да предизвика непотребно внимание од луѓето во црквата или надвор од неа. Сите тие ќе чувствуваат дека околу овие побожни жени се наоѓа света ограда на чистотата, која ги штити од секоја неоправдана слобода. {АД 334.1}

Некои жени кои ја истакнуваат својата побожност покажуваат невнимателна и груба слобода во однесувањето, која ги води во лошотија и грев. Но, оние побожни жени, на кои умот и срцето им се исполнети со возвишени размислувања, кои ја зајакнуваат чистотата на животот и ја подигаат душата до заедница со Бога, нема да бидат лесно заведени од патот на кротоста и доблестите. Тие ќе се сочуваат од сатанското мудрување; ќе бидат подготвени да се спротивстават на неговите лукави замки. {АД 334.2}

Ве повикувам како Христови следбеници, кои имаат возвишена чест, да го чувате скапоценото, непроценливо богатство на скромност. Тоа ќе ја сочува вашата кротост. {АД 334.3}

**Владејте со мислите.** – Владејте со своите мисли. Тоа нема да биде лесна задача; не можете да ја извршите, ако не вложите те мелен и сериозен напор. Бог го бара тоа од вас; тоа е должност на секое битие кое мора да даде одговор за себе. За своите мисли

сте одговорни пред Бога. Ако се препуштите на празните мечтаења, дозволувајќи му на разумот да се занимава со нечисти теми, вие во одредена мера сте исто така виновни пред Бога како да сте ги спровеле своите мисли на дело. Тоа значи дека недостатокот од можноста го спречил делото. Денонoќното мечтаење и sидање на кули во воздух е лоша и особено опасна, навика. А кога навиката еднаш ќе се вкорени, речиси е невозможно да се искорени и да се насочат мислите кон она што е чисто, свето и возвишено. {АД 334.4}

**Чувајте се од ласкањето.** – Ме боли кога гледам дека луѓето се слават, кога им ласкаат и кога ги галат. Бог ми го откри фактот дека некои од нив кои примаат такво внимание не се достојни со своите усни да го изговорат Неговото име; сепак ограничените луѓе ги креваат до небо, затоа што гледаат само на надворешниот изглед. Сестри мои, не ги мазете слабите, грешни и неправедни луѓе ниту им ласкајте без разлика дали се млади или стари, оженети или неоженети. Вие не ги знаете нивните слабости и не знаете дека токму ова претерано внимание и пофалби можат да ја предизвикаат нивната пропаст. Вознемирена сум поради кратковидноста, недостатокот на мудрост, кои многумина ги покажуваат во овој поглед. {АД 335.1}

Луѓето кои работат за Бога и кои го имаат Христа во своите срца, нема да ја намалат мерката за моралот туку ќе се трудат да ја по дигнат. Нема да наоѓаат задоволство во ласкањето на жените ниту во тоа тие да ги мазат. Мажите, и оженетите и неоженетите треба да кажат: „Рацете покрај себе! Не сакам да дадам ниту најмал по вод лошо да се зборува за мене. Моето добро име е богатство кое е многу повредно од златото и среброто. Дозволете ми да го сочувам неизвалкано. Ако сепак луѓето го напаѓаат моето име, тоа нема да биде затоа што сум им дал повод туку од иста причина поради која го осудувале Христа: затоа што ја мразеле непорочноста и светоста на Неговиот карактер, затоа што таа им била нивна постојана опомена“. {АД 335.2}

**Недолично однесување.** – И најтивкиот предлог, без оглед на тоа од кој извор потекнува, кој те повикува да му попуштиш на гревот или да дозволиш и најмала неоправдана слобода, треба да ја одбиеш како најлоша навреда на својата благородна женственост. Бакнежот во образ треба да те наведе со гадење да го отфрлиш сатанскиот емисар. Ако тоа потекнува од некој на високо место, кој работи со свети работи, гревот е десетпати потежок и побожната жена или девојка треба со ужас да се отстрани не само од гревот на кој сака да ја наведе туку и од лицемерието и подлоста на оној кој луѓето го ценат и почитуваат како Божји слуга. {АД 335.3}

Ако проповедникот на евангелието не владее со своите страсти, ако не го следи примерот на апостолите и така ја осрамоти својата професија и вера, ако само го спомне попуштањето на гревот, нашите сестри кои се побожни не смеат ниту во еден момент да се залажуваат дека, и во најмала мера, гревот или злосторството, ја губат својата грешност затоа што во тоа згрешил нивниот проповедник. Ако луѓето на одговорните места имаат близок однос кон гревот, тоа во ничиј ум не смее да ја намали вината и тежината на гревот. Гревот и понатаму останува грев, одвратен каков што бил претходно; како да бега од змија чие каснување е смртоносно, на оној кој се предава на гревот. Кога сестрите би биле благородни и украсени со чистотата на срцето, тие би го одбиле секој недоличен пристап, дури и од својот проповедник, и тоа толку одлучно, за никогаш да не се повтори. {АД 336.1}

**Верноста на брачниот завет.** – Колку внимателен треба да биде мажот и таткото за да ја сочува верноста на својот брачен завет! Колку внимателност мора да покаже во својата служба, за кај младите девојки, дури и кај мажените жени, да не ги охрабри мислите кои не се во согласност со возвишеното, свето мерило – Божјите заповеди! Христос покажал дека овие заповеди се сеопфатни и дека се однесуваат дури и на мислите, побудите и намерите на срцето. Ги има многу кои грешат во тоа. Мислите на нивното срце не се со чист и свет карактер кој го бара Бога; и без разлика колку и да е висок нивниот повик и било какви способности да имаат, Бог ќе го открие нивниот грев и ќе смета дека се многу повиновни и дека го заслужуваат Неговиот гнев многу повеќе од оние кои имаат помалку таленти, помала светлина и помали влијанија. {АД 336.2}

Речено ми е да им кажам на женетите луѓе: им должите љубов и почитување на своите сопруги, мајките на своите деца. Подарете им го своето внимание, а вашите мисли нека бидат зафатени со планови кои ќе ги направат среќни. {АД 337.1}

Покажани ми се семејства, во кои мажот и таткото не го сочувал она што доликува на Христовите следбеници - онаа воздржана, благородна и на Бога слична природа. Неговите постапки кон со пругата, на која ѝ ветил пред Бога и пред ангелите дека ќе ја сака, почитува и цени, сè додека и двајцата бидат живи, не биле љубезни, нежни и учтиви. Девојката која била вработена во неговиот дом, била толку слободна, што му ја чешлала косата и била необично внимателна кон него, а нему тоа му годело, неразумно му годело. На својата сопруга не и укажува љубов и внимание како претходно. Бидете сигурни дека сатаната е на дело. Почитувајте ги своите работници, постапувајте кон нив многу внимателно и љубезно, но не одете понатаму. Држете се цврсто за нивното однесување да не стане блиско. {АД 337.2}

**Неповредливост на семејниот живот.** – О, колку животи се загорчени поради тоа што се срушени ѕидовите кои го чувале приватниот живот на секое семејство, кои се подигнати за да ја заштитат неговата чистота и светост! Жената се доверила на трета личност и толку блиска пријателка ги запознава нејзините приватни семејни тајни. Ова е сатански план со цел да го оддалечи срцето на мажот и на жената. О, само ова да престане! Колку помалку би имало неволји! Затворете ги во своето срце слабостите на другиот. Своите тешкотии изнесете ги само на Бога. Тој може да ви даде вистински совет и сигурна утеха, кои се чисти и во кои нема горчина. {АД 337.3}

Ако жената ги кажува своите семејни неволји или се жали од својот маж на некој друг човек, таа го престапува својот брачен за вет; таа го срамоти својот сопруг и ја руши оградата подигната да ја сочува светоста на брачните врски; таа широко ја отвора вратата и го повикува сатаната да влезе со своите подмолни искушенија. Тоа е всушност она што го сака сатаната. Ако некоја жена дојде кај братот во Христа со приказна за своите јадови, разочарувања и неволји, тој секогаш мора да и советува дека ако веќе мора некому да ги довери своите тешкотии, да избере сестри за свои доверенички и тогаш нема да има ниту најмала можност за злонамерни претпоставки, поради кои Божјото дело би можело да претрпи срам. {АД 338.1}

**Сочувани од падот.** – Им зборувам на верниците на нашата црква. Ако се приближите кон Исуса со желба уредниот живот и светите разговори да ги украсите со вистината која ја проповедате, ќе бидете сочувани од тргнувањето по забранети патеки. Кога само би стражареле и постојано би стражареле во молитва, кога би правеле сè како да сте во непосредно Божје присуство, тогаш би биле сочувани од падот во искушение

и би можеле да се надевате дека ќе останете чисти, без мана и неизвалкани до крај. Ако до крајот цврсто го одржите почетокот на својата вера, вашите патишта ќе бидат зацврстени во Господа; и она што го започнала милоста во вас, сла вата ќе го круниса во царството на нашиот Бог. А плодовите се: духовна љубов, радост, мир, трпение, добрина, милост, вера, кротост, воздржување; за тоа нема закон. А оние кои се Христови, го распнале телото со страстите и желбите. {АД 338.2}

## Педесет и шесто поглавје

## РАЗВОД

**Бракот – доживотен договор.** – Во умот на младите бракот е обвиткан со романтика и затоа тешко може да се ослободи од ова обележје кое му дава фантазија и да го вреже во умот сознанието за важните одговорности кои го опфаќаат брачниот завет. Овој завет ја спојува судбината на две личности со врски кои ништо не би смеело да ги раскине освен раката на смртта. {АД 340.1}

Секоја одлука за стапување во брак треба внимателно да се разгледа, затоа што тоа е чекор кој се прави за цел живот. И мажот и жената мораат внимателно да размислат дали во животната променливост ќе останат верни еден на друг до крај. {АД 340.2}

**Исус ги исправа погрешните сфаќања за бракот.** – Кај Евреите било дозволено мажот да ја отпушти својата жена поради најневажни навреди и тогаш жената имала право повторно да се омажи. Таквиот обичај предизвикал големи несреќи и грев. Во проповедта на Гората, Исус јасно кажал дека брачната врска не може да се раскине, освен во случај на прекршување на брачниот завет. Тој вели: „Секој кој ја остава својата жена освен за прељуба, ја наведува да прави прељуба; и кој зема распуштеница, исто така прави прељуба“. {АД 340.3}

Кога фарисеите Го прашале подоцна за законот за развод, Исус ги потсетил Своите слушатели за институцијата брак, воспоставена во времето на создавањето. „Мојсеј ви дозволи поради тврдоста на вашето срце,“ рекол Тој, „да ги отпушатате своите жени; а од почетокот не беше така“. Ги потсетил на блажените денови во Едем кога Бог кажал дека „сѐ беше многу добро“. Бракот и саботата, двете установи кои се создадени за слава на Бога и за благослов на човештвото, потекнуваат од тогаш. Кога Создателот со брачен завет ги соединил рацете на светиот пар зборувајќи дека „мажот ќе ги остави својот татко и својата мајка и ќе се прилепи кон својата жена и тие двајца ќе бидат едно“, го прогласил законот за бракот за сите Адамови деца до крајот на времето. Тоа што самиот вечен Татко го прогласил за добар, бил закон кој на луѓето требало да им донесе највозвишен благослов и да им овозможи најголем развој. {АД 340.4}

Исус дошол во нашиот свет за да ги исправи грешките и да го обнови Божјото морално обличје во човекот. Погрешните мислења за бракот нашле место во умовите на израелскиот учител. Тие ја укинале светата установа - бракот. Човекот станал со толку тврдо срце, што за секоја ситница можел да се одвои од својата жена или ако така одлучил, можел да ја одвои од децата и да ја избрка од домот. Ова се сметало за голем срам, а често било проследено со најголемите страдања на отфрлената жена. {АД 341.1}

Христос дошол да го отстрани ова зло и затоа своето прво чудо го направил на свадба. Со тоа му објавил на светот дека чистиот и неизвалкан брак е света установа. {АД 341.2}

**Совет за оној кој размислува за развод.** – Твоето сфаќање за брачниот однос не е правилно. Брачниот завет не може да го раскине ништо ниту да го поништи, освен обесчестување на брачната постела. Живееме во опасно време, кога не можеме да бидеме сигурни во ништо, освен во цврстата непоколеблива вера во Исуса Христа. Нема такво срце, кое сатаната со своите измами не може да го оддалечи од Бога, освен ако тоа не стражари во молитва. {АД 341.3}

Ако твојот ум бил мирен, твоето здравје би било многу подобро; твојот ум станал збунет и неурамнотежен и затоа твоето мислење за разводот е погрешно. Со своето размислување не можеш да ги оправдаш своите сфаќања. Луѓето немаат право сами на себе да си создаваат закон, да го избегнуваат Божјиот закон и да им удоволуваат на своите склоности. Тие мораат да се потпрат на Божјото возвишено морално начело на правдата... {АД 342.1}

Бог спомнал само една причина поради која една жена може да го напушти својот сопруг или мажот својата жена, а тоа е прељубата. Во молитва внимателно размислете за оваа причина. {АД 342.2}

**Совет за разведен пар.** – Брате мој и сестро моја, одредено време не сте живееле заедно. Не требало да тргнете по овој пат и до ова не би дошло ако и двајцата сте негувале трпение, љубезност и попустливост која секогаш треба да постои помеѓу сопружниците. Ниту еден од вас не би требало да ја наметнува својата волја и да ги спроведува своите лични идеи и планови, не грижејќи се за последиците. Ниту еден од вас не би требало да прави што сака. Дозволете благотворното влијание на Божјиот Дух да дејствува на вашите срца и да ве оспособи за работа во воспитување на вашите деца... Молете се на својот небесен Татко да ве сочува од искушение да си упатите еден на друг нетрпелив, груб и безобзирен збор, мажот на жената и жената на мажот. И двајцата имате несовршен карактер. Вашето меѓусебно однесување не било разумно, затоа што не сте го прифатиле Божјото водство. Ве преколнувам да се покорите на Бога. Кога сте во искушение предизвикувачки да прозборите, воздржете се и не кажувајте ништо. {АД 342.3}

Бидејќи не сте го совладале овој недостаток во својот карактер, во тоа ќе бидете искушувани. Меѓутоа, мораме да ја победиме секоја лоша навика. Целосно предајте се на Бога. Паднете на Карпата, Исус Христос и скршете се. Како сопружници владејте со себе. Тргнете кај Христа за помош. Тој со радост ќе ви ја даде својата бесплатна милост... {АД 342.4}

Покајте се пред Бога за својот претходен животен пат. Сложете се и соединете се како маж и жена. Заборавете ги непријатните и несреќни случувања од минатото. Бидете храбри во Господа, затворете ја вратата на душата која е отворена кон Земјата, а отворете ја кон небото. Ако својата молитва за светлина ја упатите кон небото, Господ Исус, Кој е светлина и живот, мир и радост ќе ја слушне вашата молба. Тој, Сонцето на правдата, ќе го просветли вашиот ум и ќе го осветли храмот на душата. Ако со добредојде го прифатите сјајот на светлината на Неговата присутност во вашиот дом, вие нема да изговорите зборови кои ќе предизвикаат тага. {АД 343.1}

**За жената која е злоупотребувана.** – Го примив твоето писмо и како одговор на него би рекла: Не ти советувам да се вратиш кај Д... ако во него не забележиш темелни промени. Господ не е задоволен со идеите кои ги имал во минатото за она што и прилега на жената... Ако тој и понатаму се држи до своите претходни гледишта, иднината за тебе нема да биде подобра од минатото. Тој не знае како се постапува со сопругата. {АД 343.2}

Многу сум тажна поради ова. Го жалам и Д... но не можам да ти советувам против своето мислење да се вратиш кај него. Ова ти го велам искрено, како што му зборував и нему; би било опасно за тебе повторно да се ставиш под негово управување. Се надевав дека тој ќе се смени... {АД 343.3}

На Господа му е познато сè што си доживеала... Биди храбра во Господа; Тој нема да те остави ниту да те заборави. Те жалам со целото срце. {АД 343.4}

**За еден оставен сопруг – Носи го својот крст.** – Не гледам што уште може да се направи во овој случај; сметам дека единствено што можеш да направиш е тоа да престанеш да мислиш на својата жена. Ако таа по никоја цена не сака да живее со тебе, ниту ти ниту таа не би биле среќни кога би го пробале тоа. Бидејќи таа јасно и одлучно ти го покажала својот став, тебе не ти преостанува ништо друго туку да го земеш својот крст и да ја покажеш својата храброст. {АД 344.1}

**Иако разведена – сè уште во брак пред Бога.** – Според земните закони, жената правно може да биде разведена од својот маж, а сепак да не биде разведена пред Бога во согласност со возвишениот Закон. Само еден грев, и тоа прељубата, може мажот или жената да ги ослободи пред Бога од брачниот завет. Иако земните закони можат да го одобрат разводот тие, во светлина на Библијата, во согласност со Божјите закони, и понатаму се сопружници. {АД 344.2}

Видов дека сестрата... сè уште нема право да се омажи за друг човек. Меѓутоа, ако таа или која и да е друга жена, добие законско право на развод затоа што нејзиниот маж е виновен за прељуба, таа е слободна да се омажи за оној кој ќе го избере. {АД 344.3}

**Одвојување од неверниот партнер.** – Ако жената не верува и ако се спротивставува, мажот, според светиот Божји закон, не може да ја отфрли само поради тоа. Во согласност со Божјиот закон, тој мора да остане со неа, додека самата не одлучи да си отиде. Тој може да страда поради нејзиното противење и често да биде изложен на угнетување; тој ќе најде утеха, сила и поткрепа во Бога, Кој дава милост во секоја прилика. Тој мора да биде човек со чисти мисли, одлучни и цврсти начела и Бог ќе му даде мудрост да знае по кој пат треба да тргне. Нагонот нема да владее со неговиот разум, затоа што цврсто ќе ги држи уздите и така ќе ја контролира својата страст. {АД 344.4}

**Совет за жената – смени ја природата.** – Добив писмо од твојот сопруг. Можам да кажам дека постои една правилна причина мажот да се одвои од жената, а жената од мажот, а тоа е прељубата. {АД 345.1}

Ако вашите природи не се усогласени, зар не би било на слава на Бога да ги смените? {АД 345.2}

Мажот и жената треба да го негуваат меѓусебното почитување и љубов. Тие мораат да го чуваат духот, зборовите и постапките, така што ништо од она што би рекле или би

направиле, да не предизвикува или повредува. Треба да се грижат еден за друг и да на прават сè што можат за да ја зајакнат взаемната љубов. {АД 345.3}

И на едниот и на другиот ви велам: Барајте го Господа. Во љубов и добрина извршувајте ги своите должности еден кон друг. Мажот треба да ја негува внимателноста и да прави што може повеќе за да го обезбеди своето семејство. Тоа ќе направи жената да го почитува... {АД 345.4}

Сестро моја, на Бога не можеш да му угодиш ако и понатаму останеш таква каква што си. Прости му на својот сопруг. Тој е твој сопруг и сама ќе ги примиш благословите ако се трудиш да бидеш верна и полна со љубов кон него. Законот на љубезноста нека владее на твоите усни. Ти можеш и мораш да го смениш својот став. {АД 345.5}

И двајцата морате да размислувате како да се услогласите и да не се разидувате... благите постапки ќе создадат неочекувани промени во вашиот живот. {АД 345.6}

**Разводот и припадноста во црквата.** – Во случајот на сестрата А.Г. на која и е направено зло, ние како одговор на прашањето... би рекле дека тоа во повеќето случаи е појава кај оние кај кои гревот надвладеал, како што тоа е случај со нејзиниот сопруг, дека не се доволно свесни за своите подлости. Меѓутоа, некои кои доаѓаат при себе, се враќаат во црквата, но не пред да ја заслужат довербата на Божјиот народ со безусловно признание и период на искрено каење. Оваа појава укажува на тешкотиите кои не се гледаат во други случаи, а ние би го додале следново: {АД 346.1}

1. Во случај на прекршување на седмата заповед, ако престапникот не покажува искрено каење, ако оштетената страна може да добие развод, слободна е да го направи тоа, доколку со тоа не ја влошува својата состојба и состојбата на своите деца ако ги има. {АД 346.2}

2. Ако тие со разводот на бракот, себе си и своите деца не ги доведат во потешка состојба, во Светото писмо не постои ниту еден стих кој ја смета невината страна виновна затоа што останува во брачната заедница. {АД 346.3}

3. Времето, трудот, молитвата, трпението, верата и побожниот живот можат да доведат до реформи. Да се живее во заедница со некој кој го погазил брачниот завет, кој е осрамотен со неморална љубов, а за тоа не е свесен, е како душата да ви ја јаде црв; но сепак разводот е доживотна, болна рана. Бог нека биде милостив кон невината страна! Пред да се влезе во брак мора добро да се размисли. {АД 346.4}

4. Зошто? О, зошто мажите и жените, кои би можеле да бидат почитувани и добри, кои на крајот би можеле да дојдат на небото, толку евтино се продаваат на ѓаволот, ги повредуваат своите најсакани пријатели, ги срамотат своите семејства, нанесуваат срам на Божјото дело и на крајот одат во пропаст? Боже, биди милостив! Зошто оние кои ги надвладеало злото не би покажале покајание кое одговара на големината на нивниот грев и не појдат кај Христа за милост и ако е возможно, за исцелување на раните кои ги нанеле? {АД 346.5}

## Педесет и седмо поглавје

## ОДНОС КОН НЕВЕРНИОТ БРАЧЕН ДРУГАР

**Дали жената христијанка треба да го остави неверниот маж?** – Многу мајки ми пишаа, кажувајќи ми за своите семејни неволји и барајќи мој совет. Еден од овие случаи

ќе им послужи како пример за другите. Сопругот и татко не верува и поради тоа на мајката и е многу тешко да ги одгледува своите деца. Сопругот е световен човек, кој се служи со непристојни зборови и пцости кога зборува со сопругата, учејќи ги децата да не ја почитуваат. Кога таа ќе се обиде да се моли со нив, тој влегува во собата, создава врева и почнува да го пцуе Бога, изговарајќи секакви зборови против Библијата. Таа е толку обесхрабрена поради тоа, што животот и станал товар. Какво добро може да направи таа? Каква е ползата за нивните деца ако останат во домот? Таа имала силна желба да направи нешто во Господовото лозје и затоа мислела дека е подобро да го напушти своето семејство отколку да остане, затоа што сопругот и татко постојано ги учи децата да не ја почитуваат и да не ја слушаат. {АД 348.2}

Во ваков случај мојот совет би гласел: Мајки, без оглед на тешкотиите кои ги трпите во сиромаштија, во раните на душата кои ги нанесува грубиот и лош сопруг и татко, не ги напуштајте своите деца; не ги препуштајте на влијанието на безбожниот татко. Вашата задача се состои во тоа да се спротивставите на работата на Таткото, затоа што тој очевидно е под сатанска управа. {АД 348.3}

**Биди пример за самосовладување.** – Знам дека имаш неволји, но знај дека постои дух кој одбива наместо да привлекува. Твојот маж треба секој ден да гледа жив пример на трпение и самосовладување. Настојувај да му угодиш во сè, но да не погазиш ниту едно начело на вистината... {АД 349.1}

Христос очекува Неговата служба да ја посветиме со целото свое битие; срцето, душата, умот и силата. Ако Му го предадеш она што го очекува од тебе, ти ќе Го застапуваш со својот карактер. Дозволи твојот сопруг да го види дејствувањето на Светиот Дух во тебе. Биди внимателна, обзирна, трпелива и блага. Не му ја натурај вистината. Како жена изврши ги сите свои должности и ќе видиш дали неговото срце ќе биде допрено. Твојата љубов кон него не смее да се олади. Настојувај да му угодиш во сè. Твојата вера нека не те одвојува од него. Совесно слушај го Господа, а на мажот угодувај му секогаш кога можеш... {АД 349.2}

Секој нека види дека го сакаш Исуса и дека Му веруваш. Дај доказ и на сопругот и на своите пријатели, и на верните и на неверните, дека сакаш да ја запознаат убавината на вистината. Внимавај да не ја покажеш мачната и претерана грижа која често го раси пува и најдоброто дело... {АД 349.3}

Не дозволувај ниту еден збор на прекор или осуда да дојде до ушите на твојот маж. Понекогаш ќе поминуваш низ животни маки, но не зборувај за овие тешкотии. Молчењето е злато. Непромисленият говор само ќе ја зголеми твојата несреќа. Биди весела и ра досна. Исполни го својот дом со сонце, а отстранувај ги сенките. Сјајните зраци на Сонцето на правдата нека го осветлат храмот на твојата душа. Тогаш благословот од христијанскиот живот ќе го ис полни твојот дом. Тогаш помеѓу вас нема да има несогласување. {АД 349.4}

**Совет за оптоварената сопруга.** – Ти сега имаш двојна одговорност затоа што твојот маж му свртел грб на Исус... {АД 350.1}

Знам дека чувствуваш голема тага, затоа што стоиш сама во исплнувањето на Божјата реч. Можеби твојот доследен живот на вера и послушност ќе му ја врати вистината на твојот сопруг? До неси ги милите деца кај Исус. Со едноставни зборови зборувај им за вистината. Пеј им убави соодветни песни кои ја откриваат Христовата љубов. Донеси ги своите деца кај Исус, затоа што Тој ги сака малите деца. {АД 350.2}

Биди весела. Не заборавај дека имаш Утешител, Свет дух, кој ти го пратил Исус. Ти никогаш не си сама. Ако го послушаш гласот кој сега ти зборува и ако без двоумење одговориш на тропањето на вратата на твоето срце и речеш: „Влези, Господе Исусе, да вечерам со Тебе и Ти со мене“, небесниот гостин ќе влезе. И кога Тој, божествениот Весник, ќе остане во тебе, ќе имаш мир и одмор за душата. {АД 350.3}

**Сочувај ги христијанските начела.** – Домот во кој не му се служи на Бога е сличен на брод во кој нема екипаж. Бурата беснее, а сите на бродот се наоѓаат во опасност да пропаднат. Сметај го својот живот и животот на своите деца скапоцен поради Христа, затоа што еден ден мораш да се сретнеш со нив и со својот сопруг пред Божјиот престол. Твоето христијанско начело не смее да слабее туку постојано да се зајакнува. Без оглед на тоа колку твојот сопруг те лути и колку ти се спротивставува, мораш да покажеш до следна, верна христијанска цврстина. Ако има срце од месо, без оглед на тоа што ќе каже, тој сепак со срцето и разумот ќе мора да те почитува. {АД 350.4}

**Божјите барања на прво место.** – Мене потоа ми е покажана неговата снаа. Таа е мила на Бога, но ја држат во ропска потчинетост, во страв, во очајување, во сомнеж и затоа е многу нервозна. Оваа сестра не смее да мисли дека својата волја мора да ја покори на безбожниот млад човек, кој има помалку години од неа. Таа треба да знае дека со нејзината венчавка не се укинува слободата на нејзината личност. Во однос на неа Бог има барања кои се по возвишени од било кои други земни барања. Христос ја откупил со Својата сопствена крв. Таа не си припаѓа себеси. Таа пропушта целосно да се довери на Бога и своите осведочувања и совеста ги покорува на еден зол и груб човек, кој е поттикнат од сатаната и кога сака, преку него може да ја заплашува оваа немоќна и плашлива душа. Таа толку пати била вознемирувана, што нејзиниот нервен систем е уништен и таа станала вистинска рушевина. Дали е по Божја волја оваа сестра да биде во таква состојба, да не може да му служи Нему? Не. Нејзината венчавка била ѓаволска измама. Но нека направи најдобро што може, нежно нека постапува со својот сопруг и нека го направи среќен колку што може, а да не ја погази својата совест; ако тој и понатаму остане бунтовник, овој свет ќе му биде сето небо кое некогаш ќе го има. Меѓутоа, не е по Божја волја ако се лиши од одењето на богослужба, за да му се угоди на лошиот маж во кој живее духот на змејот. {АД 351.1}

„И третиот рече: се оженив и затоа не можам да дојдам“. Гревот на тој човек не бил во женидбата туку во тоа што се оженил со личност која го одвоила неговиот ум од повозвишените и многу поважните животни интереси. Човекот никогаш не би смеел да и дозволи на сопругата да ги одвои неговите мисли од Христа или да го на веде да ги одбие милостивите повици на евангелието. {АД 351.2}

**Подобро е да спасиш нешто отколку сè да изгубиш.** – Брате К., доста си обесхрабрен; мораш да бидеш сериозен, цврст и одлучен во намерата да ги исполниш своите должности во семејството и ако е возможно, да ги земеш со себе. Не ги штеди напорите да ги придобиеш да те следат на твојот пат кон небото. Меѓутоа, ако мајката и децата одлучат да не те следат туку настојуваат да те одвојат од твоите должности и верски предности, мораш да продолжиш дури и сам. Мораш да живееш во Господовиот страв. Мораш да пронајдеш можност уште повеќе да присуствуваш на богослуженијата и да добиеш што повеќе духовна сила, затоа што таа ќе ти биде потребна во идните денови. Лотовиот имот го голтнал огнот. Ако мораш да доживееш загуба, не се

обесхрабрувај; и ако можеш да спасиш само дел од своето семејство, тоа ќе биде подобро отколку да го изгубиш цело. {АД 352.1}

## Педесет и осмо поглавје

# ПРОПОВЕДНИЧКО СЕМЕЈСТВО

**Семејниот живот на проповедникот како пример.** – Бог сака учителот на Библијата со пример од својот семеен живот да ја по каже силата на вистината што ја зборува. Тоа што се прави има по силно влијание од тоа што се зборува. Побожноста во секојдневниот живот дава сила на јавното сведочење. Трпението, доследноста и љубовта ќе влијаат на срцата многу повеќе отколку проповедите. {АД 353.1}

Ако правилно е извршено, воспитанието на неговите деца ќе биде сликовит пример за поуките кои проповедникот ги предава на проповедта. Меѓутоа, ако со погрешно воспитување на своите деца, проповедникот ја покаже својата неспособност да води и управува, тој мора да научи дека Бог од него очекува правилно да ги насочи децата кои му се дадени пред да почне да ја извршува својата должност како пастир на Божјото стадо. {АД 353.2}

**Децата на прво место.** – Проповедникот од сите страни е окупиран со должностите, но неговите деца треба да го заземат првото место. Тој не смее да дозволи должностите толку да го преокупираат, што ќе ги запостави поуките потребни на неговите деца. Тој може да ги смета своите должности во домот за помалку важни, но тие се темел за доброто на поединците и општеството. Среќата на мажите и жените како и успехот на црквата во голема мера зави сат од влијанието во домот... {АД 353.3}

Проповедникот со ништо не може да се оправда ако го запостави семејниот круг. Духовното добро на неговото семејство се наоѓа на прво место. Во денот на конечната пресметка Бог ќе го праша што направил за да ги придобие за Христа оние за кои преземал одговорност донесувајќи ги на свет. Долгот кој го има кон Бога, да се грижи за своите деца, не може да го избришат големите добри дела направени на другите. {АД 353.4}

**Силата на проповедничкото влијание.** – Во некои случаи проповедничките деца се најзапоставени на светот, затоа што таткото е ретко со нив, а тие во наоѓање занимација и разонода се препуштени сами на себе. {АД 354.1}

Колку и да се големи злата кои произлегуваат од било каква родителска неверност, тие се десетпати поголеми кога постојат во семејствата на оние кои се поставени да бидат учители на народот. Кога ќе го запоставаат управувањето со својот дом, тие ќе заведат многумина со својот лош пример. Нивната вина е поголема од вината на другите, затоа што нивната положба е поодговорна. {АД 354.2}

**Сопругата и децата – суд за побожноста на проповедникот.** – Религијата на проповедалната не може толку да го открие вистинскиот карактер колку религијата во семејството. Сопругата на проповедникот, неговите деца и оние кои се блиски со неговото семејство можат најдобро да ја оценат неговата побожност. Добриот човек ќе

биде благослов за својот дом. На жената, децата и на останатите ќе им биде подобро благодарение на неговата религија. {АД 354.3}

Браќа, воведете го Христа во семејството, донесете го на проповедалната, понесете Го секаде каде што одите. Тогаш нема да биде потребно да ги повикувате другите да ја ценат проповедничката служба, затоа што секогаш ќе ја имате небесната помош, која ќе им докаже на сите дека сте Христови слуги. {АД 354.4}

**Сопругата на проповедникот – помош или пречка?** – Кога човекот ги прифаќа проповедничките одговорности, тој зема право да зборува наместо Бога. Колку е тогаш потребно да биде близок со големиот Пастир; колку понизно треба да оди пред Бога, смалувајќи се себеси, а подигајќи го Христа! Колку е важно карактерот на неговата сопруга да биде во склад со библиските примери, а неговите деца искрено послушни! {АД 354.5}

Сопругата на проповедникот на евангелието може да биде или најголем помошник и голем благослов за својот сопруг или пречка во неговата работа. Од сопругата многу зависи дали проповедникот од ден на ден ќе биде сè покорисен или ќе се удави во морето на секојдневието. {АД 355.1}

Видов дека проповедничките сопруги треба да им помагаат на своите мажи во нивната работа и да внимаваат на своето влијание, затоа што од нив се очекува повеќе од другите. Треба да бидат пример во облекувањето. Со своето држење и разговор, треба да бидат пример, мирис на живот, а не на смрт. Видов дека треба да се благи и понизни, но сепак достоинствени, да не водат разговори за она што не ги насочува мислите кон Небото. Нивна најголема грижа би требало да биде: „Како можам да ја спасам својата душа и да придонесам за спасение на другите?“ Видов дека за ова Бог не ја прима работата со пола срце. Тој сака да му го посветиме целото срце и сите копнежи или ништо. Нивното влијание зборува одлучно и недвосмислено во прилог на вистината или против неа. Тие собираат или растураат со Исуса. Непосветената сопруга е најголемото проклетство кое може да го стигне еден проповедник. {АД 355.2}

Сатаната постојано се труди да ги обесхрабри и заведе проповедниците кои ги избрал Бог да ја проповедаат вистината. Непосветените брачни другари и семејното влијание му нудат најголема можност за работа. Ако успее да завладее со нивниот ум, преку нив полесно ќе допре до сопругот, кој е во служба на Божјата реч за спасение на душите... Користејќи го влијанието на себичните и горделиви сопруги, сатаната имал доста работа во надгледувањето на проповедничката служба. {АД 355.3}

**Проповедниците и управувањето со семејството.** – Во домот те чека должност која не можеш да ја избегнеш, ако сакаш да останеш верен на Бога и да ја оправдаш довербата која ти е укажана... Светот е евангелско поле. Ова поле сакаш да го посееш со евангелската вистина, очекувајќи Бог да го залее посеаното семе за да може да донесе род. Тебе ти е доверено мало парче земја, но тлото пред твојата врата е оставено да порасне во трње и чакал, додека ти се занимаваш со плевење на туѓи градини. Ова не е мала работа туку значајна работа. Ти го проповедаш евангелието на другите; спроведи го и во својот дом. {АД 356.1}

Ако не можете да работите заеднички на воспитување на дете, сопругата нека остане со своето дете и нека не учествува во работата на својот сопруг; на Божјата црква не смее да и се даде пример на невнимателна или лабава дисциплина. {АД 356.2}

Познавав многу проповедници кои постапуваа неразумно, водејќи го на пат своеволното дете. Нивната работа на проповедалната била осудена на лошо однесување на нивните деца. {АД 356.3}

**Позанимавајте се со туѓи деца.** – Твоето залагање не смее да биде насочено само на твоето семејство, исклучувајќи ги од тоа другите. Ако си гостин кај твоите браќа, кои ти укажуваат гостопримство, тие за возврат не очекуваат ништо од тебе. Изедначи ги своите интереси со интересите на родителите и децата и направи сè да ги поучиш и да ги благословиш. Посвети се на Божјото дело и биди благослов за оние кои те примиле во својот дом, разговарајќи со родителите, но не ги заборавај децата. Немој да мислиш дека твоите деца во Божјите очи се поскапоцени од туѓите. {АД 356.4}

**Повик до своеволниот проповеднички син.** – Твојот татко е проповедник на евангелието, а сатаната со сета сила се обидува да ги навлече децата на проповедникот да ги осрамотат своите родители. Ако успее, тој ќе настојува да ги покори на својата волја и да ги исполни со зли склоности. Зар ќе му дозволиш на сатаната преку тебе да ја уништи надежта и утехата на твоите родители? Зар тие мораат да гледаат како се предаваш на сатанската управа? Дали ќе ги препуштиш на обесхрабрувачките мисли дека одгледале деца кои ги одбиваат нивните поуки, кои ги следат своите склоности без оглед на последиците...? {АД 357.1}

Ти имаш добри намери, а тоа буди надеж и очекување во мислите на твоите родители; досега не си имал сила да се спротивставиш на искушението и сатаната се радува на твојата подготвеност да правиш сè што бара од тебе. Често даваш изјави кои влеваат надеж кај твоите родители, но исто така често грешиш, затоа што не сакаш да се спротивставиш на непријателот. Ти не можеш да сфатиш колкава болка им задаваш на таткото и на мајката кога преоѓаш на страната на сатаната. Многу пати велиш: „Јас не можам тоа“, „јас не сум во состојба да го правам тоа“. А знаеш дека можеш, зошто тврдиш дека не можеш? Ти можеш да се бориш со непријателот, но не во својата сила туку во силата која Бог секогаш сака да ти ја даде. Ако веруваш во Неговите зборови, ти никогаш нема да кажеш: „Не можам..”. {АД 357.2}

Те преколнувам со Господовото име да се вратиш пред да биде доцна. Затоа што си син на родители кои се Божји соработници, од тебе се очекува да бидеш добро момче; често со својата тврдоглавост ги срамотиш своите родители и го осудуваш делото кое го извршуваат. Зар на твојата мајка не ѝ е доволно обесхрабрување и без твојата тврдоглавост? Дали ќе продолжиш да живееш така што срцето на твојот татко целосно ќе го скршиш од жал? Зар ти причинува задоволство тоа што цело небо со негодување гледа на тебе? Или ти е мило што се наоѓаш во редовите на непријателот, тој да ти заповеда и да управува со тебе? {АД 357.3}

О, кога уште денес, додека има уште време, би се вратил кај Господа! Секое твое дело те прави подобар или полош. Ако твоите постапки се на страна на сатаната, тие зад себе остваат влијание кое ќе го доврши своето кобно дело. Во Божјиот град можат да влезат само чистите и свети луѓе. „Ако денес го слушнете Неговиот глас, не бидете со дрвени срца“ туку врати се кај Господа, за патот по кој сега одиш, да не те одведе во пропаст. {АД 358.1}

**Љубезен и учтив кон децата.** – Проповедникот треба да поста пува љубезно и учтиво со децата. Тој не смее да заборави дека тие се мали мажи и жени, млади членови

на Господовото семејство. Тие можат да бидат многу блиски и мили на Учителот и ако се добро поучени и воспитани, ќе Му служат уште во својата младост. Христос е натажен од секој остар, груб и безобѕирен збор кој е упатен на децата. Нивните права не се почитуваат секогаш, а со нив често се постапува како да немаат своја личност, која треба правилно да се развие, за да не бидат изобличени Божјите намери во нивниот живот и да не доживеат неуспех. {АД 358.2}

Црквата треба да покаже посебна грижа за јагнињата од стадото, давајќи им го на децата она што најмногу може, само за да ја придобие нивната љубов и да ги соедини со вистината. Проповедниците и верниците на црквата треба да ги потпомогнат напорите на родителите да ги поведат децата по сигурните патишта. Господ ги бара младите, затоа што сака да ги направи Свои помошници кои ќе извршуваат добра служба под Негова заштита. {АД 358.3}

**Делотворна проповед за побожноста.** – Проповедникот треба да даде упатства на народот како да ги водат децата; неговите деца мораат да бидат пример на искрена послушност. {АД 359.1}

Во проповедничкото семејство мора да постои единство кое ќе проповеда делотворна проповед за практична побожност. Ако проповедникот и неговата сопруга верно ги извршуваат должностите во домот, надгледувајќи, опоменувајќи, советувајќи, водејќи, тие така ќе станат способни за работа во црквата, силно орудие за довршување на Божјото дело надвор од домот. Така, членовите на семејството стануваат членови на небесното семејство и сила насочена кон доброто, сила која има далекусежно влијание. {АД 359.2}

## Педесет и деветто поглавје

## ОСТАРЕНИ РОДИТЕЛИ

**„Почитувај го својот татко и својата мајка“.** – Обврската која ја имаат децата да ги почитуваат своите родители, трае доживотно. Ако родителите се изнемоштени и остарени, децата треба да по кажат љубов и внимание во склад со потребите на таткото и мајката. Благородно и одлучно, децата треба да ги обликуваат своите постапки така што, доколку е потребно самоодрекување, ќе го отстранат секој страв и неизвесност од умот на своите родители... {АД 360.1}

Децата треба да бидат воспитани така што ќе ги сакаат таткото и мајката и ќе се грижат нежно за нив. Деца, грижете се сами за нив, затоа што ниту една друга рака не може да направи мали дела на љубезност со таква наклонетост каква имате вие. Искористете ги скапоцените можности да сеете семе на љубезност. {АД 360.2}

Нашите обврски кон родителите никогаш не престануваат. Нашата љубов кон нив, како и нивната кон нас, не се мери со годините ниту со далечината, а нашата одговорност не можеме никогаш да ја отфрлиме. {АД 360.3}

Децата нека запомнат добро, дека во најдобар случај, остарените родители имаат малку радости и утеха. Ништо не може толку да го растажи нивното срце како очевидната негрижа на нивните деца. Да се разжалости остариот или беспомошен татко или мајка е најголем грев што децата можат да го направат. {АД 360.4}

**Израмнете го патот.** – Кога децата ќе пораснат, некои од нив мислат дека ја извршиле својата должност ако на родителите им обезбедиле стан. Нудејќи им само храна и покрив над главата, тие не им укажуваат љубов и сочувство. Кога ќе остарат родителите, кога копнеат за љубов и сочувство, децата бесчувствително им го ускратуваат вниманието. Не постои време во кое децата на својот татко или мајка можат да им ги скратат почитувањето и љубовта. Сè додека се живи родителите, децата треба со радост да ги почитуваат и да ги ценат. Во животот на остарените родители тие треба да внесат што повеќе расположение и сонце. Тие се должни до смрт да им ги отстрануваат препреките од животниот пат. Во овој свет нема подобра пофалба од онаа која ја заслужува детето кое ги почитувало своите родители ниту подобар извештај во небесните книги од оној кој истакнува дека ги сакал и ги почитувал Таткото и мајката. {АД 360.5}

**Неблагодарност кон родителите.** – Зар е возможно децата да станале толку нечувствителни кон потребите на таткото и на мај- ката, дека не се подготвени, колку што е во нивна моќ, своеволно да ги отстранат сите нивни грижи и неволји, стражарејќи над нив со непоколеблива грижа и посветеност? Како можат синот или ќерката да ги препуштат таткото или мајката во туѓи раце, други луѓе да се грижат за нив! Дури и ако мајката е неверна и непријатна, тоа не го ослободува детето од обврската што Бог ја ставил на него да се грижи за своите родители. {АД 361.1}

**Некои родители се одговорни за непочитувањето.** – Кога Родителите ќе му дозволат на детето да не им укажува почитување во раното детство, давајќи му слобода да одговара незадоволно дури и грубо, во подоцнежните години ќе пожнеат страшна жетва. Кога родителите не бараат благовремена и совршена послушност од своите деца, тие пропуштаат да постават добар темел на нивниот карактер. На тој начин тие ги подготвуваат своите деца кога ќе остарат да не им го пружаат должното почитување и ги растажуваат нивните срца кога се приближуваат кон смртта, доколку Христовата милост не ги промени срцата и не го препороди карактерот на нивните деца. {АД 361.2}

**Не се одмаздувајте на неправедните родители.** – Еднаш некоја ќерка рекла за својата мајка: „Секогаш сум ја мразела својата мајка, а мојата мајка ме мразеше мене”. Овие зборови се запишани во небесните книги, кои ќе се отворат и ќе се објават на судниот ден, кога секому ќе му се даде според неговите дела. {АД 362.1}

Ако децата мислат дека родителите во детството постапувале строго со нив, дали тоа ќе им помогне да пораснат во милост и познавање на Исуса Христа, дали ќе им помогне да засветат со Неговото обличје, ако го негуваат духот на одмазда кон своите родители, особено кога ќе станат стари и изнемоштени? Зар нема токму беспомошноста на родителите да има потреба од детска љубов? Дали потребите на остарените татко и мајка ќе разбудат благородно чувство во срцето, а Христовата љубов ќе ги мотивира да постапуваат кон родителите со љубезно внимание и почит? Не дозволувајте срцето да ви стане тврдо како челик. Како може ќерката која го почитува Христовото име да негува омраза кон својата мајка, особено кога е болна и стара? Нежноста и љубовта кон родителите треба да најдат значајно место во срцето на децата. {АД 362.2}

**Трпеливо со слабостите.** – Особено е страшна помислата дека детето во омразата се врти против својата остарена и изнемоштена мајка, која покажува слабости кои ја

следат староста. Колку трпеливо, колку нежно, децата треба да постапуваат со таквата мајка! Изговарајте нежни зборови кои не раздразнуваат. Вистинскиот христијанин никогаш нема да биде нељубезен, во никакви околности нема да ги запоставува таткото или мајката туку ќе ја почитува заповедта: „Почитувај ги твоите татко и мајка“. Бог рекол: „Почитувај го лицето на старецот..”. {АД 362.3}

Деца, вашите родители, кои се слаби и неспособни да се грижат за себе, нека ги проживеат своите последни денови исполнети со задоволство, мир и љубов. Поради Христа, дозволете им да се симнат во гроб примајќи од вас само зборови на љубезност, љубов, милост и простување. Вие сакате Бог да ве сака, да има сожалување кон вас, да ви прости и да ви помогне во секоја болест, нема ли тогаш да постапувате со другите онака како што би сакале да поста пуваат со вас? {АД 363.1}

**Грижа за остарените.** – Проблемот на згрижување на нашите постари браќа и сестри кои немаат свои домови постојано се наметнува. Што може да се направи за нив? Повторно ми беше по кажано на светлината која Бог претходно ми ја даде: основањето на институција за грижа за старите каде тие би биле заедно, не е најдобро решение. Нив не треба да ги праќате други да се грижат за нив. Членовите на секое семејство треба да ги негуваат своите роднини. Кога тоа не е возможно, обврската преминува на црквата и таа треба да го прифати тоа како должност и придобивка. Сите кои го имаат Христовиот дух, ќе покажат особено почитување и нежност кон слабите и остарените. {АД 363.2}

**Предноста која донесува радост и задоволство.** – Помислата дека послужиле за добро на своите родители, на децата ќе им пружи задоволство во текот на целиот живот и ќе им донесе особена радост, кога и на нив ќе им биде потребна љубовта и сочувството. Оние чиишто срца се исполнети со љубов ќе ја сметаат за неискажана предност можноста да ја отстранат секоја пречка од патот на своите родители. Тие ќе се радуваат што придонеле по следните денови на нивните мили родители да бидат исполнети со утеха и мир. Да се направи поинаку, да се ускрати на беспомошните стари родители љубезната служба на синовите и ќерките, би ја исполнило душата со грижа на совест, во крајните денови, до колку нашите срца не се стврднале и оладиле како камен. {АД 363.3}

# Тринаесетти дел
# УПОТРЕБА НА ПАРИТЕ

## Шеесетто поглавје

## БОЖЈИ ПРЕТСТАВНИЦИ

**Бог сопственик на сè.** – Темелот на работната чесност и на вистинскиот успех е признавањето на Бога како сопственик на сè. Создателот на сè околу нас е вистински сопственик. Ние сме негови претставници. Сè што имаме Тој ни го доверил да го употребиме во склад со Неговите упатства. {АД 367.1}

Тоа е обврска која ја има секое човечко суштество. Таа се однесува на севкупното подрачје на човечкото дејствување. Признале или не, ние сме претставници кои Бог ги благословил со таленти и средства и ги поставил во светот да ја извршуваат работата што Тој ја одредил. {АД 367.2}

Парите не се наши; куќата и имотот, сликите и мебелот, облеката и богатството не ни припаѓаат нам. Ние сме патници, ние сме дојденци. Нам ни е доверено само она што ни е потребно за здравје и живот... Земните благослови ни се доверени за да покажеме дали може да ни се доверат вечните богатства. Ако го положиме овој Божји испит, ќе примиме наследство кое ќе биде само наше - славата, честа и бесмртноста. {АД 367.3}

**Мораме да дадеме сметка.** – Кога нашиот народ би го вложил во Божјото дело оној дел на парите кој му е доверен, а кој го троши за остварување на своите себични желби во идолопоклонство, тој би собрал богатство на небото и би го извршил делото што Бог го очекува од него. Меѓутоа, како и оној богат од приказната, тој живее раскошно. Парите што му ги доверил Бог да ги употреби за негова слава, тој ги троши во расипништво. Тој не застанува да раз мисли за своите одговорности кон Бог. Тој не размислува дека судниот ден е блиску во кој мора да ја даде сметката за својата претставничка служба. {АД 367.4}

Секогаш да имаме на ум дека на денот на судот ќе се сретнеме со извештајот за тоа како сме ги потрошиле Божјите пари. Многу е потрошено на задоволување на желбите, кои не ни донеле ништо добро туку само штета. Ако сме свесни дека Бог е дарител на сите добра, дека парите му припаѓаат Нему, тогаш мудро ќе ги трошиме, во склад со Неговата света волја. Светот со своите обичаи и мода нема да ни биде мерило. Ние не сакаме да ги прифатиме Неговите постапки; нема да дозволиме со нас да управуваат нашите склоности. {АД 368.1}

Парите можеме да ги направиме средство за духовен напредок, ако ги сметаме за свет влог, кој не треба да се троши за поттикнување на злобата, разгаленоста, на своите желби и страсти. {АД 368.2}

Покажано ми е дека ангелот записничар верно го запишува секој дар кој е посветен на Бога и е ставен во Неговата ризница, како и крајните резултати кои се постигнати со помош на тие средства. Божјото око ја набљудува секоја паричка посветена за Неговото дело, како и доброволноста на оној кој ја дава. И желбата за давањето е запишана. {АД 368.3}

**Систематско давање на семејството.** – „Нека секој од вас остава кај себе и собира колку може”. Секој член на семејството, од најстариот до најмалиот, може да земе учество во ова дело на добрина... Планот за систематско давање ќе биде заштита за се кое семејство од искушението да ги потроши парите за она што е непотребно, а на оние богатите особен благослов кој ќе ги сочува од попуштањето на расипништвото. {АД 368.4}

Секој член на семејството кој го исполнува овој план, секоја седмица го потсетува семејството на Божјите барања. Бидејќи се одрекле од вишокот за да имаат средства кои ќе ги стават во ризницата на нивното срце, тие примаат важни поуки за самоодрекување на Божја слава. Еднаш неделно секој се соочува со она што го напра вил минатата седмица - приходот кој би можел да го има ако штедел и средствата кои ги трошел на уживање. Неговата совест се буди пред Бога, па го фали или го осудува. Така учи дека мора да јаде, пие и да се облекува на Божја слава, ако сака да ги сочува мирот во умот и Неговата наклонетост. {АД 369.1}

**Божјите барања на прво место.** – Божјите барања заземаат прво место. Ние не ја исполнуваме Неговата волја ако Му го посветуваме она што преостанало од нашиот приход, бидејќи сме ги за дозволиле сите свои нереални потреби. Пред да потрошиме нешто од својата заработувачка, треба да издвоиме и Нему да Му го предадеме делот што Му припаѓа. Во стариот завет жртвата на благодарност постојано горела на олтарот, покажувајќи ја постојаната човечка обврска кон Бога. Ако сме напредувале во својата земна работа, тоа е затоа што Бог нѐ благословил. Делот од овој приход треба да го наменime за сиромасите, а голем дел да употребиме за Божјото дело. Кога на Бога ќе му го вратиме она што е Негово, остатокот ќе биде посветен и благословен за нашите потреби. Но кога човекот му ускратува на Бога, задржувајќи го она што Нему му припаѓа, Неговото проклетство ќе ја погоди целината. {АД 369.2}

**Да не ги заборавиме сиромасите.** – Ако го претставуваме Христовиот карактер, од нашата душа мора да исчезне секој дел од себичноста. За да ја извршиме работата која ни ја доверил Господ, ќе биде потребно да ја дадеме секоја паричка од нашите средства, која можеме да ја заштедиме. Ќе дознаеме за сиромаштијата и неволјите во семејствата и ќе мораме да им помогнеме на оние кои страдаат и патат. Малку ги познаваме човечките страдања кои постојат насекаде околу нас. Но кога ќе ни се пружи можност, ние треба да бидеме подготвени да пружиме непосредна помош на оние кои се во голема неволја. {АД 370.1}

**Божјиот лек против себичноста и алчноста.** – Давањето кое е плод на самооткажување е прекрасна помош за оној кој ја дава. Така ќе стекнеме воспитание кое нѐ оспособува подобро да го разбереме делото на Оној кој поминува правејќи добро, ублажувајќи ги страдањата и пружајќи помош на сиромашните. {АД 370.3}

Постојаната дарежливост втемелена на самооткажување е Божји лек за смртоносните гревови на себичноста и алчноста. За да може да напредува Неговото дело и за да се задоволат потребите на оние кои страдаат и патат, Бог направил план за систематско давање. Тој одредил дека давањето треба да стане навика, за да може да се уништи влијанието на опасниот и лукав грев на лакомост. Постојаното давање целосно ја уништува лакомоста. Бог одредил систематско давање за на алчните да им

се одземе богатството исто толку брзо како што го стекнале, за да биде посветено на Господ на кого и припаѓа... {АД 370.4}

Постојано применување на Божјиот план за систематско давање ја слабее алчноста, а ја зајакнува дарежливоста. Кога добрата се умножуваат, тогаш срцата на луѓето, дури и на оние кои тврдат дека се побожни, се врзуваат за нив; колку повеќе имаат, толку помалку даваат во Господовата ризница. На тој начин богатството ги прави луѓето себични, додека трупањето на богатството ја потхранува алчноста. Така овие зла се зајакнуваат. Бог ја познава опасноста и затоа не заштитил со средства за да нè спаси од пропаст. Тој бара да бидеме постојано дарежливи, за моќта на добрите дела да ја скрши силата на себичноста. {АД 371.1}

## Шеесет и прво поглавје

## НАЧЕЛА НА СЕМЕЈНИТЕ ФИНАНСИИ

**Парите како благослов или проклетство.** – Парите не мораат да бидат проклетство; тие се голема вредност ако правилно се употребат: тие може да бидат од полза за спасување на блиските и благослов за оние кои се посиромашни од нас. Со непромислена и неразумна употреба... парите ќе станат замка за оној кој ги користи. Оној кој се служи со парите за да ги задоволи расипаноста и желбите, ги претвора во проклетство, а не во благослов. Парите се постојан испит за човековите склоности. Оној кој стекнува повеќе отколку што му е потребно за неговите реални потреби, треба да ја бара мудроста и милоста да го запознае и да го сочува своето срце за да нема нереални желби и да стане неверен пример кој расипнички би го потрошил она што Господ му го дал. {АД 372.1}

Кога пред сè го сакаме Бога, земните богатства ќе добијат соодветно место во нашиот живот. Ако понизно и сериозно тежнееме кон знаењето и способноста правилно да ги употребиме Господовите добра, ќе примиме мудрост од горе. Кога срцето е склоно да се води според своите желби и побуди, кога мислиме дека парите можат да ни дадат среќа без Божјата наклонетост, тогаш парите стануваат тирани, кои господарат со човекот - на нив им се укажува доверба и почит како на Бога. На неговиот олтар се жртвува честа, вистината, правдата и чесноста. Заповедите на Божјата реч остануваат на страна, а владејачка сила стануваат световните обичаи и навики кои ги воспоставил царот Мамон. {АД 372.2}

**Сигурноста во поседувањето на сопствениот дом.** – Ако до сега се почитувале Божјите закони, колку би била поинаква сегашната состојба во светот, духовно, морално и материјално. Себичноста и вообразеноста не би се покажувале како денес, затоа што секој би мислел на среќата и доброто на другите... Наместо сиромашните да бидат под железната петица на богатите угнетувачи, наместо другите да мислат и да планираат за нивните материјални и духовни потреби, тие би имале можност за независни одлуки и постапки. {АД 372.3}

Свеста дека кога би имале сопствен дом, сè би било поинаку, би има дала силна желба за еден подобар живот. Набргу самите би стекнале способност да планираат и создаваат; нивните деца би стекнале навики на внимателност и штедливост, а воедно силно би го подигнале својот ум. Тие би чувствувале дека се луѓе, а не робови и би биле

во состојба во голема мера да го вратат изгубеното самопочитување и моралната независност. {АД 373.1}

Поучете го нашиот народ да ги остави градовите и да отиде таму каде што може да обезбеди мало парче земја и да изгради дом за себе и за своите деца. {АД 373.2}

**Внимателно при продажбата на своите домови.** – Има сиромашни мажи и жени кои ми пишуваат прашувајќи за совет дали да ги продадат своите куќи и да ги дадат своите пари за делото. Тие велат дека повиците за приложување на средства ги поттикнале нивните души и дека би сакале да направат нешто за Учителот кој направил сè за нив. На таквите би им рекла: „Можеби ваша должност не е токму сега да ги продадете вашите мали домови; но одете сами пред Бога; Господ сигурно ќе ги слушне вашите сериозни молитви за мудрост да ја сфатите својата должност". {АД 373.3}

Бог сега не ги бара куќите во кои треба да живее Неговиот на род; ако оние кои живеат во изобилие не го слушнат Неговиот глас, не се одвојат од светот и не се жртвуваат за Бога, Тој ќе помине покрај нив и ќе ги повика оние кои се подготвени да направат сè за Исус, дури и да ги продадат своите домови за да ги задоволат потребите на делото. {АД 373.4}

**Пофалба за независност.** – Ваквиот вид на независност е за секоја пофалба: да се издржуваш самиот себе и да не јадеш туѓ леб. Желбата да се издржуваме самите себеси е благородна и возвишена. Навиките за внимателност и штедливост се потребни. {АД 374.1}

**Според приходите.** – Има многу такви кои не се навикнати своите трошоци да ги држат во граница на своите приходи. Тие не научиле да се прилагодуваат според можностите; постојано позајмуваат, запаѓаат во долгови и тогаш се обесхрабруваат. {АД 374.2}

**Забележувајте ги своите трошоци.** – Навиките за угодување на желбите или недостатокот од тактичност и вештини од страна на жената и мајка може да биде причина за постојано снемување на пари. Истовремено мајката можеби мисли дека прави најдобро што може, затоа што никогаш не научила да ги ограничува своите желби или желбите на своите деца и никогаш не стекнала вештина и такт за водење на домаќинството. Така се случува некои семејства да трошат двојно повеќе од она што е доволно за друго семејство со ист број на членови. {АД 374.3}

Сите треба да научат како се води книговодство. Некои го сме таат тоа за небитно, но не се во право. Сите трошоци треба точно да се запишат. {АД 374.4}

**Злото кое произлегува од расипничките навики.** – На Господ му било мило да ми укаже на злото кое произлегува од расипничките навики, за да можам да ги советувам родителите да ги научат своите деца на строго штедење. Учете ги дека парите кои ги потрошиле за она што не им е потребно, не се правилно употребени. {АД 374.5}

Ако имате расипнички навики, отстранете ги веднаш од својот живот. Ако не го направите тоа, ќе пропаднете за вечност. Навиките за штедењето, внимателноста и умереноста, се подобар дел за вашите деца отколку вашиот мираз. {АД 375.1}

Ние сме гости и дојденци на Земјата. Да не ги трошиме своите средства на задоволување на желбите, кои Бог сака да ги потиснеме. Својата вера да ја претставиме достојно со тоа што ќе ги ограничиме своите желби. {АД 375.2}

**Родителот укорен поради расипништво.** – Ти не знаеш како треба парите да се трошат штедливо и не се трудиш своите желби да ги сведеш во границите на својата природа... Имаш голема желба за пари кои сакаш да ги користиш за задоволување на своите желби, а твоето учење и пример би се покажале како проклетство за твоите деца. Колку малку се грижат за начелата! Тие се повеќе и повеќе забораваат на Бога, сè помалку се плашат од неговото негодување и стануваат понестрпливи. Колку полесно се стекнуваат парите, толку човекот помалку се заблагодарува. {АД 375.3}

**До семејството кое живее според своите можности.** – Морате да настојувате вашите трошоци да не го надминуваат вашиот приход. Ограничете ги своите желби. {АД 375.4}

За жалење е што твојата сопруга е толку слична на тебе во трошењето на средствата и затоа не може да ти помогне внимавајќи на малите трошоци за да избегнете големи трошоци. Твоето управување со семејството постојано создава непотребни трошоци. Твојата сопруга сака децата да бидат облечени подобро од вашите можности и затоа во нив се создаваат вкусови и навики кои ќе ги направат разгалени и лоши. Ако ги научите поуките за штедењето и ја согледате опасноста од ваквата употреба на пари за себе, за своите деца и Божјото дело, би стекнале искуство толку значајно за усовршување на вашиот христијански карактер. Ако не стекнете такво искуство, вашите деца ќе го понесат печатот на погрешното воспитување до крајот на својот живот... {АД 375.5}

Не ви советувам да ги натрупувате средствата - тоа за вас би било тешко да го направите - но и на двајцата ви советувам повнимателно да ги трошите своите пари и со секојдневен пример научете ги своите деца на поуките за штедење, самоодрекување и умереност. Поучувајте ги со совети и примери. {АД 376.1}

**Повик на самоодрекување.** – Брате и сестро, покажано ми е дека уште многу треба да научите. Не сте живееле во границите на своите можности. Не сте научиле да штедите. Кога ќе заработите повеќе не знаете подолго да ги сочувате парите. Наместо да покажете разумност, му попуштате на вкусот и на апетитот. Понекогаш ги давате парите за храна, која вашите браќа не можат ниту да ја пробаат. Парите лесно истекуваат од вашиот џеб... Самоодрекувањето е лекција која сè уште морате да ја учите. {АД 376.2}

Родителите треба да научат да живеат во границите на своите приходи. Тие треба да го негуваат самоодрекувањето кај своите деца, учејќи ги со совет и пример. За да имаат време за умствен развој и духовна култура, тие треба да имаат малку едноставни желби. {АД 376.3}

**Попуштањето не е израз на љубов.** – Не ги учете своите деца да мислат дека вашата љубов кон нив мора да се покаже во попуштање на нивната расипаност, претерувањето и љубовта кон расфрлањето. Сега не е време да пронаоѓаме начини како да ги потрошиме парите. Употребете ги своите создавачки способности за да пронајдете начини за штедење. {АД 376.4}

**Штедењето во согласност со дарежливоста.** – Природна склоност на младите од овој век е да не се грижат и да ги презираат на челата на штедење, кои ги поистоветуваат со тесноградоста. На челото на штедење е во согласност со најшироките и најблагородни гледишта и чувства; нема вистинска дарежливост доколку не е по кажана на дело. На никој нека не му биде под чест да ги проучува начините на штедење и можноста да ги сочува остатоците. {АД 377.1}

**Друга крајност – неразумно штедење.** – Бог не се прославува кога телото се запоставува или се занемарува и така се онеспособува за Неговата служба. Прва должност на домаќинот е да се грижи за телото, обезбедувајќи му вкусна храна. Многу е подобро да се има евтина облека и мебел, отколку да се штеди на храна. {АД 377.2}

Некои домаќини штедливо го хранат своето семејство за да можат што подобро да ги нагостат посетителите. Тоа не е мудро. Пречекувањето на гостите треба да биде многу поскромно. Да им посветиме највеќе внимание на потребите на семејството. {АД 377.3}

Неразумното штедење и извештачените обичаи често го спречуваат укажувањето на гостопримство онаму каде што е потребно и каде што би било благослов. Редовните оброци на нашата маса треба да бидат такви што неочекуваниот гостин секогаш ќе биде добредојден, а домаќинката нема да биде оптоварена со посебни подготовки. {АД 377.4}

Нашето штедење никогаш не смее да нè наведе да подготвуваме сиромашни оброци. Учениците треба да имаат здрава храна во изобилие. Но оние кои се одговорни за готвењето, треба да ја соберат храната која преостанува за да не пропадне ништо. {АД 377.5}

Штедењето не е скржавост туку разумно трошење на средствата затоа што треба да се изврши големо дело. {АД 378.1}

**Снабдете ја сопругата со средства кои ќе ѝ ја олеснат работата.** – Семејството на братот Е. живее во склад со начелата на најстрого штедење... Братот Е. свесно одлучил да не ја изградува соодветната дрвенарија во кујната за своето големо семејство, за тоа што не се смета за слободен да ги потроши парите за лични потреби, кога на Божјото дело му се потребни парите за да напредува. Настојував да му објаснам дека за здравјето и доброто на неговите деца потребно е да го направи домот пријатен и да обезбеди средства со кои ќе ја олесни работата на својата сопруга. {АД 378.2}

**Парите за лична потреба на сопругата.** – Вие морате да си помагате еден со друг. Не сметајте го за доблест стискањето на паричникот и скратувањето на пари за својата сопруга. {АД 378.3}

Секоја седмица давај и на својата сопруга одредена сума на пари и дозволи и со нив да направи што сака. Ти сè уште не си и дал можност да го развие својот такт и вкус, затоа што не ја сфаќаш правилната положба што треба да ја заземе жената. Твојата со пруга има многу проникли в и урамнотежен дух. {АД 378.4}

Дај и на сопругата дел од парите што ги добиваш. Тоа нека бидат нејзини пари, кои слободно ќе ги потроши. Неа треба да и се дозволи да ги користи парите кои ги заработила онака како што смета дека е најдобро. Кога би можела да ги користи онака како што мисли без приговори, нејзиниот дух би се ослободил од голем товар. {АД 378.5}

**Мислите на здравјето.** – Братот П. не ги искористил мудро своите материјални средства. Зрелото размислување не влијаело толку на него колку гласовите и желбите на неговите деца. Тој не ги цени правилно средствата кои се наоѓаат во неговите раце и ги троши стиснато и за најпотребните работи, токму оние кои се неопходни за удобноста и здравјето. Во овој поглед целото семејство мора да се поправи. Во домот се потребни многу работи за удобен живот. Таму каде што нема работа и организација во семејните работи, се претрпува штета и се работи без успех. {АД 379.1}

Срцето не можеме да го направиме почисто или посвето ако се облекуваме во вреќишта или ако го лишиме домот од она што му е потребно за удобност и пријатност. {АД 379.2}

Бог од Својот народ не бара да се лиши од она што е навистина потребно за неговото здравје или удобност, но исто така не ги одобрува разгаленоста, претерувањето и расфрлањето. {АД 379.3}

**Разумно постапување со парите.** – Морате да умеете да штедите и да трошите. Не можеме да бидеме Христови следбеници ако не сме се одрекле од себе и не сме го зеле крстот. Да исплатиме што сме должни; да ги покриеме своите потреби; за она што ќе ни остане да кажеме дека е наше. Соберете ги малите трошоци, сè што сте потрошиле за задоволување на себичните желби. Размислете за она што сте го потрошиле да го задоволите својот вкус и погрешно изграден апетит. Парите кои сте ги потрошиле за непотребните слатки би можеле да ги употребите за зголемување на удобноста во својот дом. Не бидете стиснати; бидете чесни кон себе и кон своите браќа. Стиснатоста е злоупотреба на Божјото изобилие. Расипништвото е исто така злоупотреба. Малите трошоци кои не ги сметате вредни за помнење, на крајот стануваат голема сума. {АД 379.4}

**Посветеното срце добива помош.** – Не е потребно во детали да опишуваме како се штеди. Оние кои го посветиле своето срце на Бога, кои за свој водач ја земаат Божјата реч, ќе знаат како да се однесуваат со сите животни должности. Тие ќе учат од Исус, Кој е смирен и кроток во срцето; негувајќи ја Христовата кротост, тие ќе ја затворат вратата на многубројните искушенија. {АД 380.1}

## Шеесет и второ поглавје

## СПРОВЕДЕТЕ ГО ШТЕДЕЊЕТО

**„Соберете ги парчињата“.** – Во една прилика Христос им дал на учениците поука за штедењето, поука која го заслужува нашето внимание. Направил чудо и нахранил илјадници гладни кои го слушале Неговото поучување; но кога сите јаделе, не дозволил да се фрлаат остатоците. Оној кој можел со света божествена сила да нахрани големо мноштво, барал од Своите ученици да ги соберат остатоците, ништо да не пропадне. Оваа поука е исто толку корисна за нас како и за луѓето од она време. Божјиот Син се грижел за потребите на земниот живот. Тој не ги заборавил скршените парчиња по гозбата, иако таква гозба можел да на прави кога сакал. {АД 381.1}

Поуките на Исус Христос мораме да ги примениме во сите облици од практичниот живот. Штедењето мораме да го спроведеме во сè. Мораме да ги собереме парчињата,

за ништо да не пропадне. Постои религија која не го допира срцето и која затоа станува форма изразена со зборови. Таа не е внесена во практичниот живот. Верските должности и најголемата човечка мудрост во деловниот живот мораат да се здружат. {АД 381.2}

**Во самоодрекувањето следете го Христа.** – За да се запознае со разочарувањата, нападите и искушенијата кои ги погаѓаат човечките созданија, Христос се симнал до најдлабокото страдање и понижување. Тој поминал по патот по кој треба да појдат Неговите следбеници. Тој им вели: „Кој сака да тргне по Мене, нека се откаже од себеси, нека го земе својот крст и нека тргне по Мене". Меѓутоа, христијаните не се секогаш расположени да го прифатат самоодрекувањето на кое Спасителот ги повикува. Тие не се под готвени да се откажат од своите желби, за да можат повеќе да му дадат на својот Господ. Човекот вели: „Моето семејство има големи барања и мене ми треба многу за да го издржувам". Ова покажува дека тој и неговите домашни треба да добијат поука за штедењето, на кое ги учи Христовиот живот... {АД 381.3}

Секој е изложен на искушение да ги задоволи себичните, претераните барања, но секогаш да имаме на ум дека Господ на животот и славата дошол на оваа Земја да го поучи човештвото со поуки на самоодрекување. {АД 382.1}

Оние кои не живеат за себеси нема да ја потрошат секоја пара за да ги задоволат своите нереални желби и потреби, туку ќе имаат на ум дека се Христови следбеници и дека и на другите им е потребна храна и облека. {АД 382.2}

**Штедете за потребите на Божјото дело.** – На младите треба да им се каже дека тие имаат предност да го помогнат Божјото дело така што ќе примаат поуки за штедење и самоодрекување. Многу мина мислат дека мораат да ги задоволат своите барања и за да го постигнат тоа, се навикнуваат да живеат така што ќе го потрошат сето она што го заработиле. Бог сака да бидеме подобри во овој поглед. Грешиме против себе кога сме задоволни што имаме доволно за јадење, пиење и облека. Бог има нешто повозвишено за нас. Кога сме расположени да се откажеме од себичните желби и кога сите свои сили на срцето и умот ги посветиме за Божјото дело, небесните орудија ќе соработуваат со нас - да станеме благослов за човештвото. {АД 382.3}

Младите кои се вредни и штедливи, иако можеби сиромашни, можат многу да заштедат за Божјото дело. {АД 382.4}

**Кога сме во искушение да потрошиме.** – Кога сте во искушение да ги потрошите парите на ситници, имајте на ум дека Христос покажал самоодрекување и пожртвуваност за да го спаси отпаднатиот човек. Да ги учиме нашите деца да покажат самоодрекување и самосовладување. Многу проповедници имаат парични неприлики затоа што не се одрекуваат од својот вкус, апетит и склоности. Многу луѓе материјално пропаѓаат и нечесно ги трошат средствата затоа што се обидуваат да ги задоволат претераните желби на своите жена и деца. Татковците и мајките внимателно со совет и пример треба да ги учат своите деца да штедат! {АД 382.5}

Би сакала во секој ум да врежам свест за страшната грешност во трошењето на Господовите пари на неумерени желби. Трошењето на сумата која изгледа мала, може да поттикне цела низа од ситуации кои ќе стигнат до самата вечност. Кога ќе дојде судот и книгите ќе се отворат, тебе ќе ти се открие загубата - доброто кое си можел да го напра

виш со многу лепти и поголема сума на пари која си ја потрошил исклучиво за себични цели. {АД 383.1}

**Внимавајте на секоја паричка.** – Не ги трошете своите пари за купување на непотребни работи. Можеби мислите дека овие толку мали суми не претставуваат поголема вредност, но овие ситници ќе се покажат како голема целина. Кога би можеле, ние би ве замолиле за средствата кои се трошат за непотребни работи, за облека и себично попуштање. Сиромаштијата во сите свои облици е околу нас. А Бог ни ја доверил должноста на било кој начин да ги ублажиме страдањата на човештвото. {АД 383.2}

Господ сака Неговиот народ да се одликува со внимание и грижа. Тој сака да негуваат сестрано штедење и ништо да не расфрлаат. {АД 383.3}

Парите кои секојдневно ги трошите на непотребни работи: „Тоа е само денар“, изгледаат малку; но обидете се овие ситници да ги помножите со деновите во една година, па како минуваат годините, бројките ќе изгледаат неверојатни. {АД 384.1}

**Не ги имитирајте модерните соседи.** – Не е најдобро да се правиме богати или она што не сме - ние понизните следбеници на кроткиот и смирен Спасител. Нека не нè вознемирува ако нашите соседи градат и ги опремуваат своите куќи на начин кој ние не можеме да го следиме. Како Исус гледа на нашите себични постапки во попуштањето на апетитот, угодувањето на гостите или задоволувањето на личните склоности! За нас може да биде вистинска замка ако тежнееме кон расфрлање, или тоа им го дозволиме на децата за кои сме одговорни. {АД 384.2}

**Лично искуство од детството.** – Уште во дванаесеттата година, знаев што значи да се штеди. Со својата сестра изучив занает; иако дневно заработувавме само дваесет и пет центи, од таа сума успеавме малку да заштедиме како дар за мисијата. Така малку по малку штедевме, додека не собравме триесет долари. И кога ја разбравме веста за скорото Господово доаѓање проследено со повикот на луѓето и нивните средства, за нас беше предност на таткото да му ги предадеме своите триесет долари со молба да ги вложи во трактати и брошури, за да може веста да допре до оние кои живеат во темнина... {АД 384.3}

Со парите кои ги заработувавме, мојата сестра и јас, купувавме облека. Ги дававме нашите пари на мајка ми велејќи и: „Купи ни таква облека за да преостане нешто од парите и за проповедање на Евангелието”. И мајката правеше така, воспитувајќи нè да мислиме за Божјото дело. {АД 384.4}

**Почитувајте ги начелата на штедењето.** – Оние чии раце се подготвени да дадат за Божјото дело, да ги ублажат неволјите на страдалниците и гладните, нема да се покажат како невнимателни, безгрижни и стиснати во својата работа. Тие секогаш ќе настојуваат нивните трошоци да бидат во склад со нивните приходи. Тие го почитуваат начелото за штедење; затоа што чувствуваат должност дека треба да заштедат за да имаат што да дадат. {АД 385.1}

## УЧЕТЕ ГИ ДЕЦАТА КАКО ДА ЗАРАБОТУВААТ И КАКО ДА ГИ ТРОШАТ ПАРИТЕ

**Едноставни навики во секојдневниот живот.** – Родителите се должни да ги подигнат, воспитуваат и учат своите деца на навиките на самосовладување и самоодрекување. Тие се должни постојано да им зборуваат на децата за нивната обврска да ја слушаат Божјата реч и дека живеат за да му служат на Исуса. Тие се должни да ги воспитаат своите деца да живеат во склад со едноставните навики од својот секојдневен живот, избегнувајќи скапа облека, скапа храна, скапи куќи и скап мебел. {АД 386.1}

Уште додека се мали, децата треба да научат да читаат, да пишуваат, да ги знаат бројките и да водат свое книговодство. Во ова знаење нека напредуваат чекор по чекор. Но пред сè, треба да бидат поучени дека почетокот на мудроста е стравот Господов. {АД 386.2}

**Младите и семејните приходи.** – Младите се изложени на многу опасности поради погрешното сфаќање за употребата на парите. Нив не треба да ги носите на раце и да ги снабдувате со пари како да постои некој неисцрпен извор, од кој можат да земаат за да ја задоволат секоја своја замислена потреба. Парите треба да ги сме тате како дар кој Бог ни го доверил за извршување на Неговото дело, за градење на Неговото царство и младите мораат да научат да ги контролираат своите желби. {АД 386.3}

Не дозволувајте им на своите желби да се рашират особено ако приходот за домашните издатоци е ограничен. Усогласете ги своите желби со парите на своите родители. Господ ќе ги признае и ќе ги пофали вашите несебични напори... Бидете верни и кога имате малку. Тогаш нема да бидете во опасност да ги запоставите големите одговорности. Божјата реч објавува: „Кој е верен во малку, верен е и во многу”. {АД 386.4}

**Откријте им ја вредноста на парите.** – Младите не ги ценат парите до кои доаѓаат без никаков напор од своја страна. Некои мораат да ги заработуваат парите со голем труд и одрекување, но колку се сигурни оние млади кои го знаат потеклото на парите кои го трошат, кои знаат да ги ценат својата облека и храна и колку е потребно да се купи куќа! {АД 387.1}

Постојат многу начини децата да заработат пари и да учествуваат во донесување на благодарни дарови на Исус, Кој за нив го дал Својот живот... Тие мораат да бидат поучени дека парите кои ги заработиле не се нивни и дека не може да ги потрошат онака како што сака нивниот неискусен ум туку да ги употребат разумно и да одвојат за потребите на евангелието. Тие не смеат да бидат задоволни со тоа што ќе земат пари од таткото или мајката и ќе го стават во корпата за дар, затоа што тие пари не се нивни. Тие треба да си речат себеси: „Дали да го дадам она што не сум го заработил?“ {АД 387.2}

Постои неразумно нудење на помош на нашите деца. Оние кои сами се школуваат, повеќе ги ценат своите предности од оние што ги стекнале со туѓ труд, затоа што знаат колку чини тоа. Ние не смееме да ги носиме своите деца така што ќе станат беспомошен товар. {АД 387.3}

Родителите погрешно ја разбираат својата должност ако без проблем даваат пари на младиот човек, кој има физички сили да се школува за проповедник или лекар, пред да стекне искуство во полезната, напорна работа. {АД 387.4}

**Поттикнете ги децата самите да заработуваат.** – Многу деца кои живеат надвор од градот можат да имаат, мало парче земја, кое ќе им послужи како градина. Така ќе научат да собираат пари за Божјото дело. Ова може да го прават и момчињата и девојчињата; ако правилно се поучени, тоа ќе им помогне да ја сфатат вредноста на парите и да научат штедливо да ги употребуваат. Покрај издвојување на пари за евангелското дело, овие деца можат да помогнат во купување на своите облеки и затоа треба да ги охрабрите да го прават тоа. {АД 388.1}

**Не дозволувајте неразумно трошење.** – О, колку пари се по трошени за некорисни предмети во куќата, за чипки и раскошни фустани, за слатки и друго што не ни е потребно! Родители, учете ги своите деца дека не е исправно да се трошат Божјите пари за лични уживања... Поттикнете ги да го сочуваат својот денар, секогаш кога тоа е можно за да го употребат во евангелското дело. Со вежбањето во самоодрекувањето тие ќе стекнат богато искуство и таквите по уки ќе ги заштитат од стекнување на навика на неумереност. {АД 388.2}

Децата може да научат да ја покажат својата љубов кон Христа, ако не ги набавуваат непотребните ситници, за кои трошат многу пари. Ова треба да се направи во секое семејство. За тоа е потребно тактика и методи, но тоа ќе биде најдоброто воспитување што децата може да го добијат. Кога сите мали деца би ги принеле своите дарови на Господа, нивните дарови би биле слични на поточиња кои соединети, стануваат река. {АД 388.3}

На полицата или на некое сигурно видливо место чувајте мала кутија во која децата можат да ги стават своите дарови за Господа... Така тие можат да се воспитуваат за Бога. {АД 388.4}

**Учете ги децата да ги даваат своите десетоци и приноси.** – Не само што Господ го смета десетокот за свој туку и ни кажува како да го сочуваме за Него. Тој вели: „Почитувај го Господа со имањето свое и првината од сиот свој приход". Тука не се вели дека своите средства треба да ги потрошиме за себе, а остатокот да го донесеме на Господа, иако десетокот е веќе одвоен. Да го одвоиме прво она што е Божје. Упатството што Светиот Дух ни го дал преку апостолот Павле за нашите дарови, претставува начело, кое се однесува на десеткувањето: „Секој прв ден од неделата, секој од вас нека остава кај себе и нека собира колку што може". Ова ги опфаќа и родителите и децата. {АД 389.1}

**Грешки на богатите татковци.** – Ситуациите во кои може да се најде едно дете, често на него влијаат посилно отколку родителскиот пример. Има богати луѓе кои од своите деца очекуваат да бидат како нив кога биле млади, а кога не успеваат во тоа, ја обвинуваат расипаноста на сегашноста. Меѓутоа, тие немаат право да го очекуваат тоа од своите деца, ако не им создале можности слични на оние во кои самите живееле. Животните ситуации од таткото создале она што е денес. Во својата младост бил притиснат со сиромаштија и морал да работи внимателно и истрајно. Неговиот карактер е обликуван во строгото училиште на сиромаштија. Бил принуден да биде скромен во своите барања, вреден во својата работа, едноставен во својот вкус. Тој морал да ги

впрегне сите свои способности за да заработи за храна и облека. Морал да штеди. {АД 389.2}

Татковците се трудат на своите деца да им овозможат богат живот, а не она од што и самите почнале. Тоа е честа грешка. Кога денеска децата би учеле во училиштето во кое учеле нивните татковци, тие би станале исто така полезни како и нив. Татковците ги измениле животните ситуации на своите деца. Сиромаштијата била господар на таткото; изобилството го опкружувало синот. Сите негови потреби се задоволени. Татковиот карактер е обликуван со остра дисциплина на штедењето, тој умеел да го цени секое, дури и најмалото добро. Навиките и карактерот на неговиот син нема да ги обликуваат ситуациите кои постоеле во минатото туку кои постојат сега - удобност и попуштање... Како да му се скрати богатството кое постои секаде? {АД 389.3}

**Најдобро наследство за децата.** – Најдоброто наследство што родителите можат да го дадат на своите деца е познавањето на корисната работа и примерот од животот обележан со несебична добродетел. Со таков живот тие ја покажуваат вистинската вредност на парите, ценејќи ги само по доброто кое тие го постигнуваат во задоволување на нивните потреби и потребите на другите, како и за напредок на Божјото дело. {АД 390.1}

## Шеесет и четврто поглавје

## ЧЕСНОСТ ВО РАБОТАТА

**Библијата како учебник за животните начела.** – Нема гранка на чесно работење за која Библијата не би можела да ни ја понуди најосновната подготовка. Нејзините начела на внимателности, чесности, штедливост, владеење со себе и без пороци се тајна за вистинскиот успех. Овие начела, како што се прикажани во Соломоновите приказни, претставуваат ризница на практични мудрости. Каде може трговец, занаетчија, раководител во било кое подрачје од работата, да најде подобри совет за себе или за своите работници од оние кои се наоѓаат во зборовите на овој мудар човек: {АД 391.1}

„Дали си видел човек верен на работата? Таквите ќе стојат пред царевите, а нема да стојат пред сиромасите". {АД 391.2}

„За секој труд има и добивка, а говорот на устата е само сиромаштија". {АД 391.3}

„Има многу желби мрзливата душа, ама од тоа нема ништо". {АД 391.4}

„За тоа што пијаницата и ненаситникот осиромашуваат и спанковците одат во ист ритам". {АД 391.5}

Многумина би можеле да го избегнат паричниот неуспех и пропаста кога би ги послушале опомените кои толку често се повторувани и нагласувани во Писмото: {АД 391.6}

„Кој сака набрзина да се збогати, нема да остане без казна". {АД 391.7}

„Богатството стекнато со суета се намалува, а кој собира со раце се умножува". {АД 391.8}

„Богатството собрано со јазикот на лажливецот е суета која по минува меѓу оние кои бараат смрт". {АД 391.9}

„Кој зема во заем ќе му стане слуга на оној кој му дава". {АД 391.10}

„Злото поминува кај оној кој емчи за туѓото; а кој го мрази емството е без грижи”. {АД 391.11}

Осмата заповед осудува... крадење и ограбување. Таа бара совршена чесност и во најмалите ситници во животот. Таа забранува подметнување во трговијата и бара плаќање на реалните долгови и заслужената плата. {АД 392.1}

**Нечесноста го расипува карактерот.** – Тој (кој се служи со лажење и измами) го губи самопочитувањето. Тој можеби не е свесен дека Бог го гледа и дека е запознат со секоја работна постапка и дека светите ангели ги мерат неговите желби и ги слушаат неговите зборови и дека ќе примаат плата според своите дела. Дури и кога би успеал да ги сокрие своите зли дела од човечките и божествените очи, фактот дека тој тоа го знае, го расипува неговиот ум и карактер. Само една постапка не го одредува карактерот, но тој ја руши оградата и следното искушение многу полесно ќе дојде, сè додека на крајот не се создаде навика да се избегнува вистината и нечесноста во работењето, па на таквиот човек повеќе не може да му се верува. {АД 392.2}

Како што постапуваме со нашите блиски служејќи се со ситни, нечесни постапки или многу посмели измами, исто така ќе постапуваме и кон Бога. Луѓето кои упорно одат по патот на нечесноста, ќе ги спроведуваат своите начела сè додека не ја измамат својата душа и не го изгубат небото и вечниот живот. Тие ќе ја жртвуваат својата чест и вера само да стекнат некоја мала световна корист. {АД 392.3}

**Избегнувајте ги долговите.** – Многу семејства се сиромашни само затоа што ги трошат своите пари веднаш штом ќе ги добијат. {АД 392.4}

Морате да внимавате со своите работи да не управувате така што ќе направите долгови... Кога некој ќе западне во долг, тој западнал во сатанската мрежа, која е поставена на душите... {АД 392.5}

Да се земат и да се потрошат парите за било што пред да се за работат претставува замка. {АД 392.6}

**Да се живее според приходите.** – Не смееш да дозволиш да се заплеткаш во парични неприлики, бидејќи фактот дека си должен, ќе ја ослаби твојата вера и ти се заканува обесхрабрување; а самата помисла на тоа, те доведува до лудило. Мораш да ги на малиш своите трошоци и да се бориш да го поправиш овој недостаток во својот карактер. Ти мораш и можеш да преземеш сериозни напори за да владееш со својата склоност да трошиш пари кои го надминуваат твојот приход. {АД 393.1}

**Срам за Божјото дело.** – Светот има право да очекува строга чесност од оние кои се нарекуваат библиски христијани. Човекот кој не се грижи за плаќањето на своите долгови, ги доведува сите наши верници во опасност и на нив се гледа со недоверба. {АД 393.2}

Тие кои тежнеат кон побожност би требало да служат на чест на науката која ја исповедаат и не би требало да дозволуваат да се нарушува вистината поради нивното непримерно однесување. „Не бидете никому ништо должни,“ вели апостолот. {АД 393.3}

**Совет до еден должник.** – Биди одлучен никогаш да не напра виш друг долг. Подобро откажи се од илјадници нешта отколку да паднеш во долг. Правењето долгови било проклетство во твојот живот. Бегај од тоа како од чума. {АД 393.4}

Направи свечен завет со Бога дека со Негов благослов ќе ги исплатиш долговите и тогаш немој никому ништо да му должиш дури и да живееш само од леб и каша. Толку е лесно во поставувањето на масата од својот џеб да извадиш уште некој денар повеќе за некој додаток. Внимавај на секоја пара, па и денарите ќе внимаваат на себе. Лептата потрошена овде или онде, за ова или за она, еден ден ќе порасне во голема вредност. Додека си соочен со долгови, лиши се себеси од сè... Не се двоуми, не очајувај, не отстапувај. Заповедај му на вкусот, заповедај му на апетитот, сочувај го својот денар и исплати ги своите долгови. Настојувај да го напра виш тоа што побрзо. Кога повторно ќе стоиш како слободен човек, не должејќи му никому ништо, тогаш си извојувал голема победа. {АД 393.5}

**Имајте обзири кон несреќните должници.** – Ако видите дека некој е во долгови и е навистина во неможност да ги исполни своите обврски, не го принудувајте да го прави она што не е во состој- ба. На таквите треба да им се даде можност да се ослободат од своите долгови и да ги спречите да дојдат во ситуација да не се во состојба самите да се ослободат од долгот. Иако таквата постапка се чини праведна, тоа не е Божјата милост и љубов. {АД 394.1}

**Опасност од крајности.** – Некои не се доволно внимателни и навлекуваат на себе долгови кои можеле да ги избегнат. Други по кажуваат внимателност која се граничи со неверство. Користејќи ги околностите, одвреме навреме можеме да вложиме пари за да го зајакнеме и подигнеме Божјото дело, а сепак да се држиме строго до исправните начела. {АД 394.2}

## Шеесет и петто поглавје

## ПОДГОТОВКА ЗА ИДНИНАТА

**Штедењето наспроти расипништвото.** – Братот и сестрата Б. не ја научиле лекцијата за штедењето. Уживале додека можеле, а кога дошла неволјата ги фатила неподготвени... Кога братот и сестрата Б. штедливо би работеле, помалку би трошеле за себе, веќе би можеле да имаат и свој дом, а покрај тоа и средства кои би ги употребиле во случај на неволја. Меѓутоа, тие не штеделе како другите, од кои одвреме навреме зависеле. Ако не ги научат овие по уки, нивниот карактер нема да биде совршен на Божјиот ден. {АД 395.1}

**Овој совет би ви помогнал.** – Ти си имал работа која одвреме навреме ти донесувала голема заработувачка. Кога си заработил, не си размислувал за ситуации во кои парите нема толку лесно да ги заработиш туку многу си потрошил на измислени потреби. Кога ти и твојата сопруга би ја сфатиле должноста што Бог ви ја доверил, да се откажете од својот вкус и желби и да се погрижите за иднината, наместо да живеете само за сегашноста, денес би имале доволен приход за живот и твоето семејство би

можело да живее удобно. Треба да ја научиш оваа лекција... Треба да направиш да трае што подолго. {АД 395.2}

**Планско штедење.** – Кога би штедел како што треба, денес би имал голема готовина која би можел да ја употребиш во итни случаи и да му помогнеш на Божјото дело. Секоја седмица треба да одвоиш дел од својата заработувачка и да не го трошиш, освен во голема потреба или да ги вратиш даровите на Дародавецот... {АД 395.3}

Средствата кои си ги заработил не се мудро и штедливо потрошени за да остане нешто за во случај на болест, а твоето семејство е лишено од средствата кои ги носиш за издржување. Твоето семејство мора да има нешто на што ќе се потпре во случај да за паднеш во неприлики. {АД 396.1}

**Совет за едно семејство.** – Секоја недела треба да оставиш на некое сигурно место пет до десет долари, кои нема да ги трошиш освен во случај на болест. Ако штедиш, ќе имаш нешто и од каматата. Со мудро работење, ќе задржиш нешто кога ќе ги платиш своите долгови. {АД 396.2}

Познавав семејство кое имаше примање од дваесет долари неделно и ја трошеше секоја пара, додека друго семејство со иста големина, примајќи само дванаесет долари седмично, одвојуваше еден или два долари неделно; тие успеаја во тоа, одречувајќи се од купување на работи, кои изгледаа потребни, но без кои сепак може да се живее. {АД 396.3}

**Осигурете го имотот со тестамент.** – Оние кои се верни управители со Господовите средства, ќе знаат како стои нивната работа и како мудри луѓе ќе бидат подготвени за непредвидени случаи. Доколку времето на милост за нив ненадејно заврши, тие нема да остават толку голема грижа на оние кои ќе бидат повикани да го средат нивното наследство. {АД 396.4}

Многумина не мислат на оставање наследство додека сè уште ги служи добро здравје. Но нашите браќа мораат да преземат соодветни мерки. Тие треба да ја познаваат својата материјална состојба и да не дозволат нивните работи да се заплеткаат. Тие се должни прашањето за својот имот да го уредат така што ќе можат во секое време да го остават. {АД 396.5}

Тестаментот треба да се направи така што ќе биде законски исправен. Бидејќи е направен, тој може со години да стои и на никого да не му нанесе штета, ако се продолжи со повремено давање дарови во склад со потребите на делото. Браќа, смртта нема да дојде ниту еден ден порано затоа што сте направиле тестамент. Делејќи го со тестамент својот имот на роднините, не го заборавајте Божјото дело. Вие сте Негово орудие, управители на Неговиот имот и за тоа Неговите барања треба да добијат прво место. Секако вашата сопруга и децата не треба да останат без ништо; ако се во сиромаштво треба да се погрижиш за нив. Во својот тестамент не внесувајте долга листа на имиња на свои роднини, кои не се во сиромаштво, само затоа што тоа е вообичаено. {АД 397.1}

**Имајте го на ум Божјото дело.** – Никој нека не мисли дека ќе ја стекне Христовата мудрост ако за време на својот живот натрупува богатство, а тогаш пред смрт одлучи еден дел да го подари за добротворни цели. {АД 397.2}

Некои во текот на својот живот себично ги задржуваат своите средства, верувајќи дека ќе го поправат својот немир ако во тестаментот се сетат за Божјото дело. Но ниту пола од тоа што е одвоено не се користи за тоа што е наменето. Браќа и сестри, вложувајте сами во небесната ризница и не ја препуштајте својата управителска служба на друг. {АД 397.3}

**Неразумно пренесување на одговорностите.** – Родителите треба да се плашат да им ги доверат на своите деца материјалните добра кои им ги дал Бог, доколку немаат најсигурен доказ дека нивните деца покажуваат поголемо интересирање и поголема љубов и посветеност кон Божјото дело од нив самите и дека овие деца ќе бидат посериозни и поревносни во унапредување на Божјото дело и подарежливи во грижата за унапредување на неговите различни гранки на кои тие средства би им биле потребни. Меѓутоа многу мина им ги даваат своите средства на децата и затоа што сатаната ги поттикнува на тоа, ги оптоварува со одговорност во управувач ката служба, која им била доверена на нив самите. Со оваа по стапка тие ги пренесуваат овие средства во непријателските ре дови. Сатаната работи на тоа да ги постигне своите цели и да ги земе средствата на Божјото дело кои му се потребни за цврста потпора. {АД 397.4}

**Проклетство кое почива на богатството.** – Оние кои стекнуваат богатство само за да го натрупаат, го пренесуваат проклетството кое почива на него и го пренесуваат на своите деца. За татковците и мајките кои прават така тоа е грев, страшен, за душата опасен грев, кој се пренесува на нивното потомство. Децата често ги трошат нивните средства на безумен раскош и разуздан живот, така што стануваат просјаци. Тие не ја знаат вредноста на наследството кое го потрошиле. Доколку таткото и мајката им дале добар пример, не натрупувајќи туку делејќи го своето богатство, тие за нив би собирале богатство на небото, а за возврат уште на овој свет би примиле мир и среќа, а во идниот живот вечни богатства. {АД 398.1}

# Четиринаесетти дел
# ДА СЕ ЧУВААТ ВЛЕЗОВИТЕ НА ДУШАТА

## Шеесет и шесто поглавје

### ВРАТА КОЈА МОРАМЕ ДА ЈА ЧУВАМЕ

**Зошто Бог ни дал очи, уши и способности да зборуваме.** – Бог им дал на луѓето очи за да можат да ги набљудуваат величествените дела на Неговиот закон. Им дал уши за да можат да ја слушаат Неговата вест, која ја изговара живиот проповедник. На луѓето им дал дар да зборуваат, за да можат да го претстават Христа како Спасител Кој го

простува гревот. Човекот со срце верува во прав дата, а со устата го признава спасението. {АД 401.1}

**Како сатаната продира во душата.** – Сите треба да стражарат над своите сетила, бидејќи во спротивно сатаната ќе завладее со нив; тие претставуваат влез до душата. {АД 401.2}

Треба верно да стражарите над своите очи, уши и сите свои сетила ако сакате да го ставите под контрола својот ум и да спречите злобните и расипани мисли да ја извалкаат вашата душа. Единствено силата на милоста може да го постигне ова сакано дело. {АД 401.3}

Сатаната и неговите ангели работат на тоа да ги успијат вашите чувства, за да не ги слушнете опомените, советите, укорите и поуките, или ако ги слушнете, да немаат влијание на вашето срце и да не го препородат вашиот живот. {АД 401.4}

Браќа мои, Бог ве повикува како Свои следбеници да живеете во светлина. Потребно е сериозно да ве опоменам. Гревот е помеѓу нас и ние секогаш не гледаме на него како на нешто страшно. Сетилата на многумина се отапени поради попуштање на барањата и поради дружење со гревот. Потребно е повеќе да се приближиме кон небото. {АД 401.5}

**Сатаната сака да ги помати сетилата.** – Сатаната ги наведува луѓето да го презираат Бога, ги привлекува и им го обзема умот, така што во нивните мисли нема место за Бога. Тие добиле воспитание кое има за цел да го помати умот и да ја затемни вистинската светлина. Сатаната не сака луѓето да го познаваат Бога; и тој е многу задоволен ако успее со помош на игри и театарски претстави да ги помати сетилата на младите, дека луѓето ќе пропаднат во темнина, покрај светлината која свети секаде околу нив. {АД 401.6}

**Сатаната не може да го помати умот без наша согласност.** – Да им ја кажеме на луѓето вистината дека Бог така нè создал, дека нема да бидеме искушани повеќе отколку што можеме да издржиме туку со искушението ќе стави крај, за да можеме да го поднесеме. Ако живееме целосно за Бога, нема да му дозволиме на умот да се занимава со себични фантазии. {АД 402.1}

Ако постои некаков начин на кој сатаната може да му пријде на умот, тој ќе посее плевел и ќе направи да расте сè додека не до несе богата жетва. Во никој случај сатаната не може да владее со мислите, зборовите и постапките, ако ние доброволно не му ја отвориме вратата и го поканиме да влезе. Тогаш ќе влезе и ќе го земе доброто семе посеано во срцето и ќе ја укине вистината. {АД 402.2}

**Затворете го секој влез на искушувачот.** – Сите кои се нарекуваат христијани треба да бдеат, да се молат и да ги чуваат влезовите кои водат во нивната душа, затоа што сатаната има намера да расипе и уништи ако му се пружи и најмала можност. {АД 402.3}

За нас е опасно да застануваме размислувајќи за тоа какви предности ќе стекнеме ако ги прифатиме предлозите на сатаната. Гревот донесува срам и пропаст за секоја душа која му попушта; но има нешто во неговата природа што заслепува и лаже и така нè примамува со лажно прикажување. Ако се осмелиме да застанеме на сатанското тло не ни е ветена заштитата од Неговата сила. Што се однесува до нас, треба да го затвориме секој приод преку кој искушувачот може да дојде до нас. {АД 402.4}

Кој може во моменти на искушение да ги препознае последиците што доаѓаат по погрешен и брз чекор! Во секој час наша единствена сигурност е во заштитата на Божјата милост, а не затемнување на нашиот духовен вид, затоа што тогаш сме во состојба лошото да го наречеме добро, а доброто лошо. Без двоумење и докажување мораме да ги затвориме и да ги браниме приодите на душата против злото. {АД 403.1}

Секој христијанин мора постојано да стражари, внимавајќи на секој приод преку кој сатаната би можел да и пријде на душата. Тој мора да се моли за божествена помош, а во исто време одлучно да се спротивстави на секоја склоност кон гревот. Тој може да по беди со вера, храброст и со истрајни напори. Но нека знае дека Христос мора да биде во него и тој во Христос, ако сака да извојува победа. {АД 403.2}

**Не го читајте, не го гледајте и не го слушајте злото.** – Апостол Петар настојувал да ги поучи верниците колку е важно да се со чува умот да не се занимава со недозволени и неважни предмети. Оние кои не сакаат да станат плен на сатанските стапици, мораат добро да ги чуваат приодите на душата; тие мораат да избегнуваат да читаат, гледаат и да слушаат сè што би можело да предизвика нечисти мисли. Не смееме да му дозволиме на умот постојано да се занимава со секој предмет што непријателот на душата може да ни го понуди. Над срцето мораме будно да стражариме, затоа што злото кое доаѓа однадвор, ќе поттикне зло во нас и душата ќе талка во темнина. {АД 403.3}

Мораме да направиме сè што е можно за себе и своите деца да не ги доведеме во ситуација да го гледаат беззаконието кое се случува во светот. Грижливо да ги чуваме своите очи и уши, така што овие зла нема да можат да влезат во нашиот ум. Кога во домот ќе ни пристигнат списанија, посакувам да ги сокријам за да не се види она што е бесмислено и возбудливо. Се чини дека самиот непријател е издавач на многу работи што се јавуваат во списанијата. Тие го разоткриваат и изложуваат на светот сето она што е грешно. {АД 403.4}

Оние кои копнеат за мудроста која доаѓа од Бога, мораат да станат луди за грешното знаење на ова време, за да можат да станат мудри. Тие треба да ги затворат своите очи, да не го видат и не го запознаат злото. Тие треба да ги затворат своите уши, за да не го слушнат она што е зло и да стекнат знаење кое би ја извалкало чистотата на нивните мисли и постапки. Тие треба да го чуваат својот јазик, да не изговараат зли зборови и измамата да не се најде на нивните усни. {АД 404.1}

**Слабеење на отпорот.** – Не се обидувајте да пријдете што по блиску до работ на провалијата и да можете да останете неповредени. Избегнете ја првата средба со злото. Не можете да си играте со спасението на својата душа. Вашето знаење е вашиот карактер. Ценете го како најскапоцено богатство. Трпеливо негувајте ја моралната чистота, самопочитувањето и отпорот кон злото. Во секој момент бидете внимателни. Една семејна постапка, една невнимателност можат да ја загрозат душата, отворајќи ја вратата на искушението и слабеејќи ја моќта на отпорот. {АД 404.2}

**Сатаната сака да ја затемни идната слава.** – Сатаната постојано настојува да ја затемни славата на идниот свет и сето внимание да го насочи на работите на овој живот. Тој се труди сè да прилагоди така што нашите мисли, нашата грижа и нашиот труд толку ќе ги преокупира со тоа што е земно за да не ја видиме и да не ја сфатиме вредноста на вечната реалност. Светот и неговите грижи го зазеле најважното место, додека Исус и она што е небесно до биле многу малку место во нашите мисли и чувства. Ние треба

совесно да ги извршуваме сите должности во секојдневниот живот, но исто така е важно пред сè друго да ја негуваме светата наклонетост кон нашиот Господ Исус Христос. {АД 404.3}

**Небесните ангели ќе ни помогнат.** - Да имаме секогаш на ум дека невидливите сили, добрите и лошите, се трудат да загосподарат со умот. Тие делуваат со невидлива, но делотворна сила. Добрите ангели се службени духови кои го пренесуваат небесното влијание врз срцето и умот, додека големиот непријател на душата, ѓаволот и неговите ангели, постојано настојува да ја предизвика нашата пропаст... {АД 405.1}

Иако треба секогаш да бидеме свесни дека сме изложени на нападите на непријателот, треба да бидеме сигурни дека тие не можат да не повредат ако тоа не им го дозволиме. {АД 405.2}

## Шеесет и седмо поглавје

## ПРИВЛЕЧНИ ГЛЕТКИ И ЗВУЦИ

**Дејството на глетките и звуците.** – Имаме причина да бидеме длабоко загрижени за нашите деца, кои на секој чекор се соочуваат со искушенија. За нив е невозможно да ја избегнат средбата со лошото друштво... Тие гледаат сцени, слушаат звуци и се изложуваат на влијанија кои го расипуваат моралот и кои ако сериозно не им се спротивстават, незабележително, но сигурно ќе го расипат срцето и ќе го упропастат карактерот. {АД 406.1}

**Секој мора да подигне ѕид против искушенијата.** – Во христијанските домови мора да се подигне ѕид против искушенијата. Сатаната се служи со сите средства злосторството и понижувачкиот порок да го направи што попривлечен. Ние не можеме да одиме по улиците на нашите градови, а да не се соочиме со привлечните објавувања на злосторството кое е прикажано во некој роман или се изведува во некој театар. Така умот се навикнува на грев. Во дневните весници на луѓето им се открива она што е подмолно и извртено, а во возбудливите приказни се искажува сето она што може да ги поттикне страстите. {АД 406.2}

Некои родители се толку рамнодушни, толку невнимателни, што им е сеедно во кое училиште одат нивните деца. Тие велат: „Ние сме во светот и не можеме да го напуштиме”. Но родители, ние можеме делумно да излеземе од светот, ако така одлучиме. Ние можеме да избегнеме да видиме многу зла кои толку брзо се множат во овие последни денови. Ние можеме да избегнеме да слушаме за злото и злосторството кое се случува околу нас. {АД 406.3}

**Сеењето на беззаконија донесува жетва на злосторства.** – Многу познати дневни весници се полни со возбудливи приказни кои ги учат младите на злото и ги водат на патот на пропаста. Речиси и децата станале возрасни во познавање на злосторството. Приказните што ги читаат ги поттикнува на зло. Во фантазијата тие постапуваат во склад со она што им е покажано, додека не им се јави желба да проверат дали можат да направат зло, а да ја избегнат казната. {АД 407.1}

Во живиот ум на децата и младите глетките прикажани во измислени откритија за иднината изгледаат како реалност. Претскажувањето на насилствата и опишувањето на постапките кои ги рушат оградите на законот и на самосовладувањето, влијаат на нивниот дух. Така се наведени да направат злосторства, кои често се поужасни од оние кои овие писатели ги прикажале. Со такво влијание се расипува општеството. Со голем замав се сее семето на беззаконијата. Никој не треба да се чуди што последица на ова е жетва на злосторствата. {АД 407.2}

**Мамката на популарната музика.** – Вознемирена сум кога се каде гледам лесноумни млади мажи и жени кои тврдат дека веруваат во вистината. Во нивните мисли се чини дека го нема Бог. Нивниот ум е исполнет со бесмислици. Нивниот разговор е празен и бесцелен. Увото им е чувствително кон музиката, а сатаната знае кои органи може да ги возбуди, да го поттикне и маѓепса умот, така што Христос не е потребен. Недостасува духовното тежнеење на душата кон божественото познавање, за растење во милоста. {АД 407.3}

Покажано ми е дека младите мораат да заземат возвишен став и Божјата реч да ја направат свој советник и водач. На младите почиваат свечени одговорности, кои тие лесно ги сфаќаат. Воведувањето на музиката во нивните домови наместо да поттикне на светост и духовност, станало средство кое ги одвраќа нивните умови од вистината. Лесномислените песни и популарната музика како да им одговараат на нивниот вкус. Музичките инструменти го од земаат времето кое било потребно за посветување на молитви. Кога не е злоупотребена, музиката е голем благослов; но кога е злоупотребена, таа е страшно проклетство. Таа возбудува, но не ја дава онаа сила и храброст која христијанинот може да ја најде само пред престолот на милоста, пред кој понизно може да ги искаже своите потреби и со викање и солзи да ја побара небесната сила, за да може да се спротивстави на силните искушенија на злото. Сатаната го води младиот заробеник. Ох, што уште би можела да кажам за да им помогнам да ја скршат неговата моќ на заведување! Тој е способен маѓепсник, кој ги мами во пропаст. {АД 407.4}

**Нечисти мисли – нечисти дела.** – Овој век е време кое се од ликува со расипаност. Со гледање и читање се буди желбата на очите и на страстите. Фантазијата го расипува срцето. Умот наоѓа задоволство во доловување на глетка која ги разбудува сетилата и страстите. Тие одвратни глетки, кои кај себе ги доловува расипаната фантазија, го изопачуваат моралот и ги подготвуваат измамените и заведени суштества да се препуштат на страстите. Потоа следат гревовите и злосторствата, кои суштествата создадени според Божјиот лик ги изедначуваат со животните, водејќи ги на крај во самата пропаст. {АД 408.1}

**Не го ставам злото пред своите очи.** – Родителите мораат постојано да внимаваат нивните деца да не бидат изгубени за Бога. Давидовиот завет запишан во 101. Псалм треба да биде завет за сите оние на кои почиваат одговорностите за сочувување на влијанието во домот. Псалмистот кажал: „Не ќе оставам, пред моите очи, ништо подмолно. Мразам човек кој прави зло: тој не ќе биде покрај Мене. Развратно срце ќе биде далеку од мене; не сакам да знам за ништо нечесно. Кој го клевети скришно својот ближен, него ќе го погубам. Човек со горди очи и со надуено срце Јас не трпам. Погледот го свртувам кон верните на земјата, за да живеат со Мене. Кој оди по прав пат, тој ќе ми

служи. Не ќе живее во Мојот дом, кој постапува подмолно. Кој зборува лага, нема да остане пред Моите очи". {АД 408.2}

Одлучно кажи: „Нема да поминам ниту еден скапоцен момент во читање на она што нема да ми користи, а што само ќе ме онеспособи да им служам на другите. Своето време и своите мисли ќе ги посветам на оспособување за служба на Бога. Ќе ги затворам очите за она што е лесноумно и грешно. Моите уши му припаѓаат на Господа и нема да ги слушам лукавите непријателски дошепнувања. Мојот глас во ништо нема да се покорува на волјата која не е под влијание на Божјиот Дух. Моето тело е храм на Светиот Дух и сите сили на своето битие ќе ги посветам на чесните настојувања". {АД 409.1}

## Шеесет и осмо поглавје

## ЧЕТИВОТО И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ

**Хранете ја детската душа со вистинска храна.** – Детскиот чувствителен ум, во текот на својот развој, тежнее кон знаење. Самите родители мораат да бидат добро упатени, за на умот на своите деца да му дадат вистинска храна. Како телото така, и умот добива сила од храната што ја прима. Тој се развива и се подига со чистите и силни мисли, но целосно се осиромашува со земните мисли. {АД 410.1}

Родители, вие треба да одлучите дали разумот на вашите деца ќе биде пронижан со благородни или со расипани мисли. Вие не можете нивниот темпераментен ум да го оставите невработен, ниту со негодување ќе го искорените злото. Погрешните мисли можете да ги потиснете само со всадување на вистински начела. Ако во срцето на своите деца, родителите не го посеат семето на вистината, непријателот ќе посее какол. Доброто и разумно упатство е единствена заштита од лошите сознанија кои го расипуваат доброто однесување. Вистината ќе ја заштити душата од постојаните искушенија, на кои треба да им се спротивставиме. {АД 410.2}

**Родителите треба да ја надгледуваат навиката на читањето.** – Многу млади сакаат да читаат. Тие се подготвени да читаат сè што ќе им дојде при рака. Ги повикувам родителите на таквите деца да ја надгледуваат нивната желба за читање. Не дозволувајте на вашите маси да има весници и списанија, во кои се наоѓаат љубовни приказни. Нивното место пополнете го со книги кои ќе им помогнат на младите во куќата на својот карактер да го употребат нај- добриот материјал - Божјата љубов и страв, познавањето на Христа. Поттикнете ги своите деца својот ум да го збогатат со корисно знаење, со она што е добро да ги исполнат душите и да завладеат со неговите моќи, не оставајќи место на изопачените мисли. Ограничете ја желбата за читање на она што не нуди добра храна за умот. {АД 410.3}

Родителите мораат да настојуваат од својот дом да го отстранат секое влијание кое не води кон добро. Во овој поглед некои родители мораат многу да научат. На оние кои слободно читаат романи и лесни приказни во весниците би им рекла: Вие сеете семе чија жетва не би сакале да ја жнеете. Од таквото читање не се добива духовна сила. Всушност тоа ја уништува љубовта кон чистата вистина на Речта. Со посредство на лесните приказни од весниците и романите, сатаната со нереални и незначајни мисли го исполнува умот кој би требало внимателно да ја проучува Божјата реч. На овој начин

тој на илјадници и илјадници им одзема време, сила и самодисциплина кои се потребни за сериозните животни проблеми. {АД 411.1}

Децата треба да го читаат само она што ќе им донесе задоволство и разонода, а не обесхрабрен ум и заморено тело. Ако се на викнат на љубовни романси и приказни од весниците, полезните книги и списанија ќе им станат омразени. Повеќето деца и млади сакаат да читаат; ако ние не го избереме она што ќе го читаат, тие ќе го направат тоа сами. Тие можат да најдат штетно четиво секаде околу себе и набрзо ќе го прифатат; но ако им дадеме чисто и добро четиво, тие со текот на времето ќе го засакаат. {АД 411.2}

**Изградете правилен вкус.** – Книжевниот вкус мора да се из гради со најголема грижа. Родителите мораат многу рано да им го откријат Писмото на младиот ум на своите деца, за правилно да ги обликуваат способностите на расудување. {АД 411.3}

Не ги штедете напорите да развиете правилни навики за учење. Ако умот талка, вратете го. Ако интелектуалниот и моралниот вкус се расипани со раздразливи и возбудливи, нереални приказни и затоа е тешко да се поттикнат правилните размислувања, тогаш мора да се преземе сериозна борба за да се совлада таквата склоност. Љубовта кон нереалните, измислени приказни мора брзо да се искорени. Спроведете строги правила за умот да се задржи на добар пат. {АД 411.4}

**Не негувајте површен вкус.** – Што да читаат нашите деца? Ова е сериозно прашање, кое заслужува сериозен одговор. Ме вознемирува кога во домовите на почитувачите на саботата гледам списанија и весници со приказни во продолженија кои на умот на децата и младите не оставаат добар впечаток. Ги набљудував оние кои така развиле склоност кон измислени приказни. Тие имале можност да ја слушнат вистината, да се запознаат со причините за нашата вера; но тие пораснале лишени од вистинската и практична побожност. {АД 412.1}

Читателите на измислените приказни му попуштаат на злото кое го уништува духовниот живот и ја затемнува убавината на светите страници. {АД 412.2}

**Поплава од штетни книги.** – Светот е преплавен со книги кои би требало да се запалат, а не да се разделуваат. Книгите со возбудлива содржина се печатат и издаваат само поради стекнување на пари, младите не би требало никогаш да ги читаат. Таквите книги имаат сатанска привлечност... {АД 412.3}

Навиката за читање приказни е едно од средствата кои сатаната ги користи за да ги упропасти душите. Таа создава лажно, нездраво возбудување, ја разгорува фантазијата, оневозможува дејствување на умот и го онеспособува за секоја духовна служба. Таа ја одбива душата од молитви и љубовта кон духовните вредности. {АД 412.4}

Делата исполнети со нереалност, лесномисленост и возбудливост, во голема мера се проклетство за читателот. Писателот можеби тврди дека дава морална поука; дека своето дело го пронижал со големи чувства, но тие често служат само за да ја прикријат бесмисленоста и безвредноста. {АД 413.1}

**Неморални писатели.** – Друг извор на опасности од кои мораме постојано да се чуваме се делата на неморалните писатели. Таквите дела ги вдахнал самиот непријател на вистината и никој не може да ги чита, а душата да не ја изложи на опасност. Вистина е дека некои, кои ги читале таквите дела можат на крајот да закрепнат; но сите кои се под нивното лошо влијание стапнуваат на сатанското тло, а тој тоа добро го користи.

Бидејќи попуштиле на неговите искушенија, тие се лишени од мудрото расудување и силата да им се спротивстават. Неверството и неморалот со заведувачка сила се врежуваат во умот. {АД 413.2}

**Митови и бајки.** – Во воспитувањето на децата и младите сказните, митовите и измислените приказни денес имаат голема улога. Книгите со вакви содржини се користат во училиштата и можат да се најдат во многу домови. Како родителите - христијани можат да им дозволат на децата да користат книги исполнети со лаги? Кога децата прашуваат за значењето на приказната која е спротивна на учењето на нивните родители, тие одговараат дека тие приказни не се вистинити. Меѓутоа, тоа не ги отстранува лошите последици од нивната употреба. Мислите кои се наоѓаат во овие книги ги заведуваат децата. Тие им даваат погрешен поглед на животот и во нив ги всадуваат желбите за она што е нереално... {АД 413.3}

Во рацете на децата или младите никогаш не треба да ставите книги кои содржат искривена вистина. Да не дозволиме нашите деца, во текот на стекнување на образование да примаат идеи кои подоцна ќе се покажат како семе на гревот. {АД 413.4}

**Уништување на умствените способности.** – Има малку стабилни умови поради што родителите се несфатливо невнимателни кон својата должност да ги зајакнат слабите и да ги отстранат лошите црти на карактерот. Тие забораваат дека на нив почива најсвечената обврска да внимаваат на склоностите на секое дете дека нивна должност е да ги учат своите деца на добри навики и правилно размислување. {АД 414.1}

Негувајте ги моралните и умствени способности. Не дозволувајте овие благородни способности да ослабат и да бидат расипани од многу читање приказни. Познавам силни умови кои ја изгубиле рамнотежата и станале делумно примамени или парализирани од неумереното читање. {АД 414.2}

**Детето и возбудливото четиво.** – Читателите на возбудливи приказни стануваат неспособни за секојдневните животни должности. Тие живеат во нереален свет. Имав можност да набљудувам деца на кои им било дозволено често да читаат такви приказни. И во домот и надвор од него тие биле немирни, занесени, неспособни да разговараат за било што освен за најобичните работи. Верската мисла и разговор биле целосно непознати за нивниот разум. Изградувајќи ги барањата за возбудливи приказни, тие го расипале својот вкус и умот не е задоволен сè додека не се на храни со таа нездрава храна. За оние кои уживаат во такво четиво, не можам да најдам подобро име од умствени пијаници. Неумереното читање влијае на мозокот, како што неумереното јадење и пиење влијаат на телото. {АД 414.3}

Пред да ја прифатат сегашната вистина, некои изградиле на вика на читање романи. Кога се приклучиле на црквата, тие настојувале да се ослободат од тие навики. На такви личности да им се понуди четиво слично на она кое го отфрлиле е исто како да му се понуди алкохолен пијалак на пијаница. Попуштајќи му на искушението на кое постојано се изложени тие наскоро ќе го изгубат своето воодушевување за разумното четиво. Таквите не ги интересира проучувањето на Библијата. Нивните морални моќи слабеат. Гревот изгледа сè помалку одвратен. Во нив полека се јакне неверството и одбивноста кон практичните животни должности. Како умот се изопачува, така станува сè поподготвен да прифати секакво возбудливо четиво. На тој начин на сатаната му е отворен патот целосно да ја преземе душата. {АД 414.4}

**Површно читање.** – Изложени на застрашувачката поплава од печатен материјал, кој постојано тече од печатницата, старите и младите стекнуваат навика да читаат брзо и површно, а умот ја губи способноста да мисли поврзано и живо. Освен тоа голем дел од весниците и книгите кои, како жабите во Египет ја преплавуваат земјата, не се само тажни, празни и штетни туку и порочни и понижувачки. Нивна цел не е само да го отрујат и упропастат умот туку и да ја расипат и уништат душата. {АД 415.1}

**Нашите списанија и весници.** – Има такви кои тврдат дека се верници кои не го земаат Review (Гласник) , Signs (Знаците и времето) , Инструктор или Good Health (Животот и здравјето) , но земаат еден или два световни весници. Нивните деца особено се заинтересирани за читање на измислени и љубовни приказни кои ги наоѓаат во тие весници, а кои нивниот татко може да ги купи иако тврди дека не може да ги купи нашите весници и изданија за сегашната вистина... {АД 415.2}

Родителите треба да ги чуваат своите деца и да ги поучуваат да негуваат чисти мечтаења, а како од шуга да ги избегнуваат стриповите со сентиментални содржини кои се појавуваат во весниците. На вашите маси и во вашите библиотеки треба да има изданија со морална и верска содржина за да можат вашите деца да го изградат вкусот за возвишеното четиво. {АД 415.3}

**Целта на читањето.** – Бидејќи гледам опасност која им се заканува на младите од непристојно четиво, не можам, а повторно да не упатам опомени кои ги примив со оглед на ова големо зло. {АД 416.1}

Малку се сфаќа штетата која ја доживуваат работниците во до пирот со она што е од сомнителен карактер. Она со што се во до пир го привлекува нивното внимание и го поттикнува нивното интересирање. Цели реченици се врежуваат во помнењето. Се јавуваат мисли. Речиси несвесно читателот потпаѓа под влијание на писа телот, а умот и карактерот го примаат злото. Оние на кои верата и самословладувањето им слабее, тешко можат да ги отстранат мислите кои им ги нуди таквата литература. {АД 416.2}

О, кога младите би размислувале за влијанието кое го имаат овие книги на умот! Можете ли по такво четиво, да ја отворите Божјата реч и со интересирање да ги читате зборовите на животот? Зар не сфаќате дека Божјата книга е незаменлива? Магијата од тие љубовни приказни го окупира умот, го уништува неговото здравје и го прави невозможно да го насочите на важните, свечени вистини кои одлучуваат за вашата вечност. Вие грешите против своите родители кога на толку бедна цел и го посветувате времето кое ним им припаѓа, грешите и кон Бога, затоа што го трошите времето кое би требало да му биде Нему посветено. {АД 416.3}

Деца, имам вест за вас. Денес одлучувате за својата иднина и sидате зграда на карактер кој ќе ве исклучи од Божјиот рај... Исус, Спасителот на светот, е тажен кога гледа семејство во кое децата немаат љубов за Бога, не ја почитуваат Неговата реч, затоа што се окупирани со читање на приказни. Времето поминато на овој на чин ве лишува од желбата да станете корисни во извршувањето на домашните должности; тоа ве онеспособува да станете глава на семејството. Тоа сè повеќе и повеќе ќе ве заплеткува во сатанската замка... Некои книги содржат прекрасни начела, но вие ги читате само поради случувањата. Кога од книгите кои ги читате би го со брале само она што би ви помогнало во изградба на карактерот, вашето читање би ви донело некакво добро. Додека ги земате книгите и листате страница по страница, дали се прашувате: Која е

целта од моето читање? Дали тежнеам да го стекнам потребното знаење? Не можете да изградите вистински карактер, ако во темелот ставате дрво, сено и слама. {АД 416.4}

**Сејте семе на библиската вистина.** – Постои голема сличност помеѓу необработеното поле и неизграденият ум. Во умот на децата и младите непријателот сее плевел, и ако родителите не внимаваат, тој ќе никне и ќе донесе лош род. За обработување на по лето на умот и сеењето на скапоценото семе на библиската вистина, потребна е постојана грижа. Децата треба да се поучуваат да ги отфрлат неважните возбудливи приказни, а да го прифатат корисното четиво кое ќе го поттикне умот да се заинтересира за би блиските случувања, историјата и доказите. Четивото кое ќе ги осветли светите Списи и ќе ја поттикне желбата за проучување не е опасно туку е корисно. {АД 417.1}

Невозможно е младите да имаат здрав ум и исправни верски начела ако не уживаат во истражувањето на Божјата реч. Оваа книга содржи неинтересна историја, го покажува патот на спасение во Христа и служи како водач во подобар и поблагороден живот. {АД 417.2}

# Петнаесетти дел
# ВРЕДНОСТИ КОИ ГО КРАСАТ СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

## Шеесет и деветто поглавје

## УЧТИВОСТ И ЉУБЕЗНОСТ

**Учтивоста ги совладува животните неприлики.** – Начелото кое се наоѓа во советот: „Со братска љубов бидете еден кон друг љубезни“ е темел на семејната среќа. Во секој дом треба да владее христијанска учтивост. Тоа не чини многу, но има моќ да ја омекне природата која без неа би била и груба и остра. Со изградување на вистинска учтивост - подготвеност на другите да им го направиме она што би сакале другите да ни го направат нас - би се отстранило пола од злото во животот. {АД 421.1}

**Учтивоста започнува во домот.** – Ако сакаме нашите деца да бидат љубезни, учтиви и да покажуваат љубов, ние мораме да им дадеме пример за тоа. {АД 421.2}

Во односот кој постои помеѓу родителите и во ситниците треба да се види учтивоста. Сестраната љубезност треба да биде закон за домот. Не трпете груб јазик, не изговарајте ниту еден лош збор. {АД 421.3}

Сите можат да имаат радосно лице, љубезен глас, човечко однесување, а сето тоа влијае на нив. Децата ги привлекува ведрото и весело однесување. Бидете кон нив љубезни и човечни и тие исто така ќе се однесуваат кон вас и едни кон други. {АД 421.4}

Вашата учтивост и самосовладување ќе влијае на карактерот на вашите деца повеќе отколку да им зборувате за тоа. {АД 421.5}

**Взаемната љубезност го претвора домот во рај.** – Кога на своите деца им се зборува љубезно и со пофалба кога се обидуваат да направат добро, родителите можат да ги охрабрат нивните напори и да ги направат многу среќни; тие околу семејниот круг можат да создадат атмосфера на привлечност која ќе ја отстрани секоја темна сенка, а во нив ќе внесе сончева светлина. Меѓусебната љубезност и поднесување ќе го претвори вашиот дом во рај и светите ангели ќе влезат во семејниот круг; но тие ќе го напуштат домот во кој има нељубезни зборови, злобност и расправија. Нељубезноста, негодувањето и гневот ја затвораат вратата за Исус. {АД 421.6}

Учтивоста во секојдневниот живот и љубовта која треба да владее помеѓу членовите на истото семејство, не зависи од надворешните околности. {АД 422.1}

Пријатните гласови, благото однесување и искрената љубов кои се изразуваат во сите постапки, заедно со внимателноста, уредноста и штедењето, ја прават и колибата најсреќен дом. Создателот со наклонетост гледа на таквиот дом. {АД 422.2}

Многумина би требало помалку да живеат за надворешниот свет, а повеќе за членовите на својот семеен круг. Би требало помалку да се покажува извештачената учтивост и љубезност кон странците и посетителите, а поголема учтивост која произлегува од вистинската љубов и сочувство кон саканите кои го опкружуваат нашето огниште. {АД 422.3}

**Правилна ускладеност.** – Во домот е потребно да се негува правилната ускладеност. Тоа е силно сведоштво во прилог на вистината. Грубиот говор и нечовечното однесување, без оглед кај кого се јавува, укажува на расипано срце. Вистината од небото никогаш не го понижува оној кој ќе ја прифати, никогаш не го прави непристоен или груб. Со своето влијание, вистината омекнува и чисти. Кога младите ја прифаќаат вистината со срцето, таа ги прави учтиви и внимателни. Христијанската учтивост се прима само со дејствување на Светиот Дух. Таа не се покажува во извештаченоста и бесмисленото смеење. Овој вид на учтивост можете да го сретнете кај луѓето во светот, но на нив им недостасува вистинската христијанска учтивост. Правилната ускладеност, вистинската учтивост се стекнува само со познавање на Христовото евангелие. Правилната ускладеност, правата учтивост - тоа е љубезноста која се укажува на сите, и на учените и на простите, и на богатите и на сиромашните. {АД 422.4}

Суштината на вистинската човечност е обѕирноста кон другите. Најважното и најсолидното образование е она кое поттикнува на со учество и љубезност кон сите. Таа таканаречена култура која не ги учи младите да бидат послушни на родителите, да ги ценат нивните добри страни, да имаат трпение кон нивните недостатоци, да им помагаат во нивните потреби; кои не ги прават внимателни и нежни, широкогради и услужни кон младите, старите и несреќните, а човечни кон сите - таквата култура е промашена. {АД 423.1}

Христијанската учтивост е златна нишка која ги соединува членовите на семејството во врска на љубовта која секој ден станува сè поблиска и посилна. {АД 423.2}

**Златно правило – закон на семејството.** – Највозвишените правила кои ги одредуваат општествените и семејни односи можат да се најдат во Библијата. Таа содржи не само најдобро и најчисто ме рило за моралност, туку и највозвишениот закон

за учтивоста. Проповедта на нашиот Спасител на Гората содржи скапоцени упатства и за старите и за младите. Оваа проповед треба често да се чита во семејниот круг, а нејзините скапоцени поуки да се применуваат во секојдневниот живот. Златното правило: „Сѐ она што сакате да ви го прават луѓето вам, правете им го на нив," како и упатството од апостолот: „Почитувајте се еден со друг," треба да се прогласи за закон на семејството. Оние кои го негуваат Христовиот Дух во домот ќе покажат учтивост, дух на добрина и во малите должности. Тие постојано ќе се трудат да ги направат среќни сите околу себе, заборавајќи на себе во своето љубезно внимание кон другите. Тоа е род кој расте на христијанското дрво. {АД 423.3}

Златното правило е начело за вистинската учтивост, а најдобро е прикажано во Исусовиот живот и карактер. Со каква ли само благост и убавина зрачел секојдневниот живот на нашиот Спасител! Каква ли само пријатност се ширела од самата Негова присутност! Истиот дух ќе се покаже и во Неговите деца. Оние во кои престојува Исус, ќе бидат опкружени со божествена атмосфера. Нивните бели облеки на чистота испуштаат мирис од Господовата градина. Нивните лица отсјајуваат со Неговата светлина, осветлувајќи ја патеката на несигурните и уморни нозе. {АД 424.1}

**Најдобрата дискусија за убавото однесување.** – Најдобрата дискусија за убавото однесување која некогаш е забележана е содржана во прекрасниот налог на Спасителот и во зборовите кои Светиот Дух ги кажал преку апостолот Павле - тие зборови мораат да бидат неизбришливо врежани во помнењето на секое човечко би тие, и на младите и на старите: {АД 424.2}

„Како што јас ве сакам вас, така и вие меѓусебно да се сакате". {АД 424.3}

„Љубовта долго трпи, љубовта е милостива; Љубовта не завидува;
Љубовта не се фали, Не се вообразува,
Не се однесува непристојно, Не го бара своето,
Не се раздразнува,
Не држи сметка за зло,
Не и се радува на неправдата, А и се радува на вистината, Сѐ премолчува, сѐ верува,
На сѐ се надева, сѐ трпи. Љубовта никогаш не престанува". {АД 424.4}

Библијата бара човечност и изнесува многу описи на несебичниот дух, отмена милост и пријатен темперамент, кои се обележја на вистинската ускладеност. Сепак, сите тие се само отсјај на Христовиот карактер. Секоја вистинска нежност и човечност во светот, дури и помеѓу оние кои не го признаваат Неговото име, доаѓа од Него. Тој сака тие особини совршено да се одржуваат кај Неговите деца.  негова намера е луѓето во нас да ја гледаат Неговата убавина. {АД 425.1}

Христијанството го прави човекот благороден. Христос бил учтив дури и кон Своите гонители; Неговите вистински следбеници ќе се одликуваат со истиот дух. Да го погледнеме Павле кога бил изведен пред владетелите. Неговиот говор пред Агрипа ни служи како пример на права љубезност, како и на убедливо зборување. Евангелието не ја поддржува формалната учтивост, вообичаена во светот туку онаа која потекнува од правата љубезност на срцето. {АД 425.2}

Ние не се залагаме за она што светот го нарекува учтивост, туку за учтивоста која секој ќе ја понесе во домот на благословените. {АД 425.3}

**Учтивост поттикната од љубов.** – И највнимателното негување на надворешниот облик на пристојност не е во состојба да ја исклучи сета суровост, грубото осудување и непристојниот говор. Вистинската ускладеност не може да се открие сè додека „ЈАС“ стои на првото место. Во срцето мора да престојува љубовта. Правиот христијанин ги црпи желбите за своите постапи од својата длабока љубов кон Учителот. Од коренот на неговата љубов кон Христа се јавува несебичност кон неговите браќа. {АД 425.4}

Од сè што се бара, сака и негува, ништо пред Бога нема толкава вредност како чистото срце и благодарниот и тивок дух. {АД 425.5}

Ако божествената складност на вистината и љубовта постои во срцето, тоа ќе се открие во зборовите и делата... Духот на правата добрина мора да живее во срцето. На оној кој ја поседува, љубовта му дава гладост, пристојност и убаво однесување. Љубовта го украсува лицето и го ублажува гласот; таа облагородува и го подига це лиот човек. Таа го доведува во склад со Бога, затоа што таа е не бесна вредност. {АД 426.1}

Правата човечност не се учи со едноставно применување на правилата на убаво однесување. Секогаш треба да се внимава на пристојноста во однесувањето; секаде каде што начелата не се загрозени, вниманието кон другите ќе нè наведе да ги почитуваме прифатените обичаи; но вистинската човечност не нè принудува да ги жртвуваме начелата за конвенционалноста. Таа не ги признава општествените разлики. Таа нè учи на почитување на сами себеси, на почитување на достоинството на човекот, на почитување на секој член на големото човечко братство. {АД 426.2}

**Љубовта се изразува со поглед, зборови и дела.** – Пред сè родителите треба да ги опкружат своите деца со атмосфера на радост, учтивост и љубов. Домот во кој владее љубов и во кој таа се изразува со погледи, зборови и дела е место на кое ангелите со радост престојуваат. Родители, дозволете сончевите зраци на љубовта, радоста и среќното задоволство да го осветлат вашето срце; дозволете таквото влијание да завладее со вашиот дом. По кажете дух на љубезност и простување, барајте вашите деца да појдат по вашите стапки и да ги негуваат сите овие вредности кои го направиле домот среќен. Така создадената атмосфера за децата ќе биде она што воздухот и сонцето се за растителниот свет, затоа што ќе дадат здравје и крепост на умот и телото. {АД 426.3}

Кроткото однесување, ведриот разговор и љубезните постапки ќе го врзе срцето на децата за нивните родители со свилени нишки на љубовта и ќе го направи домот попривлечен, отколку најретките украси кои може да се купат со злато. {АД 426.4}

**Ускладена природа.** – Божја волја е личностите со најразлични карактери да живеат заедно. Во таков случај секој член на домот треба свето да ги почитува чувствата на другите и нивните права. На овој начин ќе се негува взаемната внимателност и поднесување, ќе исчезнат предрасудите, а грубоста во карактерот ќе се намали. Така, складноста може да се сочува, а усогласувањето на различните природи на секого му носи корист. {АД 427.1}

**Ништо не може да го надополни недостатокот од учтивост.** – Оние кои тврдат дека се Христови следбеници, а во исто време се груби, нељубезни и неучтиви во зборовите и однесувањето, не учеле од Исуса. Човекот кој се фали, кој е дрзок и кој осудува не е христијанин; да се биде христијанин значи да се биде близок до Христа. На однесувањето на некои кои тврдат дека се христијани, им недостасува толку многу љубезност и учтивост, така што за нивното добро се зборува како за зло. Не мора да се

сомнева во нивната искреност, нивната исправност може да биде беспрекорна; но искреноста и исправноста не можат да го заменат недостатокот од љубезност и учтивост. Христијанинот треба да биде сочувствителен, а во исто време и вистинољубив, милостив и учтив, како и праведен и чесен. {АД 427.2}

Секое запоставување на усогласените постапки и нежното внимание на братот кон брат, секое запоставување на љубезните охрабрувачки зборови во семејниот круг, на родителите кон децата и на децата кон родителите, укажува на навиките кои го прават карактерот нехристијански. Ако се внимава на овие ситници, тие по доцна стануваат големи. Тие пораснуваат до големи размери. Тие го шират пријатниот мирис за живот, кој се крева кон Бога како свето кадење. {АД 427.3}

**Многумина се желни за внимание.** – Многумина длабоко копнеат за пријателско сочувство... Ние мораме да заборавиме на себе и секогаш да бараме можност дури и мала, за да покажеме благодарност за доброто кое сме го примиле од другите; ние мораме да бараме можности да ги охрабриме другите, и со своите нежни постапки и мали дела на љубов да им ги олесниме и симнеме нивните товари. Овие промислени услужливости, кои започнуваат во нашето семејство, преминуваат на семејниот круг и помагаат да се зголеми општата животна среќа. Запоставувањето на овие мали дела предизвикува горчина и страдање во животот. {АД 428.1}

**Значењето на општествените односи.** – Христијанството доаѓа во врска со светот и луѓето помеѓу општествените односи. Секој човек и секоја жена, кои ја вкусиле Христовата љубов и во срцето ја примиле божествената светлина, од Бога се повикани да ги осветлат мрачните патишта на луѓето кои не запознале подобар пат. {АД 428.2}

Со своите зборови и пријателската насмевка можеме да им изразиме илјадници мали вниманија, кои ќе ни возвратат. Неразумните христијани со својата невнимателност кон другите покажуваат дека не се во заедница со Христа. Невозможно е да се биде во заедница со Христа, а да се покажува нељубезност кон другите и да се запоставуваат нивните права. {АД 428.3}

Сите треба да станеме Исусови сведоци. Друштвеноста посветена на Христовата милост, треба да се прошири, ако сакаме да ги придобиеме душите за Спасителот. Светот нека види дека не сме себично преокупирани со своите грижи туку дека сакаме со другите да ги поделиме своите благослови и предности. Да покажеме дека нашата вера не нè прави бесчувствителни и строги. Сите оние кои велат дека го нашле Христа нека им служат на другите онака како што Тој им служел на луѓето. Во овој свет никогаш не смееме да оставиме погрешен впечаток дека христијаните се тажни и несреќни луѓе. {АД 428.4}

Ако во домот сме учтиви и благи, ние од него ќе понесеме мирис на пријатно расположение. Ако во својот дом покажеме трпение, поднесување, кротост и умереност, ќе бидеме во состојба да бидеме светлина. {АД 429.1}

## ВЕДРО РАСПОЛОЖЕНИЕ

**Вистинскиот христијанин е ведар.** – Не дозволувајте неволјите и грижите од секојдневниот живот да го вознемират вашиот ум и да го збрчкаат челото. Ако го правите тоа, секогаш ќе постои нешто што ќе ве вознемирува и изнервира. Животот е таков ка ков што ние го правиме, и што бараме, тоа и ќе најдеме. Ако ба раме тага и јадосување, ако сме склони да ги преувеличуваме малите тешкотии, ќе ги најдеме доволно за да ги преокупираат нашите мисли и разговор. Меѓутоа, ако сè набљудуваме од посветлата страна, ќе најдеме доволно од она што ќе нè направи ведри и среќни. Ако се насмевнуваме, другите ќе ни вратат со насмевка; ако нашите зборови се пријатни и ведри и другите така ќе ни воз вратат. {АД 430.1}

Ако христијаните изгледаат нерасположени и потиштени, како да веруваат дека немаат пријател, тие погрешно ја претставуваат верата. Во некои случаи се појавила мислата дека ведрото расположение не е во согласност со достоинството на христијанскиот карактер, но тоа е заблуда. Небото е исполнето со радост и ако со небесна радост ја исполниме својата душа и колку што е можно, ја изразиме со наши зборови и однесување ние ќе му угодиме на нашиот небесен Татко повеќе отколку кога сме нерасположени и тажни. {АД 430.2}

Секој е должен да гради ведро расположение, наместо да размислува за тагата и јадовите. На тој начин, многумина не само што се упропастуваат самите себе туку го жртвуваат здравјето и среќата на болната фантазија. Во нивната средина има непријатни случувања, нивното постојано намрштено лице повеќе отколку со зборови го изразува незадоволството. Овие чувства на потиштеност му нанесуваат голема штета на здравјето, затоа што го застануваат процесот на варење на храната и ја попречуваат исхраната. Иако тагата и грижите не можат да отстранат ниту едно единствено зло, тие можат да нанесат голема штета; но ведрината и надежта, освен што го разубавуваат патот на другите, „се живот на оние кои ги наоѓаат и здравје за целото нивно тело“. {АД 430.3}

**Сестра Вајт ведра и во неволји.** – Дали некогаш сте ме виделе да сум нерасположена, потиштена и да се грижам? Мојата вера ми го забранува тоа. Погрешното сфаќање на вистинските идеали на христијанскиот карактер и христијанска служба води до вакви заклучоци. Недостатокот од права вера доведува до нерасположение, потиштеност и жалост. Сериозните христијани сакаат да се угледаат на Исуса, затоа што да се биде христијанин значи да се биде сличен на Христа. {АД 431.1}

Половичната служба, љубовта кон светот, љубовта кон себе, љубовта кон површните разоноди, го создава плашливиот кукавички слуга, тој го следи Христа од голема далечина. Но доброволната служба за Исус од сето срце, создава блескава вера. Оние кои биле блиски до Христа не биле тмурни. Во Христа е светлината и мирот и радоста засекогаш. Нас повеќе ни е потребен Христос отколку световноста, повеќе Христос, а помалку себичноста. {АД 431.2}

**Живејте како деца на светлината.** – Божја волја не е да бидеме нерасположени или нетрпеливи, но да не бидеме ниту несериозни и површни. Сатанскиот добро промислен план е човекот да оди од една во друга крајност. Бог сака како деца на светлината да

негуваме ведар, среќен дух, за да можеме да подигаме пофалби на Оној кој нè повикува од темнината кон својата чудна светлина. {АД 432.1}

**Придобијте ја наклонетоста на децата.** – Родители, насмевнете се; учители, насмевнете се. Ако срцето ви е тажно, не дозволувајте лицето тоа да ви го открие. Нека од срцето полно со љубов и благодарност сончевата светлина го осветли вашето лице. Осло бодете се од вашето железно достоинство, прилагодете се на детските потреби и направете да ве засакаат. Ако сакате во нивното срце да ја втиснете верската вистина, морате да ја придобиете нивната љубов. {АД 432.2}

**Сочувајте го ведрото лице и пријатниот глас.** – Родители, би дете весели, но не и лесноумни, бидете благодарни, послушни и покорни на својот небесен Татко. Вие не смеете да постапувате според своите чувства, ако се појави нешто што ве раздразнува. Во водењето на своите деца љубовта која привлекува мора да биде слична на длабока вода која постојано тече. Тие се јагненца во Божјото стадо. Донесете ги кај Христа. Кога родителите би ги воспитале своите деца да бидат пријатни, тие никогаш не би им префрлале. Вежбајте лицето да ви биде ведро и во својот глас внесете нежност и смиреност. Божјите ангели секогаш се блиску до вашите малечки, а на нивните уши не им годат вашите груби, гласни и остри тонови. {АД 432.3}

Мајката треба да негува ведрина, задоволство и среќа. Секој напор во овој поглед ќе биде богато награден со физичка сила и морален карактер на нејзините деца. Ведриот дух ќе внесе среќа во нејзиното семејство и во голема мера ќе го подобри нејзиното здравје. {АД 432.4}

**Отстранете ги сенките и олеснете ја должноста.** – Набљудувајте сè од светата страна и трудете се да ги отстраните сенките кои, ако ги негувате, ќе ја затемнат душата. Негувајте сочувство кон другите. Ведрото расположение, љубезноста и љубовта нека го ис полнат домот. Ова ќе ја зајакне и љубовта кон верските должности, и секоја должност, и голема и мала, ќе се извршува со радосно срце. {АД 433.1}

**Вистинската радост – христијанска вредност.** – Ние можеме да го сочуваме правото христијанско достоинство, а во исто време да бидеме ведри и пријатни. Радоста во која нема лесномисленост претставува една од христијанските вредности. {АД 433.2}

## Седумдесет и прво поглавје

## ДАР НА ЗБОРУВАЊЕ

**Гласот како дар.** – Гласот ни е доверен дар кој треба да го употребуваме за да помогнеме, да охрабруваме и да ги зајакнеме нашите блиски. Ако родителите го сакаат Бога и внимаваат на Господовиот пат, ако вршат правда и расудување, во нивниот говор нема да се почувствува болната чувствителност. Нивниот говор ќе се од ликува со здравје, чесност и благородност. Без разлика дали се во домот или надвор од него, тие внимателно ќе бираат зборови. Тие нема да се спуштат до она што е некултурно. {АД 434.1}

**Секој збор има влијание.** – Секој збор кој ќе го изговорат Таткото или мајката влијае на децата или на добро или на лошо. Ако родителите зборуваат раздразливо, ако покажуваат дух кој го по кажуваат децата на овој свет, Бог ќе ги смета за деца на овој свет, а не Свои синови и ќерки. {АД 434.2}

Зборот изговорен во право време може да биде како добро семе во младиот ум и може да ги понесе малите нозе на прав пат. Меѓутоа, погрешниот збор може да ги понесе нивните нозе на патот на пропаста. {АД 434.3}

Ангелите слушаат зборови кои се изговараат во домот. Затоа никогаш не навредувајте; влијанието на вашите зборови нека биде такво што ќе се крева на небото како сладок мирис. {АД 434.4}

Со љубезните зборови, нежното сочувство и љубов родителите треба да ја сочуваат атмосферата во домот чиста и пријатна; но во исто време треба да бидат цврсти и непопустливи во начелата. Ако спроведувате начела кај своите деца, тие можат да сфатат дека не ги сакате. Тоа можете да го очекувате, но никогаш не бидете груби. Правдата и милоста мораат да одат заедно; не смее да има двоумење и нагли постапки. {АД 434.5}

**Говорот е израз на внатрешната убавина.** – Основна потреба на јазикот е да биде непорочен, љубезен и вистинит - надворешен израз на внатрешната убавина... Домот е најдобро училиште за таквото изучување на јазикот. {АД 435.1}

Љубезните зборови претставуваат роса и благ дожд за душата. Библијата вели за Христа дека Неговите усни биле премачкани со милоста за да може да „изговори пријатен збор на уморниот". И Господ ни советува: „Вашиот збор да биде секогаш на благослов... да знаете на секој како треба да му одговорите". {АД 435.2}

**Негувањето на гласот треба да започне во домот.** – Во семејниот круг треба да започне негувањето на гласот. Родителите треба да ги учат своите деца да зборуваат јасно, за оние кои ги слушаат да можат да го разберат секој изговорен збор. Треба да ги учат да ја читаат Библијата јасно, да откриваат, со својот говор да го прославаат Бога. Не им дозволувајте на оние кои клечат околу семејниот олтар, да го покријат лицето со рацете, а главата да ја спуштат на сто лица кога се обраќаат на Бога. Нека ја подигнат главата и во света стравопочит и слобода да пријдат до престолот на милоста. {АД 435.3}

Бидете чисти во говорот. Изградувајте нежен и убедлив, а не груб и заповеднички тон на гласот. Дајте им на децата поука за правилен говор. Вежбајте ја нивната навика за добар изговор, и ниту еден остар и груб збор нема да се симне од нивните усни, дури и тогаш кога ќе дојде искушението. {АД 435.4}

Вежбањето на гласот е тесно поврзано со здравјето на учени кот. Младите треба да се учат на правилно дишење и на такво читање, што во грлото и белите дробови нема да дојде до неприродно напрегнување туку работата ќе ја преземат стомачните мускули. Говорот од грлото, создавањето гласови во горниот дел од гласните органи, го изложува на опасност здравјето на сите органи и ја намалува нивната корисност. Стомачните мускули треба да го преземат најголемиот дел од работата, додека грлото е само спроводник. Многумина умреле, а можеле уште да живеат, ако биле по учени како правилно се употребува гласот. Правилната употреба на стомачните мускули при читањето и говорот, ќе се покаже како средство за подобрување и отстранување на пречките во градите, така продолжувајќи го животот. {АД 435.5}

**Последици од острите и погрдни зборови.** – Во домот во кој се слушаат остри, груби и погрдни зборови, детето многу плаче; тоа е затоа што неговото нежно битие е изложено на влијанието на незадоволството и несогласувањето. Затоа, мајки, вашето лице секогаш нека зрачи со радост. Смејте се секогаш кога можете и во детскиот ум ќе се одржи сјајот на вашето лице, како што на мазна плоча се одржува ликот насликан со уметничка рака. Мајки трудете се, во вас да пребива Христос, така што во нежниот ум на вашите деца ќе биде врежано божественото обличје. {АД 436.1}

**На небото не се слушаат остри звуци.** – Не дозволувајте во домот да влезат расправијата и несогласувањето. Зборувајте кротко. Никогаш грубо не го кревајте својот глас. Останете мирни. Отфрлете ја секоја критика и секоја невистина. Кажете им на децата дека сакате да им помогнете да се подготват за светото небо, на кое владее мир, на кое не се слуша ниту еден остар звук. Би дете трпеливи со нив кога гледате дека се во неволја, која за вас е мала, но за нив е голема. {АД 436.2}

Ако татковците и мајките се обратени, ќе дојде до целосно обраќање и во начелата на управување со домот. Нивните мисли ќе бидат обратени, нивниот јазик ќе биде обратен... {АД 436.3}

Во домот нема да се слушне гласен, гневен говор. Зборовите ќе делуваат смирувачки и ќе бидат на благослов за слушателот... Ослободете го својот глас од грдите обележја. {АД 436.4}

Треба да ја совладаме својата избувлива природа и да загосподариме со своите зборови; во ова ќе извојуваме голема победа. Ако не владееме со своите зборови и природа, тогаш сме робови на сатаната. Ние му се покоруваме нему. Тој не смета за заробеници. Сите кавгаџиски, непријатни, нетрпеливи и остри зборови се жртва принесена на неговото сатанско величество. Тоа е скапоцена жртва, која е поскапоцена од било која друга жртва која можеме да ја принесеме на Бога, затоа што таа го разорува мирот и среќата на цели семејства, го разорува здравјето и може да биде причина за губитокот на вечниот живот и среќа. {АД 437.1}

**Зборовите – светлина или сенка.** – Од големо значење е децата и младите да научат да внимаваат на своите зборови или постапки; затоа што нивниот начин на постапување создава светлина или сенка, не само во нивниот сопствен дом, туку и кај сите со кои доаѓаат во допир. {АД 437.2}

Неразумната употреба на дарот на говорот често ги прави другите несреќни. Божјата реч никого не го овластува грубо да зборува, затоа што со тоа се создава несреќа и грижи во семејството. Останатите членови на семејството го губат почитувањето кон оној кој зборува така, кој можел да ја придобие довербата и љубовта на сите, ако владее со своите чувства. {АД 437.3}

**Нежните зборови кон децата; зборови на почитување кон родителите.** – Нежните зборови кон децата; зборови на почитување кон родителите. Родителите нека им упатуваат на своите деца само пријатни зборови со многу почитување. Во домот мора да му по светите внимание на ова; ако децата во изградбата на својот карактер, создадат добри навики, ќе им биде многу полесно Бог да ги учи да ги исполнуваат неговите барања. {АД 437.4}

**Избегнувајте грди зборови.** – Татковци и мајки, мажи и жени, браќа и сестри, не се учете на лоши постапки, зборови или мисли. Грубите зборови, недостојните шеги, недостатокот од усогласеност и вистинска учтивост во домот, ќе стане ваша втора природа и ќе ве онеспособи за дружење со оние кои се посветуваат на вистината. Домот е пресвето место кое не треба да го извалкаме со простотилак, телесност, взаемни обвинувања и клевети. Замолчете го лошиот збор, отфрлете ги несветите мисли, затоа што верниот Сведок го мери секој збор, ја оценува секоја постапка и објавува: „Ги знам твоите дела“. {АД 437.5}

За недостојни, бесмислени и неблагородни разговори нема ме сто во семејството. Кога срцето е чисто, од него ќе потече богатство на мудроста. {АД 438.1}

Не водете бесмислени разговори во својот дом. Дури и на многу мали деца ќе влијае позитивно. Но, ако таткото и мајката разменуваат празни и неразумни зборови, тоа подоцна ќе го прават и децата; додека добрите, пристојни, вистинити и сериозни зборови, кои сите ги прифаќаат, ќе доведат до правилни постапки. {АД 438.2}

**Гневни, избрзани зборови.** – Кога со гневни зборови им се обраќате на своите деца, вие го поддржувате делото кое е непријател на секоја праведност. На секое дете дајте му најдобар пример. Децата треба да се поучуваат од детството, без грубост и острина туку со љубов и трпение; ова поучување треба да продолжи во сите години до нивната зрелост. {АД 438.3}

Секое семејство во сериозна молитва нека бара помош од Господа за да го изврши Божјото дело. Нека ја совладаат навиката на грубо зборување и желба да ги обвинуваат другите. Нека се на учат да бидат љубезни и учтиви во домот, да ги обликуваат навиките на обѕири и внимание. {АД 438.4}

Колкава штета се прави во семејниот круг, со изговарање на нетрпеливи зборови, затоа што тие ги наведуваат другите да возвратат со ист дух и на ист начин. Ним им доаѓаат зборови на одмазда, зборови на самооправдување кои ви создаваат тежок и болен јарем; сите овие горки зборови ќе ви се вратат како лоша жетва на вашата душа. {АД 439.1}

Тешките зборови поминуваат преку увото до срцето, потикнувајќи во него најлоши чувства, наведувајќи ги мажите и жените да ги прекршуваат Божјите заповеди... Зборовите се како семе кое се сее. {АД 439.2}

**Жестоко зборови кои се слични на клетва.** – Членовите на многу семејства имаат навика неодговорно и невнимателно да зборуваат; колку повеќе се попушта на навиката на изговарање на груби зборови, таа толку повеќе станува посилна и се изговараат многу невкусни зборови кои се според сатанската, а не според Божјата волја... Никогаш не изговарајте остри зборови, затоа што тие во Божјите очи и во очите на светите ангели се слични на клетва. {АД 439.3}

**Таткото кој ја изгубил довербата кај своите деца.** – Брате мој, твоите дрски зборови ги повредуваат твоите деца. Колку повеќе растат, во нив расте склоноста да те осудат. Осудувањето го раси пува твојот живот и се пренесува на твојата сопруга и на децата. Ти не ги охрабруваш децата да имаат доверба во тебе или да ги признаат своите грешки, затоа што знаат дека остро ќе ги укориш. Твоите зборови често се слични на мраз, кој пустоши кршејќи ги нежните билки. Тешко може да се процени големината на напра вената штета. Твоите деца се служат со измама за да ги избегнат твоите тешки зборови.

Тие ќе ја избегнат вистината за да ги избегнат укорот и казната. Невнимателната, студена заповед нема да им биде од корист. {АД 439.4}

**Дајте ветување.** – Би било добро кога секој човек свечено би ветил дека во својот дом ќе изговара само љубезни зборови, дека со неговите зборови ќе управува законот на љубовта. Родители, не зборувајте непромислено. Ако сепак децата направат некоја грешка поправете ги, но со зборови кои се нанижани со љубов и нежност. Кога ги карате, вие ја губите скапоцената можност да дадете поука за трпение и издржливост. Љубовта нека го заземе првото место во поправање на грешката. {АД 440.1}

**Разговор на маса.** – Колку семејства ги зачинуваат своите дневни оброци со сомнеж и критики! Тие го расчленуваат карактерот на своите пријатели и го послужуваат како десерт. Вкусниот за лак на клевета кружи околу масата и за неа зборуваат не само возрасните туку и децата. Со ова се срами Бог. {АД 440.2}

За духот на критиката и клеветата нема место во домот. Семејниот мир е премногу свет за да го расипуваме со овој дух. Колку често додека седат на маса, членовите на семејството, се послужуваат еден со друг со критика, со откривање на туѓите маани и клевети. Кога Христос би дошол денес, би нашол ли многу семејства кои велат дека се христијански, а негуваат дух на критика и на нељубезност? Членовите на таквите семејства не се подготвени да му се приклучат на небесното семејство. {АД 440.3}

Разговорот на масата треба да биде таков што ќе остави пријатен впечаток на детските души. {АД 440.4}

**Озборување и прераскажување.** – Ние со ужас мислиме на канибалите кои се гостат со сè уште топлото месо од своите жртви; но зар последиците дури и на овој обичај се пострашни од агонијата и пропаста која предизвикува погрешно прикажување на интересите и оцрнување на угледот? Децата, а и младите, треба да научат што вели Бог за тоа: „Смртта и животот се под власт на јазикот“. {АД 440.5}

Духот на озборување и прераскажување е сатанско оружје за сеење на раздор и расправија, разделување на пријатели и поткопување на верата на многумина во исправноста на нашите начела. {АД 441.1}

**Сеење семе на недоверба.** – За човечките суштества природно е да изговараат остри зборови. Оние кои ќе и попуштат на оваа склоност ја отвораат вратата на сатаната да влезе во нивното срце и брзо да ги потсети за пропустите и грешките на другите. Се размислува за нивните пропусти, ги забележуваат нивните слабости и изговараат зборови кои раѓаат недоверба кон оној кој работи најдобро што може за да ја изврши својата должност како Божји соработник. Често се сее семето на недоверба затоа што човекот смета дека требало да му се даде предност, а тоа не е направено. {АД 441.2}

Бог ги повикува верните да престанат да бараат грешки, да престанат да изговараат избувливи и нељубезни зборови. Родители, зборовите кои ги упатувате на своите деца нека бидат љубезни и нежни за ангелите со ваша помош, да можат да ги привлечат кон Христа. Потребна е целосна реформа во домот - црквата. Започнете веднаш. Престанете со секое негодување, нерасположение и навреди. Оние кои се лутат, ги навредуваат ги истеруваат небесните ангели, а ја отвораат вратата на лошите ангели. {АД 441.3}

**Родители, совладувајте се.** – Родители, кога се чувствувате раздразливи, не би требало да го направите тој голем грев со оваа опасна раздразливост да го отруете целото семејство. Во такви моменти зголемете ја двојно својата контрола над себе и во своето срце одлучете да не згрешите со своите усни туку да изговарате само пријатни и охрабрувачки зборови. Речете си сами на себе: „Нема да ја затемнам среќата на своите деца со ниту еден нетрпелив збор". Ако на овој начин владеете над себе, ќе бидете сè посилни. Вашиот нервен систем нема да биде толку чувствителен. Ќе бидете зајакнати со начелата на правдата. Свеста дека верно ги извршувате своите должности ќе ве зајакне. Божјите ангели ќе се радуваат на вашите напори и ќе ви помогнат. {АД 441.4}

Татковци и мајки, зборувајте љубезно со своите деца; сетете се колку и самите сте чувствителни, колку тешко го поднесувате секој прекор; мислете на тоа дека вашите деца личат на вас. Не им товарите на децата бреме кое и самите не можете да го носите. Ако не можете да поднесете укор и карање, не можат ниту вашите деца кои се многу послаби од вас и кои не можат толку да поднесат. Вашите зборови нека бидат секогаш љубезни и весели, нека бидат како сончеви зраци за вашето семејство. Со владеење над самиот себе, со промисленост и трпение кое потекнува од вас, ќе донесете стопати поголем род. {АД 442.1}

**Време за молчење или песна.** – Неволјите ќе дојдат, тоа е вистина, дури и на оние кои се целосно посветени. Трпението на најтрпеливите ќе биде сериозно искушано. Сопругот или сопругата можат да изговорат зборови кои ќе предизвикаат нагли одговори, но оној кон кој се упатени нека го сочува мирот. Во молчењето е сигурноста. Често молчењето е најсериозен укор кој можеме да го упатиме кон оној кој згрешил со своите усни. {АД 442.2}

Кога тие (децата и младите) ќе ја изгубат контролата над себе и ќе изговорат остри зборови, во тој случај молчењето е најсериозниот пат, а не одговор со укор, докажување или осуда. Покајанието може да дојде многу брзо. Златното молчење често ќе направи повеќе отколку сите изговорени зборови. {АД 442.3}

Кога другите се нетрпеливи, раздразливи и приговараат затоа што не го покориле своето „јас", почнете да пеете една од сионските песни. Додека Христос работел дрводелски занает, другите понекогаш Го опкружувале, обидувајќи се да Го направат нетрпелив; но Тој тогаш почнувал да пее некои од прекрасните Псалми и пред да сфатат што прават, тие би Му се придружиле во пеење, потпаѓајќи под влијание на силата на Светиот Дух кој бил во Него... {АД 443.1}

**Самосовладување во зборењето.** – Бог очекува од Родителите со самосовладување и со пример во изградувањето на цврст карактер, да шират светлина во непосредниот круг на своето мало стадо. Не ги трпете неважните и неблагородни разговори. Бог ја гледа секоја тајна во животот. Некои водат постојана борба за да ја задржат контролата над себе. Тие во тишина секојдневно се молат да го совладаат својот груб говор и карактер. Оваа борба човечките суштества можеби никогаш нема да ја ценат. Можеби нема да слушнат пофалба од човечките усни, затоа што ги задржале наглите зборови кои им биле на усните. Светот никогаш нема да дознае за овие победи, а кога и би дознал, тој би ги презрел победниците. Меѓутоа, во небесните книги тие се запишани како победници. Има еден кој е сведок на секоја тајна борба и на секоја тивка победа и Тој вели: „Подобро бавен на гнев отколку силен и господарот на своето срце е подобар отколку оној кој зазема град". {АД 443.2}

Ако си одлучил да не беснееш, да не се лутиш и да не навредуваш, Господ ќе ти го покаже патот. Тој ќе ти помогне дарот на говорот да го употребиш на христијански начин, така што скапоцените вредности на трпението, утехата и љубовта ќе го исполнат домот. {АД 443.3}

## Седумдесет и второ поглавје

# ГОСТОПРИМСТВО

**Можеме да примиме и ангели.** – Библијата на особен начин го нагласува обичајот на гостопримството. Не само што го наложува гостопримството како должност туку изнесува многу прекрасни примери од оваа вредност на дело и благословите кои со неа се поврзани. Најистакнатиот меѓу нив е Аврамовото доживување... {АД 445.1}

Овие дела на услужливост Бог ги сметал за доволно важни за да ги забележи во својата Реч, а по повеќе од илјада години, вдахновениот апостол се повикал на нив: "Не го заборавајте гостопримството; затоа што некои не знаејќи со гостопримството примиле ангели на гости". {АД 445.2}

Предноста која ја имале Аврам и Лот не ни е ускратена ниту нам. Со укажување на гостопримство на Божјите деца ние исто така можеме да примиме ангели во своите домови. Дури и во наше време ангели во човечки облик влегуваат во домовите на луѓето и го до биваат нивното гостопримство. Христијаните, коишто живеат во светлината на Божјото лице, секогаш ги следат невидливи ангели и тие свети суштества оставаат по себе благослов во нашите домови. {АД 445.3}

**Запоставување на можностите и предностите.** – Гостопримството е една од особините која Светиот Дух ја наведува како ознака за оние кои треба да ја носат одговорноста во црквата. А на целата црква и е даден налог: „Бидете гостопримливи помеѓу себе без негодување; и служете си меѓу себе, секој со дарот што го при мил, како добри управители на различни Божји благодети". {АД 445.4}

Овие опомени за жал се запоставени. Дури и помеѓу оние кои велат за себе дека се христијани, вистинското гостопримство ретко се покажува. Помеѓу нашите верници можноста да се укаже гостопримство не се смета за она што е - предност и благослов. Нема доволно желба за дружење, нема доволно интерес на семејната трпеза да се направи место за уште двајца или тројца, без покажување на неудобност и самоистакнување. {АД 444.5}

**Неоправдани изговори.** – Сум слушнала многу изговори од оние кои требало да ги повикаат во своите домови и срцата на светите во Господа: „Ништо не сум подготвила; ништо не сум зготвила; тие мораат да одат на друго место". А на тоа место се измислуваат некои други изговори за тоа што не ги примаат оние на кои гостопримството им е потребно; посетителите се длабоко разочарани и си одат со непријатни впечатоци за гостопримството на своите таканаречени браќа и сестри. Ако немаш леб, сестро, земи го како пример случајот изнесен во Библијата. Оди кај својот сосед и кажи: „Пријателе дај ми три леба на заем; затоа што ми дојде пријател од пат и немам што да му дадам". {АД 446.1}

Немаме ниту еден пример каде што овој недостаток од леб некогаш е употребен за да се одбие молителот. Кога Илија дошол кај вдовицата во Сарепт, таа го поделила последниот залак со Божјиот пророк. Тој направил чудо, а исто и таа со тоа што го отворила својот дом на неговиот слуга и со него го поделила својот залак, се прехранила и го сочувала животот и на себе и на својот син. Ова ќе се случи и кај многу други, ако ова го направат со радост, на слава на Бога. {АД 446.2}

Некои се жалат на своето слабо здравје - би сакале да го на прават тоа кога ќе имаат сила. Таквите толку долго се затворале во себе, толку размислувале за својата сиромаштија и толку многу зборувале за своите страдања, искушенија и неволји што тоа станало нивна сегашна вистина. Тие не можат да мислат на ништо друго освен на себе, без оглед колку на другите им е потребно со чувство и поткрепа. Вие кои страдате поради слабо здравје, за вас постои лек. Ако го облечеш голиот, го примиш изгонетиот во својата куќа и го поделиш својот леб со гладниот „тогаш ќе засвети твојата светлина како зора и здравјето твое брзо ќе процвета". Да се прави добро е соодветен лек за болеста. Оние кои работат за Божјото дело се повикани да се обратат на Бога, а Тој им ветил дека ќе им одговори. Нивната душа ќе биде сита во време на суша и тие ќе бидат како навадена градина и како извор на кој водата не му пресушува. {АД 446.3}

**Изгубени благослови.** – Бог е незадоволен кога ќе види себично внимание кое толку често се покажува кон "себеси и кон своето семејство". Секое семејство кое негува таков дух треба да ги обрати чистите начела кои Христос ги покажал во Својот живот. Оние кои се затвораат во себе и не се расположени да укажат гостопримство на други, губат многу благослови. {АД 447.1}

Ангелите чекаат да видат дали ќе ги искористиме можностите кои ни се нудат за да правиме добро - чекаат да видат дали ќе ги благословиме другите, за тие за возврат да можат да нè благословат. Господ нè направил различни - некои сиромашни, некои богати, некои нерасположени - за секој да има можност да го развие својот карактер. Помеѓу вас ќе има и сиромашни, рекол Господ, за да се испитаме, да утврдиме и покажеме што се наоѓа во нашето срце. {АД 447.2}

Кога духот на гостопримството ќе умре, срцето се парализира со себичност. {АД 447.3}

**На кого треба да му се укаже гостопримство.** – Нашето гостопримство не смее да се раководи според световните обичаи туку со Христов дух и учење на Неговите зборови. Старите Израелци во служењето за Бога ги вклучувале сиромашните, странците и ле витите, кои им помагале на свештениците во светилиштето и дејствувале како верски учители и мисионери. Тоа биле гости на целиот народ кои го уживале неговото гостопримство во сите ситуации на општествени и верски радости и за кои требало нежно да се грижат во случај на болест или неволја. Токму такви треба да примиме во своите домови. Колку таквото добредојде може да ги израдува или охрабри медицинската сестра или учителот во мисија, со грижи оптоварената и презафатена мајка, или немоќните, и остарени, кои толку често се без дом и кои се борат со сиромаштија и многу обесхрабрувања. {АД 447.4}

„Кога даваш ручек или вечера", рекол Христос „не ги викај своите пријатели, ниту своите браќа, ниту своите роднини, ни богатите соседи, за да не те викнат и тие тебе за да ти вратат; туку кога правиш гозба, повикај ги сиромашните, болните, хромите,

слепите; и богатство ќе ти биде тоа што тие не можат да ти вратат; туку ќе ти се врати на воскресението на праведните". {АД 448.1}

Тоа се гости кои на тебе нема да ти стават голем товар ако ги повикаш. За нив нема да биде потребно многу да подготвуваш за богато да ги нагостиш. Никакви напори не мораш да направиш за да се покажеш пред нив. Топлината од срдечниот прием и местото покрај твоето огниште, местото на твојата маса, предноста да учествуваат во времето за молитва, за многумина од нив ќе биде како делче од небото. {АД 448.2}

Нашето сочувство мора да ги помине границите на нашата себичност и рамките на семејните ѕидови. Скапоцени можности им се пружаат на оние, кои својот дом го прават благослов за другите. Општественото влијание е прекрасна сила. Ние можеме да ја користиме ако сакаме, како средство да им помогнеме на оние кои живеат околу нас. {АД 448.3}

**Заштита на младите.** – Нашите домови треба да бидат заштита за младите кои се изложени на искушенија. Многумина стојат на раскрсница. Секое влијание, секој впечаток, го одредува зборот кој ја обликува нивната иднина за овој и за оној живот. Злото ги при влекува. Тоа примамливо им ги прикажува своите магии и радости. Таму има место за секој придојденец. Секаде околу нас се млади без дом и многумина чиишто домови немаат сила која подига и така младите лесно подлегнуваат на злото. Тие одат во пропаст пред самата наша врата. {АД 449.1}

На овие млади треба да им се подаде рака на сочувство. Едноставно изговорените љубезни зборови, малото внимание едноставно укажано, ќе ги оттргнат облаците на искушенија кои се надвасуваат над душата. Искрениот израз на сочувство со небесно потекло, има моќ да ги отвори вратите на срцето, на кое му е по требен мил мирис на божествени зборови и едноставен, нежен допир на духот на Христовата љубов. Кога повеќе би се интересирале за младите и кога би ги повикувале во нашите домови и би ги опкружиле со атмосфера на ведрина и помош, многумина со радост би ги исправиле своите чекори на патот кон небото. {АД 449.2}

**Да ја сочуваме семејната едноставност.** – Кога ќе дојдат посетители, кои секогаш ќе ги има, не смее да се случи на мајката да и го одземат целото време и внимание; телесното и духовното добро на нејзините деца се наоѓа на прво место. Не трошете време за подготвување на богати колачи, пити и нездрава храна. Тоа е прекумерен трошок и многумина не можат да го поднесат. Тоа е пример кој прави поголемо зло. Сочувајте ја семејната едноставност. Не се обидувајте да оставите впечаток дека можете да живеете над своите можности. Не се обидувајте да се покажете онакви какви што не сте, било во поставувањето на масата или во своето однесување. {АД 449.3}

Иако со гостите треба да постапувате љубезно и да направите да се чувствуваат како во свој дом, не заборавајте дека сте учител на децата кои Бог ви ги дал. Тие ве набљудуваат и ниту една ваша по стапка не смее да ги насочи нивните нозе на погрешен пат. Кон своите гости бидете она што сте кон своите домашни секој ден - пријатни, внимателни и учтиви. Вака секој може да биде воспитувач и пример во правење на добри дела. Тие сведочат дека постои нешто повредно од размислувањето што ќе се јаде и пие и во што ќе се облечеш. {АД 450.1}

**Сочувајте го мирот.** – Ние би биле многу посреќни и покорисни ако со нашиот семеен живот и гостопримство би управувала Христовата кротост и едноставност.

Наместо да се трудиме да се до кажеме и да предизвикаме восхит или завист од гостите, ние треба да настојуваме да усреќиме сè околу себе со својата ведрина, со чувство и со љубов. Нашите гости нека видат дека се трудиме да бидеме во склад со Христовата волја. Нека во нас го видат духот на задоволство и благодарност, иако нашиот живот е скромен. Атмосферата на вистинскиот христијански дом е атмосфера на мир и спокојство. Таков пример нема да остане без одек. {АД 450.2}

**Трошоците се бележат на небото.** – Христос води сметка за сите трошоци направени за примање на гости во Негово име. Тој нè снабдува со сè што ни е потребно за ова дело. Оние кои во Христово име пружаат гостопримство на своите браќа, правејќи сè што можат таа посета да биде корисна и за нив и за нивните гости, за пишани се на небото како достојни особени благослови... {АД 450.3}

Христос со Својот живот ни дал поука за гостопримството. Кога бил опкружен со гладното мноштво покрај езерото, Тој не ги отпуштил гладни да се вратат дома. На Своите ученици им рекол: „Дајте им вие да јадат". Со еден дел од Својата создателска сила, Тој набавил доволно храна за да се задоволат нивните потреби. Но колку едноставна била таа храна! Таму немало слатки. Оној кој го имал сето богатство на небото во Свои раце, можел на народот да му понуди богат оброк. Но Тој им го дал само она што ќе ги задоволи нивните потреби, она што било секојдневна храна на рибарите околу езерата. {АД 451.1}

Кога луѓето денес би биле скромни во своите навики и би живееле во склад со природните закони, би имало доволно залихи за сите потреби на човечките семејства. Би имало помалку измислени потреби и поголеми можности за работа според Божјиот пример... Сиромаштијата не смее да нè спречува да бидеме гостољубиви. {АД 451.2}

Треба да го делиме она што го имаме. Има и такви кои се борат за свое преживување и со тешка мака со своите приходи ги подмируваат своите потреби; но тие го сакаат Исуса со Неговата светост и се подготвени да покажат гостопримство на верните и неверните, трудејќи се нивната посета да ја направат корисна. Тие ги дочекуваат гостите со добредојде и на семејната маса и на семејниот олтар. Времето посветено на молитва остава впечаток на оние кои го уживаат нашето гостопримство, и дури само една посета може на душата да и донесе спасение од смртта. За оваа работа Господ ве тува награда изјавувајќи: „Јас ќе ти платам". {АД 451.3}

**Искористете ги можностите.** – Браќа и сестри, разбудете се. Не се плашете да правите добри дела. „А да правиме добро и да не ни се досади; затоа што во свое време ќе ожнееме ако не се измориме". Не чекајте да ви се каже што е ваша должност. Отворете ги очите и погледнете кој е околу вас; запознајте се со немоќните, несреќните и сиромашните. Не се сокривајте од нив и не ги запоставувајте нивните потреби. Кој дава докази, кои ги спомнува Јаков, за поседување на чиста вера, неизвалкана со себичност или расипаност? Кој е расположен да направи сè што е во негова моќ да помогне во исполнување на големиот план за спасение? {АД 451.4}

# Шеснаесетти дел
# ДОМОТ И ОДНОСИТЕ ВО НЕГО

## Седумдесет и трето поглавје

### НАШИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПОТРЕБИ

**Бог се погрижил за нашите општествени потреби.** – Во мерките за воспитување на избраниот народ јасно е откриено дека целосен живот може да има само оној кој го направил Бога центар на својот живот. Кога Бог во срцето на човекот ќе всади некоја желба, Тој овозможува и нејзино задоволување; секоја способност која ја дава, Тој настојува да ја развие. {АД 455.1}

Основачот на сите убавини и самиот љубител на убавото, Бог, се потрудил да ја задоволи и кај Своите деца љубовта кон убавината. Тој се погрижил и за нивните општествени потреби, за пријатните и полезни општествени допири кои толку многу придонесуваат за развој на меѓусебните сочувства и животот го прават по вреден и попријатен. {АД 455.2}

**Влијанието на друштвото.** – Секој наоѓа пријатели или ги создава. Токму од тоа колкаво е пријателството, зависи колкава ќе биде силата на влијанието кое пријателите го вршат еден на друг, на добро или на лошо. Секој има пријатели и секој влијае на другите, а во исто време и самиот е под влијание на другите. {АД 455.3}

Божјата реч особено го нагласува влијанието на општеството во животот на возрасните. Колку е поголема тогаш неговата моќ кога е во прашање развојот на умот и карактерот на децата и младите! Тоа што ќе го одлучат во нивна корист овде на Земјата и за нивната вечна иднина, тоа ќе биде друштвото кое го избрале, начелата кои ги прифатиле и навиките кои ги изградиле... {АД 455.4}

Неизбежно е младите да имаат друштво, кое ќе влијае на нив. Постојат таинствени врски кои ги поврзуваат душите, така што срцето на едниот станува блиско до срцето на другиот. Едниот ги прифаќа идеите, чувствата и духот на другиот. Таа врска може да биде благослов или проклетство. Младите можат да помогнат и да се зајакнат еден со друг, станувајќи подобри во однесувањето, во расположението, во знаењето; или дозволувајќи си на себе да станат невнимателни и неверни, тие можат да извршат влијание кое обесхрабрува. {АД 455.5}

Позната е вистинитата изрека: „Покажи ми со кого се дружиш, а јас ќе ти покажам каков е твојот карактер“. Младите не се доволно свесни за влијанието што го вршат избраните пријатели на нивниот карактер и углед. Човекот бара друштво од оние чии навики, вкус и постапки се слични на неговите. Оној кој повеќе го цени друштвото на неписмените и лошите, отколку на мудрите и добрите по кажува дека неговиот карактер е полн со недостатоци. Неговиот вкус и навики во почетокот можат да се разликуваат од

вкусот и навиките на оние кои ги бара друштвото; но, во друштво со вакви луѓе, неговите мисли и чувства почнуваат да се менуваат; тој ги жртвува вистинските начела и незабележително, но и неизбежно станува сличен на своето друштво. Како што реката секогаш ги прима особините на реката која што тече, така начелата и навиките на младите без исклучок стануваат обележани со карактерот на друштвото во кое се движат. {АД 456.1}

**Склоностите на телесното срце уназадуваат.** – Кога младите би можеле да се уверат дека е потребно да побараат друштво на чисти, внимателни и љубезни луѓе, влијанието би било спасоносно. Кога би бирале пријатели кои се плашат од Бога, влијанието кое тие пријатели го вршат на нив, би ги зацврствувало во вистината, во извршувањето на нивните должности и во светост. Вистинскиот христијански живот е сила на доброто. Но, од друга страна, оние кои се дружат со личности со слаб морал и лоши начела и постапки, наскоро и самите ќе тргнат по таков пат. Склоностите на телесното срце водат кон зло. Оној кој се дружи со оние кои се сомничави, и самиот наскоро ќе почне да се сомнева; оној кој се дружи со лошите, и самиот наскоро ќе стане лош. Да се биде во друштво на лоши значи да зачекориш на патот на грешниците и да седиш во друштво на потсмевачите. {АД 456.2}

Во животот на световните млади, љубовта кон друштвото и уживањето станува страст. Облекувањето, посетите, попуштањето на апетитот и страстите, да се вртиш во кругот на ненаситноста, се чини дека е единствена цел на постоењето. Тие се несреќни ако останат сами. Нивната најголема желба е во друштвото да им се воодушевуваат, да им ласкаат и да предизвикуваат внимание; кога оваа желба не е задоволена, животот изгледа неподнослив.

Оние кои го сакаат друштвото, често ја негуваат оваа особина, додека не стане вистинска страст... Таквите не можат да истраат во читањето на Библијата и размислувањето за она што е не бесно. Тие се чувствуваат несреќни, доколку нема нешто што би ги возбудило. Тие во себе немаат сили да бидат среќни туку во тоа зависат од друштвото на младите кои исто така се невнимателни и безобѕирни како и тие самите. Силата која би можеле да ја насочат кон благородни цели, тие неразумно и неумерено ја расипуваат. {АД 457.2}

**Благослови од христијанското дружење.** – Кај Божјиот народ премалку се негува христијанското дружење... Оние кои се затвораат во себе, кои се без желба како пријатели да ги придружуваат другите, да им бидат на благослов, губат многу благослови, затоа што усовршувањето и префинетоста на умот се стекнуваат со меѓусебно дружење; со друштвените допири се создаваат познанства и се склопуваат пријателства, што доведува до единство на срцето и атмосфера на љубов која е пријатна во очите на Небото. {АД 457.3}

Особено оние кои ја вкусиле Христовата љубов треба да го развиваат своето влијание во друштвото, затоа што на тој начин ќе ги придобијат душите за Спасителот. Христос не смее да биде со криен во нивното срце, затворен во него како сокриено богатство, свето и мило, во кое единствено тие уживаат; ниту треба Христо вата љубов да се покажува само кон оние кои одговараат на нивниот вкус. Учениците треба да се научат да бидат слични на Христа со изразување на љубезна заинтересираност и друштвено расположение кон оние на кои помошта им е најпотребна, дури иако таквите не се нивни одбрани пријатели. Во секое време и на секое место Исус покажувал

љубезно интересирање за човечкото семејство и околу себе ширел светлина на радосна побожност. {АД 457.4}

Седумдесет и четврто поглавје

## ДОБРО И ЛОШО ДРУШТВО

**Она што влијае на нас и нашите деца.** – Секое друштво кое сме го создале, колку и да е мало, влијае на нас. Од тоа колку му попуштаме на тоа влијание, ќе зависи и обликот на пријателството, постојаноста во односите и нашата љубов и почитување од оној со кој се дружиме. {АД 459.1}

Ако се дружиме со оние, чие влијание ќе нè наведе да ги заборавиме возвишените Господови барања, предизвикуваме искушение и ја слабееме својата морална моќ да му се спротивставиме. Тогаш примаме и негуваме дух на идеите на своите пријатели, а светото и вечното добива помала вредност од нивните идеи. Така, за кратко време стануваме пронижани со намерата на непријателот на секоја правда. {АД 459.2}

Кога ќе потпаднат под такво влијание, младите потешко се спротивставуваат отколку старите. На нивниот ум влијае сè - лицата кои ги набљудуваат, гласовите кои ги слушаат, местата кои ги посетуваат, друштвото во кое се движат и книгите кои ги читаат. Не е воз можно доволно да се истакне значењето кое го има друштвото за овој и идниот свет, друштвото кое го бираме за себе и посебно за своите деца. {АД 459.3}

**Опасност од лошо друштво.** – Светот не треба да биде наше мерило. Ние не треба да се дружиме со лошите и да го примиме нивниот дух, затоа што тие ќе го одвлечат нашето срце од Бога за да им служиме на лажни богови. Постојаната душа цврста во вера, може да направи многу добра; таа може да биде најголем благослов за оние со кои се дружи, затоа што Господовиот закон е во нејзиното срце. Ние не можеме без проблем да се дружиме со оние кои го газат Божјиот закон и да ја сочуваме својата вера чиста и не извалкана. Ние ќе го попримиме нивниот дух и ако не се одвоиме од нив, на крајот ќе се поврземе со нив и ќе ја поделиме нивната пропаст. {АД 459.4}

Евреите биле заведени да го погазат Божјиот закон и да го предизвикаат Неговиот суд над народот затоа што се дружеле со идолопоклоници и учествувале во нивните свечености. На истиот на чин сатаната и денес успешно нè наведува на грев, поттикнувајќи ги Христовите следбеници да се дружат со лошите и да учествуваат во нивните забави. „Затоа излезете од кај нив и одвојте се, зборува Господ, и не допирајте се до нечисто“. Бог денес бара од Својот народ, исто како и од стариот Израел, да се разликува од светот во обичаите, навиките и начелата. {АД 460.1}

**Самсоновиот своеволен избор.** – Бог посебно се грижел за Самсон, за да може да се подготви за делото за кое бил повикан. На самиот почеток на животот бил опкружен со најповолни услови за развој на физичката сила, умствената крепост и моралната чистота. Но, под влијание на лошото друштво тој престанал да се пот пира на Бога како единствена човекова сигурност и затоа го зафатила поплавата на злото. Оние кои на патот на должноста паѓаат во искушение, можат да бидат сигурни дека Бог ќе ги сочува: но, ако луѓето своеволно се изложат на силата на искушението, тие порано или подоцна ќе паднат. {АД 460.2}

**Подмолниот квасец на злото.** – Драги ученици, вас дење и ноќе ќе ве следат молитвите на вашите родители. Слушајте ги нивните молби и опомени и не го бирајте друштвото на безобѕирни пријатели. Вие не можете да сфатите како квасецот на злото подмолно ќе го расипе вашиот ум и ќе ги ослаби вашите добри навики и наведувајќи ве на повторување на лошите постапки ќе придонесе за развојот на лошиот карактер. Можеби не ја воочувате реалната опасност мислејќи дека ќе бидете во состојба толку лесно да го правите она што е добро како претходно, пред да му попуштите на искушението, но тоа е заблуда. Родителите и учителите кои го сакаат Бога и го имаат Неговиот страв можат да ве опоменат, молат и со ветуваат, но сето тоа може да биде напразно ако не му се покорите на Бога и не ги усовршите даровите кои Тој ви ги дал за Своја слава. {АД 460.3}

**Чувајте се од рамнодушните.** – Ако децата се дружат со оние кои разговараат за она што е неважно, земно, нивниот ум ќе се спушти до исто ниво. Кога слушаат како се презираат верските на чела, а нашата вера се потценува, кога ги слушаат подмолните за белешки на сметка на вистината, тоа ќе се зацврсти во нивниот ум и ќе го обликува нивниот карактер. {АД 461.1}

Ништо не може толку лесно да ги ослаби и отстрани сериозните впечатоци и добрите желби како дружењето со разгалените, не внимателни и лоши личности. Без обѕир каква привлечна моќ ќе имаат таквите личности со својата досетливост, зајадливост и шеги, фактот дека кон верата пристапуваат лесномислено и рамнодушно е доволна причина да не се дружиме со нив. Колку повеќе се залагаат за нешто друго, толку повеќе треба да се чуваме од нивното влијание, затоа што нивниот живот во неверство изобилува со опасни ситници. {АД 461.2}

Световното друштво ги привлекува и примамува сетилата, така што побожноста, Божјиот страв и верноста ја губат својата сила и човекот не може да се одржи. Христовиот понизен и скромен живот целосно е непривлечен. За многумина кои тврдат дека се Божји синови и ќерки, Исус, Величеството на Небото е „како корен во сува земја; нема живот ни убавина во него“. {АД 461.3}

**Љубовта кон световните роднини.** – Не можеме да му служиме на Бога и на светот во исто време. Своите чувства не смееме исклучиво да ги насочиме кон световните роднини кои не са каат да ја запознаат вистината. Ние можеме да се трудиме, додека со нив се дружиме, да ги осветлиме со својата светлина; но, нашите зборови, нашето однесување, нашите обичаи и постапки не треба во ништо да се прилагодуваат на нивните замисли и обичаи. Ние сме должни во секој разговор да ги запознаеме со вистината. Ако тоа не е возможно, за нашата духовност ќе биде подобро што помалку да сме во нивно друштво. {АД 462.1}

**Чувајте се од недоследните.** – Не е добро христијаните да се дружат со оние чиј морал е лабав. Опасна е блиската, секојдневна заедница која го исполнува времето, а воопшто не придонесува за силата на умот или моралот. Ако моралната атмосфера која ги опкружува луѓето не е чиста и посветена туку извалкана со расипаност, оние кои ја вдишуваат таа атмосфера ќе откријат дека таа речиси незабележливо делува на умот и срцето за да ги отруе и упропасти. Опасно е да се биде близок со оној чиј ум според карактерот се занимава со она што е ниско. Оние кои по природа се совесни и ја сакаат

чистотата, постепено и незабележливо ќе се спуштат на исто ниво и ќе станат соучесници и заговорници во безумието и моралната празнина со која се постојано во допир. {АД 462.2}

Доброто име е поскапоцено од златото. Младите се склони да се дружат со оние кои се послаби во морален и интелектуален поглед. Каква вистинска среќа може една млада личност да очекува ако своеволно се дружи со пријателите чии мисли, чувства и однесувања не се на исто ниво? Некои имаат расипан вкус и навики; и оние кои се дружат со таквите, ќе станат слични на нив. Ние живееме во опасно време кое би требало сите срца да ги исполни со страв. {АД 462.3}

**Страв од исмејување.** – Децата треба да имаат другари кои не го исмејуваат она што е чисто и возвишено туку ќе се застапуваат за она што е правилно. Стравот од исмејување наведува многу млади да попуштат во искушението и да појдат по патот на грешникот. Со пример и совет мајките можат многу да направат на своите деца да им покажат како да бидат чесни сред презирот и исмејувањето. {АД 463.1}

Зошто младите го немаат на ум фактот дека оние кои се подготвени да ги водат другите на забранети патишта, лесно ги совладува искушението, дека се сатански оружја кои ги поттикнуваат лошите навики, исмејувањето на оние кои се совесни и кои сакаат да ја сочуваат чистотата на својот карактер? {АД 463.2}

**Пример за другите.** – Млади пријатели, не поминувајте ни еден час во друштво со оние кои можат да ве онеспособат за чистото и свето Божје дело. Не правете пред другите ништо што не би го правеле пред своите родители, или од што би сте се срамеле пред Христа и светите ангели. {АД 463.3}

Некои можеби ќе мислат дека овие опомени не важат за почитувачите на саботата. Но, оние на кои се однесуваат знаат на што мислам. Ви велам, млади, чувајте се; не можете да направите нешто што ќе биде сокриено од очите на ангелите и самиот Бог. Не можете да правите зло, а тоа да не влијае на другите. Освен што вашите постапки го откриваат видот на материјалот што го вградувате во зградата на својот карактер, тие силно влијаат на другите. Никогаш не заборавајте дека му припаѓате на Бога, дека Тој скапо ве откупил и дека Нему морате да му положите сметка за сите да рови кои ви ги доверил. {АД 463.4}

**Потребната помош е ветена.** – Да не ги препуштаме своите деца на друштвото на расипаните и изопачените. Понекогаш Бог во Својата промисленост може да ги доведе младите во друштво на оние кои се расипани и неумерени. Тој ќе им даде одлучност и сила да се спротивстават на искушението, како што го направил тоа со Даниел и неговите другари во Вавилон - ако сакаат да соработуваат со Него. Тие мораат да бидат постојано поврзани со Бога. Мораат да се одржат чисти, одбивајќи да направат нешто со што би го осрамотиле Бога, живеејќи секогаш така за Негова слава. Тие мораат да ги бараат душите, работејќи сериозно за оние кои го изгубиле Божјото обличје, настојувајќи да ги поправат, подигнат и облагородат. {АД 464.1}

**Изберете разумни и сериозни другари.** – Младите кои живеат во склад со Христа ќе изберат другари кои ќе им помогнат да го прават она што е правилно, а ќе го избегнуваат друштвото кое не помага во развојот на правилните начела и благородните цели. Се каде може да се најдат млади чиј ум е вработен со она што нема вредност. Кога ќе

дојдат во допир со вакво друштво, оние кои целосно се на Христова страна, ќе стојат цврсто на страната на она што разумот и свеста им велат дека е правилно. {АД 464.2}

Сите кои сакаат да стекнат добар карактер треба да се дружат само со оние кои се сериозни и кои тежнеат кон побожноста. Оние кои ја пресметале цената и сакаат да сидаат за вечност треба да бираат добар материјал за својата зграда. Ако употребуваат црвливо дрво, ако се задоволни од мааните на својот карактер, тогаш нивната зграда е осудена на пропаст. Секој нека внимава како сида. Бурата на искушение ќе се нафрли на зградата. Ако не е солидно и добро сидана, таа нема да ја издржи пробата. {АД 464.3}

И безгрижните ќе научат да ја сакаат правдата, ако се дружат со оние кои живеат во склад со начелата. Кога го прават она што е добро, во срцето ќе се развие одбивност кон она што е лошо и не благородно и што не се согласува со начелата на Божјите зборови. {АД 465.1}

## Седумдесет и петто поглавје

# РОДИТЕЛСКО ВОДСТВО ВО ДРУШТВЕНИТЕ ОДНОСИ

**Моќта на лошите влијанија.** – Лошите влијанија кои ги опкружуваат нашите деца се речиси непобедливи; тие го расипуваат нивниот ум и ги водат во пропаст. Умот на младите природно е склон кон бесмислици; во раните години, пред да им се обликува карактерот, а размислувањето да созрее, тие често покажуваат склоност кон друштвото кое на нив влијае штетно. {АД 466.1}

Кога мојот глас би можел да допре до сите родители на земјата, би ги опоменала да не и попуштат на желбата на своите деца во изборот на своите другари. Родителите малку размислуваат за тоа дека младите полесно ги примаат штетните влијанија отколку божествените влијанија. Поради тоа и нивното друштво треба да биде такво да го поттикнува растот во милоста за да може вистината откриена во Божјата реч, да најде место во срцето. {АД 466.2}

Опкружете ги младите колку што е можно со најповолни можности, затоа што друштвото во кое се движат, начелата кои ги прифаќаат, навиките кои ги создаваат, ќе одлучат за непогрешливата точност за нивната корисност овде и за нивните идни вечни предности. {АД 466.3}

**Неограничена слобода.** – Родители, вие не внимавате доволно на своите синови и ќерки. Без ваше знаење и согласност тие никогаш не би смееле да одат и да доаѓаат кога сакаат. Неограничената слобода која им се дава на децата од ова време предизвикала пропаст кај илјадници. Колку од нив се ноќе слободно на улица, до дека родителите се рамнодушни кон друштвото во кое се наоѓаат нивните деца. Често се бира друштво чие влијание само расипува. {АД 466.4}

Под закрилата на темнината, младите се состануваат во групи за да ги добијат првите лекции за играње карти, коцкање, пушење, пиење вино или пиво. Синовите на побожните родители се осмелуваат да влезат во гостилница на вечера од остриги или нешто слично и така се изложуваат на искушение. Самата атмосфера на овие места испушта хули и расипаност. Никој не може да остане долго таму, а да не се расипе. Под влијанието на таквото друштво, младите од кои многу се очекувало, стануваат пијаници

и злосторници. Би требало да се чуваме од самиот почеток на злото. Роди тели, ако не знаете дека нивната околина е беспрекорна, немојте да им дозволите на своите деца да излегуваат навечер за да учествуваат во спортски активности или да се состануваат со други млади за да се забавуваат. Ако строго се држите до ова правило, младите ќе се навикнат да го слушаат и набрзо ќе исчезне желбата да го прекршуваат. {АД 467.1}

**Одберете другари за вашите деца.** – Родителите треба да имаат на ум дека дружењето со личности со слаб морал и груб карактер смртоносно ќе влијае на младите. Ако не изберат добро друштво за своите деца, ако им дозволат да се дружат со млади со несигурен морал, тие ги стават во училиште во кое се учат и применуваат поуки за пороците. Можеби мислат дека нивните деца се доволно силни да се спротивстават на искушението, но како можат да бидат сигурни во тоа? Многу полесно е да се попушти на лошите влијанија отколку да им се спротивставиш. Пред да станат свесни за тоа, нивните деца ќе го прифатат духот на своите другари и ќе се препуштат на пропаста. {АД 467.2}

Опасностите на кои се изложени младите се зголемуваат кога ќе се најдат во друштво на голем број свои врсници со нивните различни карактери и животни навики. Во такви околности многу родители се склони да се опуштат наместо двојно да ги зголемат своите напори да ги чуваат и надгледуваат своите деца. {АД 468.1}

Заедно и во молитва, таткото и мајката треба да ја прифатат големата одговорност своите деца да ги понесат на добар пат. Ако нешто и запоставаат, тие никако не смеат да им дозволат на своите деца слободно да појдат на патеките на гревот. Многу родители им дозволуваат на децата да одат кај сакаат и да прават што сакаат, да се забавуваат и да бираат лошо друштво. Таквите родители на судниот ден ќе дознаат дека нивните деца го изгубиле небото за тоа што не ги заштитиле во домот. {АД 468.2}

**Каде се поминуваат вечерите.** – Ако ноќе се отсутни од дома, секој син и секоја ќерка треба да кажат каде биле. Родителите треба да знаат во какво друштво се наоѓаат нивните деца и во чија куќа ја поминуваат вечерта. Некои деца се служат со лага, ги мамат своите родители за да го избегнат откривањето на своите зли постапки. {АД 468.3}

**Необработената нива е полна со плевел.** – Многу често татковците и мајките на своите деца им дозволуваат самите да си из берат забава, друштво и активност. Последиците се такви какви што може да се очекуваат. Оставете ја нивата необработена, па на неа ќе порасне плевел и чакал. Никогаш нема да видите убав цвет или пак негувани грмушки кои би се подигале над неугледниот, отровен плевел. Безвредното трње слободно расте без грижа и нега, но затоа корисните и убави билки бараат темелна нега. Така е и со нашите млади. За да се создадат добри навики и да се изградат правилни начела, потребна е сериозна работа. За да се исправат лошите навики, потребно е многу внимателност и трпеливост. {АД 468.4}

**Доверба во родителското размислување.** – Родители, чувајте ги начелата и навиките на своите деца како очите на главата. Не дозволувајте им да создадат пријателства, ако не сте сигурни дека нема да им штетат. Навикнете ги своите деца да имаат доверба во вашето размислување и искуство. Нека знаат дека појасно го согледувате карактерот отколку што тие можат со своето неискуство и дека не можат да ги потценуваат вашите одлуки. {АД 469.1}

**Одлучност и љубезност.** – Родителите не треба да им попуштаат на склоностите на своите деца туку треба да го следат јасниот пат на должности кои Бог ги одредил. Тие треба со љубов да ги надгледуваат, да ги одбиваат цврсто и одлучно нивните лоши желби, водејќи ги сериозно, истрајно и со молитва од светот кон небото. На децата не треба да им се дозволи да одат кај сакаат, да одат по патишта кои имаат безброј раскрсници, кои ги одвлекуваат од правиот пат. Никој не е во толкава опасност како оние кои не ја гледаат опасноста и кои без желба примаат опомени и совети. {АД 469.2}

Чувајте ги своите деца од секое лошо влијание, затоа што тие во детството се поподготвени да примаат влијанија, како што се моралното достоинство, чистотата и убавината на карактерот или себичноста, нечистотата и непослушноста. Кога еднаш ќе им се дозволи да потклекнат под влијание на духот на негодувањето, злобноста, разгаленоста и нечистотата, тоа ќе ги следи цел живот. {АД 469.3}

Младите тешко се покоруваат на авторитетот затоа што во домот се погрешно воспитани. Јас сум мајка и знам за што зборувам кога велам дека младите и децата не само што се посигурни туку и посреќни кога не живеат и не работат според своите желби. {АД 470.1}

**Не дозволувајте децата да одат сами на гости.** – Некои роди тели грешат давајќи им на своите деца премногу слобода. Понекогаш имаат толку доверба во нив, што не ги забележуваат нивните маани. Погрешно е ако им се дозволи на децата да одат далеку во посета без присуство на своите родители или старатели. Тоа лошо влијае на децата. Децата почнуваат да се сметаат за важни, почнуваат да мислат дека имаат одредени права и се навредуваат ако тие права не им се признаат. Тие ги спомнуваат другите деца кои можат да одат кај сакаат и да се враќаат кога сакаат, додека ним тие права им се скратени. {АД 470.2}

Мајката, стравувајќи нејзините деца да не ја прогласат за неправедна, им попушта на нивните желби, со што само им нанесува голема штета. Децата кои одат на посети без присуство на Родителите, кои можат да ги воочат и исправат нивните мани, често при маат влијанија кои подоцна тешко се отстрануваат. {АД 470.3}

**Неразумни совети и како да им се спротивставиме.** – Не им дозволувајте на децата да се оддалечуваат од домот. Ако луѓето ви кажат: „Вашите деца нема да знаат како да се однесуваат во светот“ кажете им на своите пријатели дека тоа толку не ве загрижува, туку дека сакате да ги однесете кај Учителот да ги благослови, како што мајките во минатото ги донеле своите деца кај Исус. Кажете им на своите советници: „Децата се Господово наследство“ јас сакам да бидам верна на својата задача... Моите деца мораат да бидат воспитани така што влијанието во светот нема да ги заведе; кога ќе дојдат во искушение да згрешат, можат мирно и одлучно да кажат: „Не!“. Кажете им на пријателите и на соседите дека своето семејство сакате да го видите во светиот град. {АД 470.4}

**Големи искушенија пред младите.** – Децата треба така да се воспитуваат за да можат сами да одлучат како ќе се соочуваат со тешкотиите и опасностите. Треба да ги поучите да владеат со себе и достоинствено да ги совладаат тешкотиите. Ако сами не трчаат во опасност и непотребно не се изложуваат на искушенија, ако ги избегнуваат лошите влијанија и лошото друштво, и не по своја волја се најдат во лоша средина, тие

со силен карактер ќе застанат зад она што е право, ќе го сочуваат начелото и со Божја сила ќе излезат од борбата неизвалкани. Ако го направат Бог своја заштита, моралните сили на младите, кои правилно се воспитани, ќе успеат да се спротивстават и на најтешките искушенија. {АД 471.1}

## Седумдесет и шесто поглавје

# ПРАЗНИЦИ И ГОДИШНИЦИ

**Упатство за празнување на празници.** – Видов дека празниците не можеме да ги празнуваме според тоа како што прави светот, но не треба да ги запоставуваме, затоа што со тоа ќе предизвикаме незадоволство кај нашите деца. Во овие денови кога нашите деца се изложени на штетни влијанија и кога ги мамат световните задоволства и возбудувања, родителите треба да размислат што ќе им дадат на своите деца наместо овие штетни уживања. Покажете им на своите деца дека навистина се грижите за нивното добро и нивната среќа. {АД 472.1}

Луѓето од светот и од црквата дошле до сознание дека овие празнични денови се неопходни за здравјето и среќата, но последиците покажуваат дека тие се полни со зло. {АД 472.2}

Ние сериозно се трудевме да ги направиме празниците што поинтересни за младите и децата така што го променивме редот на нештата. Наша цел беше да ги одвратиме од забавата на неверниците. {АД 472.3}

**Дали ангелот ќе запише: „Еден ден е изгубен?“** – Кога ќе се заврши денот на уживање, каде е задоволството на оној кој копнеел по него? Како христијански работници, кому му помогнале да живее подобар, повозвишен и почист изгубен живот? Што би виделе кога би го погледнале извештајот кој го запишал ангелот? Еден изгубен ден! Еден изгубен ден за нивната душа, еден изгубен ден за Христовата служба, затоа што не е направено никакво добро. Ќе има уште денови, но нема да го има оној кој е поминат во лесномислен разговор на девојките со момчињата и на момчињата со девојките. {АД 472.4}

Никогаш повеќе нема да се пружат истите можности. Подобро на тој празник да работеле најтешка работа. Тие правилно не го искористиле својот празник и тој влегол во вечноста, за на судот да ги сретне како потрошен ден. {АД 473.1}

**Роденден – време да го прославиме Бога.** – Кај старите Евреи, според Божјиот налог на роденденот на детето се принесувал дар. Денес гледаме како родителите особено се трудат за роден денот на своите деца да им подготват дарови; од тој ден создале можност да му укажат чест на детето како човечкото суштество да заслужува чест. Во ова сатаната има свое влијание: ги насочил мислите и даровите кон човечките суштества; така децата се окупирани со себеси, како да се предмет на особено внимание... {АД 473.2}

На роденденот децата треба да се поучат дека тие имаат при чина да му заблагодарат на Бога за Неговата љубов што за уште една година го сочувал нивниот живот. Така можеме да им дадеме скапоцени поуки. За животот, здравјето, храната и облеката, а особено за надежта за вечниот живот, ние на Дародавецот му ги должиме

сите добра; должни сме да Му заблагодариме на Бога за неговите дарови и на својот голем Добродетел да му ги донесеме нашите дарови и благодарности. Небото ги признава таквите роден денски подароци. {АД 473.3}

**Роденденот – време да го погледнеме својот годишен извештај.** – Овозможете им на децата тој ден да го прегледаат својот живот од изминатата година и да размислат дали би можеле да се соочат со овој извештај запишан во небесните книги. Поттикнете во нив сериозни мисли, дали нивното однесување, нивните зборови, нивните дела се угодни на Бога. Дали настојувале својот живот да го усогласат со Христовиот живот, да биде убав и мил на Бога? Учете ги на Господовото познавање на Неговите патишта и на Неговите правила. {АД 473.4}

**Божјото дело на прво место.** – Му кажав на своето семејство, но и на своите пријатели: „Јас не сакам никој да ми подготвува подарок за роденден или за Божиќ, доколку немам право да го предадам во Господовата ризница да се употреби за основање на мисија". {АД 474.1}

**Како да го празнуваме Денот на благодарноста.** – Се приближува нашиот Ден на благодарноста. Дали тој ќе биде како што во многу случаи бил благодарење лично на нас? Или тоа ќе биде благодарност на Бога? Нашите денови на благодарност може да бидат од голема корист за нашата душа како и за другите, ако ја искористиме оваа можност да се сетиме на сиромашните кои живеат меѓу нас... {АД 474.2}

Има стотина начини како можеме да им помогнеме на сиромашните како да почувствуваат дека тие нам ни укажуваат чест кога ги примаат нашите подароци и ни изразуваат наклонетост. Да имаме на ум дека поблажено е да се дава отколку да се зема. Нашите браќа посветуваат посебно внимание на оние од кои сакаат да им се укаже чест и од кои очекуваат почитување, иако на таквите во општо не им е потребна помош. Вообичаено е мислењето: Дај им на оние кои ќе ти дадат тебе, но тоа не е библиско давање. Божјата реч е против вакво угодување на себе во давање на нашите да рови: „Кој му дава на сиромавиот нема да му недостасува". {АД 474.3}

Доаѓа ден кога нашата начелност ќе биде искушана. Да почнеме да размислуваме за тоа што можеме да направиме за Божјите сиромашни. Со наша помош ќе ги направиме соучесници во Божјите благослови. Размислувајте на која вдовица, на кое сираче или на кое сиромашно семејство можете да му помогнете; не правете од тоа голема претстава, туку бидете канал со кој Господовото изобилие како благослов ќе потече кај Неговите сиромашни... {АД 474.4}

Со ова не е опфатена целата наша должност. Дајте еден дар на својот најдобар Пријател. Признајте Го за извор на изобилие; по кажете благодарност за Неговата наклонетост; донесете му на Бога дар на благодарност... Браќа и сестри, на Денот на благодарноста имајте едноставен ручек, а парите кои би ги потрошиле на слатки за да му угодите на апетитот, дајте му ги на Бога како дар на благодарност. {АД 475.1}

Не славете повеќе ниту еден Ден на благодарност задоволувајќи го апетитот и прославувајќи се себеси. Ние имаме причина да дојдеме во Господовите дворови со подароци на благодарност што уште една година ги сочувал нашите животи... Ако веќе подготвувате гозба, тоа нека биде за оние на кои им е потребно. {АД 475.2}

**Ден на благодарност.** – Верувам дека имаме причина за благодарност. Да бидеме радосни во Бога затоа што ни дал многу благослови... Ние сакаме овој Ден на благодарност да биде сè што се подразбира под овој збор. Не дозволувајте да се расипе, да се из валка; нека биде она што значи името - давање благодарност. Да ги подигнеме своите гласови во славење. {АД 475.3}

**Празник за Бога.** – Зар не би било добро да го славиме празникот за Бога, кога знаеме за Неговото однесување со нас? Зар не би било добро да размислуваме за Неговите досегашни благослови, да се сетиме на впечатливите опомени кои ја допреле нашата душа за да не го заборавиме Бога? {АД 475.4}

Светот има многу празници, а тој во тие денови се забавува со играње, коњски трки, коцкање, пушење и пијанство... {АД 475.5}

Зар не треба Божјиот народ почесто да се состанува на светите собири на кои може да му заблагодари на Бога за Неговите богати благослови? {АД 476.1}

**Празниците – можност за проповедање на евангелието.** – Во црквата се потребни луѓе, способни да организираат и да им даваат практична работа на младите мажи и жени, да ги олеснат неволјите на човештвото и да работат на спасението на душите на мажите, жените, младите и децата. Нема сите да можат во оваа работа да го вложат целото свое време, затоа што мораат да заработат за својот секојдневен живот. Таквите имаат свои празници и време, кое можат да го посветат на христијанската работа и така да прават добро, ако веќе не можат да дадат многу од своите средства. {АД 476.2}

Кога ќе дојде празник, направете го што поубав и посреќен ден за своите деца, но во исто време направете го угоден денот за сиромашните и страдалниците. Овој ден нека не помине, а да не сте благодареле и принеле дарови на благодарност кон Исуса. {АД 476.3}

## Седумдесет и седмо поглавје

# БОЖИЌ

(Овој текст настанал помеѓу 1879. и 1896. година, во време кога во протестантскиот свет на големо се празнувал Божиќ и другите верски и национални празници. Во такви ситуации меѓусебно се разменувале празнични подароци. Писателот советува тој обичај да се претвори во постојано сеќавање на Христа, а даровите да се донесат во црква, за слава на Бога и за напредок на Неговите дела. Во нашата повеќенационална татковина, во која празнувањето на Божиќ и на другите верски празници се одредува според различни датуми, овие празници не ги одбележуваме на споменатиот начин).

**Божиќ како празник.** – „Божиќ доаѓа“, е гласот кој се слуша во нашиот свет од исток до запад и од север до југ. За младите, за воз расните, дури и за старите тоа е време на општа радост и на веселба. Но што е Божиќ за да бара толкаво внимание?... {АД 477.1}

Дваесет и петти декември се смета за денот на раѓање на Исус Христос и почитувањето на тој ден станало вообичаено и популарно. Но сепак не можеме да бидеме сигурни дека го славиме вистинскиот ден на раѓањето на нашиот Спасител. Историјата не ни дава сигурен доказ за тоа. А ниту Библијата не ни го дава точното

време. Ако Господ го сметал тоа сознание за важно, тој би прозборел преку Своите пророци и апостоли, за да знаеме за тоа сè што е потребно. Но молчењето на Писмото во тој поглед ни покажува дека тоа е скриено од нас за наше добро. {АД 477.2}

Во Својата мудрост Господ го сокрил местото на Мојсеевиот гроб. Бог го погребал, Бог и го воскреснал и го пренел на небото. Со оваа тајна се поттикнало идолопоклонството. Оној против кој се побуниле додека бил во активна служба, кого го лутеле повеќе от колку што може човекот да поднесе е обожуван речиси како Бог, бидејќи смртта го одвоила од нив. Од истата причина, Тој го сокрил точниот ден на Христовото раѓање, за на тој ден да не се укажува чест која му припаѓа на Христа како спасител на светот - дека не се прима, нема доверба и не се потпира како на Оној кој може да ги спаси сите кои доаѓаат кај Него. Душата треба да го обожува само Исуса како Син на бесконечниот Бог. {АД 477.3}

**Не го потценувајте тој ден.** – Бидејќи дваесет и петти декември се прославува како ден на Христовото раѓање, а децата се научени да го ценат како ден на голема радост и веселба, ќе откриете дека е тешко да се премине преку овој празник, а да не му се обрне одредено внимание. Тоа време можеме добро да го искористиме. {АД 478.1}

Со младите треба да се постапува многу внимателно. Да не ги оставиме тој ден самите да си најдат забава во себичност и барање на задоволства, во разонода која се спротивставува на нивната духовност. Родители, насочете ги мислите и даровите на своите деца кон Бога, кон Неговото дело и спасување на душата. {АД 478.2}

Наместо да ја угушат и со наредба да ја совладаат желбата за разонода, родителите треба со неуморен труд да ја насочат во најсигурна насока. Нивната желба да даваат дарови можат да ја насочат кон чистиот и свет пат, за доброто на нашите блиски, зголемувајќи ги средствата за големото, славно дело, за кое Христос дошол во нашиот свет. Самоодрекувањето и пожртвуваноста биле одлики на неговите постапки. Овие особини нека нè одбележат и нас кои тврдиме дека го сакаме Исус, затоа што во Него е нашата надеж за вечен живот. {АД 478.3}

**Даровите како знак на наклонетост.** – Брзо се приближува времето на празниците кога се даваат дарови, и кога и старите и младите сериозно размислуваат за тоа што можат да им подарат на своите пријатели како знак на наклонетост. Пријатно е да се прими дар без оглед на тоа колку е мал, од оние кои ги сакаме. Тој ни вели дека не сме заборавени и како потесно да нè поврзе... {АД 478.4}

Добро е да се разменат подароци како знак на љубов и сеќавање, ако со тоа не го забораваме Бога, својот најдобар пријател. Нашите дарови треба да му бидат од полза на тој што ги прима. Препорачувам тоа да бидат книги, кои ќе помогнат во разбирање на Божјата реч или да ја зголемат нашата љубов кон нејзините на чела. Погрижете се за нешто, што ќе може да се чита во текот на долгите зимски вечери. {АД 479.1}

**Се препорачуваат книги за деца.** – Има многу такви кои не маат книги и списанија за сегашната вистина. Тука имаме големо подрачје, во кое вреди да се вложат своите пари. Има многу деца кои треба да се снабдат со литература... Парите кои се трошат за слатки и некорисни играчки може да се чуваат за купување на вакви книги... {АД 497.2}

Оние кои сакаат да им дадат скапоцен дар на своите деца, внуци и подалечни роднини, треба да набаваат такви книги за деца... Настојувајте таквите книги да дојдат во секое семејство. Бог дава светлина од небото и ниту еден дом не би требало да остане

без неа. Вашите подароци нека го осветлат со светлосни зраци патот кон Небото. {АД 497.3}

**Не го заборавајте Исуса.** – Браќа и сестри, додека подготвувате подароци едни за други, ве потсетувам на Нашиот небесен Пријател, за да не ги заборавите неговите барања. Зар нема да Му биде угодно ако му покажеме дека не сме Го заборавиле? Исус, Кнезот на животот, дал сè за да ни обезбеди спасение... Тој претрпел и смрт за да може да ни даде вечен живот. {АД 480.1}

Ние го примаме секој благослов преку Христа. Зар нашиот не бесен Добротвор не треба со нас да ги подели подароците на нашата благодарност и љубов? Дојдете, браќа и сестри, дојдете со своите деца, а и со бебињата во својата прегратка и донесете ги своите дарови за Бога според своите можности. Во вашите срца нека одѕвонува песната за Него и Неговата слава нека биде на вашите усни. {АД 480.2}

**Божиќ – време да го прославиме Бога.** – Светот лесномислено ги поминува своите празници во претерување, прејадување и рас- фрлање... Огромни суми на пари ќе се потрошат за овој празник и за Нова година на непотребни работи. Нашата предност е да отстапиме од обичаите и праксата на ова расипано време; наместо парите да ги трошиме само за задоволување на апетитот, или за непотребни украси или облека, празниците кои доаѓаат можеме да ги искористиме да го прославиме Бога. {АД 480.3}

Христос треба да биде најважната цел; како што денес се слави Божиќ, честа не му се укажува Нему туку на смртниот човек чиј грешен и расипан карактер направил Тој да дојде на нашиот свет. {АД 480.4}

Исус, Величеството на небото, Царот на вселената, го оставил Своето царско достоинство, Својот престол на славата, Својата власт и дошол на нашиот свет, за на паднатиот човек, со слаби морални сили и расипан од гревот, да му даде божествена помош... {АД 481.1}

За ова и за нивните обврски кон Бога, родителите треба да им зборуваат на своите деца и да ги поучуваат, правило поправило, овде малку, онде малку - не за нивните обврски еден кон друг, да укажуваат чест и да се прославуваат со подароци еден кон друг. {АД 481.2}

**Насочете ги мислите на своите деца на нов пат.** – Има многу нешта со кои можеме да покажеме наклонетост и да внесеме среќа во домот, а кои се повкусни и помалку чинат од непотребните да рови, кои толку често им ги даваме на своите деца и на роднините. {АД 481.3}

Додека на своите деца им објаснувате зошто сте ја сменили вредноста на своите подароци, можете да ги поучите за своето осведочување дека досега повеќе сте се грижеле за нивното задоволство отколку за Божјата слава. Речете им дека повеќе сте мислеле за сопственото задоволство, подароците за нив и за потребата да се усогласите со обичаите на светот, односно давање на дарови на оние на кои не им се потребни, отколку за напредок на Божјото дело. Како и мудрите луѓе од минатото, вие можете да му ги да дете на Бога своите најубави подароци и да Му покажете со своите дарови дека го цените Неговиот Дар на овој грешен свет. Помогнете им на своите деца да ги насочат своите мисли кон нов, не себичен пат, поттикнувајќи ги на Бога да му донесат дарови како подарок за Неговиот единороден Син. {АД 481.4}

**Дали да имаме Божиќна елка?** – На Бога би му било мило, кога за Божиќ секоја црква би имала Божиќна елка, на која би биле за качени дарови големи и мали, за овие домови на молитвата. Примив писма со прашањето: Дали да имаме Божиќна елка? Нема ли тогаш да бидеме слични на светот? Ние одговараме: Вие можете да направите да биде како во светот ако мислите како светот, но тоа можете да го направите и така да не биде како во светот. Нема никаков особен грев во тоа ако земете зимзелено дрво и го ставите во нашите цркви, но гревот се наоѓа во желбата која ве води кон тој чекор и во употребата на даровите кои сте ги ставиле на дрвото. {АД 482.1}

Тоа дрво може да биде високо и толку разгрането колку што одговара на потребите, но неговите гранки нека бидат украсени со златни и сребрени плодови на вашето добродетелство, а тоа да дете му го Нему како свој Божиќен дар. Вашите дарови нека бидат посветени со молитва. {АД 482.2}

Празнувањето на Божиќ и Нова година може и треба да се одржат заради беспомошните. Бог се слави кога им помагаме на оние кои издржуваат големи семејства. {АД 482.3}

**Дрвото полно со дарови не е грев.** – Родителите не треба да заземат став дека поставувањето на зимзелено дрво во црквата е грев поради задоволството на посетителите на саботното училиште, затоа што можеме да го направиме голем благослов. Насочете ги нивните мисли кон добротворни цели. Во никој случај заба вата не смее да биде цел на таквите собири. Иако ќе има и такви кои ќе сметаат дека таквите прилики се момент на безгрижна лесномисленост, чиј ум нема да дојде под божествено влијание, за другите таквите прилики ќе бидат од најголем благослов. {АД 482.4}

**Искрена радост.** – Нема ли да станете драги мои браќа и сестри и да се опашате со должноста во стравот Божји и ова да го подготвите така што нема да биде сувопарно и неинтересно туку полно со невина радост која го носи небесниот печат? Знам дека посиромашните ќе го прифатат овој предлог. Богатите треба исто така да покажат интересирање и да ги дадат своите подароци во склад со средствата кои Бог им ги доверил. Во небесните книги нека се за пише таков Божиќ каков што сè уште немало, благодарение на даровите кои ќе се дадат за напредок на Божјото дело и за изградба на Неговото царство. {АД 483.1}

Седумдесет и осмо поглавје

## СЕМЕЈСТВОТО КАКО ЕВАНГЕЛСКО ЈАДРО

**Родители, правилно насочувајте ги децата.** – Како родители и христијани должни сме своите деца да ги насочиме на прав пат. Да ги водиме внимателно, мудро и нежно на патиштата на христијанската служба. Ние склучивме свет завет со Бога дека своите деца ќе ги подготвиме за Негова служба. Опкружете ги со такви влијанија кои ќе ги поттикнат да изберат живот на служба и наша прва должност е да ги подготвиме за неа. {АД 484.1}

**Децата можат да бидат како Даниел и Естира.** – Божјата намера за децата кои растат во нашите домови е многу поголема, подлабока и повисока отколку што нашиот

ограничен разум може да сфати. Од најскромните ситуации Бог во минатите времиња ги повикувал оние кои се покажале верни, да сведочат за Него на највисоките места во светот. И многу момчиња кои денес раснат како што растел Даниел во својот јудејски дом, проучувајќи ја Божјата реч и Неговите дела и извршувајќи ги верно своите должности, ќе стојат еднаш во собранијата, во судските простории или во царските дворови како сведоци на Царот над царевите. Многу мина ќе бидат повикани да извршат вонредна служба. Целиот свет се отвора кон евангелието... Од сите краишта на овој наш свет до пира крикот на со грев ранетите срца кои бараат да го запознаат Богот на љубовта... На нас кои сме го примиле ова знаење и кое треба да го пренесеме на нашите деца, почива одговорност да им одговориме на нивниот очај. Во овој судбоносен час на секое домаќинство и на секое училиште, на секој родител, наставник и дете кои се осветлени со светлината на евангелието им е упатено прашањето поставено на царицата Естира во оној значаен момент од израелската историја: „И којзнае можеби токму за ова време си дојдена да бидеш царица". {АД 484.2}

**Сигурен начин за сведочење за Христа.** – Сите не можат да одат како мисионери во непознати полиња, но сите можат да бидат мисионери во своите семејства и соседства. Верниците на црквата можат на многу начини да ја објават веста на оние кои живеат околу нив. Еден од најуспешните начини е несебичен и полн со пожртвуваност христијански живот. Оние кои водат тешка животна борба можат да бидат освежени и зајакнати со мало внимание кое ништо не чини. Љубезните зборови едноставно изговорени, малите вниманија едноставно укажани, ќе ги растераат облаците на искушението и на сомнежите кои се надвиваат над душата. Искрениот израз на христијанското сочувство, едноставно кажано има сила да ја отвори вратата на човечкото срце, на кое му е потребен едноставен нежен допир од Христовиот дух. {АД 485.1}

Како за мажите, така и за жените постои широко поле за служба. Секаде е потребна помош од вешта готвачка, кројачка, болничарка. Членовите на сиромашните семејства треба да ги поучиме како да готват, како да ја прават и да ја поправаат својата облека, како да ги негуваат болните, како да се грижат за домот. И децата треба да се поучат да прават мали дела на љубов и милосрдие за оние кои имаат помалку среќа од нив самите. {АД 485.2}

**Децата и младите треба да им помагаат на другите.** – Некои имаат изговор: „Моите домашни должности и моите деца го исполнуваат целото мое време и средства". Родители, вашите деца мораат да ви станат десна рака, зголемувајќи ви ја силата и способно стада работите за Учителот. Децата се помлади членови на Господовото семејство. Треба да ги водиме да се посветат на Бога, Кому му припаѓаат со создавањето и откупувањето. Треба да се учат дека на Бога му припаѓаат со целата сила на нивното тело, умот и душата. Треба да се вежбаат во разни видови на несебични служби. Не им дозволувајте на своите деца да ви бидат препрека. Заедно со вас децата треба да ги поделат духовните и физичките товари. Помагајќи им на другите, тие ја зголемуваат својата среќа и корисност. {АД 485.3}

Кога во секоја црква младите мажи и жени свечено би се посветиле на Бога, кога во семејниот живот би се вежбале во самоодрекувањето, помагајќи им на своите преморени и од грижа исцрпе- ни мајки, до какви промени би дошло во нашите цркви! Мајката тогаш би можела да одвои време и да отиде на посета кај соседите. Кога би се

укажала можност, децата иако уште мали, би можеле да помогнат извршувајќи ги малите дела на милосрдие и љубов кои би биле на благослов на другите. На тој начин би можело да се влезе во илјадници домови на сиромашни и неверни кои не веруваат како ние. Во многу домови, би можело да се однесат книги за здравјето и умереноста. Ширењето на таквите книги е важно дело, затоа што тие содржат скапоцено знаење за лекување на болести - знаење кое ќе биде голем благослов за оние кои не се во состојба да платат медицинска посета. {АД 486.1}

**Децата како мали мисионери.** – Бог сака секое мало дете да биде Негово дете, примено во Неговото семејство. Без оглед на младоста, младите можат да бидат членови на духовното семејство и така да стекнат најскапоцено искуство. {АД 486.2}

Уште во првите години од својот живот децата можат да бидат корисни во Божјото дело... Тој ќе им ја даде Својата милост и својот Свет Дух, за да може да го совлада нетрпението, нерасположението и секој грев. Исус ги сака децата. Тој има благослови за нив и сака да бидат послушни на своите родители. Тој сака тие да бидат мали мисионери, одрекувајќи се од своите склоности и желби за себични задоволства за да му служат Нему. {АД 486.3}

Со зборови и пример родителите треба да ги научат своите деца да работат за необратените. Децата треба да бидат воспитани така што ќе чувствуваат сочувство кон старите и немоќните и да сакаат да ги ублажат страдањата на сиромашните и на оние во неволја. Да ги поучиме да бидат внимателни во евангелската работа. Уште во најраните години да им го врежеме самоодрекувањето, пожртвуваноста за доброто на другите и напредокот на Христовото дело, за да можат да бидат Божји соработници. {АД 487.1}

Родителите нека ги поучат своите малечки за таква вистина каква што е во Исуса. Во својата едноставност децата на своите другарчиња ќе им го повторуваат тоа што го научиле. {АД 487.2}

**Црквата има работа за младите.** – Старешините на црквата нека направат планови за подготовка на младите мажи и жени за да ги употребат талентите кои им се доверени. Постарите верници на црквата нека настојуваат ревносно и со многу разбирање да работат со децата и младите. Проповедниците со сета своја проникливост нека направат планови со кои младите членови на црквата ќе ги направат соработници во евангелската работа. Не мислете дека нивното интересирање ќе го поттикнете со други проповеди кои ги изнесувате на мисионерските часови. Размислете како ќе поттикнете живо интересирање. Секој нека има свој удел во оваа работа. Научете ги младите да го направат она што им е доверено; од седмица во седмица нека го донесат извештајот за својата евангелска работа, зборувајќи што искусиле и што постигнале во Христовата милост. Кога посветените работници би ги изнеле таквите извештаи, евангелските состаноци не би биле здодевни и заморни. Тие би биле интересни и никој не би отсуствувал. {АД 487.3}

**Служете им на соседите.** – Секому му се пружаат можности. Работете во своето соседство, затоа што за него сте одговорни. Не чекајте други да ви речат да тргнете. Почнете работа без двоумење, имајќи ја во предвид својата лична одговорност пред Оној кој го дал својот живот за вас. Почнете како Христос лично да ве повикува да се разбудите и да ги впрегнете сите сили дадени од Бога, правејќи најмногу што можете во

Неговата света служба. Не чекајте друг да се загрее со вдахновение од зборовите на живиот Бог. Ако целосно сте посветени, Бог ќе ве употреби како Свој посредник, кој вистината на Неговите зборови ќе ја однесе на другите, а овие повторно на останатите кои живеат во темнината на гревот. {АД 488.1}

**Христијански семејства во темни краишта.** – Бог ги повикува христијанските семејства да појдат во краевите во кои владее темнина и заблуда и мудро и истрајно да работат за Учителот. За да се одговори на овој повик, потребно е самоодрекување. Додека многумина чекаат пред нив да се отстранат сите препреки, дотогаш душите умираат без надеж и без Бога во светот. Многу луѓе по ради световните предности, поради можноста да стекнат научно знаење, ќе тргнат во опасни краишта и ќе трпат тешкотии и сиромаштија. Каде се оние кои се желни тоа да го направат, на другите да им зборуваат за Спасителот? Каде се мажите и жените кои би се преселиле во краевите каде што е потребно евангелието, за оние кои живеат во темнина да чујат за Спасителот? {АД 488.2}

Кога семејствата би се преселиле во темните краишта на Земјата, на местата во кои луѓето се завиткани во духовна темнина и кога би дозволиле низ нив да сјае светлината на Христовиот живот, би било извршено големо дело. Нека ја завршат својата работа мирно и ненаметливо, не трошејќи пари во таа област, додека интересот не се прошири толку, што нема да можат да одговорат без помош од проповедникот. {АД 489.1}

**Децата ќе работат кога другите не можат.** – Кога небесните суштества ќе видат дека на луѓето не им е дозволено да ја изнесуваат вистината, Божјиот дух ќе дојде врз децата и тие ќе ја објават вистината, која постарите работници нема да можат да ја објават, затоа што патот ќе им биде затворен. {АД 489.2}

Во завршните случувања во историјата на оваа земја, многу од овие деца и млади ќе ги зачудат луѓето со своето сведочење за вистината; со сведочење кое ќе биде едноставно, а сепак во духот и во силата. Тие биле научени на Божјиот страв и на нивното срце делувало грижливото проучување на Светото писмо проследено со молитва. Во блиската иднина многу деца ќе бидат исполнети со Божјиот Дух, па ќе ја објават вистината на светот, во време кога старите верници на црквата не би можеле добро да го извршат тоа дело. {АД 489.3}

Бог одредил нашите црквени училишта да ги подготват децата за ова големо дело. Овие деца треба да се поучат на особените вистини за нашето време и за практичната евангелска работа. Тие треба да се приклучат на војската од работници кои се подготвени да им помогнат на оние кои страдаат. Децата можат да учествуваат во здравствено - евангелската работа и со своите „зборови и објаснувања“ да го помогнат нејзиниот напредок... Преку нив ќе биде објавена Божјата вест и Неговото спасоносно здравје за сите народи. Затоа, црквата треба да го понесе товарот за јагнето во стадото. Воспитајте ги и подгответе ги за служба за Бога. {АД 489.4}

**Учете работејќи.** – Љубовта и верноста кон Христа се извор на секоја вистинска служба. Кога срцето е допрено од Неговата љубов, во него се јавува желба да работи за Него. Оваа желба треба да се охрабри и правилно да се насочи. Било во домот, во соседството или на училиште, присуството на сиромашните, ожалостените, неуките или несреќните не треба да се смета за пречка, туку за скапоцена можност за служење. {АД 490.1}

Во оваа работа, како и во секоја друга, вештината се стекнува со самата работа. Со вежбање во секојдневните животни должности и со служење на нерасположените и напатените се зголемува умешноста. Без тоа и најдобронамерните напори често се некорисни, па дури и штетни. Токму во вода, а не на суво, луѓето се учат да пливаат. {АД 490.2}

# Седумнаесетти дел
# ОПУШТАЊЕ И ОДМОР

## Седумдесет и деветто поглавје

### СУШТИНАТА НА ОДМОРОТ

**Погрешни сфаќања за одморот.** – Има луѓе со болна фантазија за кои религијата е тиранин кој владее над нив со железна палка. Таквите постојано воздивнуваат поради измисленото зло. Во нивното срце нема љубов; нивното чело секогаш е намрштено. Се згрозуваат над секоја насмевка на младите или на било кој друг. Сме таат дека секој одмор или разонода претставува грев и мислат дека умот секогаш мора да се занимава со сериозни и длабоки мисли. Тоа е една крајност. Други мислат дека умот треба секогаш да биде во потрага по нови забави и разоноди за да се сочува здравјето. Тие се навикнуваат на постојано возбудување и не можат без него. Тоа не се вистински христијани. Тие одат во друга крајност. Вистинските христијански начела им пружаат на сите извор на среќа, чија висина и длабочина, ширина и должина не може да се измери. {АД 493.1}

**Освежување на духот и јакнење на телото.** – Предност и должност на христијаните е да настојуваат да го освежат својот дух и да го зајакнат своето тело со наивна разонода со цел своите телесни и умствени сили да ги употребат за слава на Бога. Нашата разонода не смее да биде слика на бесмислено уживање. Ние можеме да ја исполниме така што ќе биде од корист и за издигнување на оние со кои се дружиме, за да нѐ оспособи поуспешно да ги извршуваме должностите кои нѐ чекаат како христијани. {АД 493.2}

Покажано ми е дека христијаните кои ја почитуваат саботата како народ премногу работат, не дозволувајќи си на себе никакви промени или периоди на одмор. Разонодата им е потребна на оние кои работат физички, но уште попотребна им е на оние чијашто работа е претежно од умствена природа. Не е неопходно за наше

спасение, ниту е за Божја слава, нашиот ум постојано и без одмор да е вработен, па дури ни со религиозни теми. {АД 494.1}

Околината на домот и училиштето е во тесна врска со рекреацијата. При изборот на домот или на местото на училиштето треба за ова да се размисли. Оние на кои менталното и физичкото добро им е поважно од парите или барањата и обичаите на друштвото би требало на своите деца да им обезбедат благослов на учење од природата и рекреација во природа. {АД 494.2}

**Разонодата условува подобра работа.** – Времето кое се по минува во физичко вежбање не е изгубено... Рамномерната активност на сите органи и на телесни способности го условуваат нај- доброто дејствување на секој од нив. Ако мозокот постојано се на прегнува, додека останатите органи се невработени, се создава губиток на физичка и на умствена сила. Физичкиот систем го губи својот здрав изглед, умот ја губи својата свежина и сила, а последица е болната чувствителност. {АД 494.3}

Треба да се обрне внимание на редовни часови за спасување и работа. Ние мораме да имаме време за одмор, време за разонода, време за размислување... начелата на умереност имаат по голем опсег отколку што повеќето мислат. {АД 494.4}

**На учениците им е потребно опуштање.** – Оние кои учат треба да се опуштат. Умот не смее постојано да биде окупиран со размислување, затоа што чувствителната умствена машина се троши. Телото како и умот мора да имаат можност за вежбање. {АД 494.5}

Вниманието посветено на рекреација и на физичка култура по некогаш, нема сомнеж ќе го прекине редовниот тек на училишната работа; но тој прекин нема да се покаже како вистинска пречка. Со освежувањето на умот и телото, со јакнењето на несебичниот дух и поврзување на ученикот и наставникот со врски на заеднички интереси и пријателско дружење, потрошеното време и напор ќе бидат двојно надополнети. Така ќе се даде благословена оддишка на онаа немирна енергија кога многу често е извор на опасности за младите. Окупираноста на умот со она што е добро е многу по вредна како заштита против злото, од многубројните законски дисциплински забрани. {АД 495.1}

**Службениците мора да имаат време за одмор.** – Видов дека има малку од оние кои ја сфаќаат постојаната, заморна работа на оние кои ја носат одговорноста на работа во канцеларија. Тие ден по ден, седмица по седмица, се зад затворена врата, а постојаниот напор на умствените моќи сигурно го поткопува нивниот организам и ја намалува неговата животна сила. Овие браќа се во опасност да доживеат ненадеен слом. Тие не се бесмртни и без промена тие ќе се истрошат и ќе станат изгубени за делото. {АД 495.2}

Имаме скапоцени дарови во браќата А, Б и Ц. Не смееме да дозволиме да го уништат своето здравје со затворање во четири ѕида и со постојана работа... {АД 495.3}

Тие ретко кога доживеале некоја промена, освен кога добивале температура или заболувале од некоја болест. Тие треба почесто да вршат промени, почесто да посветат цел ден одмор со своето семејство, кое речиси е целосно лишено од нивното друштво. Можеби сите не можат да ја напуштат работата во исто време, но треба да ја организираат својата работа така што еден или двајца ќе можат да отидат, оставајќи им

на другите да ги пополнат нивните места, а потоа на другите да им дадат иста можност. {АД 495.4}

Видов дека овие браќа А, Б и Ц треба да ја сметаат за верска должност грижата за здравјето и силата која им ја дал Бог. Господ не бара од нив денес да станат маченици во Неговото дело. За оваа жртва тие нема да примат награда, затоа што Бог сака да живеат. Просветлениот ум ќе најде доволно можности да се забавува и опушти на начин кој нема да биде само наивен туку и корисен. Одморот на чист воздух, размислувањето за Божјите дела во природа ќе биде од најголема корист. {АД 496.1}

Додека тежнеме да го освежиме својот дух и да го зајакнеме своето тело, верувам дека Бог од нас бара во секое време да ги искористиме своите сили на најдобар начин. Можеме да се состануваме како што го правиме тоа денес, но сè треба да биде на Божја слава. Можеме и треба така да го поминуваме својот одмор и така да станеме способни за уште поуспешно извршување на должностите кои нè чекаат и за уште поблагословено влијание на оние со кои се дружиме. Тоа особено важи за ваквите можности, кои треба на сите да ни донесат радост. Ние ќе се вратиме дома со зајакнат ум и освежено тело, подготвени повторно да и се посветиме на работата, со подобра надеж и поголема храброст. {АД 496.2}

**Божјиот повик за младите.** – Божјиот повик за секое момче и девојче гласи: „Сине мој, дај ми го своето срце: Јас ќе го сочувам во чистота. Јас ќе ги задоволам неговите тежнеења за вистинска среќа". Бог сака младите навистина да бидат среќни и затоа ги повикува да Му го дадат своето срце, за сите дадени способности да бидат сочувани во цврста здрава состојба. Тие содржат Божји дар. Тој прави срцето да чука; Тој дава сила за секоја способност. Чистата разонода нема да расипе ниту еден од Божјите дарови. {АД 497.1}

## Осумдесетто поглавје

## ШТО ДА СИ ИГРАМЕ?

**Грешното заменете го со наивното.** – Од младите не можете да очекувате да бидат мирни и сериозни како постарата генерација ниту детето може да биде воздржано како некој смирен господин. Бидејќи сме се откажале од грешните задоволства, како што и треба да биде, родителите, учителите и воспитувачите нека се по грижат за невините задоволства кои нема да остават трага на моралот. Не ги врзувајте младите со строги правила и ограничувања поради кои ќе се чувствуваат угнетувани и ќе тргнат по пат кој води кон лудост и пропаст. Со цврста, љубезна и внимателна рака држете ги уздите на управување, водејќи и надгледувајќи го нивниот ум и целите во исто време така благо, така мудро, така љубезно, што тие ќе дознаат дека го имате во обзир нивното најголемо добро. {АД 498.1}

Постојат забави како што се танц, играње карти, шах, коцка и слично кои не можеме да ги одобриме затоа што небото ги осудува. Овие забави ја отвораат вратата на големото зло. Според својата природа тие не се корисни, затоа што возбудуваат и кај некои предизвикуваат страсна желба за игри кои водат кон коцкање и рас- фрлање. Христијаните мораат да ги осудат сите вакви игри и да ги заменат со нешто што е целосно наивно. {АД 498.2}

Настојувајќи своите деца да ги сочуваме од световните задоволства кои расипуваат и заведуваат, мораме да им овозможиме наивна разонода и да ги поведеме по патиштата на кои нема опасности. Ниту едно Божје дете не треба да доживее тажно искуство. Божјите заповеди и Божјите ветувања го потврдуваат тоа. Патиштата на мудроста се: „мили патишта и сите нејзини патеки се мирни". {АД 498.3}

Избегнувајќи го она што е лажно и вештачко: коњските трки, играње карти, лотарија, борачки спортови, употреба на алкохол и цигари, ние мораме да ги осигураме изворите на разонода кои чистат, облагородуваат и подигаат. {АД 499.1}

**Гимнастичките сали како корисни места.** – Гимнастичките вежби заземаат корисно место во многу училишта; но кога нема внимателен надзор, во тоа често се претерува. Во гимнастичките сали многу момчиња, убедувајќи се да ја покажат својата сила, се здобиле со повреди од кои ќе трпат цел живот. {АД 499.2}

Вежбањето во гимнастичките сали, колку и да е добро организирано, не може да ја надополни рекреацијата на свеж воздух, а за таква рекреација нашите училишта би морале да создадат подобри можности. {АД 499.3}

**Игри со топка.** – Не ги осудувам едноставните игри со топка, иако дури и во тоа може да се претера. {АД 499.4}

Секогаш се вознемирувам пред речиси сигурните последици од такви забави. Тие водат кон трошење на средства со чија помош може да се донесе светлината на вистината на душите кои пропаѓаат без Христа. Забавите и трошењето на пари за лично задоволство, чекор по чекор, водат кон самовозвишување, а прифаќањето на овие игри за разонода создава љубов и страст кои не се погодни за усовршување на христијанскиот карактер. {АД 499.5}

Начинот на изведувањето на игрите во некои наши училишта немаат небесен печат. Таквиот начин не го јакне умот. Не го чисти и не го облагородува карактерот. Од таквите игри произлегуваат навики, обичаи и световни постапки, а учесниците стануваат толку окупирани и занесени, што небото ги прогласува за такви кои повеќе ги сакаат задоволствата отколку Бога. Со учество во таквите игри, наместо да го зајакнат умот, учениците да станат подобри ученици, поспособни како христијани да ја извршуваат христијанската должност, тие го полнат нивниот мозок со мисли кои го одвраќаат умот од она што тие го учат... {АД 499.6}

Дали во тие игри ја имаме на ум Божјата слава? Знам дека не е така. Божјиот пат и неговата цел се губат од видот. Интересот на разумните суштества во времето на пробата ја заменува Божјата откриена волја со човечко размислување и измислици, кои Сатаната ги вдахнува со својот дух... Господ, небесниот Бог, не ја одобрува страстеноста која ги пронижува оние кои во тие игри се борат за натпревар. {АД 500.1}

**Проблемот од многу спортови.** – На учениците им е неопходно енергично вежбање. Има малку зла од кои треба повеќе да се плашиме од тромавоста и бесцелноста. Но, тенденцијата на повеќето атлетски спортови ги загрижува оние на кои на срцето им лежи доброто на младите. Учителите се загрижени кога го разгледуваат влијанието на тие спортови и на напредокот на ученикот во училиштата и на неговиот успех во подоцнежниот живот. Игрите на кои ученикот им посветува толку голем дел од своето време, го од- враќаат неговото внимание од учење, тие не му помагаат да се под готви

за практична, сериозна работа во животот. Нивното влијание не ја развива ускладеноста, широкоградоста или вистинската мажественост. {АД 500.2}

Некои од најомилените забави, како што се американскиот фудбал и бокс, станале училиште на суровоста. Тие игри ги развиваат истите особини како и игрите во стариот Рим. Желбата за истакнување, уживање во груба сила, безобѕирно презирање на животот, страшно разорно влијае на младите. {АД 500.3}

Другите атлетски игри, иако не наведуваат на толку голема суровост, заслужуваат речиси исти забелешки поради претераноста до која се доведени. Тие ја поттикнуваат љубовта кон уживање и возбудување, развивајќи одвратност кон полезната работа и склоноста кон избегнување на практични должности и одговорности. Тие тежнеат да ја уништат склоноста кон трезвените реалности на животот и неговите смирени задоволства. Така се отвора вратата на лесномисленоста и разузданоста со нивните страшни последици. {АД 500.4}

**Кога животот би бил помалку сложен.** – Во старите времиња, за луѓето кои биле под Божје водство, животот бил едноставен. Тие живееле тесно поврзани со природата. Нивните деца учествувале во работата на родителите и ги проучувале убавините и тајните на ризницата на природата. Во тишината на полињата и шумите размислувале за оние величествени вистини кои како свет залог се предавале од генерација на генерација. Таквото воспитување создавало силни луѓе. {АД 501.1}

Во нашето време, животот станал извештачен, а луѓето се дегенерирале. Иако можеби не можеме потполно да се вратиме на едноставните навики од тие стари времиња, можеме од нив да из влечеме поуки кои нашите моменти на рекреација ќе ги направат она што значи нејзиното име - моменти на вистинско изградување на телото, умот и на душата. {АД 501.2}

**Семејни излети.** – Повеќе семејства кои живеат во градот или во населби, нека ги остават своите работи кои телесно и умствено ги окупирале и нека одат во природа на брег, на некое езеро или во шума, каде што е убава природата. Нека понесат едноставна, здрава храна, најдобро овошје и житарици и во сенката на некое дрво или под небесниот шатор нека постават маса. Возењето, движењето и природата ќе го зајакне апетитот и тие ќе можат да уживаат во гозбата на која и царевите можат да им позавидат. {АД 501.3}

Во такви ситуации и родителите и децата треба да бидат слободни од грижи, работа и товар. Родителите треба да станат деца со своите деца, правејќи сè што можат за да ги израдуваат. Цел ден нека биде посветен на одмор. За оние кои работат во затворени простории или седејќи, движењето на чист воздух ќе биде корисно за здравјето. Секој кој може треба да го смета овој совет за должност. Ништо нема да се изгуби, но многу ќе се добие. Тие можат да се вратат на своите обврски со нов живот и нова храброст и ревно да се посветат на својата работа; таквите ќе бидат подготвени да и се спротивстават на болеста. {АД 502.1}

**Да се најде среќа во убавината на природата.** – Не мислете дека Бог сака да се откажеме од сето она што придонесува за нашата среќа. Тој бара да се откажеме само од она што не е за наше добро и среќа. {АД 502.2}

Бог кој ги насадил благородните дрвја и обилно ги облекол со лисја, кој ни ги дал живите и убави бои на цвеќињата и чие складно и убаво дело може да се види во целата

природа, не сака да нè на прави несреќни; Тој нас не нè создал без вкус и смисла да уживаме во ова. Негова цел е да уживаме но нив. Негова цел е да бидеме среќни во природата која Тој ја создал. {АД 502.3}

**Полезни друштвени состаноци.** – Друштвените состаноци се од најголема корист кога во срцата на оние кои се состануваат гори Божјата љубов, кога се сретнуваат за да разменат мисли за Божјата реч или да го разгледаат начинот за унапредување на Неговото дело и да прават добро на своите ближни. Кога на овие состаноци Светиот Дух е посакуван гостин, Бог се слави, а оние кои се состанале, стануваат освежени и зајакнати. {АД 502.4}

Своите состаноци треба да ги водиме и на нив да се однесуваме така што кога ќе се вратиме дома, совеста ќе ни биде мирна и пред Бога и пред луѓето, затоа што не сме повредиле никого од оние со кои сме се дружеле, ниту на нив сме влијаеле погубно. {АД 503.1}

**Исус и сакал сликите на среќа.** – Исус го укорувал секое попуштање на себе си. Според својата природа бил друштвен. Го прифатил гостопримството на сите општествени слоеви, посетувајќи ги домовите и на богатите и на сиромашните, на учените и на неуките, настојувајќи да ги подигне нивните мисли од животното секојдневие на она што е духовно и вечно. Тој не ја одобрувал разузданоста, во Неговото однесување немало световна лесномисленост, но наоѓал задоволство во сликите на наивната среќа, а со Своето присуство се посветил на овој друштвен собир. Еврејската свадба била значајно случување и нејзината радост не била не- пријатна за Синот човечки... За Исус радоста на свадбената свеченост укажувала на радоста на оној ден кога Тој ќе ја доведе Својата невеста во Татковиот дом и кога спасените ќе седнат со Спасителот на вечерата на свадбата на Јагнето. {АД 503.2}

**Неговиот пример во говорот и однесувањето.** – Кога во текот на Својата работа бил повикан на ручек или гозба кај фарисеите или цариниците, Тој го прифаќал повикот... Во таквите прилики Христос управувал со разговорот на масата и дал многу скапоцени по уки. Присутните Го слушале, затоа што Тој не само што ги лекувал нивните болни, ги тешел нивните таги, ги земал во прегратки нивните деца и ги благословувал. Цариниците и грешниците ги привлекувал кон себе, и кога би ја отворил устата, тие Му го подарувале своето внимание. {АД 503.3}

Христос ги поучил Своите ученици како да се однесуваат во друштво на оние кои не биле религиозни и на оние кои тоа биле. Со свој пример им покажал дека кога присуствуваат на јавен собир не мора да настојуваат да кажат нешто. Неговиот начин на говор целосно се разликувал од она што можело да се слушне на такви свечености во минатото. Секој негов збор упатен кон слушателите бил животен мирис за живот, а тие напрегнато слушале со желба да го чујат Неговиот совет. {АД 504.1}

**Елена Вајт и друштвените состаноци.** – По моето долго патување на исток стигнав дома за да ја поминам новогодишната вечер во Хилдсбург. Училишниот двор беше подготвен за саботното училиште. Венци од чемпреси, есенски лисја, зимзелени гранки и цвеќе беа наместени со вкус, а над влезната врата висеше огромно ѕвоно од зимзелени гранки. Дрвото беше преполно со дарови наменети за сиромасите и за

купување на sвона... Во таа прилика ништо не беше кажано или направено што би можело да оптовари нечија совест. {АД 504.2}

Некои ми рекоа: „Сестро Вајт, што мислиш за тоа? Дали тоа е во склад со нашата вера?“ Јас им одговорив: „Тоа е во склад со мојата вера!“ {АД 504.3}

**Доведете ги младите кај Исус.** – Бог сака секој дом и секоја месна црква да ги одвојат децата од лажливите световни задоволства и од друштвото на оние чие влијание би ги расипало. Размислувајте како да ги придобиете младите за Исус. {АД 504.4}

## Осумдесет и прво поглавје

## ОДМОР КОЈ НУДИ ТРАЈНО ЗАДОВОЛСТВО

**Вежби кои ги развиваат рацете, умот и карактерот.** – Вежбањето кое претставува само игра или движење не ни нуди најголема корист. Престојувањето на чист воздух и вежбањето на мускулите ни донесуваат некаква полза, но ако истата сила се вложи во некоја корисна работа, користа би била поголема и би имале чувство на задоволство. Таквите вежби донесуваат чувство на корисност и одобрување на совеста за добро извршената должност. {АД 506.1}

Да ја разбудиме желбата кај децата и младите да го претворат своето вежбање во благослов за себе и полза за другите. Вежбите кои го развиваат умот и карактерот, кои ги запослуваат рацете да бидат корисни и ги подготвуваат младите да го носат својот дел од животниот товар се вежби кои даваат физичка сила и ја оживуваат секоја способност. {АД 506.2}

Рекреацијата која е корисна само за нив, нема на децата и на младите никогаш да им донесе толку благослови како рекреацијата која помага да бидат корисни на другите. По природа склони кон воодушевување и подложни на влијание, младите брзо ги прифаќаат предлозите. {АД 506.3}

**Исусовиот пример од младоста.** – Исусовиот живот бил исполнет со работа и Тој се движел извршувајќи различни работи во склад со развојот на Својата физичка сила. Извршувајќи ја работата што Му била доделена, Тој немал време за уживање во возбудливи, некорисни забави. Тој не учествувал во она што можело да го отруе моралот и да ја намали физичката сила туку се вежбал во корисна работа и се подготвувал да ги издржи тешкотиите. {АД 506.4}

Со Својот земен живот Исус оставил пример за сите луѓе; бил подготвен да помогне во домот. Тој научил дрводелски занает и работел со Свои раце во малата работилница во Назарет... {АД 507.1}

Библијата сведочи за Исус: „А детето растеше и јакнеше во духот, и се полнеше со премудрост, и Божјата благодат беше на Него”. Работејќи во детството и младоста, Тој го развил духот и телото. Тој не ја трошел неразумно Својата физичка сила туку ја зајакнувал за да го сочува здравјето, за да може сè да направи најдобро. Тој не сакал да биде невнимателен ниту во ракување со алатот. Бил совршен како работник, како што бил совршен и во карактерот. Со зборови и пример Христос ја подигал секоја полезна работа. {АД 507.2}

**Освежување со разновидна работа.** – Младите треба да имаат на ум дека се одговорни за сите предности кои ги уживаат, за корисната употреба на своето време и за правилната употреба на своите способности. Тие можат да постават прашање: Зар не можеме да имаме забава или разонода? Зар само ќе работиме, работиме, работиме без никакви промени? {АД 507.3}

Промената која одвојува од физичката работа, која сериозно ја оптоварила силата, повремено е неопходна за да можеме повторно да се посветиме на работата, трудејќи се да постигнеме поголеми успеси. За обнова на физичката сила не е потребно целосно мирување. Дури и тогаш кога ќе се заморат со еден вид на работа, тие не треба да ги трошат своите скапоцени моменти. Тие можат да побараат некоја друга работа која не е толку напорна, но која ќе биде благослов за нивната мајка и сестри. Со олеснување на нивните товари, земајќи ги на себе најтешките товари, тие можат да најдат разонода која произлегува од начелата, кои ќе им пружат вистинска среќа, а своето време нема да го поминат во бесполезно или себично попуштање. Тие секогаш можат корисно да го употребат своето време и секогаш да се освежат со преоѓање на друга работа, а времето да го користат така што секој момент ќе му по служи некому за добро. {АД 507.4}

Многумина тврдат дека за зачувување на физичкото здравје потребно е да учествуваат во себични забави. Вистина е дека за најдобриот развој на телото е потребна промена, затоа што со промена умот и телото се освежуваат и крепат; таа цел не се постигнува со учествување во неразумни забави, на штета на извршувањето на домашните должности кои треба младите да ги извршуваат. {АД 508.1}

**Програма за студентите која Бог ја благословува.** – Должни сме да ги воспитуваме младите подеднакво да ги употребуваат умствените и физички сили. Здравото вежбање на целиот организам му дава најширок воспитување. {АД 508.2}

Во воспитувањето на родителите и на младите имавме тешка работа, но со своите напори издржавме, додека не се научи поуката дека за целосно образование, времето на учење мора да се подели меѓу стекнување на теоретско знаење и добивање на знаење од практична работа. {АД 508.3}

Секој ден одредено време беше посветено на корисна работа, учениците учеа како да ја обработуваат земјата и како да градат куќи во време кое инаку би го поминувале во игри и барање на забави. {АД 508.4}

И Господ ги благословил учениците кои на овој начин го посветиле своето време за добивање поуки за полезност. За развој на здравјето Бог предвидел полезна работа, а Тој ќе ги оспособи учениците да си помогнат и на себе и на другите. {АД 509.1}

Наместо да си обезбедиме време за одмор кое служи само за забава, да направиме подготовки за занимавање со она кое ќе ни донесе само добро. {АД 509.2}

**Евангелската работа – идеална работа.** – Во нашиот свет има многу работи кои се потребни и корисни и кои разонодата и заба вата ја прават скоро непотребна. Мозокот, коските и мускулите ќе станат поцврсти и посилни кога се користат со одредена цел, кога се користат за сериозно, длабоко размислување и создавање на планови кои ќе ги оспособат да ги развијат силите на умот и силата на физичките органи, кои практично ќе ги применат своите од Бога дадени способности кои можат да го прослават Бога. {АД 509.3}

Наша должност е секогаш да правиме добро, користејќи ги мускулите и разумот кои Бог ги дал на младите, за да бидат полезни за другите, олеснувајќи ја нивната работа, тешејќи ги тажните, подигајќи ги обесхрабрените, упатувајќи им зборови на утеха на оние кои се без надеж, одвраќајќи ги мислите на учениците од шегите и исмејувањата со што често го срамотат своето достоинство. Господ сака умот да се подигне во барање на повозвишени и по благородни патишта на полезност. {АД 509.4}

Истата моќ на умот и мускулите може да пронајде можност за повозвишена работа, за извршување на евангелска работа, која ќе ги направи Божји соработници и ќе ги подготви да бидат корисни во овој живот, со извршување на полезна работа која е најважна гранка во воспитувањето.. {АД 509.5}

Не е ли тоа дело по кое треба да тежнее секој млад човек работејќи за Христа? Христовата помош ви е на располагање. Идеите на ученикот ќе се продлабочат. Тие ќе бидат далеку достижни и нивната корисност дури и во вашиот ученички живот постојано ќе расте. Рацете кои Бог ви ги дал треба да се употребат за да прават добро кое ќе го понесе небесниот печат, за на крајот да можете да слушнете: „Добро е, Мој добар и верен слуго“. {АД 510.1}

**Совет за инвалиди.** – Добив упатство да кажам, дека кога болните, поттикнати да ги напуштат своите соби и одредено време да поминат на чист воздух, негувајќи цвеќиња или извршувајќи некоја друга лесна, пријатна работа, тие нема да се окупирани со себе, туку со она што дава повеќе здравје. Работата на чист воздух треба да се препорача како полезна животворна потреба. {АД 510.2}

Можеме само да се радуваме додека ја слушаме музиката на среќните птици и да ги одмараме очите на бујните ниви и градини. Да ги насочиме своите мисли на сите величествени дела, кои Бог великодушно ни ги дал. Размислувајќи за овие богати дарови, за Неговата љубов и грижа, ќе ја заборавиме слабоста, ќе станеме радосни, а од нашите срца ќе потече песна за Господа. {АД 510.3}

Со години одвреме навреме, ми беше покажувано дека болните треба да се поучат дека е погрешно да се прекине со секоја физичка работа за да се поврати здравјето. На тој начин волјата се успива, крвта побавно тече низ организмот и потоа е сè понечиста. Кога болниот ќе се најде во опасност да го смета својот случај потежок отколку што е, неработењето сигурно ќе предизвика најтешки последици. Добро испланираната работа го убедува инвалидот дека не е целосно неполезен во овој свет туку дека и од него има полза. Тоа ќе му пружи задоволство, ќе му даде храброст, ќе му влее сила, која себичната умствена забава никогаш нема да му ја даде. {АД 510.4}

**Вистинско задоволство.** – Бог секому му овозможил задоволство во кое можат подеднакво да уживаат и богатиот и сиромашниот - задоволство кое се наоѓа во негување на чистите мисли и несебичните постапки, задоволство кое произлегува од добрите дела и охрабрувачките зборови со кои сме ги охрабриле другите. Оние кои прават така, со Христовата светлина ги осветлуваат оние чиј живот е затемнет со многу други неволји. {АД 511.1}

## ЗА КАКОВ ОДМОР СЕ ОПРЕДЕЛУВА ХРИСТИЈАНИНОТ?

**Христијанинот и световната забава.** – Постои разлика помеѓу рекреација и забава. Рекреацијата, кога е навистина она што нејзиното име значи, (ре-креација) зајакнува и изградува. Одвојувајќи нè од нашите секојдневни грижи и работи, таа му пружа освежување на умот и на телото и така нè оспособува со нова сила да се вратиме на сериозната животна работа. {АД 512.1}

Од друга страна, забавата се бара поради уживање и во неа често се претерува; таа ја троши силата за полезна работа и така станува пречка за вистинскиот успех во животот. {АД 512.2}

Постои остра разлика помеѓу дружење со Христовите следбеници заради христијанска рекреација и световни собири на кои се бараат телесни уживања и забави. Наместо молитви и спомнување на Христа и она што е свето, од устата на световните луѓе ќе се слушне бесмислено смеење и празни зборови. Тие сакаат добро да се забавуваат. Нивните забави започнуваат во бесмисленост и завршуваат во себичност. {АД 512.3}

Умереноста мора да се покаже во забавите како и во сè друго. Внимателно и темелно треба да се разгледа карактерот на овие забави. Секој од младите треба да се запраша: Како овие забави ќе влијаат на физичкото, умствено и морално здравје? Дали мојот разум ќе биде толку заслепен што ќе го заборави Бога? Дали ќе престанам да ја гледам Неговата слава? {АД 512.4}

**Како да ги препознаеме вистинските задоволства.** – Да не го заборавиме фактот дека Исус е извор на радоста. Тој не се радува на бедата на човечките суштества туку сака да се среќни. {АД 513.1}

Христијаните располагаат со многу извори на среќа и со непогрешлива точност можат да кажат кои задоволства се исправни. Тие можат да уживаат во разноди кои нема да го оптоваруваат умот или да ја расипат душата, кои нема да ја разочараат и да остават жалосна трага на влијанија кои го разоруваат самопочитувањето и го затвораат патот кон полезноста. Ако со себе можат да го понесат Исуса и да го сочуваат духот на молитвата, тие се целосно сигурни. {АД 513.2}

Секоја разонода во која со вера можете да побарате Божји благослов не е опасна. Но секоја забава која ќе ве онеспособи за молитва на семејното богослужение или за учествување на молитвени богослужби не е сигурна, туку опасна. {АД 513.3}

**Забави кои онеспособуваат за секојдневните должности.** – Ние припаѓаме на оние луѓе кои веруваат дека нивната предност е што секој ден на оваа Земја живеат за слава на Бога; на овој свет не треба да живееме само заради забава, само за да си угодуваме себеси. Ние сме тука за да бидеме од корист за човештвото и на благослов на општеството. Ако дозволиме нашите мисли да се занимаваат со она со што се занимаваат многу кои се себични и бесмислени, како можеме да бидеме полезни за својот народ и своето поколение? Како можеме да бидеме на благослов на друштвото кое нè опкружува? Не можеме наивно да учествуваме на ниту една разонода која би нè онеспособила поверно да ги извршуваме обичните должности. {АД 513.4}

Треба да се избегнува секоја разонода која толку го преокупира умот, што секојдневните животни должности изгледаат здодевни и непривлечни. Впуштајќи се во такво уживање, умот се насочува во погрешен правец, а сатаната така ги искривува мислите, што злото изгледа како добро. Тогаш воздржаноста и послушноста кон родителите, каква што Христос покажал кон своите родители, изгледа неподнослива. {АД 513.5}

**Недолични собири.** – Има многу нешта кои сами по себе се добри, но кои изопачени од сатаната, стануваат стапица за невнимателните. {АД 514.1}

Забавните седенки се пречка за вистинско растење, и за умот и за карактерот. Така се формираат лесноумни друштва, се создаваат екстравагантни навики, трки за уживање и многу често расипништво што го фрла целиот живот во бездна на злото. Родителите и учителите можат многу да направат таквите забави да се заменат со здрава и животодавна разонода. {АД 514.2}

Во местото - имаше друштвени состаноци, забавни седенки кои беа срам за нашата установа и црква. Тие поттикнуваат расфрлање со облека, злоба во однесувањето, самозадоволство, разузданост и бесмислени шеги. Тука сатаната е почесен гостин и тој владее со оние кои ги забрануваат таквите собири. {АД 514.3}

Ми беше прикажан еден таков собир кој ги собрал оние кои тврделе дека и веруваат на вистината. Некој седел покрај музичкиот инструмент и се слушале песни, кои присутните ангели ги на терало да заплачат. Имало веселба, имало грубо смеење, и имало претерано одушевување и некаков вид на занес; тоа била радост која само сатаната можел да ја создаде. Сите кои го сакаат Бога ќе се срамат од таквото воодушевување и занесеност. Тоа ги наведува учесниците на несвети мисли и постапки. Имам причина да верувам дека некои кои учествувале во оваа сцена, искрено се каат за срамното дело. {АД 514.4}

Ми беа прикажани многу такви собири. Видов веселост, расфрлање со облека, лично украсување. Секој сакал да сјае повеќе, и затоа се препуштале на разузданост, глупави пораки, евтини и бесмислени ласкања и громогласно смеење. Очите им светкале, образите им се руменеле, но совеста спиела. Јадејќи, пиејќи и веселејќи се, направиле сè за да го забораваат Бога. Сликите од таквата разузданост го прават нивниот рај. А небото сè гледа, за бележува и слуша. {АД 515.1}

Собирањата поради забава ја затемнуваат верата и ги мешаат чувствата правејќи ги несигурни. Господ не прима ниту едно поделено срце. Тој сака целосен човек. {АД 515.2}

**Неколку популарни разоноди кои се опасни.** – Многу забави кои денес се омилени во светот, дури и меѓу оние кои тврдат дека се христијани, се многу слични на задоволствата на многубошците. Има малку такви кои сатаната не би можел да ги искористи и да им ги упропасти душите. Низ драма тој со векови ги возбудувал страстите и ги издигнувал пороците. Сатаната ја користи операта со нејзиниот волшебен раскош и со збунувачка музика, маскенбал, играње и коцкарски маси за да ги сруши оградите на начелата и да ја отвори вратата на телесното попуштање. На секој собир поради забава, каде злобата се подига или му се попушта на апетитот, каде што човекот се наведува да го заборави Бога и да ги изгуби од вид вечните интереси, сатаната ја врзува душата со своите ланци. {АД 515.3}

Вистинскиот христијанин нема да посака да влезе на ниту едно место на забава, ниту да се впушти во ниедна разонода за која не може да побара Божји благослов. Него нема

да го најдеме во театар, во салите за билјард или куглање. Тој нема да учествува во разуздани валцери, или во било кое друго занесно задоволство, кое го истерува Христа од умот. {АД 515.4}

Ние им велиме на оние кои бараат такви разноди: во нив не можете да учествувате во името на Исус од Назарет. Бог не го благословува часот поминат во театар или на танцување. Нема христијанин кој би сакал да умре на такво место. Никој не би сакал Христос таму да го затекне кога ќе дојде. {АД 516.1}

**Жариште на неморалот.** – Најопасното место за уживање е театарот. Наместо да биде училиште на моралот и вредностите, како што тоа често се тврди, тоа е жариште на неморалот. Со вакви разноди се раѓаат и се потврдуваат пороците и грешките на склоностите. Лесни песни, разуздани движења, изрази и однесувања ја расипуваат фантазијата и го намалуваат моралот. Секоја млада душа која по навика присуствува на такви сцени ги расипува своите начела. Во нашата земја нема влијанија кои посилно би можеле да ја отрујат фантазијата, да ги уништат верските впечатоци и да ја затапат желбата за смирени задоволства и трезвена реалност на животот од театарските забави. Љубовта кон овие сцени се зајакнува со секое попуштање, како што со употреба се зајакнува желбата за опојни пијалаци. Единствен сигурен пат е да го избегнуваме театарот, циркусот и секое сомнително место за забава. {АД 516.2}

**Училиште на изопаченоста.** – Во многу христијански семејства танцувањето и играњето карти се омилена разонода. Се вели дека тоа се наивни семејни забави во кои под родителски надзор може мирно да се ужива. Меѓутоа, така се создава љубовта кон овие возбудливи задоволства и она што во домот се сметало за наивно, нема надвор од него да се смета за опасно. Може ли нешто добро да произлезе од тие забави? Тие не го зајакнуваат телото ниту го одмараат умот. Тие во душата не всадуваат ниту едно чесно или свето чувство. Напротив, тие ја уништуваат секоја желба за сериозно размислување и верска служба. Навистина, постои голема разлика помеѓу забава со одбрано друштво и случајни, понижувачки собири во салите за игра. Но сепак тоа се сè чекори на патот кон разуздаността. {АД 516.3}

**Давидовата игра не е пример.** – Љубителите на уживањето во желбата да ја оправдаат помодарската желба за игра ја наведуваат Давидовата игра во света радост пред Бога, но таквиот доказ нема темели. Во наше време играњето е поврзано со безумие и полноќни оргии. Здравјето и моралот се жртвуваат на задоволството. За посетителите на салите за играње, Бог не е предмет на размислување и почитување; на нивните собири за молитва или песни за пофалба нема место. Тоа треба да биде одлучувачки испит. Христијаните не треба да бараат забави кои ја слабеат љубовта кон она што е свето и ја намалуваат нашата радост во служба за Бога. Музиката и играта во радосна пофалба кон Бога при преселувањето на ковче гот во ништо не потсетуваат на разуздаността на модерните игри. Овој случај е пример на свето сеќавање на Бога и возвишување на Неговото свето име. Во друг случај е средство со кое сатаната ги наведува луѓето да го забораваат Бог и да Го срамотат. {АД 517.1}

**Играње карти.** – Треба да се забрани играњето карти. Самата мисла и склоноста се опасни. Кнезот на силата на темнината престојува во салите за играње карти и на секое друго место на кое се играат карти. Злите ангели се редовни гости на таквите места. Во

тие игри нема ништо добро и корисно за телото и душата. Ништо што го зајакнува умот, ништо што би дало полезни мисли за иднината. Тука се водат ништожни и понижувачки разговори... Вештината во ракувањето со карти наскоро ќе создаде желба ова знаење и способност да се употребат за некоја лична корист. Најпрво се игра за мали суми, потоа за поголеми, додека не се создаде жед за коцкање, која води во сигурна пропаст. Колку ова погубно уживање одвело во секоја грешна постапка, во сиромаштија, во затвор, во убиства и на бесилки! Но, сепак, многу родители не ја гледаат ужасната бездна на пропаст која ги чека нашите млади. {АД 517.2}

**Страв да не бидеме необични.** – Таканаречените - христијани кои се површни во карактерот и во верското искуство често се во рацете не искушувачите како мамка за другите. Овој вид на христијани секогаш е готов да се собере за разонода или спорт и нивното влијание ги привлекува другите. Тие ги убедуваат младите мажи и жени, кои се обиделе да бидат библиски христијани да се приклучат на вакви седенки и така ги вовлекуваат во својот круг. Тие претходно не размислувале со молитва за божествените на чела за да знаат што рекол Христос за плодовите што ги донесува христијанското дрво. Тие не се во состојба да сфатат дека таквите забави всушност се сатанска гозба подготвена да ги спречи душите да ја примат поканата за вечера на свадбата на Јагнето и да ги прифатат белите облеки на карактерот кои ја претставуваат Христо вата правда. Таквите стануваат збунети и не знаат што како христијани треба да прават. Тие не сакаат да бидат необични и по природа се склони да го следат примерот на другите. Така потпаѓаат под влијание на оние кои никогаш, во срцето или во умот, не го по чувствувале божествениот допир. {АД 518.1}

**Чувај се од првиот чекор.** – Можеби не ја гледате вистинската опасност кога го правите првиот чекор кој води во лесномисленост и барање задоволства и мислите дека во моментот кога ќе посакате да го смените својот пат ќе бидете во состојба да го правите она што е добро и дека е толку лесно како пред да му попуштиш на злото. Тоа е заблуда. Со избор на лошо друштво, многумина чекор по чекор се оттргнале од патот на вредности во длабочината на непослушност и разврат, а мислеле на почетокот дека ќе биде не возможно да потонат. {АД 519.1}

**Објавете ги христијанските начела.** – Ако навистина му припаѓате на Христа, ќе имате можност да сведочите за Него. Ќе ве повика да ги посетите местата за забава и тогаш ќе ви се пружи можност да посведочите за својот Господ. Ако сте му верни на Христа, нема да се обидувате да пронаоѓате изговори што не можете да дојдете туку јасно и скромно ќе објавите дека сте Божјо дете и дека вашите начела не ви дозволуваат да бидете на тоа место, ниту еден единствен пат, на кое не можете да го повикате својот Господ. {АД 519.2}

Божја намера е преку Својот народ да ги открие начелата на Своето царство. За да можете да ги откриете овие начела во животот и карактерот, Тој сака да ги одвои од световните обичаи, на вики и постапки... {АД 519.3}

Пред нас се откриваат славните сцени; во ова време животот на Божјиот народ треба да го објави живото сведоштво за да може светот да види дека и во ова време кога злото владее насекаде, постои народ кој се одрекол од својата волја и бара да ја исполнува Божјата волја, народот во чие срце и живот е испишан Божјиот закон. {АД 519.4}

Бог очекува да Го претставаат оние кои го носат Христовото име. Нивните мисли мораат да бидат чисти, нивните зборови благородни и охрабрувачки. Христовата религија мора да биде вткаена во сè што тие прават и велат... Бог сака Неговиот народ со својот живот да му покаже предност на христијанството над световноста, да по каже дека постапува според возвишените, свети начела. {АД 519.5}

## Осумдесет и трето поглавје

## ПРИМАМЛИВОСТА НА УЖИВАЊЕТО

**Телесното срце тежнее кон уживање.** – Телесниот ум е склон кон уживање и кон телесно задоволство. Сатаната има план да ги создаде во изобилие. Тој настојува човечките умови да ги исполни со желба за световни уживања, така што немаат време да се за прашаат: Што ќе биде со мојата душа? Љубовта кон уживањето е заразна. Кога ќе и се препушти, умот е преокупиран час со едно, час со друго, постојано барајќи некаква разонода. {АД 521.1}

Световните уживања заслепуваат; за моментално уживање многумина го жртвуваат пријателството со небото, неговиот мир, љубов и радост. Меѓутоа овие одбрани предмети на уживање набрзо стануваат одвратни, бидејќи не задоволуваат. {АД 521.2}

**Милиони се затекнуваат на местото за разонода.** – Во наше време можеме да ја забележиме големата страст за уживање. Се каде преовладуваат разузданоста и безобзирното расфрлање. Мноштвото тежнее кон разонода. Умот станува невнимателен и се бичен, затоа што не е навикнат на размислување или внимателно проучување. Преовладува празната чувствителност. Бог сака се кое суштество да биде негувано, ускладено, подигнато и облагородено. Меѓутоа, често се запоставува секое вредно остварување по ради помодарското расфрлање и површното задоволство. {АД 521.3}

Возбудливата забава во нашето време ги држи умовите на мажите и на жените, а особено на младите, во грозничаво возбудување, така што тоа ја погодува нивната животност повеќе отколку сето нивно учење и физичка работа и има за цел да го стопира развојот на умот и да го расипе моралот. {АД 521.4}

Струјата на помодарството ги окупира младите. Оние кои ќе научат да ги сакаат разонодите, ќе ја отворат вратата на поплавата од искушенија. Тие се предаваат на веселото друштво и на неразумната радост. Влегуваат во различни облици на разузданост, додека не ја изгубат и желбата и способноста да бидат корисни во животот. Нивните верски тежнеења се умртвени, а нивниот духовен живот замрачен. Сите благородни способности на душата, сè што го поврзува човекот со духовниот свет е изопачено. {АД 522.1}

**Верници помеѓу почитувачите на уживањето.** – Многумина уживаат земајќи удел во световните, обесхрабрувачки забави, кои Бог ги забранува. На тој начин тие ја раскинуваат својата врска со Бога и се вбројуваат во редовите на оние кои ги сакаат световните уживања. Гревовите кои ги уништиле претпотопните жители и градови во рамнината постојат и денес - не само во многубожечките земји, не само меѓу лажните христијани, туку и меѓу некои кои тврдат дека го очекуваат доаѓањето на Синот човечки.

Кога Бог би ви ги открил овие гревови, онака како што Тој ги гледа, вие би се засрамиле и исплашиле. {АД 522.2}

Желбата за возбуда и лажната разонода е искушение и замка за Божјиот народ, особено за младите. Сатаната постојано бара причини со кои ќе го одврати умот од свечените подготовки за сцени кои се непосредно пред нас. Со посредство на световните луѓе, тој одржува возбудлива атмосфера за да може невнимателните да ги наведе да се предадат на световни уживања. Тука се забавите, предавањата и разновидните уживања кои се насочени така што предизвикуваат љубов кон светот; а со оваа врска со светот верата слабее. {АД 522.3}

**Сатаната е способен заводник.** – Младите обично се однесуваат како скапоцените моменти на проба, додека сè уште постои милост, да се голем празник и дека можат да уживаат во постојаното возбудување. Сатаната вложувал посебни напори водејќи ги да бараат среќа во световните уживања и себе си да се оправдуваат прикажувајќи ги наивни, нештетни и дури полезни за здравјето. {АД 523.1}

Тој (сатаната) го покажува тежок патот на светоста, додека патиштата на световното задоволство се посипани со цвеќе. Со лажни и привлечни бои го прикажува светот и неговите задоволства пред очите на младите. Меѓутоа, на земните задоволства наскоро ќе им дојде крај; она што се сеело, мора да се пожнее. {АД 523.2}

Сатаната е во вистинска смисла на зборот измамник, вешт за водник. Тој направил многу префинето исткаени мрежи, кои изгледаат наивно, но се вешто подготвени да ги фатат младите и невнимателните. {АД 523.3}

**Љубовта кон забавите го спречува напредокот.** – Родителите прават грешка што своите деца многу рано ги воведуваат во општеството затоа што се плашат дека децата нема нешто да им знаат ако не присуствуваат на седенки и не се дружат со оние кои сакаат забава. Уште кога децата тргнуваат на училиште, тие им дозволуваат да присуствуваат на седенки и да учествуваат во општествениот живот. Тоа е голема грешка. На овој начин децата го за познаваат злото многу побрзо отколку своите училишни предмети, затоа што така нивниот ум се исполнува со она што е бесполезно, додека страста кон забавата се развива во толкава мера, што повеќе не се способни да ги совладаат и наједноставните образовни предмети. Нивното внимание е поделено помеѓу учењето и љубовта кон забавите. Колку се зголемува љубовта кон забавите, толку се успорува нивниот умствен развој. {АД 523.4}

Како и стариот Израел, љубителите на забавата јадат, пијат и стануваат да играат. Сето тоа е проследено со веселби, пијанчење и возбуда. Во сето ова младите одат по примерот на писателот на книгата од кој учат. Најголемото зло во сето тоа е влијанието кое трајно останува во карактерот. {АД 524.1}

**Рамнодушноста кон последната Божја вест.** – Како што се приближувал крајот на времето на проба, жителите на претпотопниот свет се препуштиле на возбудливи забави и празнувања. Оние кои располагале со влијание и сила, настојувале да го окупираат умот на луѓето со веселба и уживање, за да може свечената вест која им била упатена да остане без дејство. Зар не гледаме дека тоа се повторува и во наше време? Додека Божјите слуги ја објавуваат веста дека е блиску крајот на гревот, светот е окупиран со забави и со барање на задоволство. Постојаното возбудување предизвикува рамнодушност кон Бога и им оневозможува на луѓето да дојдат под

влијание на вистината која единствено може да ги спаси од пропаста која доаѓа. {АД 524.2}

**Почитувачите на саботата ќе бидат искушани и испитани.** – Младите почитувачи на саботата кои потклекнале под влијание на световноста, ќе бидат испитани и искушани. Опасноста на последните денови е веќе пред нас, а пред младите е пробата која многумина не ја очекувале. Таквите ќе дојдат во голема неволја и искреноста на нивната вера ќе биде искушана. Тие тврдат дека го очекуваат доаѓањето на Синот човечки, но некои од нив биле жалостен пример за неверните. Таквите не биле желни да го остават светот туку се соединиле со него, излегувајќи на излет и на други забави, уверувајќи се себе си дека учествуваат во наивни разоноди. Но токму ова ги одвојува од Бога и ги прави деца на овој свет... {АД 524.3}

Бог не ги признава за Свои следбеници љубителите на забавите. Вистинските Исусови следбеници се само оние кои се одрекуваат од себе и живеат живот на трезвеност, понизност и светост. Таквите не можат да уживаат во лесномислени и празни разговори со оној кој го сака светот. {АД 525.1}

**Судбоносно размислување.** – Немојте да верувате дека забавите се неопходни и дека лесно можеме да го запоставиме Светиот дух во моментите на световно задоволство. Бог не дава да се навредува. Секој млад човек, секоја млада жена нека размислат:

„Дали денес сум подготвена да му дојде крајот на мојот живот? Дали моето срце е подготвено и оспособено за делото кое ми го доверил Господ?“ {АД 525.2}

## Осумдесет и четврто поглавје

## ПОУЧЕТЕ ГИ МЛАДИТЕ ЗА ВИСТИНСКАТА РАЗОНОДА

**Нецелосни мерки.** – Христијанските родители им попуштаат на склоноста на своите деца кои го сакаат светот. Тие ја отвораат вратата на разонодите кои некогаш начелно се забранувале. {АД 526.1}

Некои христијански родители премногу попуштале на љубовта кон забавата. Тие ги прифатиле световните мерки, се прилагодиле на општото мислење дека за децата е добро детството и младо стада ги поминат во себични разоноди и неразумно попуштање. На тој начин кај децата и кај младите е создадена наклонетост кон возбудливите забави и тие така навикнале да уживаат во возбудливо расфрлање; тие не ги сакаат трезвените, полезни животни должности. Тие живеат живот кој не е достоен за човечките суштества. Тие не мислат за Бога и за вечните вредности туку летаат како пеперутки. Тие не постапуваат како разумни суштества, кои својот живот можат да го мерат со Божјиот живот и кои се одговорни пред Него за секој момент од своето време. {АД 526.2}

**Мајките треба да пронајдат разонода.** – Наместо да ги оддалечи своите деца од себе, за да не ја вознемируваат со нивната врева и нивните многубројни барања, таа ќе сфати дека најдобро што може да направи е нивниот немирен, активен ум да го смири и заинтересира за некоја забава или лесна работа. Мајката ќе биде богато наградена за

вложените напори и времето кое го поминала за да пронајде разонода за своите деца. {АД 526.3}

Малите деца сакаат друштво. Тие не можат да се заиграат сами; мајката треба да знае, дека во повеќето случаи местото за нејзини- те деца кога се во домот е просторијата во која и самата се наоѓа. Тогаш таа може да ги надгледува и да ја смири секоја расправија која ќе се појави; таа може да ги исправи лошите навики или појавата на себичност или лутина, а нивните мисли да ги насочи во добар правец. Децата обично мислат дека мајката го сака она што тие го сакаат и природно е што ја викаат мајката да ги реши нивните мали несогласувања. Мајката не треба да го рани срцето на своето чувствително дете со својата рамнодушност или со одбивање да се занимава со такви ситници. Она што на мајката ѝ изгледа безначајно, за нив е важно. Упатството или предупредувањето изговорено во вистински момент, ќе има најголема вредност. {АД 527.1}

**Не ги скратувајте нивните разоноди.** – Поради недостаток од време и размислување, многу мајки им ускратуваат на своите деца некоја наивна разонода, додека нејзините неуморни прсти и уморни очи внимателно изработуваат украси, кои во најдобар случај во нивните млади срца само ќе ја поттикне себичноста и претерувањето. Кога ќе пораснат децата, овие поуки донесуваат плод на злоба и морална ништожност. Мајката е загрижена за мааните на своите деца и не сфаќа дека жетвата која ја жнее потекнува од семето кое сама го посеала. {АД 527.2}

Некои мајки не постапуваат исто со своите деца. Понекогаш им дозволуваат на своите деца да го прават она што не е добро, друг пат одбиваат да ја задоволат наивната желба која би го направила детското срце многу среќно. Во ова не се огледуваат на Христа; Тој ги сакал децата; ги сфаќал нивните чувства и имал разбирање за нивните задоволства и нивните тешкотии. {АД 527.3}

**Како сестра Вајт ги воздржувала своите деца.** – Кога децата бараат да се придружат на некое друштво или да учествуваат во некоја разонода кажете им: „Не можам да ве пуштам, деца; седете тука, а јас ќе ви ја откријам причината. Јас го извршувам делото за вечност и за Бога. Бог ве дал на мене и ве доверил јас да се грижам за вас. Јас, деца мои, сум ви наместо Бог; поради тоа морам да ве сочувам како личност која на Божјиот ден ќе даде сметка. Дали сакате името на вашата мајка да биде запишано во небесните книги како оние кои пропуштиле да ја извршат својата должност кон децата, како оние кои му дозволиле на непријателот да влезе и да ја заземе територијата која требало јас да ја заземам? Деца, ќе ви кажам кој пат е прав, а тогаш ако одлучите да се спротивставите на својата мајка и тргнете по патот на злото, вашата мајка ќе биде чиста, а вие ќе страдате за своите гревови”. {АД 528.1}

Вака постапував со своите деца и пред да завршам, тие заплачуваа и велеа: „Моли се за нас!“ Никогаш не одбивав да се молам за нив. Клечев покрај нив и се молев со нив. Потоа одев и му се молев на Бога цела ноќ, додека сонцето не се подигне на небото, за да се скрши моќта на непријателот, а јас да извојувам победа. Иако тоа ме чинеше цела ноќ, јас се чувствував богато наградено кога моите деца ме прегрнуваа и ми велеа: „Ох, мајко, толку сме среќни што не ни дозволи да одиме таму кај што сакавме. Сега гледаме дека би погрешиле”. {АД 528.2}

Родители, ова е начин на вашето постапување. Морате сериозно да се залагате, ако сакате да ги спасите своите деца за Божјото царство. {АД 529.1}

**Проблеми кај поголемите деца.** – Во сегашната состојба на човечкото општество, на родителите не им е лесно да ги контроли раат своите деца и да ги поучат во склад со библиските начела на правдата. Децата често стануваат нетрпеливи и сакаат да биде по нивна волја кога им се поставуваат граници, сакаат да одат и да доаѓаат кога сакаат. Особено оние помеѓу десет и осумнаесет го дини сметаат дека не е опасно да се присуствува на световни со бири на младите пријатели. Но искусниот христијански родител може да ја види опасноста. Тој ја познава вистинската природа на своите деца и го познава влијанието на сето тоа на нивниот ум. Бидејќи го сака нивното спасение, треба да ги одвои од овие возбудливи забави. {АД 529.2}

**По обраќањето.** – Кога децата самите ќе одлучат да ги напуштат световните задоволства и да станат Христови ученици, колку тежок товар се симнува од срцето на загрижените, верни родители! Но, ниту тогаш родителите не треба да престанат со работа. Овие млади само што започнале да водат сериозна борба против гревот и злото на телесното срце и затоа посебно им е потребен со вет и грижа од нивните родители. {АД 529.3}

**Како да се сочуваат децата од световноста.** – Колку многу родители се жалат што не можат да ги задржат своите деца во домот, затоа што тие немаат љубов за домот! Тие многу рано тежнеат за друштво на други луѓе и штом станат постари, се одвојуваат од она што им изгледа како ропство и неразумно ограничување, и повеќе не се грижат за мајчините молитви или татковите совети. Внимателното проучување покажало дека гревот е пред вратата на родителите. Тие не го направиле домот она што би требало да биде - привлечен, удобен, полн со љубезни зборови, благи погледи и искрена љубов. {АД 529.4}

Тајната на спасението на вашите деца лежи во тоа да го направите својот дом пријатен и привлечен. Попустливоста на Родителите нема да ги врзе децата за Бога или за домот; но постојаното духовно влијание кое правилно го воспитува умот, ќе спаси многу деца од пропаст. {АД 530.1}

Должност на родителите е да бдеат над излегувањата и доаѓањата на своите деца. Тие би требало да ги охрабрат и да ги при влечат со она што ќе ги задржи во домот и ќе им помогне да сфатат дека родителите се заинтересирани за нив. Својот дом треба да го направат удобен и радосен. {АД 530.12

# Осумнаесетти дел
# ЌЕ ЈА ПРИМИШ СВОЈАТА НАГРАДА

Осумдесет и петто поглавје

## НАГРАДА И НА ЗЕМЈАТА И НА НЕБОТО

**Богата награда ги очекува верните родители.** – Ако родителите добро ги воспитаат своите деца, тие и самите ќе бидат среќни кога ќе го видат плодот на својот труд во христијанскиот карактер на своите деца. Тие ќе ја исполнат највозвишената служба за Бога ако на светот му ги предадат среќните и добро изградени семејства, кои не само што се плашат од Господа туку и Го почитуваат и Го прославуваат со своето влијание на другите семејства; тие ќе при мат награда. {АД 533.1}

Христијански родители, ваша должност е да управувате со чекорите на вашите деца и со нивниот духовен живот. Ако навистина го сакаат Бога, децата ќе ве благословуваат и почитуваат за грижата која сте им ја укажале и за вашата верност во скротувањето на нивните желби и потчинување на нивната волја. {АД 533.2}

Наградата ги чека оние кои рано го сеат семето на вистината во срцето и го негуваат. {АД 533.3}

Родителите треба да работат, имајќи ја на ум идната жетва. Тие треба сериозно да се молат, додека со солзи сеат и покрај многуте обесхрабрувања. Можеби ја гледаат само доцната и слаба жетва, но тоа не треба да ги спречи да сеат. Нека сеат покрај секоја вода, користејќи ја секоја можност да станат подобри и покорисни за своите деца. Таквото сеење нема да биде напразно. Во времето на жетва многу родители ќе се враќаат со радост, носејќи ги своите снопови. {АД 533.4}

Облагородете го умот на своите деца и морално подигнете ги. Зацврстете ги нивните млади умови со цврсти и чисти начела. И додека имате можност, поставете темел на благородната темелна човечност. Вашиот труд ќе биде повеќекратно награден. {АД 534.1}

**Спасени деца – награда за родителите.** – Во Божјата реч наоѓаме прекрасен опис на среќен дом и на жени кои управуваат со него. „Нејзините синови се креваат и ја благословуваат; мажот нејзин исто така ја фали". Може ли господарката на домот да по сака поголема пофалба од оваа? {АД 534.2}

Ако таа (вистинската сопруга и мајка) бара од Бога сила и утеха и во Негова мудрост и страв настојува да ги изврши своите секојдневни должности, таа ќе го врзе својот маж за своето срце и ќе види како нејзините деца стануваат чесни мажи и жени, кои имаат морална сила да го следат примерот на својата мајка. {АД 534.3}

Секое правилно воспитувано дете, чија внатрешност е украсена со кроток и мирен дух е подготвено да свети во Господовите дворови, ќе биде голем поттик за вредната и оптоварена мајка. {АД 534.4}

**Радоста на небото почнува во домот.** – Оддалеченоста помеѓу небото и земјата не е денес поголема отколку во времето кога пастирите ја слушале ангелската песна. Небото и денес се грижи за човештвото со исто толку љубов како и тогаш кога луѓето од

понизок род, пастири, ги среќавале ангелите среде ноќ и разговарале со небесните гласници, одејќи по полињата и лозјата. Небото може да ни биде многу блиску додека одиме по патеките на своето секојдневие. Ангелите од небесните дворови ќе ги следат чекорите на оние кои се покоруваат на Божјите заповеди. {АД 534.5}

Животот на Земјата е почеток на животот на небото; воспитувањето на Земјата е запознавање на начелата на небото; животниот повик овде, нè подготвува за животниот повик таму. Она што сме сега во карактерот и во светата служба, однапред јасно ни открива што ќе бидеме. {АД 535.1}

Службата која ја извршуваме со искрено срце има голема плата. „Таткото твој кој гледа тајно, ќе ти плати јавно“. Карактерот се обликува со животот кој го живееме, благодарејќи на Христовата милост. Во душата почнува да се обновува првобитната убавина. Човекот ги прима обележјата на Христовиот карактер и започнува да зрачи со она што е божествено. Лицата на мажите и на жените кои одат и работат со Бога отсјајуваат со небесен мир. Тие се опкружени со небесна атмосфера. За тие души почнало Божјото царство. Тие имаат Христова радост, радост која може да биде на благослов на човештвото. Тие живеат во чест што Учителот ги примал во својата служба; ним им е доверено да го работат Неговото дело во Негово име. {АД 535.2}

**Подготвени за Небото.** – Бог сака да се исполни небесниот план и во секое семејство, во секоја црква и во секоја установа да преовладува небесниот ред и складност. Кога оваа љубов се провлекува во општеството, ние ќе видиме дејствување на благородните на чела во христијанското однесување и љубезност и христијанска љубов кон оние кои се откупени со Христовата крв. Во сите наши семејства, нашите установи и нашите цркви ќе настапи духовна преобразба. Кога ќе настапи таа преобразба, домовите, установите и црквите ќе станат орудие со кое Бог ќе се послужи со небесна светлина да го осветли светот и така, со божествен ред и воспитување, да ги оспособи мажите и жените за небесното друштво. {АД 535.3}

**Награда во последниот голем ден.** – Во својата работа за своите деца фати се за моќната Божја рака. Во молитва довери ги своите деца на Господа. Работи за нив сериозно и неуморно. Бог ќе ги слушне твоите молитви и ќе ги привлече кон себе. И тогаш, во оној последен голем ден, можеш да ги донесеш кај Бога со зборовите: „Еве ме мене и децата кои ми ги даде Господ“. {АД 536.1}

Кога Самоил ќе го прими венецот на слава, тој ќе го подигне пред престолот во чест и радосно ќе признае дека верните поуки на неговата мајка, со Христовата милост, го крунисале со бесмртна слава. {АД 536.2}

Светот нема да го цени делото на мудрите, но кога судот ќе заседава и книгите ќе се отворат, нивното дело ќе се прикаже пред луѓето и ангелите онака како што Бог го гледа. Тогаш ќе се види дека едно дете, кое е верно одгледано, било светлина за светот. Тоа чинело солзи, грижа и непроспиени ноќи, за да може да се следи изградувањето на карактерот на тоа дете, но делото е мудро направено и на родителите Учителот ќе им рече: „Добро“. {АД 536.3}

**Достојни да влезат во дворот на небесниот Цар.** – Младите и децата нека научат за себе да си изберат царско руво, исткаено на небесниот разбој - „свила чиста и бела“ (Откровение 19:8), кое ќе го носат сите свети на Земјата. Ова руво, Христовиот

неизвалкан карактер, бесплатно е понудено на секое човечко создание. Но, сите кои го примаат, ќе го примат и ќе го носат уште тука. {АД 536.4}

Објаснете им на децата да се облекуваат во прекрасното руво на Христовиот карактер кога се занимаваат со непорочни мисли, кои се вдахнати со љубов и кога прават полезни и љубезни дела. Таа облека ќе ги направи убави и омилени овде, а во вечноста ќе им даде право да влезат во палатата на Владетелот. Неговото ветување гласи: {АД 536.5}

„Тие ќе одат со мене во белина, бидејќи се достојни". Откровение 3:4. {АД 537.1}

**Божествено добредојде за спасените.** – Видов голем број на ангели кои од градот носеа славни круни - по една за секој свет, на која било запишано Неговото име. Кога Исус дал знак да се донесат круните, ангелите пристапиле и со Својата десна рака милиот Исус ги ставил круните на главите на светиите. Потоа ангелите донеле харфи, па и нив Исус им ги предал на светите. Ангелите во дачи го дале првиот тон, а тогаш сите гласови се подигнале, слевајќи се во среќна фалбена песна. Секоја рака вешто управувала со харфените жици, создавајќи богата и складна музика. {АД 537.2}

Видов како Исус спасените светии ги повел до градските порти. Тој ја допрел вратата и тие се отвориле на своите сјајни шарки, повикувајќи ги народите кои ја одржале вистината да влезат. Совршената убавина на градот била уживање за очите. Тогаш Исус погледнал во спасените светии; нивното лице отсјајувало со слава; кога ги погледнал со Своите очи полни со љубов рекол со Својот мелодичен глас: „Го гледам трудот на своите души и сум задоволен. Во оваа слава вечно ќе уживате. Дојде крај на вашите таги. Смрт повеќе нема да има, ниту тага, ниту плачење, повеќе нема да има болка". Видов како спасените се поклониле и своите сјајни круни ги ставиле пред Исусовите нозе; а потоа кога Неговата мила рака ги подигнала, тие ги допреле своите златни харфи и го исполниле небото со своја музика и со песни за Јагнето... {АД 537.3}

Јазикот е премногу слаб за да го опише небото. И како глетката сè повеќе се развиваше пред мене, јас останав занемена. Понесена со ненадминлив сјај и слава, го спуштив перото и извикав:

„Ох, каква љубов! Каква чудесна љубов!" Највозвишениот јазик не е во состојба да ја опише славата на небото или неспоредливата длабочина на љубовта на Спасителот. {АД 538.1}

## Осумдесет и шесто поглавје

# ЖИВОТ ВО ЕДЕМСКИОТ ДОМ

**Едем ќе биде обновен.** – Едемската градина долго останала на Земјата по човековото прогонство од неговите патишта. На отпаднатиот човечки род долго му било дозволено да го набљудува домот на невиноста, чиј влез го чувале ангелите. Божествената слава се откривала на вратите на рајот која ја чувале херувимите. Тука Адам и неговите синови доаѓале да се молат на Бога. Тука ги извршувале своите завети на послушност кон Законот, кој о престапиле и поради тоа го напуштиле Едем Кога плимата на беззаконие го преплавила светот и кога човечката злоба го запечатила нивното уништување со потопот, раката која го создала Едем се повлекла од Земјата. Но

при конечното обновување, кога ќе биде воспоставено „ново небо и нова земја“, Едем ќе биде обновен да биде по славен отколку на почетокот. {АД 539.1}

Тогаш сите оние кои ги држеле Божјите заповеди ќе имаат бесмртна сила од дрвото на животот; во текот на бесконечните векови жителите на безгрешните светови, во таа градина на славата, ќе го набљудуваат примерот на совршеното дело на Божјото создавање, недопрено со проклетството на гревот, пример за она што целата земја би станала, ако човекот го исполни славниот план на Создателот. {АД 539.2}

Големиот план на спасение најпосле ќе се исполни и светот ќе се помири со Бога. Сè што било со грев изгубено, ќе биде обновено. Освен човекот, ќе биде спасена и Земјата, која ќе стане вечно живеалиште на послушните. Шест илјади години сатаната се борел Земјата да ја задржи во своја власт. Конечно Божјата првобитна цел на создавање е исполнета. „Но светците на Севишниот ќе го преземат царството и ќе го држат царството за век и векови”. {АД 539.3}

**Наследството на спасените.** – Божјата првобитна намера со создавањето на Земјата ќе се исполни кога таа ќе стане вечно престојувалиште на спасените. „Праведниците ќе ја наследат Земјата и ќе живеат на неа довека“. Пристигнало времето кое светите луѓе желно го очекувале, од оној ден кога првиот пар со огнен меч бил истеран од Едем - време за „своето наследство - ослободената татковина“. Со големиот план на спасението се враќа земјата, која на почетокот му била дадена на човекот како негово царство, кое тој го предал во рацете на сатаната и кое силниот непријател толку цврсто го држел. {АД 540.1}

Сè што изгубил првиот Адам, вториот ќе го обнови. Пророкот рекол: „И ти Стражарнице на стадата, Тврдино на Сионската Ќерка, пак ќе ти се врати тебе поранешната власт“. {АД 540.2}

Бог ја создал Земјата да биде престојувалиште на светите и среќни битија. Овој цел ќе се исполни кога обновена со Божјата сила и ослободена од гревот и страдањето, таа ќе стане вечен дом на спасените. {АД 540.3}

**Адам се враќа во Едемскиот дом.** – По истерувањето од Едем, Адамовиот живот на земјата бил исполнет со тага. Секој овенат лист, секоја принесена жртва, секое несовршенство во природата, која некогаш била толку убава, секоја дамка во човековиот карактер го потсетувала постојано на неговиот грев. Страшна била бол ката на каење кога видел како беззаконието се размножува и кога на своите опомени како одговор добивал само префрлање дека тој го предизвикал гревот. Со трпелива понизност ја поднесувал речиси илјада години, казната за својот престап. Искрено се кael за својот грев и верувал во заслугите на ветениот Спасител и така умрел со надеж за воскресение. Божјиот Син го открил неговиот пад и сега Адам, преку делото на очистување, повторно ја добива својата прва власт. {АД 540.4}

Вон себе од радост, тој го набљудува дрвото кое некогаш му пружало радост - истото дрво од кое берел род во деновите на својата невиност и среќа. Го видел лозјето кое го одгледувале неговите раце, истото цвеќе кое некогаш со љубов го негувал. Неговиот дух ја сфаќа сета реалност на сцената. Тој сфаќа дека ова е навистина обновениот Едем, само сега уште многу поубав отколку кога бил истеран од него. Спасителот го води кон дрвото на животот, одбира прекрасен плод и му нуди да јаде. Тој гледа околу себе и го гледа мноштвото од своето спасено семејство во Божјиот рај. Тогаш ја остава својата сјајна круна пред Исусовите нозе и фрлајќи се на Неговите гради, го прегрнува Откупителот.

Тој ја зема во раце златната харфа и на небесниот свод одекнува победоносната песна: „Достојно, достојно, достојно е Јагнето што е заклано и повторно живее!“ Адамовото семејство ја прифаќа мелодијата и, полагајќи ги своите круни пред нозете на Спасителот, сите се поклонуваат пред Него, оддавајќи Му слава. {АД 541.1}

Ова повторно соединување го набљудуваат ангелите кои плачеле кога Адам паднал и се радувале кога Исус по Своето воскресение, се вознел на небото, отворајќи излез од гробот на сите кои ќе веруваат во Него. Сега тие го гледаат делото на спасение довршено и ги соединуваат своите гласови во песна на благодарност. {АД 541.2}

**Становите подготвени за земните патници.** – Од страв идното наследство да не изгледа премногу материјално, многумина симболично ги претставуваат баш оние вистини кои ни овозможуваат ова наследство да го сметаме за свој дом. Христос ги уверувал Своите ученици дека Тој оди да им подготви станови во Татковата куќа. Оние кои го прифаќаат учењето на Божјите зборови нема да бидат во незнаење кога се во прашање небесните домови... Со човечки јазик е невозможно да се опише наградата наменета за праведниците. Тоа ќе биде возможно само за оние кои ќе ги видат. Ниту еден ограничен разум не е во состојба да ја сфати славата на Божјиот рај. {АД 541.3}

Во Библијата наследството на спасените се нарекува татковина. Таму небесниот Пастир го води Своето стадо на изворите на жива вода. Дрвото на живот го дава својот род секој месец, а лисјата од дрвото служат за здравје на народот. Таму потоците кои вечно жуборат, се бистри како кристал, на чии брегови лелеави дрва ја фрлаат својата сенка на патеките кои Господ ги подготвил за откупените. Таму пространите рамнини продолжуваат во прекрасни ритчиња, а Божјите гори ги подигаат своите возвишени врвови. На оние тивки висорамнини, покрај оние живи потоци, Божјиот народ кој толку долго бил патник и дојденец, ќе го најде својот дом. {АД 542.1}

За земните патници и дојденци подготвени се домови. За праведните се подготвени облеки, со круни за слава и палми за по беда. Во светот кој ќе дојде ќе ни биде објаснето она што било тешко да го разбереме. Пред нас ќе се откријат тајните на милоста. Таму каде што нашиот ограничен разум видел само збрка и неисполнети ветувања, ќе видиме најсовршена и најубава складност. Тогаш ќе разбереме дека бесконечната љубов ги одредила искуствата кои ни се чинеле претешки. Кога ќе ја сфатиме нежната грижа од Оној Кој прави сè да ни оди на добро, ние ќе се радуваме со силна неискажана радост... {АД 542.2}

Ние сме на пат кон домот. Оној кој толку многу нè сакал, што умрел за нас, ни изградил град. Новиот Ерусалим е нашето ме сто за одмор. Во Божјиот град нема да има тага. Никогаш повеќе нема да се слушнат воздишките и тагата ниту јадосување по ради изневерените надежи и невозвратена љубов. Наскоро облеката на јадосување ќе ја замениме со свадбена облека. На скоро ќе бидеме сведоци на крунисувањето на нашиот небесен Цар. Оние чии животи биле сокриени во Христа, кои на оваа Земја воделе добра борба, ќе зрачат со Создателовата слава во Божјото царство. {АД 542.3}

**Предноста на спасените.** – Небото е прекрасно место. Сакам да бидам таму, да го видам својот мил Исус, Кој го дал Својот живот за мене, за да бидам преобразена во Неговото славно обличје. О, колку би сакала да можам да ја опишам славата на светот кој ќе дојде! Јас сум жедна за водата од живите извори, кои се во градот на нашиот Бог. {АД 543.1}

Господ ми дал да ги видам останатите светови. Добив крилја и еден ангел ме водеше од градот до светлото и славно место. Тревата на тоа место беше со живо зелена боја, а птиците црцореа слатка песна. Жителите на тоа место беа со различна висина; беа благородни, величествени и убави. Носеа обличје на Исуса Христа, а нивните лица зрачеа со света радост, изразувајќи ја така слободата и среќата на тоа место. Запрашав еден од нив зошто се по убави од жителите на Земјата. Одговорот гласеше: „Ние живеевме во целосна послушност на Божјите заповеди, не паднавме на не послушност како жителите на Земјата".... го замолив ангелот кој ме водеше да ми дозволи да останам на тоа место. Не можев да ја поднесам мислата дека морам да се вратам во овој темен свет. Ан гелот ми рече: „Мораш да се вратиш и така да останеш верна, ти со 144. 000 свети ќе имаш предност да ги посетуваш сите светови и да ги набљудуваш сите дела на Божјата рака". {АД 543.2}

**Обединети небесните и земните семејства повторно заедно.** – Таму откупените ќе го познаваат Бога. Чистата врска со светите суштества, складниот општествен живот со возвишените ангели и со верните од сите времиња, кои ги испрале своите облеки и ги обелиле во крвта на Јагнето; светата врска, која меѓусебно ги соединува сите „чеда на небесата и на земјата", сето ова придонесува за среќата на откупените. {АД 544.1}

Спасените народи нема да познаваат никаков друг закон освен небесниот закон. Сите ќе бидат среќно обединето семејство, облечени во облеката на прославувањето и благодарноста. Над оваа слика заедно ќе запеат утринските ѕвезди и Божјите синови ќе кликаат од радост, додека Бог и Христос ќе се обединат во објавувањето: „Грев повеќе нема да има ниту смрт повеќе нема да има". {АД 544.2}

Од сцената на небесната радост (при Христовото вознесување) ни се враќа на Земјата одекот на Христовите прекрасни зборови:

„Се враќам кај Таткото свој и кај Таткото ваш, и кај Богот свој и Богот ваш". Небесното и земното семејство се едно. Нашиот Господ се вознел за нас и Тој живее за нас. „Затоа и може секогаш да ги спаси оние кои преку Него доаѓаат кај Бога, кога секогаш живее за да може да се моли за нив". {АД 544.3}

**Иако доцни, ветувањето е сигурно.** – Долго го чекавме враќањето на нашиот Спасител. Но Неговото ветување не е ништо по малку сигурно. Наскоро ќе бидеме во својот ветен дом. Таму Исус ќе нè понесе покрај жива вода која тече од Божјиот престол; Тој ќе ни ги објасни темните моменти низ кои поминал на оваа Земја, за да го усоврши нашиот карактер. Таму со непоматен поглед ќе ги набљудуваме убавините на обновениот Едем. Ќе ги ставиме пред нозете на Откупителот круните кои Тој ги ставил на нашата глава и свирејќи на златни харфи, ќе го исполниме небото со славата на Оној кој седи на престолот. {АД 544.4}

Сето она што е убаво во нашите земни домови нека нè потсетува на кристалната река и зелените полиња, на тенките дрвја и живите извори, на сјајниот град и во бело облечени пејачи, на нашиот небесен дом - тој свет на убавина кој ниту еден уметник не може да го наслика, ниту еден смртен јазик не може да го опише. „Што окото не видело, што увото не чуло и во срцето на човекот не дошло, тоа им го подготвил Бог на оние кои Го љубат". {АД 545.1}

## ОПИС НА НОВАТА ЗЕМЈА

**Прикажување на идната слава.** – Со Исус на чело, ние сите се симнавме од градот на оваа Земја, застанавме на една голема планина, која не можеше да го носи Исус и затоа се раздвои и така на стана голема рамнина. Потоа погледнавме нагоре и видовме го лем град, со дванаесет темели и дванаесет капии, по три на секоја страна, а на секоја капија по еден ангел. Сите извикнавме: „Град, голем град слегува од Бога од небото!“ И градот се спушти на ме стото на кое стоевме. Тогаш почнавме да го набљудуваме она што е надвор од градот. Видов прекрасни куќи кои како да беа напра вени од сребро; тие стоеја на четири столба, кои беа украсени со прекрасни бисери. Тоа требаше да бидат домови на светите. Во секој дом се наоѓаше златна полица. Видов многу свети како влегуваат во куќите, симнувајќи ги своите сјајни круни и ставајќи ги на полица; потоа излегуваа во полето покрај куќата за нешто да работат на земјата - не онака како што ние работиме овде на Земјата - не, не. Околу нивните глави светеше славна светлина и тие постојано Го славеа Бога. {АД 546.1}

Потоа погледнав едно друго поле полно со разновидно цвеќе. Берејќи го тоа цвеќе, извикнав: „Тоа нема никогаш да овене!“ По тоа видов ливада со висока трева, која имаше прекрасен изглед, тревата беше зелена и изгледаше како од сребро и злато, додека гордо се нишаше во славата на Царот Исус. Потоа влеговме во едно поле, кое беше полно со разни животни - лав, јагне, леопард и волк, сите во совршена заедница. Поминавме покрај нив, а тие мирно нè следеа. {АД 546.2}

Потоа влеговме во една шума, која не беше темна како шумата на оваа Земја, не, не; беше целата во прекрасна светлина; гранките на дрвјата се нишаа натаму наваму, а ние сите извикавме: „Ќе престојуваме безбедно во пустина и ќе спиеме во шума”. {АД 547.1}

**Учење кое продолжува.** – Дали мислите дека таму ништо нема да учиме? Не можеме ниту да го насетиме она што ќе ни се открие. Со Христа ќе шетаме покрај жива вода. Тој ќе ни ја открие убавината и славата на природата. Тој ќе ни го открие што претставува Тој за нас и ние за Него. Тогаш ние ќе ја дознаеме вистината, која денес поради својата ограниченост не можеме да ја сфатиме. {АД 547.2}

Христијанското семејство треба да биде воспитна установа од кое децата по испитот можат да преминат во повисокото училиште во Божјите станови. {АД 547.3}

Помеѓу училиштата воспоставени во почетокот во Едем и училиштата во вечноста се протега историјата на овој свет-историја на човечките престапи и страдања, божествени жртви и победата над гревот и смртта. {АД 547.4}

Кога ќе биде вратен во Божја близина, Бог повторно ќе го поучува човекот како на почетокот: „Затоа Мојот народ ќе го познае името Мое, затоа ќе познае во оној ден дека сум Јас тој што зборува: еве Ме”. {АД 547.5}

Какво ли подрачје на истражување ќе се отвори тогаш за нас кога ќе биде отстранет превезот кој сега го затемнува нашиот видик, кога нашите очи ќе го здогледаат светот на убавината кој сега набрзина го гледаме микроскопски; кога ќе ја гледаме славата на небесата која сега од далеку ја гледаме со телескоп; - кога ќе биде отстрането злобното влијание на гревот, кога целата Земја ќе се појави „во убавината на Господа, нашиот Бог!“ {АД 547.6}

**Напредок во небесното знаење.** – Сите богатства на вселената ќе бидат ставени на располагање на откупените за истражување. Ослободени од смртноста, ќе се вивнат со неуморен лет во далечните светови - светови кои гледајќи ги човечките страдања биле обземени со болка и кои одговарале со радосна песна кога ќе слушнеле радосна вест за некоја спасена душа. Со неизречена милина ќе се запознаат земните деца со радостите и знаењето на оние суштества кои никогаш не паднале. Тие ќе земат учество во богатството на науките и знаењето кое овие суштества го стекнале низ вековите со проучување на Божјите дела. Ќе ја набљудуваат слободно славата на создавање - сонцето, ѕвездите и нивните системи, како сите по одреден ред кружат околу Божјиот престол. На сè, од најмало до најголемо, е напишано името на Создателот и кај сите се гледа богатството на Неговата моќ. {АД 548.1}

Како поминуваат годините на вечноста, ќе се стекнуваат сè побогати и попрекрасни откритија за Бога и Христа. Со зголемување на знаењето, ќе се зголеми нивната љубов, стравопочитта и среќата. Колку луѓето повеќе знаат за Бога, толку ќе биде поголемо нивното воодушевување за Неговиот карактер. {АД 548.2}

**Општествен живот.** – Таму ќе знаеме сè, како што се знаеме себеси. Таму љубовта и сочувството, кои Бог ги всадил во душата, ќе го најдат својот најдобар и најубав израз. Непорочната заедница со светите суштества, складниот друштвен живот со блажените ангели и со верните од сите векови, посветеното пријателство кое го поврзува „целиот род и на небото и на Земјата“- сето тоа се искуства кои ќе ги стекнуваме во вечноста. {АД 548.3}

**Работата во Новата земја.** – На Новата земја спасените ќе се занимаваат со работи и ќе имаат задоволства кои на почетокот ги имале Адам и Ева. Повторно ќе се живее Едемскиот живот, живот во градина и во поле. „И тие ќе градат куќи и ќе живеат во нив; и ќе садат лозја и ќе го јадат нивниот род. Нема тие да градат, а други да се населуваат, нема да садат, а други да јадат, затоа што деновите на Мојот народ ќе бидат како деновите на дрвото, и на Моите избраници ќе им ги дадам нивните дела”. {АД 549.1}

Таму ќе се развива секоја моќ, секоја способност ќе се зголемува. Највеличествените потфати ќе се преземаат, најблагородните намери ќе се исполнуваат, највозвишените цели ќе се постигнуваат. И повторно ќе се појавуваат нови вредности кои ќе треба да ги совладаме, нови сетила на кои треба да им се воодушевуваме, нови вистини кои треба да ги сфатиме, нови замисли да ги подвижат силите на телото, умот и душата. {АД 549.2}

**На прагот на исполнувањето.** – Ние живееме во најсвеченијот момент на овоземната историја. Повеќе нема време за гревот; секогаш е опасно да се продолжи со престапот, и тоа особено денес во вистинска смисла е вистинито. Ние сме на самата граница на вечниот свет и затоа сме во посвечен однос кон времето и вечноста отколку било кога претходно. Сега секој нека го испитува своето срце и нека се моли светлите зраци на Сонцето на правдата да ја отстранат сета духовна темнина и да ја исчистат нечистотијата. {АД 549.3}

Ние кои стоиме на самиот праг на исполнување на своите надежи, од каква вредност е тој момент, од каков интерес е она што ни се открива дека ќе дојде - случувања кои Божјите деца ги очекувале, за кои копнееле и се молеле од моментот кога нашите прародители излегле од Едем! {АД 549.4}

Пријатели патници, ние сè уште се наоѓаме сред сенките и темнините на земните работи, но наскоро ќе се појави нашиот Спасител да ни донесе спасение и одмор. Да гледаме со вера на блажената иднина онака како што е прикажана со раката на нашиот Бог. {АД 550.1}

**Повик на лична подготовка.** – Ве повикувам да се подготвите за Христос Кој доаѓа на облаци. Секој ден од своето срце отстранувајте ја љубовта кон светот. Со искуство учете што значи да се биде во заедница со Христос. Подгответе се за суд, за кога ќе дојде Христос да може да се слави во сите кои веруваат, а вие да се најдете помеѓу оние кои ќе Го дочекаат во мир. На тој ден спасените ќе светат во славата на Отецот и Синот. Ангелите, со златни харфи во рацете, ќе го дочекаат со добредојде Царот со Неговите знаци на победа - на оние кои се измиени и обелени со крвта на Јагнето. Небото ќе се исполни со одек на победничка песна. Христос победи. Тој влегува во небесните дворови следен од Своите спасени, сведоци дека Неговото дело на страдање и жртва не било напразно. {АД 550.2}